РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1011
Скопје, 1 јули 2011 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1011 од 1 јули 2011 година


**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје (**Гоце Анастасоски**)....................1

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Ѓорѓи Василевски, Жарко Стојановски, Душица Данева, Рефик Черими, Јулијана Маџовска, Стефка Бојкиќ, Јонатан Влаисављевиќ, Рамис Даути, Ивана Илиевска**)....................2

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Марија Трајковска, Влатко Рафески, Кристина Алексоска, Љупка Бакарџиева, Лазо Смилевски, Милка Божиновска-Миова, Зоран Крстевски, Габриела Арсеновска, Емрула Мулаи, Јадранка Коцева**)....................3-4

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник во научната област што ја покрива Институтот за МКММВ на Машинскиот факултет во Скопје (**м-р Јелена Мицевска**)....................5-8

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје (**Никола Михајловски**)....................9

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Миле Јованов, м-р Наташа Максимова, м-р Ламбе Барандовски, м-р Трифче Сандев**)....................10
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Емил Станков, Фехми Скендер, Христина Костадинова Бошкова**)....................11

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Аграрна политика** од **проф. д-р Сашо Ќосев**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје....................12-17
2. Рецензија на докторската дисертација **Финансирање на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс**, изработена од **м-р Горан Ковачев**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................18-27

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на тројца наставници во звањето вонреден професор по наставната дисциплина актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Зоја Бузалковска, м-р Сузана Киранџиска, м-р Мими Таневска Србиновска**)....................28-48
2. Реферат за избор на наставник во звањето вонреден професор по предметот театарска режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Златко Славенски**)....................49-57
3. Реферат за избор на наставник во звањето вонреден професор по наставните дисциплини драматургија и филмско и тв-сценарио на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**д-р Сашко Насев**)....................58-65

4. Реферат за избор на наставник во звањето вонреден професор по наставните дисциплини филмско и тв-снимање и фотографија на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Горан Трпчевски**)....................66-73
5. Реферат за избор на наставник во звањето вонреден професор по наставната дисциплина филмска и тв-режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**д-р Антонио Митрикески**)....................74-80
6. Реферат за избор на еден наставник во звањето вонреден професор по наставната дисциплина сценски говор со техника на глас на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Тихомир Стојановски**)....................81-89

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на трудот **Граѓанско процесно право-книга трета извршно право** од **д-р Арсен Јаневски и д-р Татјана Зороска-Камиловска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................90-92

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Јехона Спахиу**)....................93

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Мите Митевски, Софија Куновска, Ленче Божиноска, Владимир Планојевиќ, Сузана Игњатовиќ-Алексова, Илија Ќушкоски, Нела Божиновска, Оливера Тасевска, Кристина Матеска**)....................94

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**м-р Елизабета Сивевска-Смилевска**)....................95-99

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент од обласга георехника на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Јован Папиќ**)....................100-106

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Анализа на факторите кои овозможуваат успешна замена на менаџерскиот кадар во претпријатијата**, изработена од **м-р Мирослав Котевски**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................107-111

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Сања Нашкова, д-р Мирјана Амбароска, д-р Ванчо Спиров, д-р Милан Ламески, д-р Будима Пејковска, д-р Теута Доволани, д-р Јулијана Ангеловска Зафировска, д-р Анастасија Мирчева, д-р Златко Влашки, д-р Теодор Вепинов**)....................112

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Рационалните очекувања и меѓународните финансиски кризи**, изработена од **м-р Бисера Ѓошевска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................113-119

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети: органска хемија, природни полимери, хемија на хетероцикли и биотехнолошко производство на специфични хемикалии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**д-р Весна Димова**)....................120-130

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистенти по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Јасна Петровска, д-р Јасна Подолешева, ас. д-р Билјана Богдановска, ас. д-р Ирена Гавриловиќ**)....131-151
2. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година, поднесен од **насл. доц. д-р Оливер Димитровски**....152
3. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година....153-154
4. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година, поднесен од **ас. доц. д-р Љуба Симјановска**....155-156
5. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година....157-158

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во звањето вонреден професор по предметот филмска, тв и радиоигра на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Синоличка Меллес-Трпкова**)....159-165
2. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**Снежана Младеновска Анѓелков, Драган Лукан, Куштрим Бектеши, Маринко Шлакески, Димитар Сеизов, Марија Цицева**)....166

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Мирослав Пендаровски**)....167
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Зоран Читкушев, Магдалена Симоновска, Силвана Боризовска, Тања Богатинова, Розалија Давковска, Мелита Милевска Богатинова, Рамиз Хасани, Кристина Ковачевска, Горан Тасевски, Драко Христовски, Рифат Емин, Лимко Бејзароски, Аќиф Селман, Соња Исмаил, Душица Димитровска, Зоран Савески, Катерина Симјановска, Кирче Трајанов, Ирена Стоилковска, Маријана Михајлова, Фросина Денкова, Александар Ивановски, Тони Наумовски, Никола Гугувчевски, Симонида Миљковиќ**)....168-170

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на редовен професор од областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Митко Хаџи-Пуља**)....171-181

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот **Збирка одбрани решени задачи по физика 1**, од наставниците по физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје....182-185

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област моторни возила на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Игор Ѓурков**)..............186-196

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на ракописот **Демографски терминолошки речник** од авторите **д-р Александар Ќурчиев, д-р Елка Димитриева, д-р Амалија Јовановиќ, д-р Верица Јанеска и м-р Александра Лозаноска**, пријавен на Економскиот институт во Скопје..............197-201

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на прогресивна вејвлет-корелација во препознавање и извлекување на слика од колекција на слики**, изработена од **м-р Игор Стојановиќ**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје............202-210

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во звање-вонреден професор по предметите организација и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг на Шумарскиот факултет во Скопје (**д-р Македонка Стојановска**)..............211-231

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Инвестиционото банкарство и портфолио инвестициите-перпективи за развој во Република Македонија**, од **м-р Љупчо Давчев**, пријавена на Економскиот институт во Скопје..............232-236

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Рецензија на ракописот **Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот** од авторот **д-р Мито Спасовски**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје)..............237-246

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Димитар Јовевски**)..............245-251
2. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на финансиите на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Виолета Спасеска-Китановиќ, м-р Сузана Макрешанска**)..............252-253
3. Реферат за избор на соработник-асистент по група предмети од областа на маркетингот на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Николина Паламидовска, м-р Ана Ќовкарова, м-р Данчо Арсов**)..............254-257

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година, поднесен од **д-р Ана Сотировска-Ивковска**..............258-260
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година..............261-263

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

3. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година, поднесен од **д-р Ефка Жабокова-Билбилова**........264-266
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година........267-268
5. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година, поднесен од **насл. д-р Златко Георгиев**........269-270
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година........271-272
7. Рецензија на докторската дисертација **Процена на влијанието на матриксметалопротеиназите врз деструктивните процеси на ткивата во тек на пародонталната болест,** изработена од **д-р Стевица Ристоска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје........273-278

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Стеван Ќосевски, Маријана Ангелоска, Живко Белчев, Дарко Шумантев, Соња Митровска)**........279

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметите графика, графички техники и цртање на Катедрата за графика на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Славица Јанешлиева-Бачварска)**........280-288

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**д-р Анета Цекиќ)**........289-300

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Игор Богоевски, м-р Сашо Нефовски, м-р Тамара Јованов Марјанова, м-р Атанаско Атанасовски)**........301
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Марија Талеска Велковска, Снежана Бошњак Бончаноска, Фани Матеска, Маја Ивановска, Горан Тасевски, Маја Акимовска-Петровска, Анета Богоевска, Анета Христова, Лидија Паскалова, Весна Милосковска, Елена Мучева, Даниела Парат Јовановска, Милка Јакимова, Стеван Шапчески, Ана Мешковска, Стоил Стоименовски, Благоја Грозданов, Славчо Додевски, Маја Марковска, Марија Шурдоска, Наташа Чавдаровска, Марија Аврамовска, Петранка Делова Миладинова, Александра Каракашова, Теодора Маријановска, Стефан Николиќ, Ристо Илиевски, Благица Алексовска, Беким Незири, Изет Меџити)**........302-304

## ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"


1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент по предметите: палеографија, историја на писменоста во Македонија, ракописната традиција во Македонија, библиологија и раритетни збирки во библиотеките за групата библиотекарство, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(м-р Виолета Мартиновска, м-р Марија Апостолова, Билјана Котлар Сакоман)**........................305-312
2. Реферат за избор во соработничко звање-асистент по предметите од наставно-научната област историски науки-историја на писмото и библиотеките, културна историја на Македонија и историја на библиотекарството во Македонија и по предметите од наставно-научната област тесно-стручни наставни области - библиотекарство, каталогизација и класификација 1 и каталогизација и класификација 2 на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Сузана Котовчевска, м-р Марија Апостолова, Дејан Ацески)**................................313-323


## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на асистент од областа на детската и превентивната стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(насл. доц. д-р Златко Георгиев, ас. д-р Мери Павлевска, ас. д-р Весна Амбаркова)**..........................................................................324-341

# Преглед

## на пријавени магистерски теми за изработка на магистерски труд на Филозофски факултет

| | Име и презиме | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Ѓорѓи Василевски | Цивилно-воените односи во Европската унија: Предизвици за процесот на креирање политики и воената димензија на мировни операции | проф. д-р Билјана Ванковска |
| 2 | Жарко Стојановски | Социјалните последици од глобалната економска криза (2007-2010) со посебен осврт на невработеноста во земјите членки на европската унија | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 3 | Душица Данева | Етно-политичката организираност на САМИ од Финска и Шведска во Европската унија и Норвешка | проф. д-р Константин Миноски |
| 4 | Рефик Черими | Системот на заштита на децата-жртви на сексуална злоупотреба: состојби и перспективи | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 5 | Јулијана Маџовска | Намалување на социјалните ризици преку работата на патронажната служба во локалната заедница | проф. д-р Мариа Доневска |
| 6 | Стефка Бојкиќ | Социјалните фактори кои влијаат врз појава на стресот и нивна поврзаност со органски заболувања | доц. д-р Иван Трајков |
| 7 | Јонатан Влаисављевиќ | Влијанието на духовниот пристап во работа со лица корисници на психотропни супстанции со осврт на терапевтската комуна "Предизвик за млади Македонија" | доц. д-р Светлана Трбојевиќ |
| 8 | Рамис Даути | Директорот како мотиватор за иновирање на наставата | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 9 | Ивана Илиевска | Директорот како инструктивно-педагошки лидер во училиштето | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |

Скопје
14-06-2011г.

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ
Шумарски факултет Скопје

| ред. бр. | кандидат | наслов на тема на магистерски труд | ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Гоце Анастасоски | "Комуникацијата и односите со јавност при изработка на План за управување со заштитено подрачје - студија на случај: Национален парк Маврово" | доц. д-р Македонка Стојановска |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Марија Трајковска | " Унапредување на кредитната политика и управување со кредитниот ризик на банките " | д-р Климентина Попоска |
| 2. | Влатко Рафески | "Значење на он-лине истражувачето на инструментите на маркетингот во функција на ефикасна интернет промоција" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 3. | Кристина Алексоска | "Воведување на претприемачко образование на технички факултети" | д-р Дејан Пендев |
| 4. | Љупка Бакарџиева | "Децентрализиран менаџмент со европските образовни програм за возрасни во Република Македонија" | д-р Васил Поповски |
| 5. | Лазо Смилевски | "Процесот на кредитирање во Република Македонија и влијанието на каматните стапки и ризиците кои се појавуваат на кредитниот Пазар за население" | д-р Биљана Ангелова |
| 6. | Милка Божиновска-Миова | "Сметководствен третман на евидентирање на гудвил" | д-р Биљана Ангелова |
| 7. | Зоран Крстевски | "Концептот за кост-бенефит анализата и вреднување на ефектите врз животната средина" | д-р Биљана Ангелова |
| 8. | Габриела Арсеновска | "Промотивните активности во функција на унапредување на развојот на МСП" | д-р Татјана Петковска |
| 9. | Емрула Мулаи | "Управување со тековните средства-студија на случај" | д-р Неда Петроска-Ангеловска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | Јадранка Коцева | "Кредитни процедуре и кредитни анализи на комерцијалните банки во Република Македонија и нивното влијание врз кредитното портфолио" | д-р Биљана Ангелова |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА МКММВ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје од 28.4.2011, број 02-1155/1, назначени сме за рецензенти за избор на соработник во научната област што ја покрива Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.

На повторениот конкурс објавен во дневните весници „Утрински весник" и „Коха" на 15.4.2011 година, за избор на соработник во звањето помлад асистент во научната област што ја покрива Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, се пријави кандидатката Јелена Мицевска, магистер на технички науки од областа на индустрискиот дизајн и маркетинг.

Врз основа на доставените податоци за кандидатката, нејзините досегашни активности и приложени трудови, го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

### 1. Образование

Кандидатката Јелена Мицевска е родена на 24.6.1985 год. во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Коле Неделковски" во Скопје, а средно образование во гимназијата „Орце Николов" во Скопје, со одличен успех.

Во учебната 2004/2005 год. се запишала на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката индустриски дизајн. Во ноември 2007 год. ја одбранила дипломската работа под наслов „Дизајн на расклоплива камп приколка со помош на CAD системи", со оценка 10 и станала прв дипломиран студент на насоката индустриски дизајн. Нејзиниот успех од додипломските студии е со средна оценка 9,68.

Во 2008 година се запишала на двегодишните постдипломски студии по индустриски дизајн и маркетинг на Машинскиот факултет во Скопје. Во предвидениот рок од две години ги положила сите испити со средна оценка 9,70. Во август 2010 година ја пријавила темата на магистерскиот труд под наслов „Дизајн на мултифункционално седиште за заболени од церебрална парализа со примена на ергономски методи и виртуелни манекени". На 7.3.2011 год го одбранила магистерскиот труд и се стекнала со звањето магистер на технички науки од областа на индустрискиот дизајн и маркетинг.

Кандидатката Јелена Мицевска користи голем број компјутерски алатки од областа на 2Д и 3Д-компјутерска графика и реверзибилното инженерство. Одлично го владее и го користи англискиот јазик, а пасивно ги користи германскиот и италијанскиот јазик.

## 2. Работно искуство

За време на додипломските и постдипломските студии, кандидатката Јелена Мицевска работела како демонстратор по повеќе предмети: 3Д инженерство, производни и услужни процеси, конструирање и CAD, дизајн на амбалажи и куќишта, компјутерско моделирање на процеси со пластична обработка

Од јули 2007 година до денес работи во Центарот за истражување, развој и континуирано образование (ЦИРКО МЕС ЦЕ) при Машинскиот факултет во Скопје. Нејзините работни задачи во овој Центар се од областа на брзо прототипирање, реверзибилно инженерство, дизајн на 3D CAD - модели и алати, креирање на рекламен материјал. При тоа, директно учествувала во реализацијата на многубројни проекти со разни компании од Македонија: СИПО - компанија за производство за сигурносни појаси во возила, алатница Лоноски, Интерфриго - компанија за разладни системи, PK алати итн.

Во текот на постдипломските студии, поточно во 2008 година, кандидатката Јелена Мицевска била учесник во меѓународниот ТЕМПУС - проект „Развој на постдипломските студии по индустриски дизајн и маркетинг", при што работела на реализација на студентскиот проект на тема урбано возило, во соработка со студенти од Факултетот за дизајн на производи од Ахен, Германија.

Во периодот од ноември 2008 до март 2009 активно учествувала во организацијата на Фулбрајтовата конференција (FAST 2009) под наслов „Small Places Can Change the World", во која учествуваа над 100 учесници од 10 земји од светот.

## 3. Научна дејност

Магистерскиот труд на кандидатката Јелена Мицевска претставува истражување на тема: мултифункционално седиште за деца заболени од церебрална парализа. Со примена на ергономски методи дефиниран е концептот на модуларно седиште кое би се применувало за повеќе функции и намени. Со овој концепт се предлага издвојување на седиштето од конструкцијата за движење како независен елемент за да се овозможи негово користење во комбинација со различни конструкции за движење заради примена во различни прилики: во домот, надвор, во возило. На овој начин пациентите би ги користеле сите предности на седиштето, кое е дизајнирано така да обезбеди максимален комфор и да содржи дополнителни елементи, по препорака на доктор - ортопед, кои влијаат на неговата здравствена состојба. Освен тоа, седиштето се состои од повеќе елементи кои се приспособливи, така што можат димензионално да се приспособат на различна возраст. Разни додатоци кои можат да се поставаат на седиштето овозможуваат извршување на разни активности: пишување, цртање, хранење, работа на компјутер итн. Со примена на механизми за расклопување, седиштето може да се применува и за стоење, при што со додатни елементи се обезбедува сигурноста на пациентот. Применетиот принцип на модуларност би имал и економски ефект: подолготрајна употреба во периодот на растење на децата, а од друга страна едно седиште може да се комбинира со различни конструкции за движење, а со тоа заменува повеќе колички за примена во

различни прилики. Заради проверка на ергономијата на седењето во седиштето, кандидатката направила анализа со примена на софтверот CATIA, поточно софтверскиот модул за витуелни манекени HUMAN BUILDER. Магистерскиот труд е изработен во соработка со Центарот за ортотика и протетика Славеј АД, Скопје.

Во текот на изминатава година кандидатката, во соработка со менторот и други истражувачи, објавила неколку научни трудови од областите што ги опфаќа нејзиниот магистерски труд. Во продолжение, даден е преглед и краток опис на овие трудови:

**Ј. Мицевска, Т. Ризов; Market positioning in the process of design of new product (Маркетинг позиционирање при процесот на дизајн на нов производ)**, ICEIRD Conference 2011.

Во овој труд презентирана е анализа на позиционирањето на Центарот за ортотика и протетика Славеј АД - Скопје на македонскиот пазар во однос на конкурентските фирми. Иако е еден од ретките од овој вид во Република Македонија, овој Центар има доста силна конкуренција кога станува збор за производство на инвалидски колички за заболени од церебрална парализа. Истражувањето покажува дека една од причините за ваквата состојба е тоа што примарна функција на Центарот не е производството на вакви помагала, туку оваа дејност кај нив е сведена на услуга за да се излезе во пресрет на пациентите од овој вид.

**J. Micevska, Z. Spiroski, J. Čaloska, A. Kočov; Product quality control by using reverse engineering (контрола на квалитет на производ со користење на реверзибилното инженерство)**, ICPE 2011.

При производство на секојдневните производи, инженерите се соочуваат со најразлични проблеми. Најголемиот дел од овие проблеми се предизвикани од надворешни фактори кои не можат да се земат предвид при конструирањето и производниот процес. Произведените делови многу често отстапуваат од она што е конструиран CAD - модел. Во овој труд е разработен токму тој проблем и направен е обид за негово решавање преку технологијата на реверзибилното инженерство. Конкретен производ е изработен со постапката инјекционо вбризгување, а контролата на квалитет е направена со мерен оптички уред Atos II, на германскиот производител Gom.

**С. Сидоренко, Ј. Мицевска, И. Мирчески; Design of modular wheelchair for children with cerebral palsy (Дизајн на модуларна инвалидска количка за деца заболени од церебрална парализа)**, прифатен труд за конференцијата ICPE 2011, што ќе се одржи во септември 2011.

Во овој труд е опфатен процесот на дизајнирање на инвалидска количка наменета за деца со церебрална парализа, почнувајќи од фазата на поставување на дизајнерските барања, сé до фазата на конечен дизајн. Главен акцент е даден на фазата на ергономски и антропометриски анализи, со кои е утврдена потребата од примена на адаптибилни елементи, а потоа се утврдени и нивните распони на адаптибилност. Покрај тоа, даден е посебен осврт на принципот на модуларност со чија примена се овозможува мултифункционалност на инвалидската количка.

# ЗАКЛУЧОК

По извршената анализа на приложените материјали, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Јелена Мицевска, дипломиран инженер по индустриски дизајн, ги исполнува сите услови за избор во звањето помлад асистент на Машинскиот факултет и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да ја избере за соработник во звањето помлад асистент при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.

**Комисија,**

Вонр. проф. д-р Софија Сидоренко, Машински факултет, Скопје с.р.

Проф. д-р Татјана Кандикјан, Машински факултет, Скопје с.р.

Проф. д-р Ристо Ташевски, Машински факултет, Скопје с.р.

**ПРЕГЛЕД**
на пријавени теми за изработка на магистерски труд,
прифатени од Наставно-научниот совет на Факултетот
за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје,
на седницата одржана на 7.6.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Никола Михајловски, дипл. инж. | Капиларно впивање на некои филмогени материјали во дрвото и влијание на пермеабилноста и димензионата стабилност Capillary penetration of some film forming materials in the wood and it`s influence over the permeability and the dimesional stability | Проф. д-р Константин Бахчеванциев |

Декан,
Проф. д-р Борче Илиев

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 02.06.2011 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| Миле Јованов, магистер на информатички науки | „МОДЕЛ НА Е-КОЛАБОРАТИВНО ГРАДЕЊЕ НА ОНТОЛОГИЈА И НЕГОВИ ПРИМЕНИ ВО ЕЛЕКТРОНСКОТО УЧЕЊЕ" | - д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Ана Мадевска-Богданова, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Марија Михова, доцент на ПМФ – Скопје |
| Наташа Максимова, магистер на информатички науки | „НАДЕЖНОСТ НА ПОВЕЌЕ-СОСТОЈБЕНИ ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ И ОПТИМАЛНО ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ" | - д-р Жанета Попеска, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Марија Михова, доцент на ПМФ – Скопје<br>- д-р Невена Ацковска, доцент на ПМФ – Скопје |
| Ламбе Барандовски, магистер на физички науки | „ПРИМЕНА НА ПАСИВЕН БИОМОНИТОРИНГ И НА НЕУТРОНСКАТА АКТИВАЦИОНА АНАЛИЗА ВО СЛЕДЕЊЕ НА ДЕПОЗИЦИЈАТА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ВО ТРАГИ ВО ВОЗДУХОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" | - д-р Марина Фронтасјева, ред. проф. при Обединетиот институт за нуклеарни истражувања, Дубна, Русија<br>- д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Доне Гершановски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Трифче Сандев, магистер на физички науки | „МОДЕЛИРАЊЕ НА АНОМАЛНА ДИФУЗИЈА СО ПОМОШ НА ФРАКЦИСКИ ДИФУЗИОНИ И ГЕНЕРАЛИЗИРАНИ СТОХАСТИЧКИ И КИНЕТИЧКИ РАВЕНКИ" | - д-р Олга Галбова, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Живорад Томовски, ред.проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Даница Крстовска, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 02.06.2011 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Емил Станков, дипломиран инженер по информатика | „ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИ НА ПРОГРАМСКИ КОДОВИ ПРЕКУ МЕТОДИ НА ПОДАТОЧНОТО РУДАРЕ-ЊЕ“ | - д-р Ана Мадевска-Богданова, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |
| Фехми Скендер, дипломиран инженер по информатика | „ONLINE УЧЕЊЕ – ПРИМЕР НА ЕДНА ONLINE ЛАБОРАТОРИЈА ПО ФИЗИКА“ | - д-р Благоја Вељаноски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Христина Костадинова Бошкова, дипломиран инженер по физика | „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОПТИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОЛАРЕН АПСОРБЕР СО СЕЛЕКТИВНА ПОКРИВКА, ДОБИЕНА СО МЕТОДИТЕ НА МАГНЕТРОНСКО РАСПРА-ШУВАЊЕ И НАПАРУВАЊЕ“ | - д-р Илија Насов, насловен доцент на ПМФ – Скопје |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „АГРАРНА ПОЛИТИКА" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО ЌОСЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 0202-838/2 од 13.6.2011 година, определена сум за рецензент на трудот „Аграрна политика" од проф. д-р Сашо Ќосев. По проучувањето на текстот на трудот го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Првото издание на трудот „Аграрна политика", од авторот проф. д-р Сашо Ќосев, се појавува во мошне изменети општествено-економски услови во кои се наоѓа нашата земја. Од аспект на аграрната политика значајно е тоа што сè повеќе доаѓа до израз потребата за свесно управување и насочување на развојните трендови во земјоделството во Република Македонија, особено по ефектите кои ги почувствува и сè уште ги чувствува македонската економија од големата светска финансиска криза од крајот на 2008 година.

Првото издание на трудот „Аграрна политика", од проф. д-р Сашо Ќосев, содржи 256 страници густо чукан текст и 3 страници список на користена литература со 62 наслови на позначајни трудови од областа на аграрната политика и економиката на аграрот од домашни и странски автори.

Проблематиката опфатена во трудот е систематизирана како што следува:

ПРЕДГОВОР

| | |
|---|---|
| Прв дел | Теоретско-методолошки пристап кон земјоделството |
| Втор дел | Специфичности на земјоделството и основни економски концепти |
| Трет дел | Аграрна политика |
| Четврти дел | Либерализација на трговијата со земјоделски производи |
| Петти дел | Аграрнаta политика на ЕУ и на САД |
| Шести дел | Рурален развој |
| Седми дел | Аграрнаta политика на Република Македонија |

ЛИТЕРАТУРА

## Приказ на содржината на трудот

Во продолжение ќе биде даден краток приказ на позначајните содржини на секој од наведените делови.

Во првиот дел, **Теоретско-методолошки пристап кон земјоделството**, на прецизен и прифатлив начин за студентите, се обработени следниве теми: краток преглед на економската мисла за земјоделството и аграрната политика, економскиот развој и улогата на земјоделството, различни пристапи во дефинирање на земјоделството, дефинирање на економиката на аграрот и аграрната политика, земјоделството како дел од економскиот систем на националната економија, функции на земјоделството и поимот на одржливо земјоделство. Преку овие аспекти, авторот ги поставува основите за подетална натамошна анализа на влијанието на аграрната политика врз динамизирањето на економскиот развој на земјоделството и севкупниот општествено-економски развој на националната економија.

Во вториот дел, **Специфичности на земјоделството и основни економски концепти**, детално се прикажани специфичностите на земјоделското производство, специфичностите на побарувачката и понудата на земјоделското производство и постигнувањето пазарна рамнотежа на пазарот на земјоделски производи. На тој начин, даден е значаен придонес за подигнување и зајакнување на можностите за практична примена на овој труд во секојдневното работење на релевантното Министерство и агенции во состав на Владата на Република Македонија.

Во третиот дел, **Аграрна политика**, обработени се следните теми: поим на аграрна политика, цели на аграрна политика, причини за државна интервенција во аграрот, како и сеопфатна и детална презентација на опусот на мерки на аграрната политика кои се применуваат во одделните национални економии. На овој начин, авторот докажува дека аграрната политика во голема мера е развиена и применувана во земјите со различно ниво на општествено-економска развиеност и претставува еден од факторите за динамичниот раст на нивните економии, за нивната висока научна и технолошка интензивност и за подигнување на општата благосостојба на луѓето во тие економии.

Националните економии во светот креираат и спроведуваат аграрни политики кои имаат негативни ефекти врз меѓународната трговија со земјоделски производи, пред сè со цел да се овозможи поголема економска корист за домашните земјоделски производители. Затоа, во четвртиот дел, **Либерализација на трговијата со земјоделски производи**, авторот детално ги обработува следниве аспекти: улогата на земјоделството во Светската трговска органзација (СТО), преговорите во рамките на ГАТТ и СТО, како и најважните аспекти на тие преговори (пристап до пазарот, мерки за домашна поддршка и извозна конкуренција).

Петтиот дел на трудот е насловен ***Аграрната политика на ЕУ и САД***, при што авторот проф. д-р Сашо Ќосев ги проучува институционалните и методолошките основи на аграрната политика во ЕУ и САД, со што ја потврдува широко прифатената практика на примена на аграрната политика за управување и насочување на економскиот развој во областа на земјоделството во земјите со развиена пазарна економија во светот.

Во шестиот дел на трудот со наслов „**Рурален развој**", авторот се обидува да прикаже појасна слика на руралниот развој, како нова парадигма за управување со општествено-економскиот развој во секоја национална економија. Притоа, од посебен интерес е обработката и прикажувањето на

следниве теми: дефинирање на руралниот развој, причини за политиката на рурален развој, цели на политиката на рурален развој, мерки на политиката на рурален развој и концептот на интегриран рурален развој.

Во седмиот дел на трудот со наслов **„Аграрната политика на Република Македонија"**, авторот дава приказ на институционалните основи и стратешките определби на аграрната политика и политиката на рурален развој во Република Македонија. Притоа, тој ги обработува следниве аспекти: економското значење на земјоделството за Република Македонија, институционална рамка на аграрната политика и политиката на рурален развој во Република Македонија, стратешки документи (Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 и Национална програма за земјоделство и рурален развој 2007-2013).

Составен дел на учебникот е списокот на користена литература.

## Оцена на трудот

Содржината, карактерот и опфатот на учебното помагало (скрипта) „Аграрна политика" од авторот проф. д-р Сашо Ќосев се усогласени со усвоената наставна програма по предметот аграрна политика. Секако, вреден за споменување е и фактот дека трудот, исто така, претставува вредна и корисна литература за поширок круг на корисници кои во практиката се преокупирани со проблемите на управувањето со економскиот развој во областа на земјоделството во Република Македонија. На тој начин, трудот претставува значаен придонес во збогатувањето на литературата од оваа област во Република Македонија.

Она што го подобрува квалитетот на овој труд е и фактот што на крајот на секој дел авторот поставува прашања за разговор и контрола на знаењето, што го прави овој труд побогат, па и мошне применлив за самата практика на примена на аграрната политика.

Солидната систематизација на материјата, како и разбирливиот стил на објаснување на проблематиката, ќе му овозможат на читателот постапно и без особени проблеми да навлезе во, инаку, мошне сложената проблематика на аграрната политика. Со задоволство може да се констатира дека според успешно конципираната содржина и според пристапот кон третирањето на проучуваната материја, авторот го приближил ракописот до содржината на книгите од оваа проблематика што се објавуваат во земјите со развиена пазарна економија.

## Предлог

Од изготвениот текст за учебно помагало (скрипта) по предметот аграрна политика, поднесен од авторот проф. д-р Сашо Ќосев, може да се констатира дека тој користел најнова странска литература од областа и сосема коректно ја структурирал обработената материја, која логички и прегледно е изложена. Стилот и јазикот се наполно разбирливи и прифатливи за студентите. Истовремено е запазен стручниот јазик на предметната дисциплина и водено е сметка за научната терминологија.

Во изготвениот текст авторот го сублимирал своето познавање на проблематика од областа на аграрната политика и го вградил своето искуство како наставник по овој предмет, при што до израз дошла и неговата докажана

способност за прегледно и јасно изложување на материјата, поради што студентите по економија, но наедно и сите други заинтересирани за оваа проблематика, добиваат извонредно учебно помагало и научен труд кој ќе им биде од исклучително голема помош во совладувањето на наставната содржина по предметот аграрна политика

Поради сето напред наведено, чест ми е и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го прифати извештајот на трудот на проф. д-р Сашо Ќосев, со наслов „Аграрна политика", и да донесе одлука да се публикува како **учебно помагало (скрипта) по предметот аграрна политика**.

**Скопје, 14.6.2011** **РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Елена Дорева, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ "АГРАРНА ПОЛИТИКА" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО ЌОСЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 0202-838/2 од 13.6.2011 година, назначен сум за рецензент на ракописот "Аграрна политика" од проф. д-р Сашо Ќосев. По деталното проучување на текстот на трудот го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Проф. д-р Сашо Ќосев пристапил кон подготовка на својот труд под наслов „Аграрна политика" во многу чувствителни услови за аграрниот сектор во нашата земја. Периодот по големата светска финансиска криза од крајот на 2008 година и последиците што сè уште се чувствуваат, ја наметна зголемената потреба од суптилно насочување на развојните трендови во земјоделството во Македонија. Имајќи го ова предвид, авторот се соочил со исклучителен предизвик и на него одговорил со минуцизен пристап.

Трудот „Аграрна политика" содржи 256 страници основен текст што е компјутерски среден и со густ проред, како и 3 страници список на користена литература во која се поместени 62 релевантни наслови од областа на аграрната политика и економиката на аграрот и тоа како од домашни така и од странски автори.

Вкупната проблематика опфатена во трудот е презентирана според логичен редослед, и тоа на следниов начин:

Предговор
Прв дел - Теоретско-методолошки пристап кон земјоделството
Втор дел - Специфичности на земјоделството и основни економски концепти
Трет дел - Аграрна политика
Четврти дел - Либерализација на трговијата со земјоделски производи
Петти дел - Аграрната политика на ЕУ и на САД
Шести дел - Рурален развој
Седми дел - Аграрната политика на Република Македонија
Литература

### Содржина на трудот

Големината на составните делови на трудот е сообразена со нивната содржина. Во продолжение е даден приказ на одделните прашања што се третираат секој дел.

Првиот дел носи наслов *Теоретско-методолошки пристап кон земјоделството.* Во него авторот дава воведен преглед на економската мисла за земјоделството и аграрната политика и го позиционира земјоделството и неговата улога во економскиот развој. Потоа пристапува кон различните дефиниции на земјоделството, економиката на аграрот и аграрната политика. Овој дел авторот го заокружува со анализата на земјоделството како дел од економскиот систем на една национална економија, неговите функции и поимањето на одржливото земјоделство. На овој начин авторот создава основа за понатамошната анализа на

местото и улогата на аграрната политика врз развојот на земјоделството, но и пошироко врз вкупниот економски развој на националната економија.

*Специфичности на земјоделството и основни економски концепти* е наслов на вториот дел во кој се анализирани специфичностите на земјоделското производство, вклучително побарувачката и понудата на земјоделски производи, како и постигнувањето рамнотежна состојба на пазарот на земјоделски производи. Оваа анализа има значајна улога бидејќи со сознанијата што ги нуди ја зголемува можноста за практична примена на трудот од страна на стручните служби при ресорното Министерство и соодветните државни агенции во Македонија.

Третиот дел, *Аграрна политика*, обработува прашања поврзани со политиката што ја води Владата во аграрниот сектор: поимот и целите на аграрната политика, причините за државна интервенција во сферата на аграрот, а се заокружува со презентирање на бројните мерки на аграрната политика применети во одделни национални економии. Авторот покажува дека примената на аграрната политика не зависи од нивото на економска развиеност. Таа се применува во сите земји независно од нивото на економска развиеност. Уште повеќе, аграрната политика слободно може да се класифицира како многу значаен фактор за динамизирање на растот на една економија, па дури и за подигнување на нивото на научно-технолошка интензивност и за подобрување на општата благосостојба во една национална економија.

Во четвртиот дел, *Либерализација на трговијата со земјоделски производи*, авторот детално ги обработува прашањата за улогата на земјоделскиот сектор во Светската трговска органзација (СТО), како и карактеристиките и најважните аспекти на преговорите во рамки на ГАТТ и посебно СТО (пристап до пазарот, мерки за домашна поддршка и извозна конкуренција). Основниот мотив за својата анализа во рамките на овој дел авторот ја наоѓа во фактот што во современи услови националните економии мотивирани од намерата да се овозможи поголема економска корист на домашните земјоделски производители, честопати креираат и реализираат аграрни политики што можат да имаат негативни ефекти врз меѓународната трговија со земјоделски производи.

*Аграрната политика на ЕУ и САД* е наслов на петтиот дел на трудот. Како што кажува самиот наслов, овој дел е посветен на институционалните и методолошките основи на аграрната политика во ЕУ и САД. Преку овој сегмент од трудот, авторот на примерот на економски најразвиените земји во светот, уште еднаш ја проверува широко прифатената практика на користење на аграрната политика во функција на управување и насочување на развојот на земјоделството.

Шестиот дел на трудот носи наслов *Рурален развој*. Во него авторот го третира руралниот развој, како нова парадигма со чија помош се насочува економскиот и општествениот развој на една земја. Во овој контекст, посебно внимание се посветува на прашањето за дефинирање на руралниот развој. Во продолжение се анализираат причините за водење политика на рурален развој, се обработуваат целите и мерките на политиката на рурален развој, а делот завршува со анализа на концептот за интегриран рурален развој.

Последниот седми дел на трудот е насловен *Аграрната политика на Република Македонија* и во него авторот ги прикажува институционалните основи и стратешките определби на аграрната политика и политиката на рурален развој во нашата земја. Главата започнува со анализа на економското значење на земјоделството за развојот на Македонија, а потоа е даден приказ на институционалната рамка на аграрната политика, но и на политиката на рурален развој во Македонија. Главата завршува со анализа на најзначајните стратешки документи: Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 и Националната програма за земјоделство и рурален развој 2007-2013.

Се разбира, ракописот завршува со списокот на користена литература.

## Оцена на трудот

Според својата содржина и опфат, текстот под наслов „Аграрна политика" од авторот проф. д-р Сашо Ќосев во целост е усогласен со усвоената предметна програма по предметот аграрна политика, во рамки на студиската програма по економија. Освен тоа, сосема слободно трудот може да се претстави како корисна литература и за поширок круг корисници, пред сѐ луѓе кои во практиката се занимаваат со аграрната проблематика во Македонија. Овие квалификативи зборуваат за значајниот придонес на трудот и му доделуваат респективно место во соодветната литература од оваа област во нашата земја.

Адекватната систематизираност на проучуваната материја, надополнета со јасниот и разбирлив стил на анализа на проблемите, создаваат основа за лесен пристап до сложената проблематика на аграрната политика. Читателот се чувствува многу комотно при анализа на сложени прашања. Оттука може да се констатира дека авторот со успех пристапил кон третирање на една многу комплексна материја, со што понудениот текст во голема мера го приближил до содржината и пристапот присутен кај современите наслови што ја третираат оваа проблематика, а доживуваат свое објавување во земјите со многу побројна читателска публика.

На крај, не смее да се пренабрегне еден момент што во голема мера го подигнува квалитативното ниво на трудот. Имено, се работи за фактот што крајот на секој дел авторот го резервира за прашања за разговор и контрола на знаењето. Ваквиот обид за комуникација со читателот несомнено го прави овој труд побогат и применлив од практичен аспект.

## Предлог

По внимателното проучување на текстот„Аграрна политика", предвиден да се користи како учебно помагало (скрипта) по предметот аграрна политика, може да се констатира дека авторот при подготовкате на текстот користел актуелна и релевантна литература, а обработената материја логички ја структурирал и прегледно ја изложил. Од стилски аспект, текстот е наполно разбирлив и прифатлив за студент на Економски факултет, без притоа да се запостави стручниот пристап и научната терминологија.

Видливо е дека во понудениот текст авторот извршил сублимирање на широкото познавање на аграрната проблематика, вградувајќи го притоа своето искуство како наставник по предметот аграрна политика. На овој начин доаѓа до израз неговата способност за транспарентно и прецизно претставување на прашањата кои се предмет на интерес. Сето ова ми дава за право да потенцирам дека со овој текст студентите по економија (како и поширoccата читателска публика) ќе добијат многу корисно четиво во вид на учебно помагало со кое многу полесно ќе можат да ја совладаат наставната содржина по предметот аграрна политика.

Имајќи ги предвид претходните констатации, ми претставува особено задоволство и чест да му предложам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го прифати извештајот на трудот на проф. д-р Сашо Ќосев со наслов „Аграрна политика", и да донесе одлука за негово издавање како **учебно помагало (скрипта) по предметот аграрна политика**.

Скопје, 14.6.2011

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Пеце Недановски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС**“ ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ГОРАН КОВАЧЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-836/2 од 4.4.2011 година, донесена на седницата одржана на 25.3.2011 год., определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС**, поднесена од кандидатот м-р Горан Ковачев. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## 1. СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација содржи вкупно 379 страници текст, 8 страници користена литература (193 библиографски единици) и 39 страници прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок, е структурирана во два дела и осум глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед
Прв дел – „Поттикнување на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс”
Глава I – „Неопходност од стратегиски пристап во поттикнувањето на извозот на агроиндустриски производи”
Глава II – „Анализа на производствените и надворешнотрговските карактеристики на македонскиот агроиндустриски комплекс - неопходен чекор за утврдување на моменталната извозна конкурентност”
Глава III – „Политика на конкурентност, конкурентска предност и модели за унапредување на конкурентските предности на македонскиот агроиндустриски комплекс”
Втор дел – „Извори на средства за финансирање на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс”
Глава IV- „Странските директни инвестиции како извор на средства за финансирање на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс”

Глава V – „Кредитирањето како извор на средства за финансирање на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс"
Глава VI – „Други извори на средства за финансирање на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс"
македонскиот агроиндустриски комплекс
Глава VII- „Европската Унија, Заедничката земјоделска политика и македонскиот агроиндустриски комплекс"
Глава VIII - „Финансирање на агроиндустрискиот комплекс (споредбени анализи)"
Заклучок
Литература
Прилози

Во воведот се даваат општи информации за темата која е предмет на истражувањето, се дефинираат предметот и целта на истражувањето, како и техниките и методологиите кои се применети при истражувањето на оваа материја, која, особено во последниве години, доби нагласена актуелност поаѓајќи од фактот дека земјоделството, како една од гранките на националната економија, има клучна улога во исхрана на населението, намалувањето на сиромаштијата, вработувањето и извозот. Исто така, примарното земјоделство во комбинација со агроиндустријата го сочинува агроиндустрискиот комплекс, сектор од посебно значење за секоја држава.

Во првото поглавје со наслов **НЕОПХОДНОСТ ОД СТРАТЕГИСКИ ПРИСТАП ВО ПОТТИКНУВАЊЕТО НА ИЗВОЗОТ НА АГРОИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ**, во рамките на првиот дел од докторскиот труд презентирани се теоретските истражувања за изборот и спроведувањето на извозната стратегија како предуслов за поттикнување на извозот на агроиндустриски производи. Стратегискиот пристап овозможува извозот на агроиндустриски производи да биде сфатен како комплексна операција, одредува кои земјоделски производи и нивни преработки ќе се произведуваат и пласираат на странските пазари, правилно таргетирање на пазарите, одредување на времето, односно периодот на пенетрација на одреден пазар, извозот на агроиндустриски производи да не се сведува само на извоз на остатокот од производството кое не е продадено или не може да се продаде на домашниот пазар, подеднакво ангажирање на сите вклучени страни, планско производство и плански настап на странските пазари и правилно согледување на можностите за производство и пласман. Формулирањето на извозна стратегија е многу комплексна задача, при што, портфолио анализата како една од техниките за стратешко планирање и избор на извозна стратегија може да им биде од помош на менаџерите при оценувањето на стратешките фактори и изборот на најсоодветна активност за извозна експанзија.

Во поглавјето **АНАЛИЗА НА ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ И НАДВОРЕШНОТРГОВСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС - НЕОПХОДЕН ЧЕКОР ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МОМЕНТАЛНАТА ИЗВОЗНА КОНКУРЕНТНОСТ** се презентирани основните

производствени и надворешнотрговски карактеристики на македонскиот агроиндустриски комплекс како почетна основа за анализа на влијанието на членството на Република Македонија во Светската трговска организација врз извозната ориентација на агроиндустрискиот комплекс и вклучувањето во светската трговија со агроиндустриски производи. Агроиндустрискиот комплекс учествува со 15% од БДП и според УНКТАД има релативно средно економско и социјално значење за Република Македонија. Повратот на средства во агроиндустријата е повисок од повратот на средства во националната економија што го прави овој сектор атрактивен за инвестирање. Конкурентноста на македонскиот агроиндустриски комплекс во светски рамки е скоро двојно поголема во однос на конкурентноста на вкупната национална економија. Преку СВОТ -анализа на три клучни сектори: примарното растително производство, примарното сточарско производство и индустријата на преработка на земјоделски производи изработена е сеопфатна и продлабочена анализа на состојбите во овие три сектори (силни страни, слаби страни) и е укажано на потенцијалните можности што објективно постојат во овие сектори, а исто така се идентификувани и образложени можните закани (опасности) со кои се соочува (и потенцијално може да се соочи) агроиндустрискиот комплекс во Македонија.

Надворешнотрговските карактеристики на македонскиот агроиндустриски комплекс од аспект на структурата на увозот и извозот на агроиндустриски производи во поглед на неговата концентрација се анализирани со примена на образецот на Мајкели (Michalely), при што таа е оценета како доста неповолна. Имено, увозот на сточарски и житни производи се уште претставува традиционален генератор на дефицит во агроиндустрискиот комплекс, а од друга страна, структурата на македонскиот извоз на агроиндустриски производи во поглед на неговата концентрација е доста неповолна. Иако покриеноста на увозот со извоз на производи од агрокомплексот пораснала од 66% во 1998 г. на 73,5% во 2007 г. со просечна реална годишна стапка од 2%, сепак трговскиот биланс на надворешната трговија со агроиндустриски производи се уште покажува негативно салдо. Во поглед на структурата на надворешнотрговските партнери на Република Македонија, од аспект на трговијата со агроиндустриски производи, се укажува дека таа е крајно концентрирана и фокусирана само на неколку земји од Европската унија и Југоисточна Европа и се истакнува потребата од нејзина посеопфатна дисперзија и кон останатите светски пазари.

Теоретските аспекти на конкурентските предности и на политиката на конкурентност како основа за поттикнување на извозот на агроиндустриски производи во Македонија се обсервирани со потпирање врз моделот на „Националниот дијамант" на конкурентска предност на Мајкл Портер. Во оваа насока, во третата глава под наслов **ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНТНОСТ, КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ И МОДЕЛИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКИТЕ ПРЕДНОСТИ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС** е изготвена сеопфатна и продлабочена шема врз основа на проширениот Портеров

модел (со вклучување на варијаблите „влада" и „случајности"), при што идеите претставени во докторскиот труд претставуваат релевантна основа за анализа на прашањето: зошто Македонија е успешна во прехранбената индустрија и врз кои основи може натаму да ги зголемува конкурентските предности на агроиндустрискиот комплекс. Во овој дел од трудот е направен вреден научен пробив во поставувањето рамка за кластерингот како модел за унапредување на конкурентските предности на македонскиот агроиндустриски комплекс. Агрокластерингот во функција на унапредување на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс е анализиран преку прикажување и елаборирање на основните карактеристики на традиционалниот и модерниот пристап во агроиндустрискиот комплекс, при што се укажува дека агрокластерингот практично претставува прв чекор во процесот на промена на пристапот на учесниците во македонскиот агроиндустриски комплекс од традиционален во модерен. Попрецизно, се укажува дека кластерското здружување може да помогне во решавањето на најгорливиот проблем на нашето примарно земјоделско производство-пласманот, како и на фактот дека основни агроиндустриски кластери во Македонија треба да бидат кластерот за вино и кластерот за органско производство на овошје и зеленчук. Во оваа насока, се апострофира дека пристапот до финансии, како еден од поважните фактори без кој не е возможен развој на кластерите преку соработка со разновидни финансиски институции (банки, инвестициски фондови, берзи), овозможува експанзија на кластерот на нови пазари, развој на нови производи и економизирање на производството.

Како своевиден придонес од теоретско-апликативен карактер, во докторкиот труд се изготвени и анализирани шест фази на формирање на агрокластери во функција на унапредување на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс, и тоа на кластерот на органско производство на овошје и зеленчук. Исто така, анализирани се и други модели за унапредување на конкурентските предности на македонскиот агроиндустриски комплекс, како на пример, повисок степен на финализација на агроиндустриските производи, зголемување и продуктивно искористување на земјоделското и обработливото земјиште, развој на човечките ресурси во агроиндустрискиот комплекс, диверзификација на стоковата структура, диверзификација на надворешнотрговските партнери, стандардизација и унапредување на квалитетот на агроиндустриските производи.

Вториот дел од докторскиот труд насловен како **ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС** започнува со четвртата глава под наслов **СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ КАКО ИЗВОР НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС.** Иако со релативно понизок обрт на капиталот во однос на услугите, атрактивноста за директни инвестиции во овој сектор произлегува од специфичноста на неговото материјално производство чиј економски репродукциски циклус се одвива како природен процес на претходно вложен труд, на

зголемувањето на светската популација и на средната класа која ги менува своите прехранбени навики, подолгиот животен век на населението и зголемувањето на побарувачката за преработени и брендирани прехранбени производи кои носат поголема профитна маржа, како и се поголемото производството на биогориво. Од друга страна, анализата на СДИ во агроиндустрискиот комплекс на Република Македонија покажува дека најголем дел од приливот на СДИ во агроиндустрискиот комплекс во изминатиот период беше генериран од приватизациските активности и постприватизациските трансакции при што средствата главно беа наменети за купување на веќе постојни преработувачки капацитети, а сосем малку за гринфилд инвестиции, иако македонскиот агроиндустриски комплекс има повисок индекс на атрактивност за СДИ во однос на целата национална економија. Резултатите од SWOT - анализата на инвестициските можности во агроиндустрискиот комплекс покажуваат супериорна, како квантитативна така и квалитативна, надмоќ на силните страни и можностите во однос на слабите страни и заканите за вложување во македонскиот агроиндустриски комплекс, што само по себе покажува дека стратегијата за привлекување на СДИ мора поумешно да ги потенцира поволностите кои ќе ја поттикнат оваа активност.

Кредитирањето на агроиндустрискиот комплекс претставува значаен извор на средства за финансирање на извозната конкурентност во овој сектор. Овие аспекти се предмет на истражување во петтата глава под наслов **КРЕДИТИРАЊЕТО КАКО ИЗВОР НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС.** Иако кредитната активност во земјоделството во периодот 2002-2008 г. се зголемила од 2,3% на 4% во вкупното кредитно портфолио на македонските финансиски институции, таа сè уште не е во согласност со уделот на земјоделството во вкупниот БДП од 8,5%. Државата може да влијае врз зголемувањето на кредитните активности во агроиндустрискиот комплекс преку: создавање на стабилно макроекономско и бизнис - окружување, создавање на услови за олеснување на трговијата, олеснување на пристапот до финансиски средства, изградба на основна физичка, административна и организациска инфраструктура, унапредување на правниот и регулаторниот систем, елиминација на натпреварот помеѓу монетарната и буџетската власт и поттикнување на специјализирани државни институции за секундарно кредитирање, и во овој поглед таа треба да ја одигра својата улога, при што иновативните концепти за унапредување на кредитирањето на агроиндустрискиот комплекс, како на пример, прогласување на складишницата за хартија од вредност, формирање на државен гарантен фонд за земјоделство и поттикнување на агрокластерското кредитирање, може да се сметаат за посебно значајни. Сепак, иднината на агрогарантните фондови е во приватната иницијатива затоа што само на тој начин може да дојде до правилна алокација на ресурсите во земјоделството.

Постојат и други извори на средства, на што покомплексно и аналитички се укажува во шестата глава под наслов **ДРУГИ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА**

**КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС.** Тука посебно се издвојуваат субвенциите како финансиски инструмент на државата за поттикнување на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс, лизингот како модел за финансирање на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс, пазарот на хартии од вредност (берза), извозниот факторинг како механизам за извозно финансирање на агроиндустриските претпријатија, како и осигурувањето во функција на унапредување на извозот на агроиндустриски производи. Резултатите кои се остварени во поглед на финансирањето на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс во Македонија можат да претставуваат добра основа за идните зафати бидејќи во периодот 2003-2010 г. финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој се зголеми 13 пати и придонесе за двојно зголемување на извозот на агроиндустриски производи и зголемување на земјоделскиот БДП за 70%. Во 2010 г. таа изнесуваше 14% од земјоделскиот БДП и 1,3% од вкупниот БДП. Ова подразбира натамошно зголемување на обемот на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој на 496 милиони ден. (8 милиони евра) во 2012 г. и 610 милиони ден. (10 милиони евра) во 2015 г. и нејзино фокусирање само на мерките за поддршка на инвестициите за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи, организирање и заедничкото вршење на производна земјоделска дејност.

Во седмата глава под наслов **ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ЗАЕДНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА И МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС,** презентирано е значењето на европската перспектива на Република Македонија како поттик за унапредување на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс, односно членството на Република Македонија во Европската унија како импулс за поттикнување на извозната ориентација на агроиндустрискиот комплекс.

Земјоделството и руралниот развој кои се предмет на преговори во XI поглавје (директните плаќања, производните квоти и другите инструменти за управување со понудата, максимално загарантираното земјоделско земјиште, максимално загарантираните количества, политиките за рурален развој, управување со залихите на земјоделски производи и државната помош во земјоделството), истовремено е и најобемно и неговото успешно затворање ќе создаде услови за подобрување на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс. Не помалку важни се и другите три поглавја поврзани со овој комплекс: XII - безбедност на храната, ветеринарство и фитосанитарна заштита, XIII - рибарство и XXVIII - заштита на здравјето на потрошувачот.

Повеќе од половината од преговорите за членство се однесуваат на земјоделството и руралниот развој така што со нивно завршување се презема обврска за целосно спроведување на европските директиви од областа на земјоделството во националното законодавство. При започнување на преговорите, нашиот преговарачки тим мора да настапи со став дека ЗЗП не е цел, туку инструмент за подобрување на конкурентноста

на нашиот агроиндустриски комплекс во кој ќе бидат вградени и отстапките кои евентуално ќе се испреговараат.

Споредбените анализи на финансирање на агроиндустрискиот комплекс, а посебно искуствата на Словенија, Хрватска и Израел можат да претставуваат добар пример за Македонија и тоа не само во поглед на подготовките за отварање на преговорите за членство во ЕУ, туку и од поширок аспект. Ова прашање е подетално анализирано во осмата глава под наслов **ФИНАНСИРАЊЕ НА АГРОИНДУСТРИСКИОТ КОМПЛЕКС (СПОРЕДБЕНИ АНАЛИЗИ).** При тоа, при дефинирањето на основните одредници од кои не смее да има отстапување во преговорите за XI поглавје, треба да се имаат предвид: целосното и рамноправно учество во креирањето на ЗЗП, членството во ЕУ да не ја влоши економската состојба на фармерите, нивото на производствени квоти и референтни количества на производите чиишто ограничувања се предмет на преговорите да не смеат да се утврдат под нивоата реализирани пред започнување на преговорите и договорените одредби да мора да бидат во согласност со специфичните структурни и развојни потреби на македонското земјоделство.

Доколку Македонија до крајот на 2011 г. не ги започне преговорите за членство во ЕУ, Владата да започне со подготовки за спроведување на израелскиот модел на организација на агроиндустрискиот комплекс што подразбира обезбедување на финансиски средства за кластерско здружување, директни плаќања, формирање и функционирање на компанија за извоз на агроиндустриски производи и институт за земјоделска технологија и инженерство.

Врз основа на издржани теориски истражувања и анализи, како и на практичните истражувања врзани за финансирањето на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс кој е еден од ретките стопански сектори во кои Република Македонија има и компаративна и конкурентска предност, презентирани се ***ЗАКЛУЧОЦИ*** како последно поглавје од оваа докторска тема. Следејќи ја структурата на докторскиот труд, во заклкучоците се потенцираат основните сознанија врзани за поттикнувањето на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс, како и за обезбедувањето извори на средства за финансирање на извозот на земјоделски производи.

***ЛИТЕРАТУРАТА*** содржи 193 библиографски единици, во најголем дел од странски автори и релевантни институции, како и од домашни автори и институции во делот во кој се анализираат одредени економски параметри и истражувања директно врзани за Р.Македонија. Користената литература е публикувана во најголем дел по 2000 година, со исклучок на одредени фундаментални теоретски трудови од областа на конкурентноста од почетокот и средината на 90– тите години.

## 2. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Финансирањето на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс претставува многу актуелно прашање чие значење е се понагласено во услови на глобализација на пазарите, и посебно

од аспект на позиционирањето на Република Македонија во меѓународната економска размена. Македонија има силни компаративни предности во производството на храна кои мора да бидат надополнети со јакнење на конкурентските предности во функција на зголемување на нејзиниот извоз. Ова е посебно важно земајќи ги предвид актуелните состојби со зголемување на светските цени на храната и нејзиниот сè поизвесен недостаток на глобално ниво. Од таа причина, утврдувањето на начините за финансирање на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс е прилично актуелно и претставува одреден научен патоказ за идните активности во таа насока. Тоа покажува дека подобрувањето на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс е возможно само со постојан прилив на финансиски средства и соодветни начини за нивно обезбедување на макро и микрониво кои единствено можат да придонесат за реализација на извозните програми и идеи. Презентираните сознанија во докторскиот труд говорат дека учесниците во овој процес (примарните производители, преработувачките претпријатија, трговците и државата) не се докрај запознати со можностите за финансирање и изворите на средства за подобрување на извозната конкурентност. Исто така, во нашата земја не се познати многу финансиски инструменти кои обилно се користат во светски рамки и придонесуваат за подобрување на конкурентноста на агроиндустријата.

Трудот на кандидатот м-р Горан Ковачев на тема **„ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС"** претставува оригинално и комплексно теориско и емпириско истражување од областа на позиционирањето на македонскиот агроиндустриски комплекс на меѓународните пазари преку соодветен механизам на финансирање на неговата извозна конкурентност. Основниот научен и стручен придонес на трудот се согледува преку идентификувањето на потребата за стратегиски пристап за поттикнување на извозот на агроиндустриски производи, и особено преку изработката на модел за унапредување на конкурентските предности на македонскиот агроиндустриски комплекс во форма на кластеринг.

Во трудот се анализирани и презентирани клучните асекти на поттикнувањето на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс, како и главните извори на средства за финансирање. Она што може да се означи како посебна, додадена вредност на докторскиот труд е примената на нова методолошка постапка која се огледа во децидното идентификување на основните поенти, како и предлозите што авторот ги дава на крајот на секоја од осумте глави на дисертацијата.

Комисијата за оцена на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатот м-р Горан Ковачев успешно ги истражил клучните прашања на финансирањето на извозната конкурентност на македонскиот агроиндустриски комплекс како суштински дел на градењето стратегија за поттикнување на извозот на агроиндустриските производи. Во текот на истражувањето, постигнати се следниве резултати:

- утврдени се состојбите со конкурентноста на македонскиот агроиндустриски комплекс;
- докажано е дека подобрувањето на конкурентноста може да се врши само со постојан прилив на финансиски средства;
- обработени се сите потенцијални извори на средства кои можат да се мобилизираат во функција на подобрување на конкурентноста на агроиндустрискиот комплекс;
- направена е компаративна анализа на начините на финансирање на агроиндустрискиот комплекс во одредени развиени земји и земји во транзиција;
- дадени се предлог-иновативни решенија за подобрување на извозната конкурентност и финансирање на македонскиот агроиндустриски комплекс.

Заслужува да се истакне широкото користење на СВОТ анализата како методолошка алатка и пристап во двата дела на дисератцијата, а особено при анализирањето на производствените и надворешнотрговските карактеристики на македонскиот агроиндустриски комплекс како неопходен чекор за утврдување на моменталната извозна конкурентност, како и при презентацијата на моделите за унапредување на конкурентските предности на македонскиот агроиндустриски комплекс.

Посебно интересни и значајни се заклучоците во врска со предизвиците од зачленувањето на Македонија во ЕУ од аспект на заедничката земјоделска политика и подготовките за преговори за членство врз македонскиот агроиндустриски комплекс и тоа не само во поглед на предностите туку и на ризиците од членството во ЕУ. Македонија треба да биде подготвена да ги презентира своите преговарачки стојалишта и своите барања во поглед на генералните отстапки и отстапките во одреден предложен временски период, одредувањето на висината на субвенциите, нивото на производствените квоти за „чувствителните производи" и референтните години за нивното утврдување.

Заслужуваат внимание и изнесените предлози кои се поврзани со подготвеноста за преговарачкиот процес на домашните тимови, како и за начините за поефикасно искористување на средствата од ЕУ - фондовите (преку трите главни приоритетни оски на ИПАРД - програмата - подобрување на пазарната ефикасност и спроведување на ЕУ- стандардите, подготвителни активности за спроведување на мерки за заштита на земјоделската средина и за развој на руралната економија), а во функција на подобрувањето на извозната конкурентност на агроиндустрискиот комплекс. Сето ова може да се оцени како вреден придонес на кандидатот во градењето на преговарачата позиција на земјата, пред се за ЏИ-то поглавје (Земјоделството и руралниот развој).

Структурираноста на ракописот (два главни дела, глави, точки, потточки) е логично изведена, прецизна и јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на многу високо ниво, прегледно, со бројни слики (14), табели (32), графикони (45) и дијаграми (17), како и 22 анекси

презентирани на 36 страници. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен и лекториран.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатот ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за многу квалитетен труд и успешно спроведено истражување и компаративна анализа кои што овозможуваат јасно да се согледа комплексноста и значењето на финансирањето на извозната конкурентност како еден од клучните услови за успешното позиционирање на македонскиот агроиндустриски комплекс на глобалните пазари.

## 3. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Ковачев на тема: **ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ АГРОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС** е успешно изработена
- ***второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 14.6.2011 година

КОМИСИЈА
ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА
ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Владимир Петковски с.р.

Проф. д-р Сашо Ќосев с.р.

Проф. д-р Пеце Недановски с.р.

Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.

Проф. д-р Огнен Дамев с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на
**ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Гордана Куновска-Ангеловска | „Свадбата како ритуал на премин во народната култура на Мијаците"<br><br>„The wedding as a ritual of transfer in the folk culture of Miaks" | Проф. д-р Марко Китевски |
| 2. | Наташа Сарафова | „Идентитетот на жената во книжевноста за деца (врз примери од светската книжевност)"<br><br>„The Identity of Women in Literature for Children (Examples of World Literature)" | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |
| 3. | Радмила Бошкова | „Контексти на документарна фотографија и фоторепортерство"<br><br>„The Contexts of Documentary Photography and Photojournalism" | Проф. д-р Александар Прокопиев |
| 4. | Билјана Димитрова | „Старите чаршии мост помеѓу традиционалното и современото"<br><br>„The Old Bazaars Bridge between the Tradicional and the Contemporary" | Проф. д-р Марко Китевски |
| 5. | Сандра Титизова | „Театарската критика на програмите на Македонската телевизија"<br><br>„Theatre Critics on the Macedonian Television Programs" | Проф. д-р Александар Прокопиев |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Владко Миладинов | „Платно и мурал: елитна и масовна рецепција на ликовното дело (Петар Лубарда и Петар Мазев)“<br><br>„Painting and Mural: Elite and Mass Reception of Painting Artifact (Petar Lubarda and Petar Mazev“ | Проф. д-р Александар Прокопиев |
| 7. | Катерина Паскали | „Етно-парковите како форма на заштита, презентација и популаризација на културното наследство“<br><br>„Ethno-parks as a Form of Protection, Presentation and Popularization of Cultural Heritage“ | Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ |
| 8. | Бојан Симовски | „Трансформацијата на поединецот и општеството преку уметничките практики на Јозеф Бојс“<br><br>„ The Transformation of the Individual and Society Through the Artistic Practices of Joseph Boys“ | Доц. д-р Ана Мартиноска |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ТРОЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА АКТЕРСКА ИГРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 12.V 2011 година, со одлука бр.0202-241/2-6 избра Рецензентска комисија во состав: проф. Владимир Милчин, проф. м-р Владо Цветановски и проф. Кирил Ристоски, за избор на тројца наставници во сите звања по наставната дисциплина актерска игра.

На конкурсот објавен во дневните весници „Капитал“ и „Факти“ од 13. IV 2011 година, во определениот рок за избор на тројца наставници во сите звања по наставната дисциплина актерска игра на ФДУ, се пријавија следните кандидати: м-р Зоја Бузалковска, м-р Сузана Киранџиска и м-р Мими Таневска Србиновска, доценти по предметот актерска игра, на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, Рецензенската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

**Зоја Бузалковска** е родена 1971 година во Скопје.

Дипломирала **новинарство** на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1997 година и **театарска режија** на Факултетот за драмски уметности во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1998 година, во класата на проф. Слободан Унковски, со просечен успех 9, 65 и дипломска работа 10 (десет). Од 2000 год. волонтирала на Факултетот за драмски уметности по предметот АКТЕРСКА ИГРА, а во 2003 година се вработила во звањето помлад асистент и напредувала во асистент и насловен доцент. Денес предава во звањето доцент по АКТЕРСКА ИГРА и доцент по ОСНОВИ НА ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА. Од своето дипломирање во 1998 година до денес, режирала 18 театарски претстави во повеќе театри низ Македонија и една претстава во Театарот на Камбурова во Москва, Русија.

Нејзините претстави учествувале на повеќе значајни фестивали како во државата, така и во странство (НЕТ фестивалот во Москва, Русија; Московскиот театарски фестивал; фестивалот „Златен витез“, Москва; Балканскиот млад меѓународен фестивал во Софија, Бугарија; МЕСС – Сараево, БиХ;

Меѓународниот фестивал на актерот во Никшиќ, Црна Гора; Третиот меѓународен фестивал во Пазарџик, Бугарија; МОТ, Скопје; Охридско лето; МТФ „Војдан Чернодрински"; ФКТ „Ристо Шишков"; Фестивалот на античка драма, Стоби). Претставата „Ојдипус Тиранос" е првата претстава одиграна на македонски јазик во Грција по осамостојувањето на Македонија, преку културна размена, во театарот НОТОС во Атина.

Претставите на Бузалковска се високо вреднувани од театарската критика, домашна и странска. Забележливо е и тоа дека повеќе актери кои играле во нејзините претстави се наградувани за врвни актерски остварувања.

Повеќепати учествувала на меѓународни средби, семинари и работилници, од кои ги издвојуваме: Меѓународните средби на театарските факултети OLIVE, одржани во Букурешт, Софија, Тел Авив, на Корзика; семинарот „Достоевски и Вајда" во Санкт Петерсбург, Русија; семинарот „Новите технологии и театарот", БЕЛЕФ 2000, Белград, Србија; Интернационалниот семинар за млади режисери „Словенски пазар 101", НЕТ фестивал, Москва, Русија и други.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од нејзиното дипломирање во 1998 год. до денес, кандидатката работи како театарски режисер, а од 2000 год. се занимава и со педагошка дејност.

Ги режирала следниве театарски претстави:

СПИНОЗА – Г.Смилевски, Мал драмски театар, Битола, ДТС - Скопје, МНТ

www.norveshka.denes.com.mk – И. Бауершима, Албански театар, Скопје

ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ СУМ БИЛ – Ж. Мирчевска, НТ - Прилеп

МОМЧЕТО СО КУФЕР – М. Кени, Детски театарски центар, Скопје

МОСТОТ – Ј. Незирај, Детски театарски центар, Скопје

ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! – Г. Горин, НТ „ЈХК- Џинот", Велес

ХЕНРИ ПЕТТИ – И. Корнелисен, Детски театарски центар, Скопје

СРЕЌНИ ПАТИШТА – според А.С. Пушкин, Театар на Камбурова, Москва

ПОРУЧНИКОТ ОД ИНИШМОР – М. Мекдонах, Драмски театар, Скопје

КАКО СЕ СТАНУВА ЦАР – А. Кирјаковска, Драмски театар, Скопје

КРОТКА – Ф.М.Достоевски, ПРОАРТС, Скопје

ЕЛИН – Т. Димова, Детски театарски центар, Скопје/НТ - Куманово

АРТ – Ј. Реза, ПРОАРТС/Културен центар ТОЧКА

РОМЕО & ЈУЛИЈА СЕГА – според В. Шекспир и Е. Ростан, НТ - Куманово

МК – ЗОНА НА САМРАКОТ – според текстови на Д. Ајвс, НТ - Битола

ПЕСОЧНА СЛОЖУВАЛКА – Ј. Добрева, МНТ - Скопје

ТХЕ ЛОВЕР – според Х. Пинтер, Д. Ајвс и К. Черчил, Драмски театар, Скопје

ОЈДИПУС ТИРАНОС СОФОКЛЕУС – според Софокле, Драмски театар, Скопје

Критиката ја нотира како режисер со модерен сензибилитет, со истражувачки дух, со аналитичност и негување на специфична, само за неа препознатлива естетика.

**Ги издвојуваме следниве награди:**

- **Гран-при за најдобра претстава, најдобра режија и најдобра главна машка улога** на Меѓународниот фестивал на античка драма во Стоби, Македонија, во 2007 година, за претставата ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! – Театар „Ј. Х-К. Џинот", Велес;

- **ЗЛАТНА ДИПЛОМА за најдобро режисерско деби на московските театарски сцени** на Московскиот театарски фестивал во Русија за претставата СРЕЌНИ ПАТИШТА, Театар на Е. Камбурова, Москва. За истата претстава, актерката Љубов Матјушина доби **награда за најдобра споредна улога** на Фестивалот „Златен витез" во Москва, Русија;

- претставата АРТ беше прогласена за **Настан на годината** според „Дневник", за 2002 година.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Нејзината аскетска посветеност и истражувачки дух кон театарската уметност, кои ги демонстрира во нејзините режии (претстави), ги бара и од своите студенти во процесот на едукација. Комуникацијата со студентите се одликува, од една страна, со в заемна доверба, принципиелност, неопходна строгост и дисциплина, како и обострано почитување, и од друга страна, со блискост и непосредност (карактеристично за овој вид студии), обидувајќи се кај секој студент одделно да ги открие и извлече креативните потенцијали, приспособувајќи се на индивидуалните специфики. И во педагошката работа не им робува на стереотипите и постојано е во потрага по новите, светски релевантни искуства. Како резултат на тоа, неколку генерации од нејзините студенти со истата таква ревносност и вљубеност во професијата се наметнуваат во театарска средина, а некои и го водат репертоарот во повеќе театри.

Исто така, неколку генерации студенти по соло - пеење при ФМУ го учеле актерскиот занает под нејзино менторство, а во рамките на задолжителниот предмет ОСНОВИ НА АКТЕРСКА ИГРА, во траење од четири курса.

Кандидатката м-р Зоја Бузалковска е избрана во звањето НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ во 2006 година, а во звањето ДОЦЕНТ во 2010.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Зоја Миодраг Бузалковска

(име, татково име и презиме)

**Институција:** Факултет за драмски уметности - Скопје

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** актерска игра

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Актерска игра 1 (зимски семестар 2006), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 2. | Актерска игра 2 (летен семестар 2007), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 3. | Актерска игра 3 (зимски семестар 2007), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 4. | Актерска игра 4 (летен семестар 2008), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 5. | Актерска игра 5 (зимски семестар 2008), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 6. | Актерска игра 6 (летен семестар 2009), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 7. | Актерска игра 7 (зимски семестар 2009), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 8. | Актерска игра 8 (летен семестар 2010), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 9. | Актерска игра 1 (зимски семестар 2010), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 10. | Актерска игра 2 (летен семестар 2011), часа 8 x 15 x 0, 04 | 4, 80 |
| 11. | Актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2006), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 12. | Актерска игра 2 (лет. сем. вежби 2007), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 13. | Актерска игра 3 (зим. сем. вежби 2007), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 14. | Актерска игра 4 (лет. сем. вежби 2008), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 15. | Актерска игра 5 (зим. сем. вежби 2008), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 16. | Актерска игра 6 (лет. сем. вежби 2009), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 17. | Актерска игра 7 (зим. сем. вежби 2009), часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 18. | Актерска игра 8 (лет. сем. вежби 2010), часа 6 x 15 x 0, 03 | 2, 70 |
| 19. | Актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2010), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| 20. | Актерска игра 2 (лет. сем. вежби 2011), часа 4 x 15 x 0, 03 | 1, 80 |
| | **Вкупно** | 67, 80 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – режирани театарски претстави | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2006 – ХЕНРИ ПЕТТИ - И. Корнелисен - ДТЦ - Скопје | 4 |
| 2. | 2007 – ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! - Г. Горин – НТ - Куманово | 4 |
| 3. | 2008 – МОСТОТ - Ј. Незирај - ДТЦ Скопје | 4 |
| 4. | 2008 – МОМЧЕТО СО КУФЕР - М. Кени - ДТЦ Скопје | 4 |
| 5. | 2009 - ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ СУМ БИЛ - Ж. Мирчевска – НТ - Прилеп | 4 |
| 6. | 2010 - www.norveshka.denes.com.mk - И. Бауершима, АЛБАНСКИ ТЕАТАР, Скопје | 4 |
| 7. | 2010 - ГНЕВ - С. Кинг - Драмски театар - Скопје | 4 |
| 8. | 2010-СПИНОЗА - Г. Смилевски - Мал битолски театар/ДТС | 4 |
| 9. | 2010 - 50 години Охридско лето - перформанс | 2 |
| | **Вкупно** | 34 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Гостувања на фестивали, жири и дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2006–претседател на жири за off програмата, МТФ-Прилеп | 1 |
| 2. | 2008–член на жири на Фестивал на античка драма, Стоби | 1 |
| 3. | 2006 - СРЕЌНИ ПАТИШТА/BAKHTALE DROMENSA - Гостување на фестивалот „Охридско лето“ | 2 |
| 4. | 2006 - СРЕЌНИ ПАТИШТА/BAKHTALE DROMENSA - Гостување на „Московскиот театарски фестивал“ | 2 |
| 5. | 2008 - СРЕЌНИ ПАТИШТА/BAKHTALE DROMENSA - Гостување на фестивалот „Златен витез“ во Москва | 2 |
| 6. | 2007 - ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! - Гостување на Фестивалот на античка драма во Стоби | 2 |
| 7. | 2008 - ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! - Гостување на фестивалот „Војдан Чернодрински“ во Прилеп | 1 |
| 8. | 2008 - ДА СЕ ЗАБОРАВИ ХЕРОСТРАТ! - Гостување на фестивалот МОТ во Скопје | 2 |
| 9. | 2009 - МОМЧЕТО СО КУФЕР - Гостување на МЕСС, Сараево | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | 2009 - ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ СУМ БИЛ - фестивал „Војдан Чернодрински, Прилеп | 1 |
| 11. | 2009 - ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ СУМ БИЛ - фестивал „Ристо Шишков“, Струмица | 1 |
| 12. | 2010 - СПИНОЗА - фестивал „Ристо Шишков“, Струмица | 1 |
| 13. | 2011 - СПИНОЗА - фестивал „Војдан Чернодрински“, Прилеп | 1 |
| 14. | 2006 – учество на меѓународните работни средби на студенти и професори од факултети за драмски уметности од 12 земји од светот „OLIVE 06“, одржан во Корте, Корзика. | 2 |
| 15. | 2008 – учество на меѓународните работни средби на студенти и професори од факултети за драмски уметности „OLIVE 08“, одржан во Софија, Бугарија | 2 |
| 16. | 2009 – учество на меѓународните работни средби на студенти и професори од факултети за драмски уметности „OLIVE 09“, одржан во Букурешт, Романија | 2 |
| 17. | 2010 - Курс по актерска игра по пристапот на Санфорд Мајснер - ФДУ - Скопје | 1 |
| 18. | 2011 - Курс по актерска игра по пристапот на Санфорд Мајснер - ФДУ - Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | 27 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,80 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 34,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 27,00 |
| **Вкупно** | 128,80 |

**Рецензентска комисија**

**Проф. Владимир Милчин, с.р.**

**Проф. м-р Владо Цветановски, с.р.**

**Проф. Кирил Ристоски, с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

**М-р Сузана Киранџиска** е родена во Куманово на 1.8. 1963 година. Основно училиште и општо гимназиско образование завршила во Скопје, со просечен успех-одличен.

По завршувањето на средното образование во учебната 1981/1982 година се запишала на Факултететот за драмски уметности во Скопје, Отсек за драмски актери. Факултетот го завршила во февруари 1986 година со оценка 10 по предметот актерска игра и просечен успех 9,71. Добитник е на Пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за највисок среден успех во генерацијата студенти на Универзитетот во 1985. Во 1992 година дипломирала на Филозофскиот факултет, на Институтот за педагогија, со просечен успех 9,30.

За време на студиите била член на Театарската работилница Ф.Ф. каде што има одиграно неколку улоги.

Од октомври 1985 до февруари 1989 година била вработена како актер во Битолскиот народен театар, каде што има одиграно околу триесетина улоги. Покрај постојаниот ангажман во Битолскиот народен театар гостувала на сцената на Македонскиот народен театар и на сцената на Народниот театар во Прилеп.

Во март 1989 година започнува да работи како асистент по актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје каде што во 2006 година е избрана во звањето насловен доцент по предметот актерска игра на 9.10.2006 година, а во звањето доцент по предметот актерска игра на 26.4.2010 година.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Веднаш по дипломирањето, во 1985 година, кандидатката започнала да работи како актер во Битолскиот народен театар, а од 1989 година се занимава со педагошка дејност.

Позначајни театарски улоги:

**Народен театар - Битола**

**Олга** во „Мојот татко социјалистички кулак"-Тоне Партљич

**Вратика Чавкаровска** во „Скакулци"- Петре М. Андреевски

**Елена** во „Магна карта" - Марио Роси

**Агнеза Бенеша** во „Калуѓерички тишини"- Слободан Шнајдер

**Ана Андреевна** во „Младич" - Достоевски

**Миледи де Винтер** во „Тројцата мускетари"- Александар Дима

**Мајката** во „Црна дупка" - Горан Стефановски

**Шумската самовила** во „Патенталие и Тентелина" Русомир Богдановски

**Ленка** во „Свадба" - Руди Шелиго

**Цвета** во „Македонска крвава свадба"- Војдан Чернодрински

**Варја** во „Вишновата градина"- Чехов,

**Таа** во „Роднокрајци" - Коле Чашуле,

**Гертруда** во „Хамлет" - Шекспир,

**Невестата** во „Малограѓанска свадба"- Брехт

**Јана** во „Лонг Плеј"- Горан Стефановски

**Жозефина** во „Централен затвор" -Биљана Јовановиќ

**Македонски народен театар - Скопје**

**Елена Каработева** во „Крик" од Блаже Миневски

**Народен театар - Прилеп**

**Благуна** во „Спиро Црне" - Благоја Ристески Платнарот

**Наталија** во „Арсениј"- Благоја Ристески Платнарот

За ликот на **Агнеза Бенеша** во „Калуѓерички тишини" од Слободан Шнајдер во режија на Владимир Милчин ги доби наградите за најдобро актерско остварување на Театарските игри "Војдан Чернодрински" во 1987 г. и најдобар млад актер, како и наградата Актер на годината на списанието „Екран" во 1987 г.

Сузана Киранџиска ја има одиграно улогата на Неда во филмот на Милчо Манчевски „Пред дождот", како и неколку телевизиски улоги.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Педагошката дејност на Сузана Киранџиска се одликува со широк дијапазон, продлабоченост и посветеност. Своето образование и уметничкото и педагошкото искуство таа ги користи успешно за да им овозможи на студентите да ги осознаат и надградат своите актерски склоности и способности. Резултатите од нејзината педагошка дејност на ФДУ се видливи и мерливи, ако

се има предвид нејзиниот придонес во образованието на водечките актери од средните и младите генерации во театрите во Република Македонија.

Во последните години комплетно е посветена на педагошката работа на Факултетот за драмски уметности во Скопје, но и воопшто на образовната работа, залагајќи се за воведување современи интерактивни методи во образованието. Особено се залага за користењето креативни методи во работата со деца и млади. Учествувала на неколку светски форуми за рано детство (во Грција, Нов Зеланд, Канада и САД) каде што имала излагање со свои трудови: „Театарски форми во работа со деца", „Создавање детски креативни центри" и „Развој на креативноста кај децата".

Исто така учествувала во повеќе работни групи кои работеле на создавањето стратегии за образование, меѓу кои и Програмата за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015 година.

Сметајќи дека креативноста кај децата треба да се поттикнува уште од најрана возраст, во последниве години Сузана Киранџиска почна да изработува едукативни видеа за наставниците и за родители за создавање ученици за 21-от век. Исто така, на повеќе меѓународни конференции во регионот, како и во Република Македонија држела работилници за „Театарски форми во работа со деца" и за „Форум театар".

Со свои трудови учествуваше и во монографијата за Ристо Шишков и во макропроектот „Историја на културата на Македонија - театарот на почвата на Македонија во 20 век".

Таа е и од авторите на учебникот ***Драмска уметност*** за реформираното гимназиско образование.

Постдипломските студии на Катедрата за театрологија ги завршила со просечен успех 10 и успешно ја одбранила магистерската работа на тема „Актерската игра во XX век" со што ги завршила постдипломските студии на Факултетот за драмски уметности во Скопје, и се стекнала со академски степен магистер на театролошки науки.

Од 2009 година започнала да работи со студентите по соло - пеење при ФМУ во рамките на предметот ОСНОВИ НА АКТЕРСКАТА ИГРА.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Сузана Бојко Киранџиска**

**Институција: Факултет за драмски уметности - Скопје**

**Научна област: актерска игра**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Актерска игра 3 (зимски семестар 2006), часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| | Актерска игра 4 (летен семестар 2007), часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| | Актерска игра 5 (зимски семестар 2007), часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| | Актерска игра 6 (летен семестар 2008), часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| | Актерска игра 7 (зимски семестар 2008), часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| | Актерска игра 8 (летен семестар 2009), часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| | Актерска игра 3 (зим. сем. консулт. 2006), часа 4*15*0,03 | 1,8 |
| | Актерска игра 4 (лет. сем. консулт. 2007), часа 4*15*0,03 | 1,8 |
| | Актерска игра 5 (зим. сем. консулт. 2007), часа 4*15*0,03 | 1,8 |
| | Актерска игра 6 (лет.сем. консулт. 2008), часа 4*15*0,03 | 1,8 |
| 13 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - монтажа (зим. сем. 2008), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 14 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 2 - монтажа (летен. сем. 2009), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 15 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - продукција (зим. сем. 2009), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 16 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 2 - продукција (летен. сем. 2009), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 17 | Основи на Филмско и ТВ снимање 1 - режија (зим. сем. 2010), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 18 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 2 - режија (летен. сем. 2011), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 19 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - актери (зим. сем. 2010), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 20 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 2 - актери (летен. сем. 2011), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 21 | Фотографија - Архитектонски факултет (зим. 2009), часа 2 x | 1,20 |

| | | |
|---|---|---|
| | 15 x 0, 04 | |
| 23 | Фотографија 1 – Факултет за ликовни уметности (зим. сем. 2010), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 24 | Фотографија 2 – Факултет за ликовни уметности (летен. сем. 2011), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 25 | Филмска техника и технологија 2 - продукција (летен. сем. 2011), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| | Фотографија (постдипломски) - (вежби летен. сем. 2011), часа 20 x 0, 04 | 0,80 |
| | Филмско и ТВ-снимање 4 (вежби лет. сем. 2006), часа 8 x 15 x 0, 03 | 3,60 |
| 26 | Филмско и ТВ-снимање 5 (вежби зим. сем. 2006), часа 10 x 15 x 0, 03 | 4,50 |
| 27 | Филмско и ТВ-снимање 6 (вежби летен. сем. 2007), часа 10 x 15 x 0,03 | 4,50 |
| 28 | Филмско и ТВ-снимање 7 (вежби зим. сем. 2007), часа 12 x 15 x 0, 03 | 5,40 |
| 29 | Филмско и ТВ-снимање 8 (вежби летен. сем. 2008), часа 12 x 15 x 0,03 | 5,40 |
| 30 | Филмско и ТВ-снимање 1 (вежби зим. сем. 2008), часа 6 x 15 x 0, 03 | 2,70 |
| 31 | Филмско и ТВ-снимање 2 (вежби летен. сем. 2009), часа 6 x 15 x 0, 03 | 2,70 |
| 32 | Филмско и ТВ-снимање 3 (вежби зим. сем. 2009), часа 8 x 15 x 0, 03 | 3,60 |
| 33 | Филмско и ТВ-снимање 4 (вежби летен. сем. 2010), часа 8 x 15 x 0, 03 | 3,60 |
| 34 | Филмско и ТВ-снимање 5 (вежби зим. сем. 2010), часа 10 x 15 x 0, 03 | 4,50 |
| 35 | Филмско и ТВ-снимање 6 (вежби летен. сем. 2011), часа 10 x 15 x 0, 04 | 4,50 |
| 36 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - режија (вежби зим. сем. 2006) 1 x 15 x 0, 03 | 0,45 |
| 37 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 2 - режија (вежби летен. сем. 2007) 1 x 15 x 0, 03 | 0,45 |
| 38 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - монтажа (вежби зим. сем. 2008), часа 1 x 15 x 0, 03 | 0,45 |
| 39 | Основи на Филмско и ТВ снимање 2 - монтажа (вежби летен. сем. 2009), часа 1 x 15 x 0, 03 | 0,45 |
| 40 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - продукција (вежби зим. сем. 2009), часа 2 x 15 x 0, 03 | 1,20 |
| 42 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 1 - режија (вежби зим. сем. 2010) 1 x 15 x 0, 03 | 0,45 |
| 43 | Основи на Филмско и ТВ-снимање 2 - режија (вежби летен. сем. 2011), часа 1 x 15 x 0, 03 | 0,45 |
| 52 | Семинар за обука на сниматели за локални ТВ - (2008), часа 2 x 3 x 0, 03 | 0,18 |
| | **Вкупно** | **101,48** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета магистерска работа на Универзитетот за уметности во Белград, Факултет за драмски уметности – 2010. Тема: „Сличности и разлики меѓу филмската и дигиталната слика". | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – реализирани филмски и телевизиски проекти | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2006, „МСА" | 6,0 |
| 2 | 2006, „Белоглавиот орел" | 6,0 |
| 3 | 2006, „ Нави" | 4,0 |
| 4 | 2007, „Винариите на Македонија" | 6,0 |
| 5 | 2007, „Преку различноста до еднаквиост во општеството" | 6,0 |
| 6 | 2007, „Дархија" | 6,0 |
| 7 | 2007, „Стоби" | 6,0 |
| 8 | 2007, „Преку крстот до спасението" | 6,0 |
| 9 | 2008, „Искушение" | 6,0 |
| 10 | 2008, „Преспа – селски туризам" | 6,0 |
| 11 | 2009, „Бунило" | 4,0 |
| 12 | 2009, „Брррр – Coca Cola" | 4,0 |
| 13 | 2009, „ЕВН – Сите заедно да направиме уште повеќе" | 4,0 |
| 14 | 2009, „T-mobile – Високи штикли (Нова 2010)" | 4,0 |
| 15 | 2010, „ T-mobile – Пикник на вода (Охрид)" | 4,0 |
| | **Вкупно** | **78,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Член на меѓународно жири - комисија | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2006, Комисија за одбрана на дипломска работа на Фејми Даут | 0,5 |
| 2 | 2006, Комисија за одбрана на дипломска работа на Александар Крстевски | 0,5 |
| 3 | 2006, Комисија за одбрана на дипломска работа на Ѓорѓи Клинчаров | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | 2006, Комисија за одбрана на дипломска работа на Јане Марковски | 0,5 |
| 5 | 2006, Конкурсна комисија за прием на студенти на ФДУ | 0,5 |
| 6 | 2008, Комисија за проверка на знаењата и умеењата на кандидати на студиската програма филмско и ТВ-снимање | 0,5 |
| 7 | 2009, Комисија за избор на продекан на ФДУ | 0,5 |
| 8 | 2009, Комисија за избор на сенатор од ФДУ | 0,5 |
| 9 | 2010, Комисија за одбрана на дипломска работа на Владимир Димески | 0,5 |
| 10 | 2010, Комисија за одбрана на дипломска работа на Душан Крдалевски | 0,5 |
| 11 | 2010, Комисија за одбрана на дипломска работа на Кирил Шентевски | 0,5 |
| 12 | 2010, Комисија за одбрана на дипломска работа на Кристијан Војдановски | 0,5 |
| 13 | 2011, Комисија за одбрана на дипломска работа на Деан Богојевски | 0,5 |
| 14 | 2011, Комисија за одбрана на дипломска работа на Филип Андонов | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес**<br>Учество на неговите студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни филмови | | |
| 1 | 2006, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 1 |
| 2 | 2006, Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ – студентска програма | 2 |
| 3 | 2007, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 1 |
| 4 | 2007, Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ – студентска програма | 2 |
| 5 | 2008, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 1 |
| 6 | 2008, Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ – студентска програма | 2 |
| 7 | 2008, Интернационален студентски филмски кампус “Интеракција“ - Копаоник, Р. Србија | 2 |
| 8 | 2008, Интернационален студентски филмски фестивал “CinemadaMare“ - Италија | 4 |
| 9 | 2009, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 1 |
| 10 | 2009, Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ – студентска програма | 2 |
| 11 | 2010, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 1 |
| 12 | 2010, Интернационален филмски фестивал „Браќа Манаки“ – студентска програма | 2 |
| 13 | 2010, Arhavi - Интернационален студентски филмски кампус - Турција | 4 |
| 14 | 2011, 1. Фестивал на студентски филм – Сараево, Б и Х | 2 |
| | **Вкупно** | **34,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 101,48 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 78,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 34,00 |
| **Вкупно** | **213,48** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. Апостол Трпески, с.р.**

**Проф. Владимир Блажевски, с.р.**

**Вонр.проф. м-р Лазар Секуловски, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА ФИЛМСКА И ТВ-РЕЖИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 12.V 2011 година, со одлука бр.0202-241/2-4 избра Рецензентска комисија во состав: проф. Столе Попов, проф. Данчо Чевревски и проф. Апостол Трпески за избор на еден наставник во сите звања по предметот филмска и ТВ-режија.

На конкурсот објавен во дневните весници „Капитал“ и „Факти“ од 13. IV 2011 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина филмска и ТВ-режија на ФДУ, како единствен кандидат се пријави д-р Антонио Митрикески, доцент по предметот филмска и ТВ-режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензенската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**Д-р Антонио Митрикески** е роден 1961 година во Скопје.

Дипломирал на Државната школа за театар, филм и телевизија во Лоѓ, Полска, на Отсекот за филмска и ТВ-режија во 1987 година.

Во 1989 година се вработил на ФДУ во Скопје како помлад асистент по филмска и ТВ-режија, а на 26.04.2010 година е избран во звањето доцент по истиот предмет.

Има режирано два играни филма, над десетина документарни филмови и ТВ-драми. Напишал повеќе сценарија за играни и документарни филмови, како и сценарија за ТВ драми.

Филмовите на Антонио Митрикески учествувале на голем број филмски фестивали во Европа, Америка, Азија, Австралија и Африка. Филмската критика високо ги оценила неговите дела, а повеќето од нив се наградувани од стручни жирија.

Повеќе пати бил член на жири-комисии на значајни филмски фестивали како во земјата така и во странство.

Неговите филмови успешно ја презентирале Република Македонија на светски значајни филмски фестивали како што се: Торонто, Монтреал, Сингапур, Белград, Загреб, Гданск, Лондон и др.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од неговото дипломирање во 1987 година до денес, кандидатот работи како филмски и ТВ-режисер, а од 1989 година се занимава со педагошка дејност.

Ги издвојуваме позначајните негови дела:

- ***Како лош сон***, игран филм во копродукција на Македонија, Хрватска и Англија – режисер и косценарист: Антонио Митрикески;
- ***Преку езерото***, игран филм во копродукција на Македонија и Полска – режисер и косценарист: Антонио Митрикески;
- ***Љубовта на Кочо Топенчаров***, документарен; режисер и сценарист: Антонио Митрикески;
- ***Двобој***, краткометражен игран филм; режисер и сценарист: Антонио Митрикески;
- ***Ден***, документарен филм; режисер и сценарист: Антонио Митрикески;
- ***Време***, документарен филм; режисер и сценарист: Антонио Митрикески;
- ***Ехо***, краткометражен игран филм; режисер и сценарист: Антонио Митрикески;
- ***Има ли таму некој***, ТВ-драма; режисер и сценарист: Антонио Митрикески според делото на В. Саројан;
- ***Џамбазот и крчмарката***, ТВ-драма; режисер и сценарист: Антонио Митрикески;
- **Кисмет**, спот за групата „Кисмет"; режија и сценарио: Антонио Митрикески.
- **Мизар**, спот за групата „Кисмет"; режија и сценарио: Антонио Митрикески.

Неговите играни филмови од македонските и светските филмски критичари биле вреднувани како филмови со поетска аура, поезија во нарацијата, психолошки длабоко разработени односи кои допираат и ја разоткриваат душата на јунаците. Авторски дела кои нé вовлекуваат во фантазијата, а всушност успеваат да ја рефлектираат македонската реалност.

За кратките документарни и играни филмови од голем број критичари е кажано дека се со едноставна драмска структура, полни со емоции, што произлегува од ликовното вообличување на кадарот.

Идеите авторот ги црпи од вечните теми, меѓу животот и смртта, помеѓу љубовта и надежта, во бескрајот на времето и просторот.

За своите дела е добитник на повеќе признанија и награди.

Ги издвојуваме следниве:

- Награда од публиката на Фестивалот на филмска камера „Браќа Манаки", Битола, 1997 година за филмот „Преку езерото";
- Златен медал на Мартовскиот фестивал за краткометражен и документарен филм во Белград, 2001 година, за филмот „Љубовта на Кочо Топенчаров";
- Награда на градот Лоѓ, Полска, 1987, за филмот „Ден";
- Награда на градот Лоѓ, Полска, 1987, за филмот „Двобој";
- Диплома за хуманитарна тема на Меѓународниот филмски фестивал во Сараево, 1997 година, за филмот „Преку езерото".

Кандидатот остварил студиски престој во Универзитетот УСЦ во Лос Анџелес, САД: студиски посети во Прага и Њујорк, како и учество во домашни и меѓународни работилници:

- работилница на Фестивалот „Браќа Манаки" (2009 г.);
- работилница за холандскиот краток филм, со проекција на ФДУ (2009 г.);
- предавање/работилница/проекција на филмот „Како лош сон", на студентите по филмска режија во класата на проф. Балетиќ, Подгорица, Црна Гора (2005 г.).

Со студентите по драматургија (2009 г.) работел на сценарио што беше промотивен телевизиски спот за Стар Бар работилницата на Интернационалниот фестивал за телевизиски документарци во Бар, Црна Гора.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Со педагошка дејност започнува да се занимава од 1987 година на ФДУ-Скопје, каде работи и денес. Од Катедрата за филмска и ТВ-режија излегле бројни генерации на филмски и ТВ-автори кои успешно работат и реализираат филмови и ТВ-драми. Нивните дела учествуваат на разни фестивали на кои се наградувани.

Во 2010 година докторира на тема „Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур)".

Предавања на Тетовскиот државен универзитет 2008/09/10 г., по предметите: теорија на филм, естетика на филм и филмска практика, одржување настава, консултации со студенти, вежби, теренска настава.

Предавања по филмска режија во ДСУ „Р. Ј. Корчагин".

Предава основи на филмска режија на катедрите за: филмска и ТВ-монтажа, филмско и ТВ-снимање, драматургија и продукција во првиот циклус на студии.

Исто така предава документарен филм на вториот циклус студии.

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно кажаното може да се заклучи дека доц.д-р Антонио Митрикески е креативна личност со богат творечки потенцијал. Педагог со модерен сензибилитет, посветен на своите студенти што се гледа од нивните резултати.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно – научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, кандидатот **доц.д-р Антонио Митрикески** да биде избран во звањето **вонреден професор**, по предметот филмска и ТВ-режија.

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. Столе Попов, с.р.**

2. **Проф. Данчо Чевчески, с.р.**

3. **Проф. Апостол Трпески, с.р.**

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **АНТОНИО БОРИСАВ МИТРИКЕСКИ**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **ФИЛМСКА и ТВ-РЕЖИЈА**

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Филмска и ТВ-режија 1 (летен семестар 2006), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 2. | Филмска и ТВ-режија 2 (зимски семестар 2006), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 3. | Филмска и ТВ-режија 3 (летен семестар 2007), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 4. | Филмска и ТВ-режија 4 (зимски семестар 2007), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 5. | Филмска и ТВ-режија 5 (летен семестар 2008), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 6. | Филмска и ТВ-режија 6 (зимски семестар 2008), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 7. | Филмска и ТВ-режија 7 (летен сememестар 2009), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 8. | Филмска и ТВ-режија 8 (зимски семестар 2009), часа 8 * 15 * 0,04 | 4,80 |
| 9. | Филмска и ТВ-режија 1 (летен семестар, коснулт. 2006), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 10. | Филмска и ТВ-режија 2(зимски семестар, коснулт. 2006), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 11. | Филмска и ТВ-режија 3 (летен семестар, консулт. 2007), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 12. | Филмска и ТВ-режија 4 (зимски семестар,консулт. 2007), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 13. | Филмска и ТВ-режија 5 (зимски семестар,консулт. 2008), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 14. | Филмска и ТВ-режија 6 (зимски семестар,консулт. 2008), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 15. | Филмска и ТВ-режија 7 (зимски семестар,консулт. 2009), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| 16. | Филмска и ТВ-режија 8 (зимски семестар,консулт. 2009), часа 4 * 7 * 15 * 0,002 | 2,16 |
| | **ВКУПНО** | **55,68** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска дисертација - 2010<br><br>Тема: „Теорија и практика на документарниот филм (Казимиеж Карабаш, Столе Попов, Мајкл Мур)“. | 8 |
| | ВКУПНО | 8 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – режирани филмови, автор и коавтор | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2006, сценарио за рекламен спот за групата „Кисмет“ | 2 |
| 2. | 2006, режија, рекламен спот за групата „Кисмет“ | 2 |
| 3. | 2009, сценарио за рекламен спот за групата „Мизар“ | 2 |
| 4. | 2009, режија, рекламен спот за групата „Мизар“ | 2 |
| 5. | 2010, сценарио за рекламен спот за групата „Мизар“ | 2 |
| 6. | 2010, режија, рекламен спот за групата „Мизар“ | 2 |
| 7. | 2010, рекламен едноминутен филм за фестивалот „Lodz Tagowa street film fest”, Полска ( 6-12 јули) | 2 |
| 8. | 2011, рекламен спот за Верица Пандиловска | 2 |
| | ВКУПНО | 16 |

## СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Член на меѓународна жири-комисија, селектор, работилници и фестивали | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2006, селектор на фестивалот EX YU FEST во Црна Гора (Подгорица, Котор, Бар, Будва,Иванград) | 2 |
| 2. | 2007, селектор на фестивалот EX YU FEST во Црна Гора (Подгорица, Котор, Бар, Будва, Иванград) | 2 |
| 3. | 2008, селектор на фестивалот EX YU FEST во Црна Гора (Подгорица, Котор, Бар, Будва,Иванград) | 2 |
| 4. | 2006, „КАКО ЛОШ СОН“ , учество на филмскиот фестивал „Астерфест” во Струмица | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | 2010, „КАКО ЛОШ СОН“, учество на „Денови на македонскиот филм” Риека (филмот го отвори фестивалот) | 2 |
| 6. | 2010, „КАКО ЛОШ СОН“, учество на „Денови на македонскиот филм” Загреб (филмот го отвори фестивалот) | 2 |
| 7. | 2008, жири на ФЕСТИВАЛОТ НА ФРАНЦУСКИОТ ФИЛМ во Охрид | 2 |
| 8. | 2009, жири на ФЕСТИВАЛОТ НА ФРАНЦУСКИОТ ФИЛМ во Охрид | 2 |
| 9. | 2009, селектор на краткометражната програма на ФЕСТИВАЛОТ НА ФРАНЦУСКИОТ ФИЛМ во Охрид | 2 |
| 10. | 2010, селектор на краткометражната програма на ФЕСТИВАЛОТ НА ФРАНЦУСКИОТ ФИЛМ во Охрид | 2 |
| 11. | 2010, жири на ФЕСТИВАЛОТ НА ФРАНЦУСКИОТ ФИЛМ во Охрид | 2 |
| 12. | 2010, „ПРЕКУ ЕЗЕРОТО“, учество на фестивалот “Lodz-Tagowa street film fest”во Полска | 2 |
| 13. | 2010, претседател на жири на фестивалот „Lodz-Tagowa street film fest”во Полска | 2 |
| 14. | 2010, „ПРЕКУ ЕЗЕРОТО“, учество на фестивалот „The Balkan Film and Gourmet Festival” во Романија | 2 |
| 15. | 2010, жири на Меѓународниот филмски фестивал во Лесковац во Србија | 2 |
| 16. | 2011, жири на фестивалот „Lodz-Tagowa street film fest” во Полска | 2 |
| | | |
| | **ВКУПНО** | **32** |
| | Дејности од поширок интерес<br>Учество на неговите студенти во промотивни активности - домашни и интернационални | |
| 1. | 2006, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 2. | 2007, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 3. | 2008, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 4. | 2009, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 5. | 2010, Интернационален студентски фестивал СКОМРАХИ | 0,5 |
| 6. | 2008, Фестивал на францускиот филм во Охрид | 0,5 |
| 7. | 2009, Фестивал на францускиот филм во Охрид | 0,5 |
| 8. | 2010, Фестивал на францускиот филм во Охрид | 0,5 |
| 9. | 2006, фестивал „Браќа Манаки“ - студентска програма | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | 2007, фестивал „Браќа Манаки“ - студентска програма | 0,5 |
| 11. | 2008, фестивал „Браќа Манаки“ - студентска програма | 0,5 |
| 12. | 2009, фестивал „Браќа Манаки“ - студентска програма | 0,5 |
| 13. | 2010, фестивал „Браќа Манаки“ - студентска програма | 0,5 |
| 14. | 2008, Меѓународен филмски фестивал - Скопје - студентска програма | 0,5 |
| 15. | 2009, Меѓународен филмски фестивал - Скопје - студентска програма | 0,5 |
| 16. | 2010, Меѓународен филмски фестивал - Скопје - студентска програма | 0,5 |
| 17. | 2008, NYfilmvideo – УСА, Њујорк | 0,5 |
| 18. | 2007, Asterfest –Македонија, Струмица | 0,5 |
| 19. | 2008, Asterfest –Македонија, Струмица | 0,5 |
| 20. | 2009, Asterfest –Македонија, Струмица | 0,5 |
| 21. | 2010, Asterfest –Македонија, Струмица | 0,5 |
| 22. | 2008, Balcan snapshot - Холандија, Амстердам | 0,5 |
| 23. | 2009, off cinema- Полска, Познањ | 0,5 |
| 24. | 2009, Kratkofil - Босна и Херцеговина, Бања Лука | 0,5 |
| 25. | 2009, Cultureunplugged - online festival – САД, Сан Франциско | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | **12,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **55,68** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **8,00** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **16,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **44,50** |
| **Вкупно** | **124,18** |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. Столе Попов, с.р.**

2. **Проф. Данчо Чевревски, с.р.**

3. **Проф. Апостол Трпески, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА СЦЕНСКИ ГОВОР СО ТЕХНИКА НА ГЛАС НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 12. V 2011 година, со одлука бр.0202-241/2-6 избра Рецензентска комисија во состав: проф. Костадин Дрваров, проф. Кирил Ристоски и проф. м-р Владо Цветановски за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина сценски говор со техника на глас.

На конкурсот објавен во дневните весници „Капитал“ и „Факти“ од 13. IV 2011 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина сценски говор со техника на глас на ФДУ, како единствен кандидат се пријави досегашниот вработен на наведениот предмет, доцент м-р Тихомир Стојановски.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензенската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци за кандидатот

**М-р Тихомир Стојановски** е роден во Скопје 1963 година. На ФДУ-Отсек за драмски актери студирал во класата на проф. Љубиша Георгиевски три години, а една година во класата на проф Слободан Унковски. Дипломирал успешно во 1988 година.

За време на студирањето, м-р Тихомир Стојановски покажуваше исклучителна трудољубивост и леснотија во разрешувањето на поставените задачи. Успесите во факултетските претстави, како и многубројните ангажмани во театрите за време на школувањето и непосредно потоа, беа доволна препорака во 1990 г. да биде примен за асистент по предметот ,сценски говор со техника на глас, каде што работи и денес на истото работно место во звањето доцент.

За време на студиите и по дипломирањето, Т. Стојановски игра повеќе главни улоги во театарите во Македонија.

Основач е на театарот *Скрб и утеха* во далечната 1988 година, каде што дејствува активно и денес, како уметнички директор, актер, режисер или автор на драмски текстови. При К.Ц. *Скрб и утеха*, основач е на едицијата *Лицеум*, која издава вредни театарски дела. Со *Скрб и утеха* во долгогодишното дејствување, во повеќе наврати гостувал меѓу нашите сонародници во странство, во Шведска,

Бугарија, Грција, Албанија и Турција. Неколку негови документарни филмски остварувања се учесници на меѓународни фестивали во Шпанија, Турција, Геција, Црна Гора, Чешка, САД, Полска, Босна и други земји.

Со звањето магистер се стекнува на 31. 12. 2009 со магистерскиот труд „Театарот како елитна и масовна култура" на „Институтот за македонска литература" под менторство на проф.д-р Александар Прокопиев.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ
(по последниот избор во 2005 година)

**Актерски остварувања**

**На сцена:**

1."Бакни ме Чернодрински"(2006)
2."Сердарот-за секогаш љубов"(2007)
3."Чернодрински експрес(2008)"
4."Будење на ангелите(2009)" сите во продукција на "Скрб и утеха"
5. "Џамалари-Дионис" ( 2010)

**Во документарните филмови:**

1. "Ѓурѓовден во Гора"(2007), Тирана, 2011
2."Како свеќа"(2008), Тирана, 2011
3."Ѕид" (2008)
4."Дарување светлина" (2008)
5."Враќањето на Драган Б..."(2009)
6. "Со Господ во срцето" (2009)
7. "Простување" (2009)
8."Засекогаш светлина" (2010)
9. "Поблиску до Бога- Роди се светлина" ( 2010)
10. "Ангелот на мајката Божја" ( 2010)

Во средното економски училиште САБА држел курс - предавање за јавното говорење, во текот на 2007.

**Издадени дела по 2006 година:**

1. "Еринии" -записи за театарските случувања за 20 години, "Скрб и утеха"(2008)
2. "Театарот како елитна и масовна култура" -магистерски труд (2009)
3. "Драми - Деноноси" драмски дела (издадена на македонски во Малме Шведска) (2007)
4."Засекогаш љубов" -роман кој опфаќа состојби за театарот (2007)
5. "Разбудете се ангели"- роман кој опфаќа состојби за театарот (2006)
6. "Линија на душата"- роман кој опфаќа состојби за театарот (2008)

**Напишани и одиграни драмски дела на сцената на "Скрб и утеха":**

1. „Бакни ме Чернодрински"(2006), театар „Скрб и утеха", учество на „Дионисови слави"
2. „Сердарот - засекогаш љубов" (2007) театар „Скрб и утеха" учество на театарски фестивал во Крива Паланка (2007), „Војдан Чернодрински"- Прилеп ( придружна) (2008), „Дионисови слави", античка драма во Стоби (2008), гостување во Р. Бугарија (2008); учесник на фестивалот „Летен културен бран" (2008). Претставата ја режирал Т. Стојановски.
3. „Чернодрински експрес" (2008), театар „Скрб и утеха", учество на „Дионисови слави" (2009), фестивал „Преспа" Р. Албанија (2009), „Војдан Чернодрински"- Прилеп (придружна) (2009); учесник на фестивалот „Летен културен бран" (2008). Претставата ја режирал Јордан Витанов.
4. „Будење на ангелите", театар „Скрб и утеха", учество на „Дионисови слави" (2010), фестивал „Горна Бошава"- Неготино (2009), гостување во Загреб, Хрватска, театар „Кнап" (2009) ). Претставата ја режирала Слободанка Чичевска.
5. „Цамалари -Дионис" -гостување во Корча и Тирана (Р. Албанија), Сандански, Гоце Делчев (Р. Бугарија), театар „Скрб и утеха", 2010, премиера.

**Остварени документарни филмови: (сценарио и/или режија)**
филмовите се работени по претставите и гостувањата на театарот „Скрб и утеха"

1. „Бакни го сонцето" МРТВ & продукција „Дион", сценар. Т.Стојановски, учесник на Европски фестивал-Малме, Шведска (2008), „Денови на македонски филм во Осиек, Хрватска, 2008), Тирана, Албанија април 2011.
2. „1000 години како денот од вчера" МРТВ & продукција „Дион", сценар. Т.Стојановски учесник на Европски фестивал-Малме, Шведска (2008), „Денови на македонски филм во Осиек", Хрватска, 2008.
3. „Камен меѓу две ниви" " МРТВ & продукција „Дион", сценар. Т.Стојановски учесник на Европски фестивал-Малме, Шведска (2008), „Денови на македонски филм во Осиек, Хрватска (2008).
4. „Ѓурѓовден во Гора" продукција „Дион", сценар. и реж. Т. Стојановски (2007), фестивали: Нирнберг, Германија(2007), Патала, Индија (2007), Европски фестивал, Малме , Шведска (2008), Кратовско културно лето (2009), Прилеп- град на културата (2007), Тирана, Албанија април 2011.
5. „Како свеќа", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2008), фестивали: „Фестивал по принципите на Ганди", Индија (2008), "Дионисови слави (2009), Кратово-Културно лето (2009), Осиек и Загреб, Хрватска, „Денови на македонски филм" (2009), Тирана, Р. Албанија април 2011.
6. „Ѕид", продукција "Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2009), учесник на „Дионисови слави"(2009), во моментот на предселекција на повеќе фестивали.
7. „Враќањето на Драган Б..." продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2009), премиера - Градска библиотека „Браќа Миладиновци"(2009).
8. „Со Господ во срцето", продукција „Дион", сценар. и реж. Т. Стојановски (2008), Кратовско културно лето (2009), Денови на мак. филм, Осиек (2009), Преспанско културно лето, Албанија (2008).
9. „Дарување светлина", продукција „Дион", сценар. и реж. Т. Стојановски Лето „Мала Преспа", Албанија (2008), Ден. на мак. филм, Осиек (2008) и (2009).
10. „Простување", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2009), Ден. на мак. филм, Осиек (2009), Кратовско културно лето (2009).

11. „Деветте вретена на Јана", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски), Ден. на мак. филм. Осиек (2009). Премиера на 26.2.2010 на „Дионисови слави" Град. библиотека „Браќа Миладиновци".
12. „Белата ластовичка на баба Стојна", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2010).
13. „Кокино-светост и Боженственост"
14. „Засекогаш светлина" Дионисови слави, 2011
15. „Дојчиновци од Герман" (г.библ. БМ 20.2010), Тирана, Р. Албанија, март 2011
16. „Записи од егејскиот дом" (исто)
17. „За илинденската светлина"(исто)
18. „Песните на Илија Кунечки" гб БМ, април 2011 Тирана, Р. Албанија, март 2011
19. „Ангелот на мајката Божја"г.б. БМ, ноември 2010
20. „Пеј Силјане и летај" г.б. БМ 11.2010
21. „Заминување и останување во Голобрдо", Тирана, Р. Албанија, 2011
22. „Поблиску до Бога- Роди се светлина" гб БМ, април 2011
23. „Брод во Гора"
24. „Белег на светлина" гб БМ, април 2011
25. „Ден баба ден до парето на Василица"

**Педагошка дејност**

Кандидатот м-р Тихомир Стојановски со педагошка дејност се занимава од 1990 година, најпрво во звањето асистент, а потоа како наставник во звањето доцент.

Низ сите овие години педагошка дејност, кандидатот м-р Т. Стојановски покажува исклучителна студиозност и одговорност во остварувањето на педагошките обврски. Во комуникацијата со студентите е непосреден, отворен и полн со разбирање за проблемите што ги оптоваруваат студентите. Секогаш се труди и успева да воспостави клима за активен творечки однос, настојувајќи притоа, кај секој од студентите да ги извлече максималните квалитети и да ги поттикне и открие кај нив оние гласовни и говорни вредности кои одговараат на современите барања на уметноста на сценскиот говор. Особено треба да се потенцира неговата ангажираност во гласовната обука на студентите, што се смета за основен предуслов во процесот на креативниот говорен чин и самато обликување на актерската личност.

# ЗАКЛУЧОК

По сеопфатното согледување на остварените активности од последниот избор посочени во рефератот, а врз база на несомнените квалитети на кандидатот м-р Т. Стојановски, Комисијата заклучува дека тој, со својот сестран уметнички ангажман во повеќе медиуми, со досегашната успешна и креативна педагошка дејност, како и со своите несомнени квалитети како човек и како педагог, се наметнува како соодветен кандидат кој во целост одговара на профилот наставник по наведената дисциплина. Според тоа, Комисијата смета дека кандидатот во целост ги поседува потребните квалитети за понатамошно продолжување со својата педагошка дејност на ФДУ, па со задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје кандидатот **м-р Тихомир Стојановски** да биде избран за професор во звањето **вонреден професор** по наставната дисциплина сценски говор со техника на глас.

**Рецензенска комисија**

**Проф. Костадин Дрваров, с.р.**

**Проф. Кирил Ристоски, с.р.**

**Проф. м-р Владо Цветановски, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **доц. м-р Тихомир Стојановски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **актерска игра**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Сценски говор со тех. на глас (зим. сем. 2006), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 2 | Сценски говор со тех. на глас (лет. сем. 2006), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 3 | Сценски говор со тех.на глас (зим. сем. 2007), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 4 | Сценски говор со тех.на глас (лет. сем. 2007), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 5 | Сценски говор со тех.на глас (зим. сем. 2008), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 6 | Сценски говор со тех.на глас (лет. сем. 2008), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 7 | Сценски говор со тхе.на глас (зим. сем. 2009), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 8 | Сценски говор со тхе.на глас (лет. сем. 2009), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 9 | Сценски говор со тех. на глас(зим. сем. 2010), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 10 | Сценски говор со тех.на глас (лет. сем. 2010), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 11 | Сценски говор со тех.на глас (зимски семес. 2011),часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 12 | Сценски говор со тех.на глас (летен семес. 2011), часа 7*15*0,04 | 4,20 |
| 13 | Сценски говор со тех.на глас (зим.сем.консул. 2006), 2*15*0,03 | 0,90 |
| 14 | Сценски говор со тех.на глас (лет.сем.консул.2006), 2*15*0,03 | 0,90 |
| 15 | Сценски говор со тех.на глас (зим.сем.консул.2007), 1*15*0,03 | 0,45 |
| 16 | Сценски говор со тех.на глас (лет.сем.консул.2007), 1*15*0,03 | 0,45 |
| 17 | Сценски говор со тех.на глас (зим.сем.консул.2008), 2*15*0,03 | 0,90 |
| 18 | Сценски говор со тех.на глас (лет.сем.консул.2008), 2*15*0,03 | 0,90 |
| 19 | Сценски говор со тех.на глас (зим.сем.консул.2009), 1*15*0,03 | 0,45 |
| 20 | Сценски говор со тех.на глас (лет.сем.консул.2009), 1*15*0,03 | 0,45 |
| 21 | Сценски говор со тех.на глас ( зим.сем.консул.2010), 2*15*0,03 | 0,90 |
| 22 | Сценски говор со тех.на глас (лет.сем.консул.2010), 2*15*0,03 | 0,90 |
| 23 | Сценски говор со тех.на глас (зим.сем.консул.2011), 1*15*0,03 | 0,45 |
| 24 | Сценски говор со тех.на глас (лет.сем.консул.2011), 1*15*0,03 | 0,45 |
| | **Вкупно** | **58,50** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – улога, режија, сценарио | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2006 –„Бакни ме Чернодрински" - Скрб и утеха (улога, сценарио) | 6 |
| 2 | 2007 –„Сердарот-засекогаш љубов" - Скрб и утеха (улога, сценарио) | 6 |
| 3 | 2008 – „Чернодрински експрес" - Скрб и утеха (улога, сценарио) | 6 |
| 4 | 2009 – „Будење на ангелите" - Скрб и утеха (улога, сценарио) | 6 |
| 5 | 2010 – „Цамалари-Дионис" - Скрб и утеха (улога, сценарио) | 6 |
| 6 | 2010 – „Белата ластовичка на баба Стојна", продукција „Дион", ТВ Сонце (сценар. и реж.), Т. Стојановски. | 6 |
| 7 | „Кокино-светост и Боженственост" | 6 |
| | **Документарни филмови** | |
| 1 | 2007 - „Ѓурѓовден во Гора", продукција „Дион" | 2 |
| 2 | 2008 - „Како свеќа", продукција „Дион" | 2 |
| 3 | 2008 - „Ѕид", продукција „Дион" | 2 |
| 4 | 2008 - „Дарување светлина", продукција „Дион" | 2 |
| 5 | 2009 - „Враќањето на Драган Б...", продукција „Дион" | 2 |
| 6 | 2009 - „Со Господ во срцето", продукција „Дион" | 2 |
| 7 | 2009 - „Простување", продукција „Дион" | 2 |
| 8 | 2010 -„Засекогаш светлина", продукција „Дион" | 2 |
| 9 | 2010 - „Поблиску до Бога- Роди се светлина", продук. „ Дион" | 2 |
| 10 | 2010 - „Ангелот на мајката Божја", продукција „Дион" | 2 |
| | **Драмско творештво** | |
| 1 | „Бакни ме Чернодрински"(2006) театар „Скрб и утеха", учество на „Дионисови слави" | 2 |
| 2 | „Сердарот - за секогаш љубов"(2007), театар "Скрб и утеха" учество на театарски фестивал во Крива Паланка (2007), „Војдан Чернодрински"- Прилеп (придружна)(2008), „Дионисови слави", античка драма во Стоби (2008), гостување во Р. Бугарија (2008); учесник на фестивалот „Летен културен бран" (2008); режија: Т. Стојановски. | 2 |
| 3 | „Чернодрински експрес" (2008) театар „Скрб и утеха", учество на „Дионисови слави" (2009), фестивал „Преспа" Р. Албанија (2009), "Војдан Чернодрински"- Прилеп (придружна) (2009), учесник на фестивалот „Летен културен бран" (2008); режија: Јордан Витанов. | 2 |
| 4 | „Будење на ангелите", театар „Скрб и утеха", учество на „Дионисови слави" (2010), фестивал „Горна Бошава"- Неготино (2009), гостување во Загреб, Хрватска, театар "Кнап" (2009); режија: Слободанка Чичевска. | 2 |
| 5 | „Цамалари -Дионис" -гостување во Корча и Тирана, (Р.Албанија), Сандански , Гоце Делчев (Р. Бугарија), театар „Скрб и утеха" 2010, премиера. | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **72** |

# СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Остварени дела (претстави или филмови) и учество на фестивали или гостувања во странство | Поени |
|---|---|---|
| 1 | „Бакни го сонцето, МРТВ & продукција „Дион", сценар. Т.Стојановски, учесник на Европски фестивал-Малме, Шведска (2008), „Денови на македонски филм во Осиек, Хрватска, 2008), Тирана, Албанија, април 2011. | 2 |
| 2 | „1000 години како денот од вчера" МРТВ & продукција „Дион", сценар. Т.Стојановски, учесник на Европски фестивал-Малме, Шведска (2008), „Денови на македонски филм во Осиек, Хрватска, 2008. | 2 |
| 3 | „Камен меѓу две ниви" МРТВ & продукција „Дион", сценар. Т.Стојановски, учесник на Европски фестивал-Малме, Шведска (2008), "Денови на македонски филм во Осиек, Хрватска (2008). | 2 |
| 4 | „Ѓурѓовден во Гора", продукција „Дион", сценар. и реж. Т. Стојановски (2007), фестивали: Нирнберг, Германија (2007), Патала, Индија(2007), Европски фестивал, Малме, Шведска (2008), Кратовско културно лето (2009), Прилеп - град на културата (2007), Тирана, Албанија , април 2011. | 2 |
| 5 | „Како свеќа", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2008), фестивали: „Фестивал по принципите на Ганди"Индија (2008), „Дионисови слави (2009), Кратово-Културно лето (2009), Осиек и Загреб, Хрватска, „Денови на македонски филм" (2009), Тирана, Р. Албанија, април 2011. | 2 |
| 6 | „Ѕид", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2009), учесник на „Дионисови слави" (2009), моментално е на предселекција на повеќе фестивали. | 2 |
| 7 | „Враќањето на Драган Б..." продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2009), премиера: Градска библиотека „Браќа Миладиновци"(2009) | 2 |
| 8 | „Со Господ во срцето" продукција „Дион, сценар. и реж. Т. Стојановски (2008), Кратовско културно лето (2009), Денови на мак. филм, Осиек (2009), Преспанско културно лето, Албанија (2008) | 2 |
| 9 | „Дарување светлина", продукција „Дион", сценар. и реж. Т. Стојановски, Преспанско културно лето, Албанија (2008), Ден. на мак. филм, Осиек (2008) и (2009) | 2 |
| 10 | „Простување", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски (2009), Ден. на мак. филм, Осиек (2009), Кратовско културно лето (2009). | 2 |
| 11 | „Деветте вретена на Јана", продукција „Дион", ТВ Сонце, сценар. и реж. Т. Стојановски, ), Ден. на мак. филм, Осиек (2009). Премиера на 26.2.2010 на „Дионисови слави" Град. библиотека „Браќа Миладиновци". | 2 |
| 12 | „Засекогаш светлина", Дионисови слави, 2011 | 2 |
| 13 | „Дојчиновци од Герман" (г.библ. БМ 20.2010), Тирана, Р. Албанија, 2011 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | „Записи од егејскиот дом" (г.библ. БМ 20.2010), Тирана, Р. Албанија, 2011. | 2 |
| 15 | „За илинденската светлина" (г.библ. БМ 20.2010), Тирана, Р. Албанија, 2011. | 2 |
| 16 | „Песните на Илија Кунечки" гб БМ април 2011 Тирана, Р. Албанија, 2011. | 2 |
| 17 | „Ангелот на мајката Божја"г.б. БМ ноември 2010. | 2 |
| 18 | „Пеј Силјане и летај" г.б. БМ ноември 2010. | 2 |
| 19 | „Заминување и останување во Голобрдо", Тирана, Р. Албанија, 2011. | 2 |
| 20 | „Поблиску до Бога- Роди се светлина" гб БМ април 2011. | 2 |
| 21 | „Брод во Гора" | 2 |
| 22 | „Белег на светлина" гб БМ април 2011. | 2 |
| 23 | „Ден баба ден до парето на Василица" | 2 |
| | **Објавени книги** | |
| 1 | (2006), „Разбудете се ангели"- роман кој опфаќа состојби за театарот | 2 |
| 2 | (2007), „Драми - Деноносии", драми (издадена на македонски во Малме Шведска) | 8 |
| 3 | (2007), „Засекогаш љубов" -роман кој опфаќа состојби за театарот | 2 |
| 4 | (2008), „Еринии" -записи за театарските случувања за 20 години „Скрб и утеха" | 8 |
| 5 | (2008), „Линија на душата"- роман кој опфаќа состојби за театарот | 2 |
| 6 | (2009), „Театарот како елитна и масовна култура" | 8 |
| | **Вкупно** | **76,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 58,50 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 0,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 72,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 76,00 |
| **Вкупно** | **206,50** |

**Членови на Комисијата**

**1. Проф. Костадин Дрваров, с.р.**

**2. Проф. Кирил Ристоски, с.р.**

**3. Проф. м-р Владо Цветановски, с.р.**

03 - 331/1
22-06-1
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ „ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО - КНИГА ТРЕТА ИЗВРШНО ПРАВО" ОД АВТОРИТЕ Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ И Д-Р ТАТЈАНА ЗОРОСКА - КАМИЛОВСКА

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.3.2011 година, определени сме за рецензенти на учебникот „Извршно право", од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска.

По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно - научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје утврди потреба од учебник по предметот извршно право. Констатирано е дека на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје веќе подолг период нема учебник по граѓанско процесно право во делот на извршното право, кој би бил во согласност со предметната програма, а во, исто време, усогласен со актуелното извршно законодавство во Република Македонија.

Трудот што ни е доставен за рецензирање носи наслов „Граѓанско процесно право - книга трета извршно право" и претставува трет дел на систематската обработка на материјата на граѓанското процесно право што авторите ја започнаа со трудовите "Граѓанско процесно право - книга прва парнично право", објавен во Скопје, 2009 година и "Граѓанско процесно право - книга втора вонпарнично право", објавен во Скопје, 2010 година.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 203 страници и е пишуван во компјутерска техника, без проред. Материјата на текстот содржи основен текст на учебникот, користени кратенки, литература и предметен регистар.

Материјата на основниот текст на учебникот е поделена во три дела. Првиот дел е насловен како „Вовед во извршното право" и во него се обработени основните поими на извршното право и извршната постапка. Се тргнува од објаснување на потребата од присилно извршување, а понатаму се определуваат поимот, структурата и предметот на извршната постапка, како и нејзините карактеристики, и се анализира односот на извршната со парничната, вонпарничната и стечајната постапка. Определен е поимот, како и карактеристиките на извршното право, а посебно се презентирани изворите на извршното право (формални и фактички). Во овој дел, обработени се и начелата на извршната постапка и тоа оние кои се специфични само за извршната постапка, или кои во неа имаат специфична манифестација (начелото на диспозиција и начелото на официјалност, начелото на формален легалитет, начелото на итност, начелото на заштита на странките, учесниците во постапката за извршување и нивните семејства и начелото на временски редослед во намирувањето).

Вториот дел од учебникот е посветен на постапката на извршување. Се започнува со краток осврт на системите за извршување кои постојат на

компаративен план, за потоа во така презентираната рамка да се објасни системот на извршување во Република Македонија, при што се прави разлика меѓу системот на извршување кој постоеше во Република Макеоднија до 2005 година и системот на извршување кој постои по донесувањето на Законот за извршување во 2005 година до денес. При тоа, авторите нагласуваат дека системот на извршување на Република Македонија, во институционална (организациска) и функционална смисла, ќе биде предмет на детална анализа во текстот на учебникот.

Во продолжение на текстот следува посебна глава во која се обработуваат субјектите на постапката на извршување - извршител, странки, учесници, суд и помошни органи. Претпоставките за извршување, кои можат да бидат од материјалноправна и од процесноправна природа, се анализирани во посебна глава. Тука се детално обработени следниве претпоставки за извршување: извршната исправа, побарувањето за кое се води постапката и барањето за извршување. Наведените препоставки за извршување се разгледуваат низ нивната теориска, но и позитивноправна димензија. Посебно внимание е посветено на поимите извршност и извршливост на побарување.

Средствата и предметот на извршување, како посебни институти на извршното право, се обработени во посебна глава. Авторите ги определуваат средствата на извршување заради намирување на парично и непарично побарување, а во рамките на предметот на извршување посебно се обработени и институтите изземање од извршување и ограничување на извршувањето.

Основните одредници на спроведувањето на извршувањето (поим, време на извршување, начин на постапување на извршителот, привремени застои на постапката на извршување и запирање на извршувањето) се, исто така, обработени во посебна глава.

Во натамошниот дел од текстот се анализира институтот противизвршување, како и институтите: доставување во постапката на извршување, гаранција и трошоци на постапката. Исцрпно е обработен и единствениот правен лек во постапката на извршување - приговорот против неправилности при извршувањето.

Најголем дел од вториот дел од трудот опфаќа анализата на одделните постапки на извршување заради намирување на парично и на непарично побарување. Обработката на посебните постапки на извршување ја следи систематиката на Законот за извршување. Кај извршувањето заради намирување на парично побарување се обработени: извршувањето врз подвижни предмети, извршувањето врз парично побарување на должникот, извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност, извршување врз недвижност, извршување врз хартии од вредност и удели во трговски друштва и извршување врз други имотни права. Посебно се разгледува режимот на извршување врз имот на правни лица заради намирување на парично побарување. Сите наведени постапки за извршување се обработени по една вообичаена шема која ги опфаќа следниве прашања: што може да биде предмет на извршување, а што е изземано од извршување, на кој начин се спроведува извршувањето, односно кои се извршните дејствија и нивните карактеристики, како и кои се последиците (материјалноправни и процесноправни) од преземањето на извршните дејствија.

Во рамките на извршувањето заради остварување на непарично побарување, исцрпно се анализирани: предавањето и испораката на подвижни предмети, испразнувањето и предавањето на недвижност, обврската на дејствие, трпење и несторување, запишувањето права во јавна книга, враќањето работник на работа,

продажбата на предмети за кои не е можна физичка делба и давањето изјава на волја.

Третиот дел од трудот е посветен на постапката за обезбедување на побарувањата како дел од извршната постапка. Тука најнапред се објаснети поимот, предметот и карактеристиките на постапката за обезбедување согласно со Законот за обезбедување на побарувањата од 2007 година, па потоа се обработени одделните средства за обезбедување на побарувањата, и тоа: заложното право врз подвижни предмети и врз недвижности, претходните мерки, привремените мерки и обезбедувањето со пренос на правото на сопственост или со пренос на права.

Од понудениот текст на трудот, јасно е дека при подготвувањето на учебникот по извршно право авторите имале главно теориски и позитивноправен пристап во обработката на предметната проблематика. Имено, излагањето на материјата го следи текстот на соодветните процесни закони (Законот за извршување и Законот за обезбедување на побарувањата), така што во загради се наведуваат членовите од законите со кои е уредено соодветното процесно прашање. Овој пристап е успешно усогласен со соодветна мера на теориски разгледувања на одделните поими и процесни институти.

Трудот е напишан на чист литературен македонски јазик, со јасни искази, формулации и заклучоци. Авторите се доследни во користењето на правната и посебно процесноправната терминологија, што во теоријата и практиката на процесното право има посебно значење. Материјата е презентирана на разбирлив начин, со разумна мера на употреба на дескрипции и експликации, но без непотребни оптоварувања. Трудот по својот обем одговара на потребите за совладување на материјата и подготвување на испитот по предметот граѓанското процесно право – извршно право, а е погоден и како литература за подготвување на писмени трудови на студентите. На студентите на додипломските правни студии, овој учебник ќе им овозможи брзо и без тешкотии да се стекнат со основни знаења од областа на граѓанското процесно право - извршно право, а на студентите на постдипломските студии ќе им овозможи зацврстување и продлабочување на веќе стекнатите знаења.

Трудот претставува логично продолжение на првата и втората книга посветени на исклучително обемната материја на граѓанското процесно право. Како и првите две книги, и трудот „Граѓанско процесно право - книга трета извршно право" претставува сериозен придонес во развојот на науката за граѓанското процесно право во Република Македонија и пошироко и збогатување на правната литература со трудови од учебнички карактер.

Врз основа на наведените карактеристики и квалитети на понудениот текст на трудот „Граѓанско процесно право - книга трета извршно право" од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска, задоволство ни е да му препорачаме на Наставно - научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој труд како основен учебник по соодветниот предмет што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 0 8. 0 6. 2011 година

**Рецензенти**

**Проф. д-р Гордана Станковиќ с.р.**

**Проф. д-р Симеон Гелевски с.р.**

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Филозофскиот факултет** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Јехона Спахиу | Творештвото на зографот Јован од Грамоста и неговата работилница | 1. Проф. д-р Анета Серафимова<br>2. Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев<br>3. Д-р Викторија Поповска-Коробар, науч. соработник |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Мите Митевски | "Државната и внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија" | д-р Татјана Петковска |
| 2. | Софија Куновска | "Капитални промени и максимизирање на вредноста на корпорациите при интеграција | д-р Климентина Попоска |
| 3. | Ленче Божиноска | "Ефикасноста на менаџмент практиките на компаниите за животно осигурување во Република Македонија" | д-р Васил Поповски |
| 4. | Владимир Планојевиќ | "Улогата на ОПЕК во глобалната економија" | д-р Силвана Мојсовска |
| 5. | Сузана Игњатовиќ-Алексова | "Развојот на кластерите во функција на конкурентноста на претпријатијата, со осврт на Република Македонија" | д-р Дејан Пендев |
| 6. | Илија Ќушкоски | "Дискриминацијата на работното место во прганизациите со посебен осврт на мобингот" | д-р Васил Поповски |
| 7. | Нела Божиновска | "Избор на видот, категоријата и локацијата на објектите во туризмот како значаен чинител на туристичкиот бизнис" | д-р Марија Ацковска |
| 8. | Оливера Тасевска | "Кредитирањето како извор на финансирање и развој на агроиндустријата во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |
| 9. | Кристина Матеска | "Примена на алатките на проектен менаџмент во градежната индустрија" | д-р Биљана Ангелова |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 132 од Законот за високо образование, и членовите 42-46 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје со Анекс 1 и Анекс 2 од овој Правилник, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IX редовна седница одржана на 30.5.2011 година, определи Рецензентска комисија, во состав:

- проф. д-р Васка Антевска
- проф. д-р. Весела Малеска - Ивановска
- проф. д-р Стојмир Петров

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" на 3.5.2011 година, за реизбор во звањето асистент се пријави ас. д-р Елизабета Сивевска - Смилевска.
Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Ас. д-р Елизабета Сивевска - Смилевска**

Биографски податоци

Елизабета Сивевска - Смилевска е родена во Штип во 1967 година. Основното и средното образование ги завршила со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1986/1987 година, а дипломирала во 1992 година, со просечен успех 8,00. Во Институтот за физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје се вработила на 10.1.1995 година. На постдипломските студии се запишала во 1996 година, а во 2007 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов: „Бихејвиористички испитувања на целното однесување кај животни со експериментално предизвикана епилепсија".

**Наставна дејност**

За помлад асистент по предметот физиологија е избрана во 1997 година, а реизбрана во 2003 година. За асистент по предметот физиологија е избрана во 2008 година.
Учествува во изведувањето на практичната настава по предметот физиологија за студентите на Медицинскиот, Стоматолошкиот, Фармацевтскиот и Факултетот за физичка култура. На високите школи за медицински сестри и техничари учествува во изведувањето на практичната настава за сите насоки (медицински сетри, физиотерапевти и логопеди). Исто така, учествува во практичната настава по предметот морфологија и физиологија на клетка за студентите по медицина.

Коавтор е на неколкуте практикуми кои Катедрата за физиологија ги издала за совладување на практичните содржини по предметите физиологија (медицина), морфологија и физиологија на клетката (медицина) и физиологија на спортот (Факултет за физичка култура).

**Стручно-научна активност**

Од почетокот на нејзиното вработување учествува во работата на Кабинетот за неврофизиологија.
Во 2008 година ја започнала специјализацијата по спортска медицина и учествува во работата за Кабинетот за спортска медицина на институтот за медицинска и експериментална физиологија со антропологија. Покрај здравствената рутинска работа, во рамките на активноста на Кабинетот за неврофизиологија била вклучена во изведувањето на три значајни научноистражувачки проекти под менторство на проф. д-р. Лилјана Божиновска: Биоелектрични манифестации на процесите на учење и очекување (1999); Неврофизиолошки, когнитивнии и бихејвиористички испитувања на целното однесување (2001); Истражување на влијанието на епилепсијата врз когнитивните и бихевиористичките процеси (2004).
Учествувала на повеќе конгреси, семинари и средби во земјата и во странство.

**Општествена активност**

Член е на Здружението на физиолози на Македонија, како и член на Европската федерација на здруженија на физиолози (ФЕПС).

**Трудови за рецензија**

Трудовите за досегашните избори се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 683/1997, 829/2003, 937/2008.

За овој реизбор во звањето асистент, за рецензија се поднесени следниве трудови:

16. Манчевска С, Божиновска Л, Плунцевиќ Ј, Сивевска Е. Реакционо време, внимание и импулсивност кај пациентите со епилепсија. Епилепсија 2003; 13: 28.

Во овој труд авторите ги анализираат реакционото време, вниманието и импулсивноста со помош на EXG - парадигмата кај пациенти со дијагноза на епилепсија, за прв пат поставени на антиепилептична терапија со карбамазепин. При тоа се користени електрофизиолошки тестирања, како што се EXG - парадигма преку снимање на CNV - потенцијалот кај 15 пациенти со дијагностицирана епилепсија и 15 здрави испитаници, како контролна група. Добиените резултати јасно се претставени преку 3 графички прикази, користејќи релевантна статистичка обработка на податоците, со нивно објективно толкување во дискусијата. Овој труд има значаен придонес во анализата на неврофизиолошките адаптивни процеси на мозокот кај пациентите со епилепсија.

17. Pluncevic Gligoroska J, Bozinovska L, Sivevska E, Mancevska S. Analiza P-R testa kod mlade populacije razvojne dobi od 7 do 15 godina. Zbornik radova 3-tog Simpoziuma neurologije i psihijatrije razvojnog doba, Beograd 2004: 399.

Со користење на електрофизиолошката метода EXG - парадигма следени се општите и специфичните EXG - параметри кои имаат значење во проценка на когнитивните процеси кај деца во развојниот период. Притоа авторите го поделиле материјалот на две групи со средни вредности од: 9,13 години и 14,2 години, при што укажуваат на значителни разлики во електрофизиолошките особености.

18. Манчевска С, Плунцевиќ Ј, Божиновска Л, Кутурец М, Сивевска - Смилевска Е. Испитување на влијанието на антиепилептичната терапија врз когнитивните функции кај деца со епилепсија. Епилепсија 2005; 15/16: 21-8.

Во трудот се испитувала когнитивната изведба кај 20 деца со парцијална епилепсија, кои биле претходно третирани со фенобарбитон, а потоа третирани со карбамазепин. Притоа користени биле екелтроекспектограмот EXG и психолошкиот тест за препознавање облици при 2 тестирања: на почетокот на терапијата и по 3 - месечен период од терапијата. Добиените резултати, јасно прикажани на два графички прикази, произлегуваат од соодветно користената статистичка обработка. Трудот има значаен придонес при проценка на соодветната терапија кај деца со парцијална епилепсија.

19. Плунцевиќ Ј, Манчевска С, Божиновска Л, Сивевска Е. Користење на EXG - парадигма во проучување на когнитивните процеси кај деца со дијагностицирана епилепсија. Епилепсија 2005; 15/16: 5-10.

Овој труд претставува процена на индивидуалната подготвеност за насочено внимание, очекување и моторна реакција на испитаниците. Испитувањето било изведено кај две групи од детската популацијаЧ 30 здрави испитаници и 18 испитаници со дијагностицирана епилепсија. Притоа, користени биле следниве параметри: број на натпраговни и потпраговни циклуси и нивното траење, максималната амплитуда на CNV - потенцијалот , минималното реакционо време и број на грешки во моторниот одговор. Резултатите се соодветно прикажани на две табели и два графички прикази. Соодветните резултати се темелно објаснети и толкувани во споредба со останатите слични трудови според уредно цитираната литература. Притоа авторите укажуваат на високата сензибилност на користената метода за анализа на сознајните процеси.

20. Плунцевиќ Глигороска Ј, Манчевска С, Божиновска Л, Сивевска Е. Проценка на когнитивен капацитет кај деца на возраст од 7 до 14 години. Acta morphologica 2005; 2 (1): 32-9.
Авторите во својот труд направиле проценка на интелигенцијата кај две групи деца зависно од возраста, користејки го Кохсовиот тест на употреба на коцки. Притоа, тие укажуваат на разлики помеѓу групите, според

бројот на направени обиди во решавање на тестот, како и бројот на грешки при неговото изведување. Со овој труд тие укажуваат на корисноста на овој метод за психолошки тестови во проценката на интелигенцијата.

21. Сивевска - Смилевска Е, Божиновска Л, Антевска В, Ефремовска Љ, Манчевска С, Плунцевиќ - Глигороска Ј, Никодијевиќ О. Киндлинг модел - анимален модел за експериментално предизвикана епилепсија. Physioacta 2007; 1(1):27-33.

Во овој оригинален експериментален труд, истражувачите пристапиле кон развивање методологија за добивање киндлинг - модел за експериментално предизвикана епилепсија, со примена на хемиски супстанции - лекови, што предизвикуваат когнитивни и емоционални дефицити, кои се слични со оние кај пациенти со дијагностицирана епилепсија.
По одредувањето на кривата на дозен одговор за кофеин кај екперименталните животни (изглед на ѕвоно), истражувачите, применувајќи неколкудневен хроничен третман со супконвулзивни дози на кофеин, успеале да добијат анимален модел за експериментална епилепсија - киндлинг - модел. Кај 167 Wistar стаорци, стари од 18 до 20 дена, хронично во тек на 5 дена е администриран кофеин во доза од 10 мг/кг ТТ,а по дводневна пауза осмиот ден од екпериментот, животните добивале супконвулзивна доза кофеин (100мг/кг ТТ), која предизвикувала видливи манифестации на епилептични напади. Добиениот киндлинг - модел може да послужи за испитување на влијанието на епилепсијата врз когнитивните и бихејвиористичките процеи, како и за евалуација на ефикасноста на третманот со антиепилептична терапија.

22. Практикум по физиологија
Уредник: Божиновска Л.
Соработници: В. Малеска- Ивановска, В. Антевска, Б. Дејанова, С. Петровска, Л. Тодоровска и сор. Практикум по физиологија, Гоцмар Битола - Скопје, 2003.

Рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 840/2003 година.

23. Практикум по физиологија на клетка
Уредник: Малеска Ивановска В.
Соработници: В. Антевска, Л. Божиновска, Б. Дејанова, С. Петровска, Л. Тодоровска, Љ. Ефремовска, С. Николиќ, З. Ханџиски, С. Манчевска, Ј.Плунцевиќ Глигороска, Е. Сивевска Смилевска, Е. Ханџиска, Е. Дадиќ Николоска. Скопје 2009.

Рецензиран во Билтен бр. 957/2009.

24. Практикум по физиологија на спортот
Уредник: Антевска В.

Соработници: В. Малеска Ивановска, Л. Божиновска, Б. Дејанова, С. Петровска, Л. Тодоровска, Љ. Ефремовска, С. Николиќ, З. Ханџиски, С. Манчевска, Ј. Плунцевиќ Глигороска, Е. Сивевска Смилевска, Е. Ханџиска. Скопје 2009.

Рецензиран во Билтен бр. 962/2009.

**ЗАКЛУЧОК**

Од доставениот материјал, кој е разгледан детално, анализирајки ја севкупната досегашна активност на кандидатката ас. д-р Елизабета Сивевска - Смилевска, рецензентската комисија констатира дека таа во целост ги исполнува условите пропишани со Законот за високо образование за да биде преизбрана во звањето асистент. Таа има постојан развој во наставната, научната и стручната дејност и затоа Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја преизбере д-р. Елизабета Сивевска - Смилевска во звањето асистент на Катедрата за физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Васка Антевска с.р.
2. Проф. д-р весела Малеска - Ивановска с.р.
3. Проф. д-р. Стојмир Петров с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА ГЕОТЕХНИКА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 370. седница одржана на 1.2.2011 година, во врска со распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник" и „Лајме" од 12.1.2011 година за избор-реизбор на еден асистент од областа на геотехниката, донесе одлука врз основа на која со решение бр.02-2/7 од 2.2.2011 година е определена Комисија во состав: проф. д-р Васил Витанов, проф. д-р Спасен Ѓорѓевски и проф. д-р Љупчо Димитриевски, која по проучувањето на конкурсниот материјал го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор-реизбор на асистент од областа на геотехниката се пријави м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., асистент од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., сегашен асистент по групата предмети од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Скопје, е роден во Скопје на 6.IX 1977 година. Основното образование го стекнал во Скопје, а матурирал во 1995 година, во ГУЦ „Здравко Цветковски" во Скопје, при што покажал континуиран одличен успех во сите четири години, а е добитник и на наградата за најдобар ученик на генерацијата.

Во 1995 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока и дипломирал на 17.V 2001 година, со просечна оценка од испитите 9,325, а просечна оценка од предметите во областа за која конкурира е 9,667.

Дипломската работа под наслов „Проектирање на потпорен ѕид за санација на свлечиште на дел од пругата Градско – Шивец" ја одбранил со оценка 10.

За време на студиите, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., преку Меѓународната студентска организација за размена на студенти од техничките науки (ИАЕСТЕ) престојувал три пати во странство.

Во јули и август 1998 година бил во Атина, Грција, каде што во Електростопанството на Грција учествувал во проектирање на потпорни ѕидови на пристапни канали. Во август и септември 2000 година бил на Рударскиот факултет во Овиедо, Шпанија, каде што работел на примена на згура како материјал во градежништвото.

Особено значаен е неговиот тримесечен престој (јуни-август 2001 година) во Валенсија (исто така во Шпанија) во фирмата „Група за инженерство и архитектура", каде што работел на анализа на резултати од лабораториски и теренски геомеханички испитувања.

Кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., бил добитник на наградата најдобар студент во завршна година на студии и наградата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за најдобар дипломиран студент на Градежниот факултет во Скопје за академската 2000/2001 година.

По дипломирањето, од мај 2001 година до мај 2002 година, работел како надворешен соработник на Катедрата за геотехника на Градежниот факултет во Скопје,

при што учествувал во држењето на вежбите по предметите механика на почви и фундирање. На 13.5.2002 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, а врз основа на рефератот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 803 од 26.4.2002 година, избран е за помлад асистент по групата предмети од областа на геотехниката. Во 2006 година е реизбран во истото звање, а врз основа на рефератот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 945 од 1.7.2008 година избран е во звањето асистент Оттогаш наваму, како и дотогаш, преку Катедрата за геотехника, работи на сите три дејности на Факултетот: наставната, научната и апликативната.

Во 2001/2002 година се запишал на постдипломски студии од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Белград, каде што на 10.7.2007 година ја одбранил својата магистерската работа со наслов: „Геотехнички аспекти на депонии", под менторство на проф. д-р Милан Максимовиќ. Дипломата за стекнатиот академски степен во странство, со одлука на Министерството за образование и наука на Р. Македонија бр. 09-10067/2 од 27.12.2007 година, е призната како документ за *завршени магистерски студии и стекнат академски назив магистер на технички науки, област градежништво.*

Во 2010 година на Градежно-архитектонскиот факултет на Универзитетот во Ниш-Република Србија, пријавил докторска дисертација со наслов „Развој и унапредување на методите за пресметка на геотехнички конструкции и примена на Еврокодот 7“.

Како и пред завршување на студиите, така и по дипломирањето, кандидатот м-р Јован Папиќ остварува престои во странство, најчесто како учесник на симпозиуми, конгреси и конференции. Така, тој бил учесник на 13. Европска конференција за механика на почви и геотехничко инженерство, 2003, Прага, ИНДИС, 2003 година, Нови Сад, „Геотехнички аспекти на градежништвото", 2005, Копаоник, 2007, Соко Бања, и 2009, Златибор, па 14. Европска конференција за механика на почви и геотехничко инженерство, 2007, Мадрид, 11. Симпозиум за управување со отпад и депонии, 2007, Сардинија, каде што завршил и курс за проектирање на депонии, потоа на Третиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија, Струга, 2010 и др.

Кандидатот зборува и пишува англиски и шпански, а се служи и со германскиот јазик.

НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Од дипломирањето во 2001 година, па до неговиот избор во звањето помлад асистент во 2002 година, односно неговото вработување на Градежниот факултет во октомври 2003 година, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., работи како надворешен соработник, односно помлад асистент на Катедрата за геотехника на Градежниот факултет во Скопје, каде што држи вежби со студентите по предметите механика на почви и фундирање. Од денот на неговото официјално вработување на Факултетот, кандидатот уште поактивно и посамостојно се вклучил во изведувањето на наставата, т.е. вежбите по предметите од областа на геотехниката на сите студиски програми на Градежниот факултет на кои се изучуваат предметни програми од областа на геотехниката. Во последните шест години со започнувањето на студиската програма по геотехника, тоа се предметните програми: механика на почвите, фундирање, геотехнички истражувања, земјани работи и конструкции, геосинтетици, геотехнички аспекти на депонии на цврст отпад, механика на карпите, а по потреба и на други задолжителни или изборни геотехнички предметни програми од студиските програми на Градежниот факултет во Скопје. Неговата работа со студентите за време на вежбите и надвор од нив, како и односот кон студентите, се секогаш коректни и поставени на едно ниво на заемна почит и меѓусебна исполнителност на задачите, како во лабораториските така и на аудиторните и нумеричките вежби, колоквиуми и испити, за што поефикасно и

поквалитетно нивно подготвување. Исто така за истакнување е тоа што м-р Јован Папиќ иницира соработка со студентите на полето на истражувачката дејност. Во таа смисла, тој како ментор или ко- ментор со студентите учествувал на неколку студентски конференции, како на пример, во Скопје, 2003, Тузла, 2007, Вараждин, 2007 и др. Бил повикан предавач на летните студентски курсеви BEST 2003 и 2008 година, како и на IACES 2008 година. Студентскиот труд под негово менторство, во 2008 година, ја освоил 3. Награда на Меѓународниот натпревар за студенти од техничките науки ICAMES во Истанбул.

Предметните наставници во секое време, како во делот на вежбите, така и во делот на консултациите на студентите при подготовката на колоквиумите и испитите, можеле да се потпрат врз него.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЛНОСТ

Покрај во наставата, кандидатот ас. м-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., во периодот од неговото дипломирање во 2001 година, односно неговото вработување во 2003 г., па до денес, преку Катедрата за геотехника на Градежниот факултет во Скопје, учествува и во научноистражувачката и во стручната дејност на Факултетот.

а) Научни трудови

а-1) Научни трудови објавени од дипломирањето до преизборот во звањето помлад асистент

Во периодот од неговото дипломирање и ангажирање како надворешен соработник на Катедрата за геотехника, во мај 2001 година, па по изборот во звањето помлад асистент и неговото вработување на Градежниот факултет во Скопје, во мај 2002 година, како и до преизборот во истото звање во ноември 2006 година, кандидатот самостојно или како коавтор има објавено 15 научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, кои се содржани во рефератот за неговиот преизбор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 906 од 1.11.2006 година.

а-2) Научни трудови објавени од преизборот во звањето помлад асистент до изборот во звањето асистент

Во периодот од преизборот во звањето помлад асистент во ноември 2006 година до изборот во звањето асистент, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., самостојно или како коавтор има објавено осум научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, кои се содржани во рефератот за неговиот избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 945 од 1.7.2008 година.

а-3) Научни трудови објавени од изборот во звањето асистент до денес

Во периодот од изборот во звањето асистент во јули 2008 година до денес, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., самостојно или како коавтор има објавено повеќе научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, и тоа:

1. Јован Бр. Папиќ
   Геотехнички аспекти на депониите, предавање на стручниот семинар „Принципи на проектирање на депонии за неопасен отпад", Скопје, 2008
2. Страшески А., Ширтовска М., Папиќ Ј.
   Анализи на стабилност на цврсти карпи и санација на одрон, 2. Георекс, Охрид, 2008

3. J. Papic, Z. Jovanov, S. Markovska, R. Ristov
Solution for improving slope stability on weak base soil, ICAMES, Istanbul, 2008 (3. награда)
4. Кр. Маневска, Б. Сусинов, Е. Ефтоска, Ј. Папиќ
Компаративна анализа на потпорни конструкции за делница од Коридор 8, 3. ГЕОРЕКС, Будва, 2009
5. Ј. Бр. Папиќ, В. Витанов
Оскултација на хидројаловиштето „Тополница" на рудникот „Бучим" – Радовиш за надвишување на песочната брана до котата 654 мнв, Втор конгрес за брани, Струга, 2009
6. М. Јовановски, Сп. Ѓорѓевски, Ј. Бр. Папиќ, Ј. Јосифовски, И. Пешевски
Лабораториски геотехнички испитувања на јакост на смолкнување на нафрлан камен за насипна брана Ровни, Република Србија, Втор конгрес за брани, Струга, 2009
7. Jovan Br. Papic
Appendix to correlation between $E_{oed}$ and $q_c$ for silts, XVIIth International Conference on Soil Mechanics and Geotechnical Engineering, Alexandria, 2009
8. M. Jovanovski, J. Br. Papić, R. Dambov, I. Peševski
Stability aspects of excavations in landslide zone for a coal mine Suvodol, 3rd BALKANMINE, Izmir, 2009
9. M. Jovanovski, R. Dambov, J. Papić, I. Peševski
Environmental and stability aspects of excavations in landslide zone at a coal mine Suvodol, Varna, 2009
10. Ј. Бр. Папић, Сп. Ђорђевски, М. Јовановски, Д. Спировски, З. Јованов
Заштита грађевинске јаме на локацији Скопског сајма, Треће научно-стручно саветовање „Геотехнички аспекти грађевинарства", Златибор, 2009
11. М. Јовановски, Ј. Папић, Зл. Зафировски, И. Пешевски
Методе за санацију чврстих стенских маса на приступном путу за брану "Св. Петка", Р. Македонија, 11. национална и 5. међународна научна конференција, ИндИС 2009, Нови Сад, 2009
12. J. Br. Papić, M. Jovanovski, V. Vitanov, I. Peševski
Analiza anvelope loma kamenog nabačaja za potporno telo nasute brane Rovni, TEIK, Niš, 2010
13. В. Жилеска-Панчовска, М. Јовановски, Ј. Папић
Одржив развој животне средине уз помоћ пројекта за организацију и технологију извођење објеката, Грађевинарство – наука и пракса, Жабљак, 2010
14. V. Vitanov, N. Gapkovski, J. Papić, Z. Jovanov
Geotechnical works for controlling improved soil under pier, 14th Danube-European Conference on Geotechnical Engineering, Bratislava, 2010
15. Ј. Бр. Папиќ, В. Витанов, З. Јованов
Јакосни параметри на потпорно тело на брана Кнежево, Трет симпозиум на ДГМ, Струга, 2010
16. Д. Тасевски, Н. Гапковски, Ј. Милановска, Ј. Бр. Папиќ, З. Јованов
Подобрување на почва под столб S2 на мост преку р.Вардар на Коридор 10, делница Удово-Гевгелија, Трет симпозиум на ДГМ, Струга, 2010
17. М. Јовановски, Ј. Бр. Папиќ, И. Пешевски
Принципи за проектирање на геотехнички истражувања и испитувања за објекти во градежништвото, предавање на стручниот семинар „Принципи и методи на геотехнички истражувања – регулатива и пракса", Струга, 2010

б) Стручни трудови

И на полето на апликативната дејност, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., е доста успешен. Имено, тој со другите членови на Катедрата за геотехника работи на полето на лабораториските и теренските истражувања и испитувања на почвите и карпите. Учествува во изработката на голем број студии, елаборати и проекти.

б-1) Стручни трудови објавени од дипломирањето до преизборот во звањето помлад асистент

Во периодот од неговото дипломирање и ангажирање како надворешен соработник на Катедрата за геотехника, во мај 2001 година, па по изборот во звањето помлад асистент и неговото вработување на Градежниот факултет во Скопје, во мај 2002 година, како и до преизборот во истото звање во ноември 2006 година, кандидатот бил соработник во 39 стручни трудови, кои се содржани во рефератот за неговиот преизбор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 906 од 1.11.2006 година.

б-2) Стручни трудови објавени од преизборот во звањето помлад асистент до изборот во звањето асистент

Во периодот од преизборот во звањето помлад асистент во ноември 2006 година до изборот во звањето асистент, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., како коавтор има работено на 13 стручни трудови, кои се содржани во рефератот за неговиот избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 945 од 1.7.2008 година.

б-3) Стручни трудови објавени од изборот во звањето асистент до денес

Во периодот од изборот во звањето асистент во јули 2008 година до денес, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., како коавтор, со останатите членови на Катедрата за геотехника, има работено на повеќе стручни трудови, и тоа:

1. Техничка документација за брана „Речани" на Оризарска река со придружните објекти, дел 4 – Студија за оценка на влијанието на ХС Оризарска река врз животната средина, декември 2010
2. Извештај за извршени испитувања на јакост на смолкнување на материјали од јагленово наоѓалиште Мариово, ноември 2010
3. Извештај за извршени испитувања на трајност на материјали од јагленово наоѓалиште Мариово, ноември 2010
4. Проектна програма за доистражување, геотехнички истражувања и испитувања на локација на брана Луково поле, довод на Корапски води и МХЕ Црн Камен, декември 2010 (Terms of reference for additional geotechnical investigations and testing on the area for dam Lukovo pole, channel Korabski vodi and MHE Crn Kamen, december 2010)
5. Анекс на Изведбен проект за брана број 3-2 на хидројаловиште на рудник Саса – М.Каменица, ноември 2010
6. Изведбен проект за надвишување на хидројаловиште број 3, фаза 2, на рудник Саса ДООЕл – М.Каменица, од кота 960 мнв до максимално можно ниво, за годишно производство од 900 000 тони руда, Книга 3 – Водоспроводници, ноември 2010
7. Изведбен проект за надвишување на хидројаловиште број 3, фаза 2, на рудник Саса ДООЕл – М.Каменица, од кота 960 мнв до максимално можно ниво, за годишно производство од 900 000 тони руда, Книга 2 – Јаловиште, ноември 2010
8. Извештај за извршени лабораториски геотехнички испитувања на јакост на смолкнување по пукнатини од зона на ископ за темелна јама на брана „Св.Петка", ноември 2010

9. Проект за геолошки и геотехнички доистражувања и испитувања за наоѓалиштето за јаглен „Живојно“ – РЕК Битола, февруари-септември 2010
10. Анекс на изведбен проект за преливен орган на хидројаловиште Бучим, ноември 2010
11. Изведбен проект за заштита на косина на пристапен пат до брана Св.Петка, август 2010
12. Изведбен проект за дополнителни инјекциони работи на брана ХЕЦ Козјак, мај 2010
13. Општи и посебни услови за изведба на дополнителни инјекциони работи на брана ХЕЦ Козјак, мај 2010
14. Елаборат од геотехнички истражни работи за објект на ул.Борис Кидрич – Гостивар, април 2010
15. Основен проект за надвишување на хидројаловиштето бр.3, фаза II, на рудник Саса ДООЕЛ– М.Каменица, од кота 960 mnv до максимално можно ниво, за годишно производство од 900,000 t руда, Дел 1 – Подлоги за основен проект, Книга 1.1. Елаборат од геотехнички истражувања и испитувања, април 2010
16. Основен проект за надвишување на хидројаловиштето бр.3, фаза II, на рудник Саса ДООЕЛ– М.Каменица, од кота 960 mnv до максимално можно ниво, за годишно производство од 900,000 t руда, Дел 2 – Основен проект, Книга 2.3. Водоспроводници за површински и дренирани води
17. Изведбен проект за заштита на косини од пристапниот пат до брана Света Петка, февруари 2010
18. Technical solution for repair works with concrete piles on embankment at km 2+600 on highway E-75 (Corridor 10), section Veles-Katlanovo
19. Technical solution for repair works with concrete piles on embankment at km 4+500 on highway E-75 (Corridor 10), section Veles-Katlanovo
20. Technical solution for repair works with jet grouting on embankment at km 2+600 on highway E-75 (Corridor 10), section Veles-Katlanovo
21. Technical solution for repair works with jet grouting on embankment at km 4+500 on highway E-75 (Corridor 10), section Veles-Katlanovo
22. Report from geotechnical works on embankment at km 2+600 on highway E-75 (Corridor 10), section Veles-Katlanovo
23. Report from geotechnical works on embankment at km 4+500 on highway E-75 (Corridor 10), section Veles-Katlanovo
24. Извештај од геотехнички лабораториски испитувања на вградени материјали во потпорните тела и филтерските слоеви на брана Кнежево, јануари 2010
25. Изведбен проект за дополнителни инјекциони работи на брана ХЕЦ „Козјак“, октомври 2009
26. Извештај за состојбата на свлечиштето во зона на Вруточки сифон по извршена прва фаза на санација врз основа на теренски мерења на поместувањата, август 2009
27. Завршен извештај од извршената оскултација на свлечиштето Рамина, Велес, во тек на 2009 година, јули 2009
28. Наоѓалиште за јаглен – ЕЛЕМ
29. Предлог-мерки за санација на состојба со свлечиштето во Крива Паланка, населба Илинден, помеѓу ул.Др.Наско Тамбурков и 4-ти Јули, април 2009
30. Извештај за извршени лабораториски геотехнички испитувања на карпести пробни тела од ископ на градежна јама на брана „Св.Петка“ (лев брег од кота 325 и десен брег од кота 335), јануари 2009
31. Design project for protection of excavation pit of residental building in Tirana, december 2008
32. Проект за техничко набљудување на хидројаловиштето Тополница на рудникот Бучим – Радовиш за надвишување до кота 654 мнв, декември 2008
33. Извештај за извршени лабораториски испитувања на пробни тела од ископ за темелна јама на брана Св.Петка (лев и десен брег од кота 352,5 до кота 345), ноември 2008

34. Извештај о извршеним лабораторијским испитивањима смичуће чврстоће каменог набачаја насуте бране Ровни и монолита из каменолома Стубо, септември 2008
35. Извештај од лабораториски испитувања на глина вградена во загати на брана „Св.Петка", 2008
36. Извештај од лабораториски испитувања за материјали од зона на регулација за брана „Св.Петка", 2008
37. Изведбен проект за заштита на градежна јама за деловен центар на локација на Скопски саем, март 2008
38. Основен проект за заштита на градежна јама за деловен центар на локација на Скопски саем, март 2008

## ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., членува во повеќе стручни здруженија, како што се: Друштвото за геотехника на Македонија, Македонскиот комитет за големи брани, Меѓународното друштво за механика на почви и геотехничко инженерство. Бил организационен секретар на Организациониот одбор за Вториот и Третиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија во 2006, односно во 2010 година.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид сето она што е погоре кажано, а и врз основа на личното познавање на кандидатот, може да се заклучи дека пријавениот кандидат м-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., ги исполнува и формалните и суштинските критериуми за звањето за кое конкурира. Имено, врз основа на постигнатиот успех во текот на школувањето, објавените научни трудови, и по број и по интензитет, изработените стручни трудови по интензитет и по геотехничка насоченост, престојувањата во странство, учеството на симпозиуми, конгреси и семинари во земјата и во странство, општествената активност, а особено педагошкото искуство, работата со студенти и тоа како во исполнување на обврските од редовната настава така и од работата со студентите во подготовката на студентски трудови кои се презентираат на разни меѓународни струдентски средби, Комисијата заклучува дека кандидатот во периодот од своето вработување како помлад асистент во 2001 година до денес, покажал завиден и подеднаков успех во сите три дејности на Факултетот - наставната, научноистражувачката и применувачката.

Според тоа, имајќи го предвид ваквиот развој на кандидатот, Комисијата со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот м-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., да биде преизбран во звањето асистент од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Васил Витанов, с.р.
2. Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, с.р.
3. Проф. д-р Љупчо Димитриевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## АНАЛИЗА НА ФАКТОРИТЕ КОИ ОВОЗМОЖУВААТ УСПЕШНА ЗАМЕНА НА МЕНАЏЕРСКИОТ КАДАР ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МИРОСЛАВ КОТЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката бр. 02-1117/4 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје донесена на 26.5.2011, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов: „Анализа на факторите кои овозможуваат успешна замена на менаџерскиот кадар во претпријатијата", во состав:

- вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, (ментор) Машински факултет-Скопје
- проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет - Скопје
- проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет - Скопје
- вонр. проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет - Скопје
- проф. д-р Мирјана Поповска Борота, ИСППИ – Скопје.

По прегледувањето на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Мирослав Котевски претставува самостоен научен труд од областа на менаџментот со посебен акцент на факторите кои придонесуваат за успешна транзиција на деловните процеси на претпријатијата при замена на менаџерскиот кадар, при што е предложен модел за идентификување и креирање на таленти низ работните процеси на претпријатијата и создавање на идни лидери,применлив во македонските претпријатија.

Докторската дисертација е изложена на 259 страници вклучувајќи ги и прилозите, со 36 илустрации и графикони и 53 табеларни прикази. Пописот на литературата содржи 118 релевантни библиографски единици.

Содржината на докторската дисертација е компонирана во 4 поглавја со соодветни потпоглавја, заклучоци, насоки за понатамошни истражувања, библиографија и прилози, и тоа:

1. Вовед
   - 1.1. Трендови кои влијаат на планирањето и управувањето со наследниците
   - 1.2. Дефиниција за планирањето и управувањето со наследниците
   - 1.3. Разлики во терминологиите во однос на планирањето и управувањетосо наследниците
   - 1.4. Зошто планирање и управување со наследниците во претпријатието
   - 1.5. Пристапи кон планирањето и управувањето со замени
   - 1.6. Континуитетот на лидерството
   - 1.7. Бариери и проблеми при планирањето на замените во претпријатието
   - 1.8. Важноста на планирањето на наследниците
2. Методологија
3. Преглед на литературата

4. Анализа на планирањето и управувањетосо замените на клучните позиции во македонските претпријатија
    4.1. Квалитативна анализа
    4.2. Квантитативна анализа
        4.2.1. Управување со таленти во македонските претпријатија
        4.2.2. Планирање и управување со наследниците во македонските претпријатија
    4.3. Предлог - модел за успешно планирање и управување со наследниците во претпријатијата
5. Заклучок
6. Предлог за понатамошни истражувања
7. Литература
8. Анекси

**Воведниот дел** од докторската дисертација е составен од осум потпоглавја кои ја дефинираат проблематиката на планирањето и управувањето со замените на менаџерските позиции во претпријатието, посочуваат на важноста на овој процес во зачувување на континуитетот на деловните процеси и успехот во работењето, го даваат влијанието врз деловните процеси и трендовите на денешното деловно опкружување кои влијаат на процесот на планирање и управување со наследниците, воедно ги истакнуваат бариерите и проблемите кои се присутни во претпријатијата при планирањето на наследниците.

Во првото потпоглавје се дадени трендовите во денешниот деловен свет каде што профилот на потребната работна сила сè повеќе зависи од технолошките новитети, процесот на глобализацијата, континуираната контрола на трошоци, зголемената брзина на промените на пазарот, нивото на акумулиран капитал на знаење во претпријатијата, како и зголемената фреквенција и амплитуда на севкупните општествени промени.

Второто потпоглавје ја дефинира севкупната проблематика на планирањето и управувањето со замените на менаџерскиот кадар при што посочува на фактот дека планирањето и управувањето со наследниците е процес кој помага во обезбедување на долгорочна стабилност во претпријатието како и континуирани деловни резултати на целото претпријатие, една организациска единица, секторот и/или работен тим со создавање на услови за развој, замена и позиционирање на клучните луѓе на клучни позиции.

Во третото потпоглавје е дадена елаборација на терминолошките разлики во однос на планирањето и управувањето со наследниците и планирањето на замените, планирањето на работната сила, управувањето со таленти како и управувањето со човечкиот капитал.

Авторот во наредните три потпоглавја посочува на важноста на процесот на планирање и управување со наследниците за зачувување на континуитетот на лидерството во претпријатијата, градење на стабилна иднина и корпоративна култура која го промовира перманентниот напредок на претпријатието преку идентификување на таленти, нивна обука и подготовка за преземање на клучните позиции. Постоењето на процесот за планирање и управување на кадарот во претпријатијата не е процес сам по себе, односно не егзистира изолирано од останатите процеси во фирмата, при што постојат повеќе причини за неговото целосно инкорпорирање во деловните текови на претпријатието. Планирањето и управувањето со човечките ресурси во претпријатието треба да се совпаѓа и да ги поддржува стратешките планови на организацијата, кадровските планови, плановите за развој на човечките ресурсикако и останатите

плански активности. Наведени се и пристапите кон планирањето и управувањето на замените, систематичноста, времето на извршување на процесот, обемот на процесот, степенот на отвореност како и важната улога на поединецот во усогласување на неговите желби и потребите на организацијата.

Воведниот дел, авторот го завршува со дискусијата околу бариерите и проблемите врзани за процесот на планирање и управување со наследниците при што е наведена зависноста на процесот од организациската култура, стратегијата како и од политичко-економските состојби во кои егзистира претпријатието.

**Второто поглавје** е посветено на методологијата применета во изработката на докторската дисертација. Авторот ја развива теоријата со индуктивен принцип, заснован на прибирање на податоци и градење на теоријата врз основа на резултатите од анализата на тие податоци. Индуктивниот пристап, односно прибирање на квалитативни податоци за предметното истражување го комбинира со обезбедување и на квантитативни податоци коипридонесуваат за зголемена доверливост на истражувањето при што се добиваат две предности. Пред сè, авторот различните методи ги користи за различни цели на истражувањето. Со помош на семи-структурираното интервју ја разјаснува проблематиката и ги дефинира клучните прашања во планирањето и управувањето со замените во македонските претпријатија; воедно ова го користи во дефинирањето на прашалникот за квантитативната анализа што ја спроведува во втората фаза на истражувањето. На овој начин ја зголемува доверливоста на истражувањето во насока дека токму најбитните елементи на оваа проблематика се адресирани. Втората предност на ваквата методологија е во триангулацијата на податоците која се постигнува со ваквиот комбиниран пристап.

**Третото поглавје** дава опсежен преглед на литературата која ја адресира проблематиката на планирање и управување со замените во претпријатијата при што таа е збогатена со примери од секојдневната практика на компаниите кои овие методи ги применуваат во градење на своите наследници. Посочени се бројни статии, трудови и студии во врска со процесот на планирање на наследниците,како и бројни истражувања во врска со планирањето и управувањето на замените на клучните менаџерски места, како и улогата на клучните фактори кои овозможуваат успешна транзиција на лидерството. Сите овие трудови ја потенцираат важноста на имплементацијата и примената на овој процес како еден од најбитните деловни процеси во претпријатието. Процесот на планирање на наследниците е дел од политиката на претпријатието во градење на идни лидери кои треба да се соочат со предизвици на претпријатието и неговото динамично окружување.

**Четвртото поглавје** со наслов: „Анализа на планирањето и управувањетосо замените на клучните позиции во македонските претпријатија“ дава сеопфатна анализа на планирањето и управувањето со замените на клучните позиции во македонските претпријатија. Преку квалитативната анализа, дадена во првото потпоглавје, авторот ја презентира постојната состојба во македонските претпријатија осознаена преку интервјуа со менаџери од 15 македонски претпријатија. Главните резултати од спроведената анализа посочуваат дека во претпријатијата е присутна висока свест за постоење на потребата од структуриран и дефиниран процес за планирање и управување со замените на клучните позиции, но ниту во едно претпријатие овој процес не е имплементиран, ниту се негува и соодветно развива. Ова укажува на фактот дека на оваа проблематика не ѝсе посветува доволно внимание и таа може да претставува извор на слабост во раководењето со претпријатието, празнини во лидерството, несоодветен квалитет на кадар, краткорочност во стратегијата и деловните активности што неминовно води кон послаби резултати на деловното работење. Авторот укажува дека повеќето претпријатија немаат системски пристап кон

проблематиката, а со тоа немаат можност за подобро планирање и искористување, пред се, на внатрешниот потенцијал, нивна точна идентификација и развивање на методи кои ќе послужат за нивен понатамошен развој, зачувување и промоција.

Анализата и заклучоците од квалитативната анализа се искористени во подготовката на прашалникот за квантитативната анализа која е презентирана во второто потпоглавје на овој дел од докторската дисертација. Тоа се состои од два дела, од кои првиот ја третира грижата за таленти и нивното управување во македонските претпријатија, додека вториот дел од прашалникот ја обработува проблематиката на планирање и управување со наследниците во македонските претпријатија, како и факторите кои влијаат на успешната замена на менаџерите при напуштањето (испразнување) на клучните позиции во организациската хиерархија на претпријатието. Во истражувањето учествувале повеќе од 100 професионалци, менаџери од различните индустрии во Р. Македонија. За да се разбере во детали проблематиката, како и спецификите на одредени сегменти на македонскиот пазар,авторот прави анализата и на одредени групи на претпријатијата поделени според сопственичката структура, профилот на претпријатието, староста како и согласно со техничко-технолошката опременост на претпријатијата. Истражувањето направено во оваа докторска дисертација е едно од првите вакви истражувања во Р. Македонија, при што се донесени значајни заклучоци кои ја прикажуваат состојбата во македонските претпријатија, но и дава можности за понатамошна елаборација и анализа на темата. Од исклучителна важност е заклучокот со кој се потврдува значајната поврзаност на перформансите на претпријатието и неговата маркетиншка вредност со лидерските вештини на врвниот менаџмент, нивното техничко знаење како и моралните и етички вредности. Воедно, анализата посочува и на негативната, значајна поврзаност, согласносо Pearson-овата корелација, со параметрите „кандидатот поседува политички релации" и „кандидатот има роднински врски во врвниот менаџмент".

Авторот воден од заклучоците спроведени со квалитативната и квантитативната анализата, во третото потпоглавје од четвртото поглавје, дава иновативен модел за успешно планирање и управување со наследниците во претпријатието. Како што и самиот автор нагласува, моделот треба да биде прифатлив за сите субјекти во претпријатието, да донесе дополнителна вредност, воедно да не ги оптовари постојните деловни процеси туку да биде нивна поддршка.Тој треба да биде динамичен и систематичен, но без временска категорија, да се реализира согласно со потребите на претпријатието, брзо и ефикасно.Моделот треба да биде одговор на сите пазарни, надворешни побарувања и/или внатрешни потреби (реализација на целите на претпријатието) за поголема ефикасност во изведувањето на деловните процеси.Тој треба да биде интегриран во сите деловни процеси на претпријатието, вклучувајќи ја и деловната стратегија. Воедно, моделот треба да го зголемува интелектуалниот капитал, да ја поттикне креативноста и иновативноста и ефикасно да управува со капиталот на знаење во претпријатието.Моделот е во функција на оптимизација на потребните човечки ресурси во претпријатието и ја одразува и надградувакорпоративната култура на претпријатието.

Во **петтото поглавје** (Заклучок) авторот ги сумира своите теоретски и практични истражувања, при што во последното - **шесто поглавје** (Предлог за понатамошни истражувања) презентирани се можните правци за развој на предложениот модел за замена на човечките ресурси (клучни менаџерски позиции) во претпријатието. Притоа, предложениот модел е во функција на сопствен развој, учење и подобрување. Неговата интегрираност во деловните процеси дава можност да се развива и надградува согласно со потребите на претпријатието и брзо и ефикасно да одговара на потребите

од промена. Моделот претставува широка платформа за понатамошни истражувања, отвора можност за негово модифицирање и унапредување согласно со промените и потребите на околината во која егзистираат претпријатијата.

Врз основа на деталниот преглед и анализа на приложениот труд, Комисијата го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Кандидатот м-р Мирослав Котевски подготвил квалитетен и оригинален научно-истражувачки труд од областа на менаџментот, планирањето и управувањето со талентите. Докторската дисертација **Анализа на факторите кои овозможуваат успешна замена на менаџерскиот кадар во претпријатијата** претставува значаен придонес поради презентацијата на иновативен модел за планирање и управување со замените на менаџерскиот кадар во претпријатијата при што моделот е инкорпориран во деловните процеси на претпријатијата, ја одразува нивната корпоративна култура, флексибилен е на внатрешните и надворешните промени, воедно применлив е како за приватните така и за државните претпријатија, владините институции и непрофитните организации.

Пристапот кон решавањето на истражувачката проблематика користејќи комбинирана методологија, преку анализа на битните влијателни фактори, формирање на математички модел за анализа на резултатите со користење на современ апликативен софтвер што му овозможиле на авторот да направи синтеза и да донесе оригинални заклучоци врз кои го темели иновативниот модел за планирање и управување на замените во претпријатијата, го карактеризираат м-р Мирослав Котевски, дипл. ел. инж., како упорен истражувач, со огромна работна енергија, способност да решава сложени проблеми од полето на менаџментот, а особено во управувањето и градењето на млади таленти. Од овие причини, Комисијата со задоволство заклучува дека неговата докторска дисертација претставува успешен, оригинален научноистражувачки труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна усна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија

1. Вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ с.р.
2. Проф. д-р Ванчо Донев с.р.
3. Проф. д-р Роберт Миновски с.р.
4. Вонр. проф. д-р Атанас Кочов с.р.
5. Проф. д-р Мирјана Поповска Борота с.р.

## ПРЕГЛЕД

**На прифатени наслови на теми од Наставно-научниот совет за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

| р.б. | наслов | кандидати |
|---|---|---|
| 1 | Фактори на ризик и преваленција на кариес во Штип и околината. | д-р Сања Н ашкова |
| 2 | Критички осврт на методите на гнатодинамометријата во протетичката пракса. | д-р Мирјана Амбароска |
| 3 | Одредување на оптималниот пулс на работа во EYAG ласер при изведување на апикотомија. | д-р Ванчо Спиров |
| 4 | Значење на ризик факторите и проценката на ризикот од пародонтопатија. | д-р Милан Лам ески |
| 5 | Функционално -естетски аспекти на примена на покровни протези во повремената стоматолошка протетика. | д-р Будима Пејковска |
| 6 | Мастикаторната ефикасност на тоталните протези во корелација со времето на нивното користење. | д-р Теута Доволани |
| 7 | Евалуација на бројот на заби при ортодонтски неправилности. | д-р Јулијана Ангеловска Зафировска |
| 8 | Фиксно протетски надоместувања - јатроген фактор или протективен фактор на пародонтот. | д-р Анастасија Мирчева |
| 9 | Бруксизмот како проблем од пародонтолошки и протетски аспект. | д-р Златко Влашки |
| 10 | Болката како постекстракциона компликација и нејзиниот третман. | д-р Теодор Венинов |

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА РАЦИОНАЛНИТЕ ОЧЕКУВАЊА И МЕЖУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БИСЕРА ЃОШЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 3.05. 2011 година, не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторскта дисертација на кандидатката м-р Бисера Ѓошевска на тема: ***РАЦИОНАЛНИТЕ ОЧЕКУВАЊА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ***.

По опстојното прегледување на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно - научниот совет, го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бисера Ѓошевска под наслов *РАЦИОНАЛНИТЕ ОЧЕКУВАЊА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ*, содржи 253 страници основен текст и 12 страници користена литература. Покрај вовед и заклучни согледувања, материјата во докторската дисертација е структуирана во пет глави:

- **Круцијалното значење на очекувањата за економијата**
- **Детерминанти на финансиските слабости во современите економии**
- **Видови финансиски кризи**
- **Значењето на очекувањата во превенција на финансиските кризи**
- **Рационалните очекувања и превенција на финансиските кризи во Република Македонија**

**Првата глава** на трудот има теоретско - методолошки карактер. Во неа, кандидатката м-р Бисера Ѓошевска најпрвин го потенцира круцијалното значење на очекувањата за економијата и нивниот третман во макроекономската теорија. Во овој контекст се презентира феноменологијатата на адаптибилните vis-à-vis рационалните очекувања и нивното значење за антиципирање на идните економски настани.

Анализата поаѓа од неопходните претпоставки при формулацијата на адаптибилните и рационалните очекувања и продолжува со детален преглед на третманот на очекувањата, почнувајќи од погледите и сфаќањата на основачот на макроекономијата Џон Мејнард Кејнз и на кејнзијанската макроекономија, преку монетаризмот, новата класична економија (во чиј модел рационалните очекувања имаат централно значење), теоријата на реалните бизнис циклуси, па завршувајќи со новата кејнзијанска макроекономија која ги прифаќа и ги инкорпорира рационалните очекувања во својата доктрина (последново се сфаќа како типичен елемент на еклектицизам присутен во новата кејнзијанска економија). Елаборацијата продолжува со поконкретен третман на очекувањата, каде што хронолошки се анализираат недостатоците на обидите за предвидување на иднината до појавата на Џон Мјут, таткото на хипотезата за рациналните очекувања. Како концепт, рационалните очекувања набргу се прифатени од водечките економски умови со што стануваат камен-темелник на новата класична макроекономија и – под името ефикасни пазари – на модерната финансиска теорија. Својата позната критика нобеловецот Роберт Лукас ја пишува како nota bene за логичкиот пропуст на неговите современици да ги антиципираат идните економски настани, без притоа да ги имаат предвид промените во клучните макроекономски политики - монетарната и фискалната. Оваа глава на трудот завршува со моделирање на рационалните очекувања при што е водена сметка за конзистентноста на економетрискиот приод.

Во **втората глава** на трудот, кандидатката м-р Бисера Ѓошевска врши идентификација на десет детерминанти на финансиски слабости кои можат да доведат до појава на меѓународни финансиски кризи. Десетте детерминанти се третирани модерно, врз основа на релевантна и современа литература и со фокус врз основните генератори на нестабилност во рамките на одделните детерминати. Кандидатката посебно ги елаборира следниве детерминанти: претпоставката за егзистенција на репрезентативен поединец, т.е. на homo oeconomicus-от, како рационален агент, максимизатор на профитот и на корисноста и како субјект кој располага со перфектни информации, што во основа се сведува на сериозна некоинциденција на овој постулат со фактите во реалниот економски живот; билансот на плаќања кој често се посочува како значаен генератор на финансиска дестабилизација заради постојаните обиди на земјите да акумулираат јавен долг кој ги нарушува нивните буџетски ограничувања. Очекувањата на економските агенти дека државата на долг рок нема да биде способна да ги сервисира своите обврски може да предизвика криза на краток рок; меѓународните бизнис - циклуси, како иманентна карактеристика на пазарните економии, при што очекувањата, без разлика дали се рационални или фабрикувани, може да добијат доволно продорна моќ за континуирано да ја држат економијата под потенцијалот; нарушувањата на пазарите на добра;

пазарите на капитал кои исто така инкорпорираат бројни генератори на нестабилност, посебно оние врзани за асиметричните информации и проблемите во предвидувањето на идните каматни стапки и очекуваните приноси; несигурноста и ризикот како иманентни категории на пазарната економија кои се вградени во сите пори на економската активност (аверзијата кон ризик, комплексноста на управувањето со ризиците и сл.); изборот на режим на девизен курс (влијанието врз очекувањата на економските агенти, шпекулативните однесувања и сл) ; инструментите на монетарната политика доколку се злоупотребени од краткорочната политичка агенда на извршната власт - проблемот на динамичка конзистентност има капацитет да ги фрли во искушение дури и најконзервативните централни банки, креирајќи финансиска криза како нус ефект и мобилноста на капиталот и финансиската либерализација.

Во **третата глава** на докторската дисертација, кандидатката м-р Бисера Ѓошевска ги претставува, во теоретско-аналитичка рамка, различните видови на финансиски кризи кои се елаборираат во макроекономската теорија и меѓународните финансии, класифицирани според генерации. Фокусот на нејзината анализа е врз улогата на очекувањата во креирањето на финансиските кризи. Моделот на финансиска криза од прва генерација е претставен како производ на неодржливата фискална политика и константниот буџетски дефицит на една држава. Овие финансиски слабости ги наведуваат економските агенти рационално да ја антиципираат иднината и со шпекулативни напади да ги исцрпат националните резерви. Моделот на финансиска криза од втора генерација нуди многу пореално видување на економската реалност, во која фигурираат повеќекратни еквилибриуми, а очекувањата на јавноста можат да се претворат во самоисполнувачки пророштва. Во овој случај постои конфликт помеѓу фиксниот девизен режим и експанзионистичката монетарна политика на владата. При ненадејните промени на очекувањата на економските агенти се раѓаат сомневања дека паритетот ќе потклекне под притисок на шпекулативните напади. Моделот на финансиска криза од трета генерација ја покажува поврзаноста помеѓу банкарските и девизните кризи, познати и како кризи - близначки. Овде кандидатката покажува како се активира спиралата на рационалните очекувања која ги мотивира економските агенти сами да придонесат кон побрзиот колапс на сопствениот банкарски и финансиски систем, но и низ различни механизми на трансмисија, да го прелеат проблемот, во форма на финансиска зараза, во трети земји. Моделот на финансиски кризи од четврта генерација, популаризирани во јавноста под името кредитно-хипотекарни кризи - каква што беше кризата од 2007 год, којашто се означува како вонредно комплексна криза со импликации не само врз

хипотекарниот пазар на економиите, туку и врз структурни прашања кои внесуваат нестабилност во економијата во целина.

Во **четвртата глава,** кандидатката м-р Бисера Ѓошевска прави повторен осврт врз рационалните очекувања во контекст на урамнотежувањето на пазарите низ различните искуства што ги нуди практиката vis-à-vis теоријата. Практично, реално е да се очекува постоењето на номинални ригидности кои го забавуваатпостигнувањето на еквилибриум на пазарите, иако теоретски тие брзо се урамнотежуваат. Главните прашања кои произлегуваат од овој дел се однесуваат на тоа дали е реално да се очекува економските агенти да се однесуваат во манир конзистентен со пропишаната економска теорија, иако постојат многу докази за нивната ирационалност. Интеракцијата помеѓу колективните очекувања и инхерентната нестабилност на пазарите е обележена со појавата на ирационален ентузијазам, кој води до формирање на шпекулативни балони, како пазарни аномалии со релативно помали пропорции од финансиските кризи. При прогресивната дивергенција на цените од економските фундаменти, масата пазарни учесници, ирационално очекува вредноста на капиталните средства да продолжи да расте и во иднина, иако секој економски агент поединечно може да се третира како рационален на микрониво. Овие очекувања циркулираат во економијата сè до оној момент кога на критична маса на луѓе ќе и стане јасно дека ваквата ситуација е неодржлива на долг рок. Балонот има моќ да истрајува долго време, но неговата евентуална експлозија може да доведе до сериозна пазарна корекција. Во овој дел на трудот е третирана и улогата на централните банки како кредитор од крајна инстанца којашто доаѓа до израз во доменот на стопирање на паники и обезбедување на моментална ликвидност во случај на престанок на функционирање на системот. Анализата на кандидатката потврдува дека сеуште не се јасни границите на капацитетот на дејствување на централната банка како кредитор во крајна инстанца. Овде се поставува и дилемата дали таа улога треба да ја преземат постојните финансиски институции, или е потребно креирање на нови. Меѓутоа, во услови на финансиски стрес сè погласни се барањата на меѓународната јавност за создавање на избавител на системот, иако тоа може да стимулира хазардерско однесување. На крајот од оваа глава е третирано и управувањето со системски ризици и превенција на финансиските кризи како два постулати околу кои ќе се темели изградбата на новата глобална финансиска архитектура. И во оваа сфера се отвораат бројни прашања и дилеми: Дали мандатот на постојните институции треба да се зајакне, особено во делот на подложноста и превенцијата од меѓународни финансиски кризи или треба да се создаде целосно нов систем? Дали раѓањето на нови финансиски суперсили ќе да има дисторзивно влијание врз глобалните капитални текови? Ова се само некои од дискусиите со

5

кои се инсистира на нови, поригорозни мерки за капитална адекватност од рангот на Basel III.

**Петтата глава** од докторскиот труд на кандидатката м-р Бисера Ѓошевска е посветен на рационалните очекувања и финансиските кризи во Република Македонија. Анализата започнува со краток осврт врз карактеристиките и спецификите на македонскиот финансиски систем, при што кандидатката укажува дека тој страда од структурни слабости како што се банкоцентричност, плиткост, зависност од извозот и сл. Понатаму кандидатката, потпирајќи се на релевантни теории од областа, се обидува да одговори на прашањето, зошто финансиските кризи ја заобиколуваат Република Македонија. Со претходно споменатите карактеристики, македонскиот финансиски систем е само анемичен играч во светски рамки кој е далеку од интегрирање во глобалните економски текови. Оваа дистанцираност нуди одредени погодности при налет на финансиски кризи, бидејќи го држи системот инсулиран од вонгранични шокови и дестабилизирачки прелевања преку девизните курсеви и условите на размена, но едновремено треба да дејствува отрезнувачки, бидејќи и најмал сомнеж во кредибилитетот на македонската валута може да ја претвори државата во мета на зачестени шпекулативни напади. Во продолжение кандидатката м-р Бисера Ѓошевска врши евалуација на обидот на Народната банка на Република Македонија да создаде методологија за мерење на инфлациските очекувања на приватниот сектор. Во овој контекст таа детално ги анализира анкетите на Народната банка на Република Македонија, од аспект на анкетираните субјекти (економски аналитичари, банки и претпријатија), нивната дистрибуција во повратните одговори, добиените одговори, повторно според анкетирани субјекти, нивните разлики, тенденциите на конвергенција и сл. Кандидатката констатира дека анкетата, иако е сè уште во својот зародиш и не содржи доволно временски серии од кои би можеле да се извлечат цврсти заклучоци за начинот на кој македонските економски субјекти ја антиципираат идната инфлација, претставува солидна почетна основа за понатамошен развој на истражувањата од овој вид. На крај на главата се разгледуваат можните приоди за рано предупредување на финансиските кризи во Република Македонија. Со оглед на тоа што зачестената дестабилизација на финансиските системи не штеди никого и може да нападне во секој момент, од исклучителна важност за македонските монетарни власти е да знаат кои опции им се достапни за навремено детектирање на аномалии и дисфункции кои би можеле да го доведат во опасност целиот систем. Воспоставувањето на систем за рано предупредување е од исклучителна важност за стабилноста и е една од целите кои Народната банка на Република Македонија мора да ги профилира на ранг на висок приоритет. Во оваа глава, како и во претходната, потенцирано е значењето на рационалните очекувања не само за иницирање и

забрзување на финансиските кризи и воопшто за "туркање" на економскиот циклус во неговата надолна фаза, туку и за надминување на проблемите.

Заклучните согледувања во докторската дисертација на кандидатката м-р Бисера Ѓошевска, како синтеза заснована врз основниот текст и резултатите на истражувањето, се состојат од десет судови, односно констатации, во кои се сублимирани значајни сознанија во интердисциплинарниот простор меѓу рационалните очекувања и меѓународните финансиски кризи.

## ОПШТА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бисера Ѓошевска под наслов *РАЦИОНАЛНИТЕ ОЧЕКУВАЊА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ*, претставува комплексна анализа за круцијалното значење на очекувањата (антиципирањето на иднината) за економијата и посебно за улогата на концептот на рационалните очекувања во иницирањето на економските флуктуации воопшто и во финансиската сфера посебно. Актуелноста и значењето на испитуваната проблематика е многукратно, бидејќи рационалните очекувања предизвикаа вистинска револуција во економското моделирање (хипотезата за рационалните очекувања денес редовно се вградува во економетриските модели кои го објаснуваат начинот на функционирањето на одделни сегменти на економијата , или пак, на економијата во целина), во подобрувањето на разбирањето на современата економска наука за начинот и брзината на урамнотежувањето на пазарите, за интеракциите на релација влада - економски политики, за ефикасноста, односно неефикасноста на дискреционите макроекономски политики итн. Испитуваната материја има висока релевантност и за македонската економија, бидејќи начинот на антиципирање на иднината има силни импликации врз однесувањето на економските субјекти во реалниот живот и врз состојбите на економијата во целина. Неколку квалитативни карактеристики на докторската дисертација, кои говорат и за научниот и стручен придонес на кандидатката м-р Бисера Ѓошевска во истражувањето на оваа проблематика, заслужуваат посебно да бидат потенцирани: (1) кандидатката м-р Бисера Ѓошевска детално ја елаборира "интелектуалната еволуција" на хипотезата на рационалните очекувања (од Џон Мјут, преку Лукас и Сарџент, па се до нејзината застапеност и примена во моделите на главната струја на модерната макроекономија - новата класична макроекономија, вклучувајќи ги тука и теоретичарите на реалните бизнис циклуси, и новите кејнзијанци), нејзините импликации врз флуктуациите на економската активност во целина и

посебно нејзините импликации во детерминирањето на меѓународните финансиски кризи; (2) кандидатката дава солидна анализа на меѓународните финансиски кризи од првата, втората, третата и четвртата генерација, при што фокусот на истражување е врз механизмите кои преку рационалните очекувања на учесниците во економската активност ги потенцираат вградените ризици во современите финансиски системи и ги трансформираат во финансиски кризи од различен тип; (3) кандидатката дава солидна аргументација и на слабостите на хипотезата на рационалните очекувања, конфронтирајќи ги аргументите на економската теорија со инхерентната нестабилност на пазарите, како и со бројните докази од практиката кои говорат за нерационално однесување на економските субјекти што продуцира ирационален ентузијазам, економии на балони итн; (4) кандидатката дава свое вреднување на напорите на НБРМ да ги испита очекувањата на економските субјекти во македонската економија за идната инфлација и, низ синтеза на добиените резултати од анкетите на централната банка, укажува на постојните слабости, главно поврзани со отсуство на подолгорочни временски серии, како и со отсуство на позначајно искуство во овој домен; (5) докторската дисертација е базирана врз консултирање на обемна, современа и релевантна литература од областа.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата е убедена дека станува збор за вонредно солидна и успешна докторска дисертација, поради што, со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"- Скопје:

***прво***, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: ***РАЦИОНАЛНИТЕ ОЧЕКУВАЊА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ,*** поднесена од кандидатката ***м-р Бисера Ѓошевска;***

***второ***, да дозволи јавна одбрана на докторскта дисертација.

Скопје, јуни 2011 год.

Членови на Комисијата

1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Акад. Гоце Петрески с.р.
3. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.
4. Проф. д-р Михаил Петковски с.р
5. Проф. д-р Горан Петревски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: **ОРГАНСКА ХЕМИЈА , ПРИРОДНИ ПОЛИМЕРИ, ХЕМИЈА НА ХЕТЕРОЦИКЛИ И БИОТЕХНОЛОШКО ПРОИЗВОДСТВО НА СПЕЦИФИЧНИ ХЕМИКАЛИИ** НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на 53. седница одржана на 1.VI 2011 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден ***наставник во сите наставно-научни звања*** по групата предмети: ***органска хемија, природни полимери, хемија на хетероцикли и биотехнолошко производство на специфични хемикалии*** по конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 13.V 2011 година, во состав:

- ***д-р Катица Чоланческа – Раѓеновиќ***, ред. проф. во пензија-претседател,
- ***д-р Нада Перишиќ – Јањиќ***, проф. Емеритус-член,
- ***д-р Дијана Спасеска***, ред. проф.-член.

Врз основа на пријавата и поднесената документација, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 13.V 2011 година, за избор на ***наставник во сите наставно-научни звања*** по групата предмети: ***органска хемија, природни полимери, хемија на хетероцикли и биотехнолошко производство на специфични хемикалии*** се пријави кандидатот д-р ***Весна Димова***, насловен доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Име: ***Весна Димова***
Датум и место на раѓање: 3.II 1971 год., Скопје, Македонија.
Е-адреса: *vdimova@ tmf.ukim.edu.mk*
Адреса: Воденска 2-1/10, Скопје
Телефон: +389 (0)2 3088 260
Националност: Р. Македонија

## 2. ОБРАЗОВАНИЕ

| | |
|---|---|
| **2000 - 2006** | **Доктор на технички науки,**<br>Технолошко - металуршки факултет,<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Македонија,<br>Тема: **Физичко - хемиски карактеристики на новосинтетизирани деривати на 1,2,4-триазолот.** |
| **1994 - 1999** | **Магистер на технички науки,**<br>Технолошко - металуршки факултет,<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Македонија,<br>Тема: **Синтеза на нови деривати на 1,2,4-триазолот и нивна анитимикробна активност.** |

| | |
|---|---|
| 1989-1994 | **Дипломиран инженер-технолог,** насока: прехранбено - биотехнолошко инженерство, Технолошко - металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Македонија. |
| 1984-1988 | Средно образование: УСО „Никола Карев"-Скопје, Македонија. |

## 3. РАБОТНО ИСКУСТВО

| | |
|---|---|
| 2006-2011 | **Насловен доцент** на Технолошко - металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Македонија. |
| 2002-2006 | **Асистент** на Технолошко - металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Македонија. |
| 1998-2002 | **Помлад асистент** на Технолошко - металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Македонија. |
| 1996-1998 | **Помошник - менаџер** - Рударски институт, Лабораторија за заштита на животната средина, Скопје. |

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА АКТИВНОСТ

По изборот во звањето насловен доцент, д-р Весна Димова успешно ја изведува наставата на прв циклус студии по предметите:

- **2006-2008,** *органска хемија* I (3+3) III семестар, предавања и вежби
- **2006-2008,** *органска хемија* II (2+2) IV семестар, предавања и вежби
  **2009-2011,** *органска хемија* (3+3) III семестар, предавања и вежби
- **2009-2011,** *проект* (1+2)
- **2010-2011,** *природни полимери* (3+2) - доделен предмет; *хемија на хетероциклични соединенија* (2+0) - доделен предмет и *биотехнолошко производство на спец. хемикалии* (2+2) - доделен предмет.

Кандидатката д-р Весна Димова била член на комисија за одбрана на магистерски труд, ментор на **7** дипломски работи и член на **23** комисии за одбрана на дипломски работи.

Д-р Весна Димова била претседател на комисии за рецензија на следните учебници за средно образование: *Козметологија за III год., Козметологија за IV год., Применета козметика за III год., Козметика и фризерство за I год.* и *Микробиологија со санитација за II год.*

## 5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научната активност на кандидатката д-р Весна Димова, во периодот од изборот во звањето насловен доцент до денес, се одвива пошироко во подрачјето на органската хемија. Главно, насочена е кон синтеза на органски соединенија од класата на хетероциклични системи, нивна идентификација и карактеризација, како и нивна понатамошна примена. За таа цел применува современи инструментални методи и навлегува во теоретската органска хемија изучувајќи ги механизмите на органските реакции и структурата на соединенијата со користење на компјутерски програми.

Кандидатката, исто така, работи и во областа на проучување на корелациите помеѓу структурата и активноста на новосинтетизираните соединенија со примена на QSAR - техниките.

Д-р Весна Димова има објавено **6** оригинални научни труда, од кои **3** се печатени во журнали со импакт - фактор, **4** труда печатени во зборници на меѓународни и домашни конгреси, конференции и симпозиуми во вид на пошироки апстракти и **5** труда презентирани како соопштенија на меѓународни и домашни конгреси, советувања и симпозиуми. Учествувала во изработката на 2 научноистражувачки проекта како соработник.

Според цитатната база SCOPUS, научните трудови на кандидатката д-р Весна Димова во периодот 2006-2011 се цитирани **74** пати.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор:***

1. **Vesna Dimova,** *A study of behaviour of some 5-substituted-4-phenyl-1,2,4-triazoline-3-thiones in sulfuric acid solution using characteristic vector analysis*, **Turkish Journal of Chemistry** *35*, 109-120, 2011. **(IF= 0.75).**

2. Vesna Daniloska, Jadranka Blazevska-Gilev, **Vesna Dimova**, Radek Fajgar, Radmila Tomovska, *UV light induced surface modification of hdpe films with bioactive compounds*, **Applied Surface Science** *256*, 2276–2283, 2010. **(IF=1.616).**

3. **Vesna Dimova**, Nada Perisic-Janjic, *QSAR study by 1,2,4-triazoles using several physicochemical descriptors,* **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering** *28* (1), 79-89, 2009. **(IF= 0.20).**

4. **Vesna Dimova,** Nada Perisic-Janjic, *QSAR study on inhibition of E. coli and S. enteritidis by 1,2,4-triazoles,* **Organic Chemistry, An Indian Journal,** *4* (6-8), 434-441, 2008.

5. **Vesna Dimova,** Nada Perisic-Janjic, *Determination and QSAR study of the dissociation constants of some 4,5-disubsituted-2,4-dihydro-3H-1,2,4-triazoline-3-thiones,* **Organic Chemistry, An Indian Journal,** *3* (2), 51-59, 2007.

6. Viktorija Stamatovska, **Vesna Dimova,** Katica Colanceska Ragenovic, *Solvent efect on electroin absorption spectra of some N-aryl substituted dodecaneamides. Part II. Polar aprotic solvents,* **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering,** *26* (1), 9-15, 2007.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборници на трудови од научен собир:***

1. **Vesna Dimova,** *A quantum chemical investigation of tautomerion froms of 4,5-disubstituted-1,2,4-triazoline-3-thione,* **II International Congress "Engineering, Ecology and Materials in the processing Industry"**, Proceedings, 591-596, Jahorina, 09-11.March, 2011.

2. **Vesna Dimova,** *A study of behaviour of some 1,2,4-triazoline-3-thiones in sulfuric acid solution using characteristic vector analysis,* **II International Congress "Engineering, Ecology and Materials in the processing Industry"**, Proceedings, 597-602, Jahorina, 09-11.March, 2011.

3. **Vesna Dimova**, Nada Perisic-Janjic, *QSAR study on inhibition of B. subtilis, E. coli and S. enteritidis by 1,2,4-triazoles: physicochemical approach using surface tension, refractive index, density and polarizability*, **XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Abstract Book, SOSC-07-E, 1-4, Ohrid, 17-20 September, 2008.

4. **Vesna Dimova**, Nada Perisic-Janjic, *Solvent and substituent effects on the electronic spectra of $N^1$-aryl/heteroaryl-amino/methyl/ethyl-1,2,4-triazoles*, **XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Abstract Book, SOSC-06-E, Ohrid, 17-20 September, 2008.

***Трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси, советувања и симпозиуми:***

1. Mirjana Jankulovska, Ilinka Spirevska, Katica Čolančevska-Ranenović, **Vesna Dimova,** *Study of acid-base equilibria of some newly synthesized aromatic hydrazones*, **XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia**, Book of Abstracts ACE-10, Ohrid, September 23-26, 2010.

2. Emilija Tosik, Biljana Mangovska, Igor Jordanov, Anita Grozdanov, **Vesna Dimova,** *Non-cellulosic impurities on raw cotton from different origin and their influence on whiteness*, **XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia**, Book of Abstracts TXE-2, Ohrid, September 23-26, 2010.

3. **Vesna Dimova**, Vesna Rafajlovska, Jana Klopceska, Dejan Dimitrovski, *Solvent effects on the ultraviolet absorption spectra of the extracted capsanthin from hot red paprika*, **8th Symposium "Novel Technologies and economic development"**, Leskovac, October 23-24, 2009.

4. Vesna Rafajlovska, Jana Klopceska, **Vesna Dimova**, Dejan Dimitrovski, *Influence of organic solvents on the quantity of capsaicin and carotenoids extracted from hot red paprika*, **8th Symposium "Novel Technologies and economic development"**, Leskovac, October 23-24, 2009.

5. Vesna Danilovska, Jadranka Blazevska-Gilev, **Vesna Dimova,** Radmila Tomovska *UV light induced surface modification of lldpe films with bioactive compounds*, **XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Abstract Book, PPM-05-E, Ohrid, September 17-20, 2008.

***Учество во научноистражувачки проекти***

1. ***Можности за екстракција и примена на капсаицин од пиперка (Capsicum annum L)***, 2006-2009; финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија – раководител: проф. д-р Весна Рафајловска.

2. ***Екстракција на капсаицин и обоени материи од македонски лути пиперки***, 1.1.2010-31.12.2011; билатерала со Р. Словенија и Министерство за образование и наука на Р. Македонија - раководител: проф. д-р Весна Рафајловска.

## 6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**6.1 Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект:**
Дизајнирање на нови биоактивни 1,2,4-триазоли со примена на QSAR техники - главен истражувач: д-р Весна Димова, пријавен на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука во 2011 год.

**6.2 Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект:**
- FP7-REGPOT-2008-1: **Stimulation and strengthening the full research potential in Material Science Engineering (MASPOT)**, 2008 – соработник.
- NATO SCIENCE FOR PEACE PROPOSAL: **Development of technique for preparation of antibacterial food packing materials**, 2008 – соработник.
- SEE-ERA.NET Pilot Joint Call - Research Project: **Study of biologically active compounds - potential food protection agents**, 2007 – соработник.

**6.3 Учество во комисии и тела на државни и други органи:** Член на Технички комитет ИСРМ ТК 36 - Хемија, 2009-денес.

**6.4 Рецензент на трудови за:** Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering and Acta Botanica Croatica.

**6.6 Учество во промотивни активности на Факултетот** во периодот 2006–2011 и учество во работилница: Природни науки - Вовед, истражување и практична примена за учениците од IV одделение од ОУ "Љубен Лапе" во Скопје.

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната и научноистражувачката работа на кандидатката д-р Весна Димова, може да се заклучи дека се работи за кандидат кој постепено и темелно се оформува во педагошки, научен и стручен работник, кој може да одговори на барањата на современ универзитетски наставник.

Д-р Весна Димова по изборот во звањето насловен доцент успешно продолжува да работи во подрачјето на синтеза, идентификација и карактеризација на органски соединенија, како и нивна понатамошна примена. Истовремено навлегува и во теоретската органска хемија изучувајќи ги механизмите на органските реакции со користење на компјутерски програми. Д-р Весна Димова, исто така, работи и во областа на проучување на корелациите помеѓу структурата и активноста на новосинтетизираните соединенија со примена на QSAR - техниките.

Кандидатката по изборот во звањето насловен доцент до денес континуирано работи на нејзиното усовршување како научен работник, за што потврда се нејзините **6** оригинални научни труда од кои **3** се печатени во журнали со импакт фактор, **4** труда печатени во зборници на меѓународни и домашни конгреси, конференции и симпозиуми во вид на пошироки апстракти и **5** труда презентирани како соопштенија на меѓународни и домашни конгреси, советувања и симпозиуми. Според цитатната база SCOPUS, научните трудови на кандидатката д-р Весна Димова во периодот 2006-2011 се цитирани **74** пати.

Севкупната дејност на кандидатката д-р Весна Димова истовремено ги исполнува и новите критериуми од Универзитетскиот правилник за избор во звања, односно квотите на поени во трите сегменти: наставно-образовна дејност **(НО)-53,5** поени, научноистражувачка дејност **(НИ)-68,7** поени и стручно-апликативна дејност **(СА)-9,5** поени, односно вкупниот број на поени изнесува **131,7**.

Имајќи го тоа предвид, како и нашата повеќегодишна заемна соработка со кандидатката, нашата позитивна оцена за нејзината научна и педагошка активност, како и задоволувањето на пропишаните законски критериуми, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Весна Димова, досегашен насловен доцент на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје, да биде избрана во звањето **вонреден професор** по групата предмети: *органска хемија, природни полимери, хемија на хетероцикли и биотехнолошко производство на специфични хемикалии.*

**Рецензентска комисија**

***Д-р Катица Чоланческа – Раѓеновиќ***, ред. проф. во пензија, с.р.
Технолошко металуршки факултет – Скопје

***Д-р Нада Перишиќ – Јањиќ***, проф. Емеритус, с.р.
Универзитет во Нови Сад и дописен член на Академијата на науките и уметностите на Војводина

***Д-р Дијана Спасеска***, ред. проф., с.р.
Технолошко металуршки факултет - Скопје

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Весна Димова
**Институција:** Технолошко-металуршки факултет - Скопје
**Научна област:** технологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава-прв циклус студии** | |
| 1.1 | Органска хемија I (3+3) | 7,2 |
| 1.2 | Органска хемија II (2+2) | 2,4 |
| 1.3 | Органска хемија (3+3) | 10,2 |
| 1.4 | Проект (1+2) | 1,2 |
| 1.5 | Природни полимери (3+2) | 1,8 |
| 1.6 | Хемија на хетероциклични соединенија (2+0) | 1,2 |
| 1.7 | Биотехнолошко производство на спец. хемикалии (2+2) | 1,2 |
| **2.** | **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | |
| 2.1 | Органска хемија I (3+3) | 13,5 |
| 2.2 | Органска хемија II (2+2) | 5,4 |
| 2.3 | Органска хемија (3+3) | 13,5 |
| 2.4 | Проект (1+2) | 1,8 |
| 2.5 | Природни полимери (3+2) | 0,9 |
| 2.6 | Биотехнолошко производство на спец. хемикалии (2+2) | 0,9 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | 1,02 |
| **4.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа: 1** | 0,3 |
| **5.** | **Ментор на дипломски работи: 7** | 1,4 |
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа: 23** | 2,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2,5 |
| 7. | **Рецензент на учебник за средно образование** | |
| 7.1 | Козметологија за III год | |
| 7.2 | Козметологија за IV год. | |
| 7.3 | Применета козметика за III год. | |
| 7.4 | Козметика и фризерство за I год. | |
| 7.5 | Микробиологија со санитација за II год. | |
| | **Вкупно** | **68,72** |
| | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1.1 | **Vesna Dimova,** *A study of behaviour of some 5-substituted-4-phenyl-1,2,4-triazoline-3-thiones in sulfuric acid solution using characteristic vector analysis*, **Turkish Journal of Chemistry** *35*, 109-120, 2011. **(IF= 0.75);** doi: 10.3906/kim-1004-538 | 6,75 |
| 1.2 | Vesna Daniloska, Jadranka Blazevska-Gilev, **Vesna Dimova**, Radek Fajgar, Radmila Tomovska, *UV light induced surface modification of hdpe films with bioactive compounds*, **Applied Surface Science** *256*, 2276–2283, 2010. **(IF=1.616);** doi:10.1016/j.apsusc.2009.10.052; | 4,57 |
| 1.3 | **Vesna Dimova**, Nada Perisic-Janjic, *QSAR study by 1,2,4-triazoles using several physicochemical descriptors*, **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering** *28* (1), 79-89, 2009. **(IF= 0.20)** | 5,58 |
| 1.4 | **Vesna Dimova**, Nada Perisic-Janjic, *QSAR study on inhibition of E. coli and S. enteritidis by 1,2,4-triazoles*, **Organic Chemistry, An Indian Journal,** *4* (6-8), 434-441, 2008. | 5,40 |
| 1.5 | **Vesna Dimova**, Nada Perisic-Janjic, *Determination and QSAR study of the dissociation constants of some 4,5-disubsituted-2,4-dihydro-3H-1,2,4-triazoline-3-thiones*, **Organic Chemistry, An Indian Journal,** *3* (2), 51-59, 2007. | 5,40 |
| 1.6 | Viktorija Stamatovska, **Vesna Dimova,** Katica Colanceska Ragenovic, *Solvent efect on electroin absorption spectra of some N-aryl substituted dodecaneamides. Part II. polar aprotic solvents,* **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering,** *26* (1), 9-15, 2007. | 4,80 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 2.1 | **Vesna Dimova,** *A quantum chemical investigation of tautomerion froms of 4,5-disubstituted-1,2,4-triazoline-3-thione,* **II International Congress "Engineering, Ecology and Materials in the processing Industry",** Proceedings, 591-596, Jahorina, 09-11.March, 2011. | 2 |
| 2.2 | **Vesna Dimova,** *A study of behaviour of some 1,2,4-triazoline-3-thiones in sulfuric acid solution using characteristic vector analysis,* **II International Congress "Engineering, Ecology and Materials in the processing Industry",** Proceedings, 597-602, Jahorina, 09-11.March, 2011. | 2 |
| 2.3 | **Vesna Dimova,** Nada Perisic-Janjic, *QSAR study on inhibition of B. subtilis, E. coli and S. enteritidis by 1,2,4-triazoles: physicochemical approach using surface tension, refractive index, density and polarizability,* **XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Abstract Book, SOSC-07-E, 1-4, Ohrid, 17-20 September, 2008. | 2 |
| 2.4 | **Vesna Dimova,** Nada Perisic-Janjic, *Solvent and substituent effects on the electronic spectra of $N^1$-aryl/heteroaryl-amino/methyl/ethyl-1,2,4-triazoles,* **XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Abstract Book, SOSC-06-E, Ohrid, 17-20 September, 2008. | 2 |
| **3.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 3.1 | Mirjana Jankulovska, Ilinka Spirevska, Katica Čolančevska-Ranenović, **Vesna Dimova,** *Study of acid-base equilibria of some newly synthesized aromatic hydrazones,* **XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Book of Abstracts ACE-10, Ohrid, September 23-26, 2010. | 1 |
| 3.2 | Emilija Tosik, Biljana Mangovska, Igor Jordanov, Anita Grozdanov, **Vesna Dimova,** *Non-cellulosic impurities on raw cotton from different origin and their influence on whiteness,* **XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Book of Abstracts TXE-2, Ohrid, September 23-26, 2010. | 1 |
| 3.3 | **Vesna Dimova,** Vesna Rafajlovska, Jana Klopceska, Dejan Dimitrovski, *Solvent effects on the ultraviolet absorption spectra of the extracted capsanthin from hot red paprika,* **8th Symposium "Novel Technologies and economic development",** Leskovac, October 23-24, 2009. | 1 |
| 3.4 | Vesna Rafajlovska, Jana Klopceska, **Vesna Dimova,** Dejan Dimitrovski, *Influence of organic solvents on the quantity of capsaicin and carotenoids extracted from hot red paprika,* **8th Symposium "Novel Technologies and economic development",** Leskovac, October 23-24, 2009. | 1 |
| 3.5 | Vesna Danilovska, Jadranka Blazevska-Gilev, **Vesna Dimova,** Radmila Tomovska, *UV light induced surface modification of lldpe films with bioactive compounds,* **XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,** Abstract Book, PPM-05-E, Ohrid, September 17-20, 2008. | 1 |
| **4.** | **Учесник во национален научен проект** | |
| 4.1 | ***Можности за екстракција и примена на капсаицин од пиперка (Capsicum annum L),*** раководител проф. д-р Весна Рафајловска, 2006-2009; финансиран од Министерство за образование и наука на Р. Македонија. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 5.1 | ***Екстракција на капсаицин и обоени материи од македонски лути пиперки***, раководител: проф. д-р Весна Рафајловска; 1.1.2010-31.12.2011; билатерала со Р. Словенија и Министерство за образование и наука на Р. Македонија | 5 |
| | **Вкупно** | **53,5** |
| | | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

***Дејности од поширок интерес***

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| 1.1 | Дизајнирање на нови биоактивни 1,2,4-триазоли со примена на QSAR техники - главен истражувач: д-р Весна Димова; пријавен на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука наука; одлука за прифаќање 9.3.2011; 08-556 од 7.4.2011 | 1 |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| 2.1 | FP7-REGPOT-2008-1: **Stimulation and strengthening the full research potential in Material Science Engineering (MASPOT)**, 2008 – соработник | 1 |
| 2.2 | NATO SCIENCE FOR PEACE PROPOSAL: **Development of technique for preparation of antibacterial food packing materials**, 2008 – соработник | 1 |
| 2.3 | SEE-ERA.NET Pilot Joint Call - Research Project: **Study of biologically active compounds - potential food protection agents**, 2007 - соработник | 1 |
| 3. | **Учество во промотивни активности на факултетот** | |
| 3.1 | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Виница, Кочани, 2006. | 0,5 |
| 3.2 | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Виница, Кочани, 2007. | 0,5 |
| 3.3 | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Виница, Кочани, Берово, Делчево, 2008. | 0,5 |
| 3.4 | Презентација на програмата на ТМФ во Берово, Делчево, Струмица, Кочани, Виница, Штип, 2009. | 0,5 |
| 3.5 | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Гевгелија, 2010. | 0,5 |
| 3.6 | Учество во работилница: Природни науки - Вовед, истражување и практична примена за учениците од IV одделение од ОУ "Љубен Лапе" во Скопје. | 0,5 |
| 4. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на Технички комитет ИСРМ ТК 36 - Хемија, 2009-денес | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | **Член на факултетска комисија** | |
| 5.1 | Наставно - научен совет на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје | 0,5 |
| 5.2 | Комисија за тестирање на пријавени кандидати за работно место - лаборант - 2008 | 0,5 |
| 5.3 | Работна група за организирање на семинари и работилници-2010 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **9,5** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:** | **68,72** |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:** | **53,50** |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС:** | **9,50** |
| | **Вкупно бодови:** | **131,72** |
| | | |

**Членови на Комисијата**

1. ***Д-р Катица Чоланческа-Раѓеновиќ***, ред. проф. во пензија, претседател, с.р.

2. ***Д-р Нада Перишиќ – Јањиќ***, проф. Емеритус, член, с.р.

3. ***Д-р Дијана Спасеска***, ред. проф., член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставо – научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 15. редовна седница, одржана на ден 11.5.2011 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор-реизбор на наставници и соработници во сите звања на Факултетот, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија, за избор на асистент по предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф. д-р Јулијана Ѓоргова и проф. д-р Елена Петкова.

На конкурсот објавен во весникот "Вечер" од 5. 4. 2011 година, се пријавија д-р Јасна Петровска, д-р Александра Подолешева, ас.д-р Биљана Богдановска, ас. д-р Ирена Гавриловиќ, асистенти и специјалисти-ортодонти на Клиниката за ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Врз основа на пријавата и поднесената документација, Рецензентската комисија го донесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Д-р Јасна Петровска** е родена во Скопје, на 30.1.1972.
Основното образование го завршила во основното училиште „Кочо Рацин" во Скопје (1986) со одличен успех.
Во 1986 година се запишала во УСО „Никола Карев", каде што го завршила средното образование во 1990 година, со одличен успех.
Во учебната 1990/91 година се запишала на студиите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како редовен студент. На 29.3.1996 година дипломирала со среден успех 9,71, како најдобар студент во генерацијата. За тоа била наградена со признание за најдобар студент во учебната 1993/94

година од Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", пофалница за највисок среден успех на дипломиран студент на Стоматолошкиот факултет од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и признание за најдобар студент на стоматологија од Македонското лекарско друштво. Среден успех од предметот на кој конкурира и работи постигнала 10.

Стажот го завршила при Здравствениот дом-Скопје, и на 24.5.1997 го положила стручниот испит.

На 1.10.1997 ја започнала специјализацијата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Зужелова. На 25.5.2001 успешно го положила специјалистичкиот испит, стекнувајќи се со стручниот назив специјалист по ортодонција.

Во периодот од 1.7.1996 до 10.9.1998 била вработена во П,З,О, „Толовски". Од 2.11.1998 е вработена во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, на Клиниката за ортодонција.

Се запишала на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, и на 9.9.2009 е усвоен позитивниот рецензентски извештај на пријавата за магистерски труд со наслов „Проценка на поставеноста на импактираните максиларни канини на ортопантомограм по метода на Ериксон и Курол".

На 24.3.2004 е избрана во звањето помлад асистент по ортодонција.

На 10.4.2007 повторно е избрана за помлад асистент по ортодонција.

Активно се служи со англискиот јазик.

За време од вработувањето во ЈЗО Стоматолошки клиники и за време на специјалистичкиот турнус, д-р Петровска беше доста активна во практичната работа со пациентите и во стручната работа. Односот спрема колегите, вработените и пациентите секогаш и е коректен и на завидно ниво. Активно учествувала на 78. Европски ортодонтски конгрес во Соренто, Италија, во 2002 година, како и на стручните состаноци на Клиниката и на Ортодонтската секција. На тие состаноци има презентирано труд во соработка со поискусни колеги. Добитник е на Пофалница од Македонското лекарско друштво во 2002.

За овој период е коавтор на шест стручно-научни труда, и тоа:

1. Bogdanovska B., Daskalova B., Gavrilovik I., **Petrovska J.**, Carceva-Shalja S., Shape of the simphysis and mandibular dentoalveolar anterior height associated with V, 84th Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Вертикалните нарушувања во ортодонцијата даваат своевидни сигнатури во телерендгенограмите. Во овој труд авторите вршеле испитувања врз 60 телерендгенограми со цел да одредат поврзаност помеѓу предната мандибуларна дентоалвеоларна висина и обликот на симфизата. Авторите истакнуваат дека предната мандибуларна дентоалвеоларна висина е зголемена кај пациентите со отворен загриз, споредено со длабок и нормален загриз. Кај пациентите со отворен загриз била констатирана долга и тесна симфиза, а кај пациентите со нормален или длабок загриз симфизата била кратка и широка.

Трудот има научен карактер.

2. Gavrilovik I., Bogdanovska B., **Petrovska J.**, Carceva-Shalja S., Daskalova B., Changes in the dentoalveolar complex related to class II division 1 and 2 malocclusions, 84[th] Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.
Малоклузиите, кои се резултат на скелетални структурни промени, влијаат врз меките ткива, како и на функцијата и естетиката. Во оваа студија авторите сакале да идентификуваат дентоалвеоларни и линеарни параметри кај класите II/1 и II/2, па испитувале по 35 телерендгенограми кај соодветните класи, како и 25 кај контролната група. Кај класа II/1 била утврдена протрудираност на инцизивите, а кај класа II/2 ретрудираност, но позицијата на долните инцизиви спрема мандибуларната рамнина има прогностичко значење.

Трудот има научен карактер.

1. **Petrovska J.**, Janev R., Petrova E., Petrovski D., Association between tongue thrust, dental anomalies and articulation disorders, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.
Тискањето на јазикот претставува лоша навика која доведува до фронтално отворен загриз и нарушувања во изговорот. Токму поврзаноста помеѓу говорните проблеми, ортодонтските аномалии и лошата навика е и предмет на изучување на авторите на оваа тема, при што испитувале 80 пациенти. Авторите заклучуваат дека говорот е важен составен дел од секојдневниот живот и соодветните пречки треба да се третираат уште во раното детство.
Трудот има стручно-практичен карактер.

2. Petrovski D. Petkov M., **Petrovska J.**, Experimental and Didactical use of transparent silicone and impression trays, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.
Во секојдневната практика честопати се соочуваме со фактот дека и најпрецизните отпечаточни маси можат да бидат непрецизни, што доведува до несакани последици во изработката на индиректните реставрации. За тоа има разни објаснувања, но на оваа тема авторите вршеле опити со транспарентни отпечаточни материјали и лажици со цел да визуелизираат што точно се случува во текот на апликацијата на материјалот врз фантом- модел. Авторите заклучуваат дека оваа постапка може да се користи во наставата на студентите по стоматологија со цел да воочат што се случува со силиконот при притисок, но експерименталната вредност е ограничена.

Трудот има стручно-експериментален карактер.

3. Petrovski D., Petkov M., **Petrovska J.**, Clinical observations in various impression techniques, 12[th] Congress of the BaSS, Istanbul, 12-14 April 2007.
Првиот чекор кон прецизно приспособената фикснопротетска реставрација е отпечатокот, но во литературата можат да се сретнат бројни предложени техники на отпечатување, кои имаат одредени предности и недостатоци. Целта на авторите во овој преглед е да евалуираат некои вообичаено применети техники од практичен аспект. Резултатите од тестираните техники на

отпечатување покажале разновидни практични карактеристики. Авторите укажуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот кога при отпечатување треба да се регистрираат и најситните детали во влажна средина.
Трудот има стручно-практичен карактер.

4. Петровски Д., **Петровска Ј.**, Интердисциплинарен третман на хиподонција на латерални инцизиви - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.
Интердисциплинарната соработка е клучниот збор кога се говори за хиподонција на латералните инцизиви. Во овој приказ на случај авторите покажуваат како оралната хиругија, ортодонцијата и протетиката соработувале за решавањето на оваа фреквентна ортодонтска аномалија. Тимското преттретманско планирање е клучно за успех во вакви случаи.
Трудот има стручно-практичен карактер.

5. Димова Ц., **Петровска Ј.**, Андоновска Б., Петровски Д., Стојаноска С., Прекубројни заби како механичка пречка и причина за полуимпактиран горен централен инцизив - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.
Во овој приказ на случај авторите покажуваат како прекубројните заби можат да ја попречат нормалната смена на забите. Кај овие специфични случаи авторите покажуваат како се наметнува потребата од интердисциплинарна соработка.
Трудот има стручно-практичен карактер.

6. **Петровска Ј.**, Петровски Д., Отстранување на брекети и следователно кондиционирање на забната површина, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.
Фиксните ортодонтски направи ефикасно решаваат разни ортодонтски аномалии, но по третманот на местата каде што биле залепени брекетите остануваат остатоци од лепилото и оштетувања на забната површина. По извршеното пребарување во литературата, авторите предлагаат процедура на третирање на забната површина, користејќи повеќе средства за таа цел. Одредено оштетување на забната површина по отстранувањето на брекетите е неизбежно, но по мазнењето на забната површина последиците исчезнуваат.
Трудот има стручно-практичен карактер.

7. Богдановска Б., Зужелова М., Богдановски С., **Петровска Ј.**,Стојменова-Муфишовска П., Карактеристики на максиларната морфологија поврзани со вертикални нарушувања, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.
Отворениот и длабокиот загриз претставуваат вертикални нарушувања. Во оваа студија авторите сакале да ја проценат максиларната морфологија кај

индивидуи со вертикални нарушувања и нормална оклузија. По обработката на 60 телерендгенограми, авторите заклучиле дека максиларната дентоалвеоларна височина е покачена во групата со отворен загриз, споредено со групите со длабок и нормален загриз.

Трудот има научен карактер.

8. Јанев Р., **Петровска Ј**., Лазарева Б., Даскалова Б., Колку простор се создава од максиларната експанзија или од екстракција на премолари, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25-јуни 2006, Охрид.
Создавањето на простор за ортодонтски третман е неопходно за корекцијата на многу малоклузии. Во оваа студија авторите сакале да го истражат соодносот помеѓу експанзијата на максиларниот лак и промените во длабочината на лакот и да се квантифицира редукцијата на максиларната длабочина на лакот по екстракција на премоларите со комплетно затворање на просторот. Испитувањата се вршени на типодонт. Авторите заклучуваат дека отстранувањето на премоларите доведува до поголема редукција во длабочината на лакот во однос на мезио-дисталната широчина на премоларите.
Трудот има стручно-научен карактер.

9. **Петровска Ј.,** Зужелова М., Подолешова А., Богдановска Б., Физиологија на терапијата со сплинт во третманот на темпоромандибулани нарушувања; IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.
Мултикаузалноста на нарушувањата на ТМЗ се причина за разни терапевтски пристапи кон оваа проблематика, но оклузалните сплинтови се најупотребувани. Во овој преглед на литературата, авторите сакале да ги опишат разните видови ортодонтски сплинтови кои се користат, како и да дадат есенција на можните физиолошки механизми преку кои тие дејствуваат.

Трудот има стручно-практичен карактер.

10. Зужелова М., Смилева-Нацевска М., Трајковски Ѓ., **Петровска Ј.**, Ковачевска Г., Ортодонтско-хируршко-протетска соработка при решавање на разни видови малоклузии, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.
Малоклузиите можат да се јават во разни градации на комплицираност, па понекогаш само ортодонтскиот третман не е доволен за воспоставување на нормалната функција и естетика. Во такви ситуации е потребен тимски пристап, што преку бројни примери е прикажано во овој труд на авторите.

Трудот има стручно-практичен карактер.

11. Zuzelova M., Maneva M., Lazarevska B., **Petrovska J.**, Atypical unerupted dentition-case report, 11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.
Процесот на ерупција на забите е долг и сложен, и честопати е подложен на биолошки или механички влијанија, кои можат да го попречат. Наследноста може да игра важна улога, како што покажуваат авторите во овој приказ на случај, каде што нетипичната нееруптирана дентиција се појавува кај татко, син и ќерка.

Трудот има практично-научен карактер.

12. Zuzelova M., Bogdanovski S., **Petrovska J.**, Bogdanovska B., Gonial angle differences associated with vertical d., 11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Литературата кажува за два лицеви типа - хипердивергенти и хиподивергентни. Во овој труд авторите ја истражувале поврзаноста на овие лицеви типови со гонијалниот агол, користејќи 60 телерендгенограми. Гонијалниот агол имал најголема вредност кај групата со отворен загриз.

**Д-р Александра Подолешова** е родена во Скопје на 9.11.1975 година, каде што го завршила основното образование во ОУ „Глигор Прличев" во Скопје. Се запишала во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов", во 1990 година. Во текот на средното образование има освоено неколку награди од областа на медицината на републичко ниво. Добитник е на 13 - ноемвриската награда во 1992 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1994/95 година. Во текот на студирањето активно била вклучена во работата на Студентскиот сојуз како член на научниот одбор. Учествувала на 2., на 4. и на 6. Конгрес на студентите по стоматологија, а учествувала и на Интернационалниот конгрес на студентите по стоматологија во Гетеборг во 1996 година. Дипломирала на 28.3.2001 година со просек 9,65. Државен испит полагала на 2.4.2002 година и се стекнала со лиценца за работа. Од 15.5.2002 година работи како клинички лекар на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар.

На постдипломски студии од областа на ортодонцијата се запишала во учебната 2003/04 година. Предвидените испити ги положила во предвидениот рок со среден успех 10,00. Во 2007 година до Комисијата за постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет поднесува пријава за изработка на магистерски труд под наслов: „Перспективи во клиничката апликација на анализата по Arnett за процена на фациолабиоденталните структури кај II/1".

На 8.10.2009 година успешно го одбранила магистерскиот труд и се здобила со назив магистер на стоматолошки науки.

Со специјализација по предметот ортодонција започнала на 1.11.2006 година а специјалистичкиот испит го положила на 2.6.2010 година и се здобила со звањето специјалист по ортодонција.

Во текот на досегашниот стаж, активно учествувала на повеќе регионални и интернационални конгреси како автор и коавтор, и тоа на: BASS, Охрид (2004), BASS, Be1§rac1 (2005), Меѓународен симпозиум на ортодонтите, Крушево (2006), 4. Конгрес на стоматолозите на Македонија. Охрид, (2006), Балкански ортодонтски симпозиум, Софија (2007). Присуствувала на повеќе курсеви, и тоа: I курс „Техника на прав лак ( SWA)" под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Скопје во март 2005 година, II курс „Техника на прав лак ( SWA)", под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Скопје во јуни 2005 година, Typodont corse III. Скопје, април 2006. Selfligation with Discovery sl, Скопје 2010 година и Scuzzo-Takemoto Bracket, Light lingual system, 2010. Од едукативните курсеви присуствувала на: Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II

класа, Скопје, 2007 година. Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите, Скопје, октомври 2008, Релевантни концепти во третманот на малоклузиите, Охрид, 2009 година.

Активно се служи со англискиот јазик и има познавање од германскиот јазик.

Список на трудови кои се доставени за рецензија

1. Подолешова А., Зужелова М. Discomfort during orthodontic treatment. BASS, Ohrid (2004).

Целта на овој труд е да ја евалуира неудобноста на пациентите при носење на ортодонтски апарати во првите недели од нивното поставување. За таа цел биле проследени 40 пациенти со подвижни плочести апарати и 40 пациенти со фиксни ортодонтски апарати на возраст од 14 до 18 години. По поставувањето на апаратот пациентите се жалеле на отежнато голтање и говор, како и на зголемена саливација. Сигнификантно намалување на овие симптоми кај сите испитаници се забележани помеѓу 2. и 7. ден, по кој период симтомите исчезнале.

Трудот има практично значење.

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 997 од 1.12.2010 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.

2. Подолешова А., Зужелова М. Evaluation of patient knowledge about the care of orthodontic appliances. BASS, Belgrade (2005).

Целта на оваа студија била да го евалуира целото познавање на пациентите околу грижата на фукциниет ортодонтски апарати и последиците од негрижата. Резултатите покажале дека лекарите треба да им даваат подолготрајна едукација на пациентите во текот на целиот третман и по него.

Трудот има практично значење.

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 997 од 1.12.2010 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.

3. Подолешова А., Јанев Р., Зужелова М. Подолешов Н. Ортодонтско протетска рехабилитација на случај со инпактиран мандибуларен трет молар. IV congress of the dentist of Macedonia with international participation (abstract book) Охрид, 2006,32.

Во адултната ортодонција често се среќаваме со случаи каде што е потребен претпротетски ортодонтски третман, а се со цел да се обезбедат услови за адекватна естетика и функционална реконструкција. Во овој труд авторите прикажале претпротетска постапка кај пациентка на возраст од 33 години кај која имало присуство на мостови конструкции во мандибуларниот дентален лак во двете бочни регии. По направената ортопантомографска снимка се утврдило присуство на мандибуларен лев трет молар, со добра поставеност и со вертикална положба. Со согласност на пациентката извршената е хируршка интервенција на импактираниот трет молар и поставен е фиксен апарат на расположливите заби во долната вилица. По 15-месечен третман, апаратот бил изваден и поставена била мостова конструкција.

Трудот има стручно и научно значење.

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 997 od 01.12.2010 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.

4. Петровска Ј., Зужелова М., Подолешова А., Богдановска Б. Физиологија на терапија со сплинт во третман на темпоромандибуларни нарушувања. IV

congress of the dentist of Macedonia with international participation (abstract book) Охрид, 2006,33.
Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 986 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.

5. Подолешова А., Зужелова М. Evaluation of the perioral area in subjects with normal and class II maloclussion in natural head position I st congres of the orthodontic society (abstract book Ohrid),2009,37.
Авторите во трудот ја анализирале периоралната регија кај индивидуи со нормална оклузија и малоклузија II класа. Испитувањето било извршено на телерендгенски снимки при нормално поставена глава кај 50 пациенти, (20) со нормална оклузија и (30) со малоклузија II класа. Резултатите покажале сигнификантно зголемување на испитуваните параметри кај пациентите со малоклузија II класа во однос на нормалната оклузија.
Трудот има научно-практично значење.
Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 997 од 1.12.2010 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.
6.Подолешова А. "Перспективи во клиничката апликација на анализата по Arnet: за процена на фациолабијалните структури кај пациенти со II/1". магистерски труд, 8.10.2009.

Кандидатката **ас.д-р Билјана Богдановска** е родена на 22.4.1969 год. во Скопје, Р. Македонија. Основно образование завршила во Скопје. Средно образование завршила во училиштето за средно насочено образование по биотехнологија – „Никола Карев" - Скопје во учебната 1987 година со континуиран одличен успех. За покажаните исклучителни резултати од разни области како науката, техниката, уметноста и другите видови на дејности на талентирани ученици, доделена и е посебна диплома.
На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1988/89 година, а дипломирала на 21.9.1994 година со просечен успех 9,08.

Во последната година од студирањето, 1993 година, учествувала на 27. Интернационален конгрес по медицина и стоматологија на Македонија со тема од клиниката на забите и ендодонтот.

Активно учествувала и на првиот Конгрес на стоматолозите од Македонија во Охрид 1994 година.

По завршувањето на студиите го завршила задолжителниот стаж на клиниките при ЈЗО Стоматолошки клинички центар во Скопје, по што го положила и стручниот испит во 1995 година.

На 1.10.1994 година се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа ортодонција.

Во 1995 година се вработила како клинички лекар на Клиниката за ортодонција при ЈЗО Стоматолошки клинички центар во Скопје.

Како клинички лекар била вкучена во секојдневната клиничка практика и во следење на наставата и вежбите по предметот ортодонција.

Од 1.12.1995 година започнала со специјализација по специјалноста ортодонција.

Во 1997 година била избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција при Стоматолочкиот факултет во Скопје и активно учествувала во изведувањето на практичната настава. Учествувала како автор и коавтор на повеќе теми на симпозиуми и конгреси во земјава и во странство.

На 30.12.1998 година го положила специјалистичкиот испит и се стекнала со звањето специјалист по ортодонција.

Во периодот од 14-17.2.2001 година учествувала и го завршила курсот по фиксна техника "Straight Arch Wire Tehnique I" Angle Cl II 4 PM extraction Typodont case", организиран од Дентаурум со предавач Dr.Wolfgang Gruner .

Во ноември 2003 година доставила пријава за изработка на магистерски труд под наслов „Карактеристики на максиларната и мандибуларната морфологија при вертикални неправилности". Магистерскиот труд го одбранила на 18 .4. 2005 година.

На 26.10.2005 година била избрана во звањето асистент.

Како асистент активно учествувала во изведувањето на практичната настава со студенти.

Перманентно работи на своето стручно и научно издигање. Автор и коавтор е на 40-ина трудови, публицирани во национални и интернационални часописи.

Во 2009 година до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје доставила пријава за изработка на докторски труд под наслов „Влијанието на вертикалните неправилности врз скелетните и мекоткивните краниофацијални структури".

Активно се служи со англискиот јазик.

За нејзиниот интерес и учество во научно истражувачката работа сведочат приложените трудови.

Д-р Билјана Богдановска покажува постојан интерес за стручно, научно и педагошко издигнување. Тоа се согледува преку нејзиниот однос со пациентите и соработниците. Трудољубивата ангажираност и квалитетот на стручните решенија во секојдневната клиничка практика покажува високо познавање на техничко-технолошките достигнувања во современата стоматолошка практика. Со својата трпеливост и несебичност своите знаења ги пренесува на помладите колеги и се јавува како надежен педагог кај студентите од кои е ценета. Забележителен е и нејзиниот интерес и учество во научно истражувачката, работа за што сведочат приложените трудови.

1.ДЕНТОАЛВЕОЛАРНИ ПРОМЕНИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО МАЛОКЛУЗИЈА II КЛАСА 1 ОДДЕЛЕНИЕ И II КЛАСА 2 ОДДЕЛЕНИЕ

Гавриловиќ И.,Богдановска Б.,Даскалова Б.
1-st congress of the orthodontic society.21-24 May 2009, Ohrid, Macedonia.
Целта на овој труд е да се одредат дентоалвеоларните ангуларни и линеарни параметри кај пациенти со малоклузија 2/1 и 2/2, пресметани на 95 латерални телерендгенски снимки. Од добиените резултати може да се заклучи дека е присутна инклинацика на максиларните инцизиви кај пациенти со 2/1, а нивна ретрузија кај пациентите со 2/2.

2. MANDIBULAR DENTOALVEOLAR ANTERIOR HEIGH AND THE SHAPE OF SYMPHYSIS ASSOCIATED WITH VERTICAL DIMENSION

Bogdanovska B.,Gavrilovic I.,Bogdanovski S.,Daskalova B.,Carceva-Salja S.
1-st congress of the orthodontic society.21-24 May 2009, Ohrid ,Macedonija
Целта на овој труд е да ја детерминира мандибуларната дентоалвеоларна висина (MdAABH) и формата на симфизата (SD,SH) кај индивидуи со вертикални неправилности пресметани на 90 латерални телерендгенски снимки, споредени со индивидуи со нормална оклузија. Од резултатите може да се заклучи дека мандибуларната дентоалвеолана висина е најголема кај групата со отворен загриз. Кај истата група, симфизата е долга и тесна, додека кај примерите со длабок загриз, формата на симфизата е пократка и поширока.

3.PULPAL REACTION DURING ORTHODONTIC TREATMENT OF PALATAL IMPACTED CANINES

Daskalova B.,Janev R.,Bogdanovska B.,Lazarevska B.
1-st congress of the orthodontic society.21-24 May 2009, Ohrid ,Macedonija.
Целта на ова испитување е да се прикаже влијанието на ортодонтскиот третман врз сензитивноста на пулпата кај палатинално,унилатерално импактирани канини, испитана кај 15 пациенти на тринаесет годишна возраст. Една недела по хируршката интервенција сите импактирани канини покажаа нормална осетливост на пулпата. Во тек на ортодонтскиот третман кај 8 канини се покажале мала осетливост, а само кај еден канин екстремно ниска осетливост. Еден месец по завршувањето на ортодонтскиот третман сите 15 канини покажале нормална сензитивност.

4. LIP POSITION AND PROFILE CONVEXITY IN ATRACTIVE MACEDONIAN FEMALES

Carceva-Salja S.,Gorgova J.,Gavrilovic I.,Bogdanovska B.
1-st congress of the orthodontic society.21-24 May 2009,Ohrid,Macedonija.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.968 Скопје,15.7.2009 година

5.CHARACTERISTICS OF CRANIOFACIAL MORPHOLOGY IN ATRACTIVE FEMALES WITH NORMAL OCCLUSION

Carceva-Salja S.,Gavrilovic I.,Bogdanovska B.
13 Congress of BaSS, Limassol, 1-4 May 2008 (Apstract book 065) - усна презентација
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 968 Скопје, 15.7.2009 година

6.CHANGES IN THE DENTOALVEOLAR COMPLEX RELATED TO CLASS II DIVISION 1 AND 2 MALOCCLUSIONS

Gavrilovic I.,Bogdanovska B.,Petrovska J.,Carceva - Salja S.,Daskalova B.
84-th Congress EOS,Lisbon 10-14 June 2008.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.986, 14.5.2010 година, Скопје.

7.SHAPE OF THE SYMPHYSIS AND MANDIBULAR DENTOALVEOLAR ANTERIOR HEIGHT ASSOCIATED WITH VERICAL DISORDERS

Bogdanovska B.,Gavrilovic I., Daskalova b.,Petrovska J.,Carceva - Salja S.
84-th Congress EOS,Lisbon 10-14 June 2008.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.986, 14.5.2010 година, Скопје

8. PROGNOSTIC VALUE OF RADIOGRAPHIC EXAMINATION OF IMPACTED MAXILLARY CANINES
J Petrovska.,M.Zuzelova.,D.Petrovski.,R Janev., B.Bogdanovska.
84-th Congress EOS, Lisbon 10-14 June 2008.

Трудот е рецензиран во Билтен бр.986, 14.5.2010 година, Скопје

9. ВЛИЈАНИЕТО НА ВЕРТИКАЛНИТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ ВРЗ МАКСИЛАРНАТА И МАНДИБУЛАРНАТА МОРФОЛОГИЈА И ОБЛИКОТ НА СИМФИЗАТА

Богдановска Б.
Македонски стоматолошки преглед, број 1-2, 2009, Скопје, (списание на Стоматолошкиот факултет во Скопје)

Испитувани се факторите кои влијаат врз хармонијата и дисхармонијата на лицето и заклучено е дека компонентите на лицето се наследуваат независно едни од други, а не како комплекс што доведува до создавање на различни конфигурации на лица. Влијанието на долната лицева висина во формирањето на вертикалните лицеви пропорции е силно. Лицата со отворен загриз се карактеризираат со зголемена долна висина на лицето во споредба со индивидуи со длабок загриз.
Целта на ова испитување е да се процени максиларната и мандибуларната морфологија кај индивидуи со вертикални неправилности и нормална оклузија и да се покаже обликот и површината на симфизата кај 60 испитаници на возраст 13-15 години..
Од добиените резултати заклучено е дека MxAABH, MxPABH, MdAABH и MdPABH се поголеми кај групата со отворен загриз, споредено со групите со длабок и нормален загриз, додека MxAD е поголема кај групата со длабок загриз. Кај примерите со отворен загриз, симфизата е долга и тесна, додека кај примерите со длабок загриз, формата на симфизата е пократка и поширока.

**Д-р Ирена Гавриловиќ** е родена на 29.1.1972 во Скопје, Република Македонија. Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1990/91 год., а дипломирала на 23.2.1996 год., со среден успех осум и деведесет (8,90). Во текот на студиите земала учество на 42-от Светски конгрес на IADS и на 2. Конгрес на YDW од 1 до 5 август 1995 год. одржан во Сао Паоло, Бразил.
Стручниот испит го положила по едногодишниот задолжителен стаж на 23.1.1997 год.
Од 21.3.1997 до 2.11.1998 година работела како волонтер на Клиниката за Ортодонција.
Во учебната 1996/97 година се запишала на постдипломски студии по предметот ортодонција, како стипендист на Министерството за наука.
Од 2.11.1998 година е вработена како клинички лекар на Клиниката за Ортодонција при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје.
Од 21.2.2000 година ја почнала специјализацијата по предметот ортодонција.
На 15.5.2003 година го положила специјалистичкиот испит и се стекнала со звањето специјалист по ортодонција.
Земала активно учество на конгреси и симпозиуми во земјата и во странство.
На 26 и 27.3.2005 во Скопје го завршила курсот по клиничка Ортодонција – "Straith Wire appliance", под менторство на д-р М.Р. Милачиќ.
Во ноември 2005 год. го одбранила **магистерскиот труд** под наслов „Ефектот од инклинација во положбата на усните кај малоклузија II/1 и II/2 по Angle" и се стекнала со звањето магистер по стоматолошки науки.
Учествувала на Собирот на стоматолозите на Македонија одржан во Скопје 2000 година, земала активно учество на III конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (Охрид, 2002 год.), на IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (Охрид, 2006 год.), со две усни презентации; Стоматолошки факултет – Скопје, семинар „Алергии во стоматологијата"; Стоматолошки факултет- Скопје, семинар „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата" (Скопје, 27.3.2010), на Првиот конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија со меѓународно учество (Охрид, 2009), со усна презентација и на многу други семинари и секции.
Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2009 година.
Во јуни 2003 год. учествувала на 79. Конгрес на Европското ортодонтско здружение, одржано во Прага, со постер - презентација. Во јуни 2008 год активно учествувала на 84. Конгрес на Европското ортодонтско здружение во Лисабон, со постер - презентација.
Прифатена и е темата за овогодишниот Европски ортодонтски конгрес кој ќе се одржи во Истанбул, каде што активно ќе учествува.
Земала активно ужество на собирите и семинарите одржени 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 год.
Земала активно учество и на 11. и на 12. Балкански конгрес на стоматолозите, со усни презентации, одржани во Сараево (2006 год.) и Истанбул (2007 год.).
Ментор е на студентски теми, на Конгресот на студенти 2010 и оваа 2011 година.
На 19.12.2007 год., до Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ја доставила пријавата за изработка на **докторска дисертација** под наслов *Евалуација на насмевката кај пациенти со малоклузија II/1*. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р

Марија Зужелова, проф. д-р Јулијана Ѓоргов и проф. д-р Владо Поповски, во 2008 година донесе позитивна рецензија за поднесокот на пријавата за изработка на докторска дисертација, која е во тек.

На 14.3.2008 година го посетила курсот за микроимпланти во ортодонција – Thomas Pin микроимпланти од Dentaurum.

Го посетила курсот "Patient Concepts in the Treatment of Malocclusion of Teehth" одржан од страна на проф. д-р. Ram Nanda на 22.5.2009 год. Во Охрид.

Член е на Стоматолошката комора на Македонија.

Активно се служи со англискиот јазик.

Има интерес за стручно – научно усовршување, за што сведочи учеството на голем број конгреси каде што дел од учеството е со усни презентации, курсеви и семинари.

Автор и коавтор е на 34 стручни трудови, од кои 16 се објавени во домашни, а 18 во странски публикации.

**Список на трудови**

*Рецензирани трудови:*

1. Приказ на ретки случаи на хиподонција, 6.10.1999 – Стоматолошки конгрес, Охрид; Тошеска – Спасова Н., Ќурчиева – Чучкова Г., Поп Стефанова – Трпоска М., *Гудеска И.* – Македонски медицински преглед 1999 г. Vol. 53 – Suplementum 39, Зборник на апстракти на XV конгрес на лекари на Македонија (Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 761 на Универзитетот„ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 15.7.2000 год.

2. Ortohodontic treatment of Class II Division 1 Malocclusion: A case report – 13 – 16.04.2000, Solun; Тошеска – Спасова Н., Мишевска Ц., Кануркова Л., *Гудеска И.*, Спасов З., - 5 –th Congress of the Balkan Stomalogical Society
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 761 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 15.7.2000 год.

3. Examination of size of maxillar and mandibular arches in subjects with crowding and cross bite – Кануркова Л., Тошеска – Спасова Н., Ѓоргова Ј., *Гудеска И.* – 7th Congress of the Balkan Stomatological Society – 28 – 30 March
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 11.4.2003 год.

4. The influence of sucking habit on dental arch morphology – Ќурчиева Чучкова Г., Тошеска Спасова Н., *Гудеска И.*, - 7th Congress of the balkan Stomatological Society – 28-30 March 2002.

(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 11.4.2003 год.

5. Ортодонтско – хируршки третман на ектопично поставени канини – Кануркова Л., Димова Ц., *Гудеска И.*, Ципунова Б., - III Конгрес на Стоматолозите на Македонија, 11 -14.9.2002
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 846 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 1.3.2004 год

6. Карактеристики на апикалната база кај случаи со неправилности II/1 и II/2 – *Гудеска И.*, Ѓоргова Ј., Мишевска Ц., - III конгрес на стоматолозите на Македонија, 11 – 14.9.2009
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 846 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 1.3.2004 год.

7. Корелација меѓу дефинираните краниофацијални растојанија и ширината на максиларниот дентален лак кај испитаници со збиеност – Тошеска Спасова Н., Ќурчиева Чучкова Г., Ципунова Б., *Гудеска И.* – III конгрес на стоматолозите на Македонија, 11 – 14.9.2002, Охрид
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 846 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 1.3.2004 год.

8. Дентоалвеоларни промени при постоење на навиката на цицање – Ќурчиева-Чучкова Г., *Гудеска И.*, Тошеска-Спасова Н. – III конгрес на Стоматолозите на Македонија, 11-14.9.2002, Охрид
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 846 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 1.3.2004 год.

9. Is there sufficient space for third molars? – *Гудеска И.*, Оџаклиева С., Ѓоргова Ј., - 79th Congress of European orthodontic Society – 10 – 14.6.2003 Prague
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 878 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 1.9.2005.

10. Maxillary canine-lateral incisor transposition – Orthodontic management; Report of cases – Богдановска Б., Зужелова М., *Гавриловиќ И.*, Јанев Р., Петровска Ј. – 9th Congress of Balkan Stomatological Society– 13-16 May 2004 Ohrid.
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 878 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 1.9.2005 год.

11. Types of growth and development in the craniofacial complex at the children with Class I – J. Gjorgova, L. Kanurkova, *I. Gavrilovic* – 10th Congress of the Bass – Belgrade, May 2005
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

12. Sucking habits, prevalence and effect on occlusion – *I. Gavrilovic*, J. Gjorgova, L. Kanurkova - 10th Congress of the Bass – Belgrade, May 2005
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

13. Determination of the optimal age for extraction of the third mandibular molar in respect to paresthesia as a complication – retrospective study – N. Pisevska, M. Peeva, S. Gerasimova, *I. Gavrilovic* - 10th Congress of the Bass – Belgrade, May 2005
(Постер - презентација)

Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

14. Lip position in patients with Class II Division 1 – *Gavrilovic I.*, Gjorgova J., Bogdanovska B. - 11th Congress of the Bass – Sarajevo, May 2006
(**Усна презентација**)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

15. Rare case of hiperodontic molars – *Gavrilovic I.*, Carceva-Salja S., Simonovski N. - 11th Congress of the Bass – Sarajevo, May 2006
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

16. Ефектите на Солкосерилот врз лезиите на оралната мукоза – *Гавриловиќ И.*, Ѓоргова Ј., Симоновски Н., Богдановска Б. – IV меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, 22-25 јуни 2006 Охрид
(**Усна презентација**)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 16.6.2008 год.

17. Однесување на периодонциумот при движењето на забите – *Гавриловиќ И.*, Ѓоргова Ј., Царчева-Шаља С. - IV меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид
(**Усна презентација**)

Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 16.6.2008 год.

18. Ортодонтско-хируршки третман кај пациенти со билатерален расцеп – Царчева-Шаља С., Ѓоргова Ј., Кануркова Л., Ристова В., *Гавриловиќ И.* - IV меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 1.6.2008 год.

19. Хиперодонтични молари – приказ на случај – Симоновски Н., Даскалова Б., *Гавриловиќ И.*, Царчева-Шаља С. - IV меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, 22-25 јуни 2006 Охрид
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 16.6.2008 год.

20. Редок случај на ектопични и транспозиционирани максиларни канини – Петрова Е., *Гавриловиќ И.*, Богдановска Б. - IV меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, 22-25 јуни 2006 Охрид
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 16.6.2008 год.

21. Lip position in patients with Class II Division 1 Malocclusion – *Gavrilovic I.*, Gjorgova J. – Balkan Journal of Stomatology, Vol.10 No.3 – November 2006 (In extenso)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 16.6.2008 год.

22. Dentoalveolar changes in patients with Class II Division 1 and Class II Division 2 Malocclusion – *I. Gavrilovic*, J. Gjorgova, S. Carceva Salja, 12$^{th}$ Congress of the Bass – 12-14 April 2007 Istanbul
(**Усна презентација**)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 16.6.2008 год.

23. Effects of chewing gum on plaque accumulation and index of gingival bleeding in orthodontic patients – S Carceva Salja, J Gjorgova, N Simonovski, *I Gavrilovic* - 12$^{th}$ Congress of the Bass – 12-14 April 2007 Istanbul
(**Усна презентација**)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
во Скопје, од 16.6.2008 год.

24. Characteristics of the mandibular morphology (gonial angle) associated with vertical disorder – B. Bogdansovska, S. Bogdanovski, *I. Gavrilovic*, S. Carceva-Salja - 12th Congress of the Bass – 12-14 April 2007 Istanbul
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр.944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

25. The early extraction of the lower third molar – J. Gjorgova, A. Redzepi, L. Kanurkova, *I. Gavrilovic* - 12th Congress of the Bass – 12-14 April 2007 Istanbul
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 944 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 16.6.2008 год.

26. Characteristics of cranial morphology in attractive females with normal occlusion – S. C. Salja, *I. Gavrilovic*, B. Bogdanovska – 13th Congress of the Bass, Limassol, 1-4 May 2008
(**Усна презентација**)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 968 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 15.6.2009 год.

27. Shape of the simphysis and mandibular dentoalveolar anterior height associated with V – B. Bogdanovska, B. Daskalova, *I. Gavrilovic*, J. Petrovska, S. Carceva- Salja -84th Congress EOS, Lisbon, 10-14 June 2008
(Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 986 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 14.5.2010 год.

28. Lip position and profile convexity in attractive Macedonian females with normal occlusion – S. Carceva – Salja, J. Gjorgova, *I. Gavrilovic*, B. Bogdanovska – Prv kongres na zdruzenieto na ortodonti na Makedonija – Ohrid 2009
( Постер - презентација)
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 986 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 14.5.2010

*Трудови за рецензија:*

29. Changes in dentoalveolar complex related to Class II 1 and 2 Malocclusion – *I. Gavrilovic*, B. Bogdanovska, J. Petrovska, S. Carceva – Salja - 84th Congress EOS, Lisbon, 10-14 June 2008
(Постер - презентација)

Целта на овој труд е да се одредат дентоалвеоларните ангуларни и линеарни промени кај пациенти со малоклузија II/1 и II/2 по Angle. Испитувањата биле направени на 95 латерални телерендгенограмски снимки од пациенти со бараните малокузии. Добиените резултати укажуваат на проклинација на максиларните инцизиви и ретроклинација на мандибуларните. Одредувањето

на позицијата на мандибуларните инцизиви во однос на мандибуларната рамнина е важен фактор за одредување на стабилноста по ортодонтскиот третман.
Трудот има практично и научно значење.

30. Shape of the symphisis and mandibular dentoalveolar anterior height associated with V – B. Bogdanovska, *I. Gavrilovic*, J. Petrovska, S. Carceva- Salja - 84[th] Congress EOS, Lisbon, 10-14 June 2008
(Постер - презентација)

Авторите на овој труд имаат за цел да ја детерминираат мандибуларната дентоалвеоларна висина и формата на симфизата кај индивидуи со вертикални неправилности. Направени се испитувања на 90 латерални телерендгенски снимки со дадените неправилности, споредени со снимки од пациенти со нормална оклузија. Од добиените резултати може да се заклучи дека мандибуларната дентоалвеоларна висина е најголема кај групата со отворени загризи. Кај истата група, симфизата е долга и тесна, додека кај пациентите со длабок загриз, симфизата е пократка и поширока.
Трудот има научно значење.

31. Евалуација на насмевката кај пациенти со II/1 – пријава за изработка на докторска дисертација, 2008 година, Комисија за докторски студии при Стоматолошки Факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

32. Orthopedic and orthodontic effects of Delaire mask – R. Janev, B. Daskalova, *I. Gavrilovic*, E. Stoeva - Прв конгрес на Здружението на ортодонти на Македонија – Охрид 2009
(Постер - презентација)

Во овој труд целта е да се согледаат ортодонтските и ортопедските ефекти кај пациенти со мешовита дентиција, со присутна малоклузија од III класа по Angle, третирани со Delaire – ова маска. Направени се телерендгенски кефалометриски испитувања пред и по третманот. Испитани се ангуларни и линеарни вредности кои се однесуваат на промените поврзани со максилата и мандибулата. Добиените резултати укажуваат на извлекување кон напред на точката А и повлекување кон назад на точката Б. Тоа укажува на задна ротација на мандибулата и мезијализација на максилата, што ни овозможува терапевтско корегирање на оваа малоклузија во мешовита дентиција.
Трудот има практично значење.

33. Dentoalveolar changes at patients with Class II Division 1 and Class II Divison 2 Malocclusion – *I. Gavrilovic*, B. Bogdanovska, B. Daskalova, S. Carceva – Salja - Прв конгрес на Здружението на ортодонти на Македонија – Охрид, 2009.
**(Усна презентација)**

Во овој труд целта е фокусирана на промените на меките структури на лицето кои се јавуваат како резултат на денталните и алвеоларните промени поврзани со неправилности од II/1 и II/2. Направени се ангуларни: Is/Sp, Is/SN, Ii/Mp, Ii/FH, Is/Ii, Is/APg, Ii/APg и линеарни: Is-APg, Ii-APg, Is-NPg, Ii-NPg мерења на латерални телерендгенски снимки, од кои 35 снимки биле од пациенти со II/1, 35 снимки биле од пациенти со II/2 и 25 снимки биле од пациенти со нормална оклузија. Добиените резултати укажуваат дека промените на максиларните инцизиви влијаат и на промените на усниците, особено горната усна, па затоа при ортодонтската терапија вниманието треба да биде фокусирано не само постигнување на добра оклузија и функција, туку и на добивање естетика која ќе ги задоволува нашите пациентите.
Трудот има научно и практично значење.

34. Mandibular dentoalveolar anterior height and the shape of symphysis associated with vertical dimension – B. Bogdanovska, *I. Gavrilovic*, S. Bogdanovski, B. Daskalova, S. Carceva – Salja - Прв конгрес на Здружението на ортодонти на Македонија – Охрид, 2009
(Постер - презентација)

Целта на овој труд е да се одреди MdAABH и SD, SH кај пациенти со присутни вертикални неправилности, споредени со пациенти со нормален загриз. Од добиените резултати може да се заклучи дека MdAABH е поголема кај групата со отворен загриз, споредени со групите со длабок загриз и нормален загриз. Кај испитуваните пациенти со длабок загриз, формата на симфизата е пократка и поширока, додека кај пациентите со зголемена долна висина, формата на симфизата е долга и тесна.
Трудот има научно и практично значење.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ја предвид приложената документација за ангажираноста на кандидатите кои се јавуваат на конкурсот за избор на два асистента од областа на ортодонцијата на Катедрата за ортодонција: д-р Јасна Петровска, д-р Александра Подолешова, ас. д-р Биљана Богдановска и ас .д-р Ирена Гавпиловиќ, во изминатиов период од последниот избор до сега, Комисијата го дава следниов предлог:
Сумирајќи ги резултатите од рецензентскиот извештај, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека, ас. д-р Биљана Богдановска и ас. д-р Ирена Гавриловиќ се квалитетни научни работници кои од вработувањето до денес имаат постигнато извонредни резултати, како во научно истражувачката така и во образовната и стручно - апликативната дејност.

Како асистенти покажаа извонредна педагошка подготвеност и способност за работа со студенти во секојдневната непосредна достапност за комуникација и консултации. Вежбите и активностите за кои беа ангажирани ги одржуваа педантно, совесно и квалитетно, создавајќи работна и коректна атмосфера.
За истакнување е нивниот студиозен и сериозен пристап кон обврските, трудољубивоста, дисциплината, инвентивноста, коректниот однос кон колегите и нивната конструктивна соработка.
Импонираат нивните квалитетни научни трудови презентирани и публикувани на еминентни собири во земјата и во странство.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство, да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј" во Скопје **да ги избере кандидатите ас. д-р Биљана Богдановска и ас. д-р Ирена Гавриловиќ** во звањето **асистент по предметот ортодонција.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Зужелова с.р.

Проф д-р Јулијана Ѓоргова с.р.

Проф д-р Елена Петкова с.р.

**До**
**Рецензентската комисија и деканот**
**на Стоматолошкиот факултет во Скопје**

# ПРИГОВОР

на референтот и на заклучокот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (Билтен број 1010, стр. 108-144, објавен на 15.6.2011 година, на веб-страната на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
Од
**насл.доц. Оливер Димитровски, вработен на Клиниката за орална хирургија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон" во Скопје**

Приговорот се однесува на фаворизирањето и пристрасноста на членовите на Рецензентската комисија во постапката на рецензирање на доставените материјали на четирите кандидати.

Комисијата, при пополнувањето на Анексот 2 за четирите кандидати, ја фаворизира кандидатката ас.д-р Марија Пеева со тоа што во наставно-образовната и во стручно-апликативната дејност само кандидатката ја бодирале за активности и ангажмани во кои учествувавме и другите три кандидати.
Јас, како и сите преостанати кандидати сме учествувале во изведувањето на практичната настава на Клиниката од самото наше доаѓање, а бидејќи го одбранив докторатот една година пред ас.д-р Марија Пеева, учествував во подготовката на предавањата по предметот орална хирургија на студентите по стоматологија пред неа, како и во водењето на целокупните предавања, вежби и подготовка на испитите по предметот орална хирургија на вишите стоматолошки сестри, како и истите активности по предметот имплантологија на вишите забни техничари, но и покрај тоа моето бодирање е помало за третина од тоа на кандидатката.
Исто така, во стручно-апликативната дејност за истите награди добиени од Лекарското друштво има добиено пет пати повеќе бода, а е бодирана и за активности за кои и нема графа и објаснувања во Анексот 2 од УКИМ.
Поради сето ова, аи други недоречености во самиот реферат, како и самото објавување на конкурсот во оваа фаза четири години од моето докторирање, сметам дека постои основан сомнеж дека ас.д-р Марија Пеева е фаворизирана и Комисијата била пристрасна во пишувањето на рефератот.

Скопје 22.6.2011

насл.доц. д-р Оливер Димитровски с.р.

До Наставно-научниот совет на
Стоматолошкиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Одговор на приговорот на насл.доц. Оливер Димитровски, вработен на Клиниката за орална хирургија, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15.6.2011 година, стр. 98-145.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Борис Величковски, проф. д-р Александар Грчев, проф. д-р Алберто Бенедети, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова, професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го разгледа приговорот од насл.доц. Оливер Димитровски, поднесен на 22.6.2011 година и е на став дека тој е неоснован по сите точки и тоа:

Пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, од страна на Рецензентската комисија се бодувани исклучиво според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник (година IX, број 138, 6 јули 2009 година), како и врз основа на приложената документација од страна на кандидатите.

Сите доставени активности кои се однесуваат на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност се бодувани врз основа на наведените податоци, доставените сертификати, списоци на трудови и други документи кои ги опфаќаат целокупните активности на кандидатите.

Комисијата констатира дека сите пријавени кандидати ги исполнуваат научните критериуми, законските услови и условите предвидени во релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Рецензентската комисија смета дека изнесените забелешки во приговорот се неосновани и не го менуваат мислењето изнесено во рефератот.

# ПРИГОВОР

на рефератот и на заклучокот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (Билтен број 1010, стр. 98-144, објавен на 15.6.2011 година, на веб-страната на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).

Од

**Асд-р Љуба Симјановска, вработена на Клиниката за орална хирургија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон" во Скопје**

Приговорот се однесува на необјективноста и нереалноста на претставеното бодирање во Анекс 2, како во делот на наставно-образовната дејност така и во делот на научноистражувачката дејност од страна на членовите на Рецензентската комисија во постапката на рецензирање на доставените материјали на четирите кандидати.

Комисијата непринципиелно постапила при пополнувањето на Анексот 2 за четирите кандидати, при што има направено намерни или ненамерни грешки при самото бодирање покажувајќи притоа пристрасност, наклонетост и фаворизирање на некој од кандидатите.

Во делот на наставно-образовната дејност ми се скратени бодови од наставата I циклус студии 2006/2007 ургентни состојби со анестезиологија и реанимација, а за изведување на практичниот дел (вежбите) тие не ми се ни бодирани како кај останатите кандидати. Исто така, другите активности кои се изнесени во извештајот и за кои е потребно да постојат бодови, тие недостасуваат (се исфрлени). Во овој контекст, морам да го назначам и фактот дека, откако сум избрана за асистент, немам направено прекин во континуитетот на изведувањето на практичниот дел во наставата, за разлика од некои кандидати кај кои постои дисконтинуитет (временски интервал од 2-3 години) во изведувањето на вежбите по орална хирургија, за што не постои скратување на бодовите кое би имало удел во вкупниот број на бодови.
Ингерентноста за тоа кој кандидат и колку направил пауза по изведувањето на практичниот дел од наставата е во надлежност на Комисијата која треба да изврши правилно и објективно бодирање.
Што се однесува до бодирањето во делот на научноистражувачката работа, **Комисијата или оној** што го направил бодирањето, тоа го има направено на два начина.
Во првиот случај, членовите на Комисијата имаат правилен пристап на бодирање, при што во неколку наврати имаат извршена правилна корекција на бодирањето за кое сум им благодарна. Во вториот случај постои некоректност во бодирањето, при што: имам трудови кои се со меѓународно учество, а тие ми се бодирани како домашни трудови; некои од усните презентации се бодирани како постери, а in extensor трудовите издадени во странски списанија со или без импакт фактор се бодирани како да се

Земајќи ги предвид сите параметри кои се однесуваат на континуираниот развој и надоградување како квалитетен работник со забележителни резултати и особини кои треба да ги поседува наставно-научниот работник, Рецензентската комисија заклучи и стои на ставот дека ас. д-р Марија Пеева Петреска е кандидатот кој го предлага на Наставно-научниот совет за избор во наставно-научно звање –доцент.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Борис Величковски, претседател, с.р.

---------------------------------------------------------------

2. Проф. д-р Александар Грчев, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

3. Проф. д-р Алберто Бенедети, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

4. Проф. д-р Марија Накова, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

5. Проф. д-р Марија Зужелова, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

објавени во Македонски стоматолошки преглед, иако за секој труд постои приложена и коректна документација.

Со важевот тип на бодирање. Комисијата или оној што го направил бодирањето ненамерно или тенденциозно ми има скратено околу 60 бода (58.6). бројка која и не е за занемарување.

Во овој дел од Анексот постои пристрасност во однос на бодирањето кај други кандидати.

**Овие податоци ја доведуваат во прашање реалната слика на бодирањето и споредувањето на кандидатите.**

Согласно со податоците изнесени погоре произлегува и **нелогичноста на конкурсот** за избор на наставник во сите наставно-научни звања од области на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија.

Скопје 22.6.2011 Ас.д-р Љуба Симјановска с.р.

До Наставно-научниот совет на
Стоматолошкиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Одговор на приговорот на д-р Љуба Симјановска, асистент на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15.6.2011 година, стр. 98-145.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Борис Величковски, проф. д-р Александар Грчев, проф. д-р Алберто Бенедети, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова, професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го разгледа приговорот од ас. д-р Љуба Симјановска, поднесен на 22.6.2011 година и е на став дека тој е неоснован по сите точки, и тоа:

Пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, од страна на Рецензентската комисија се бодувани исклучиво според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник (година IX, број 138, 6 јули 2009 година), како и врз основа на приложената документација од страна на кандидатите.

Сите доставени активности кои се однесуваат на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност се бодувани врз основа на наведените податоци, доставените сертификати, списоци на трудови и други документи кои ги опфаќаат целокупните активности на кандидатите.

Комисијата констатира дека сите пријавени кандидати ги исполнуваат научните критериуми, законските услови и условите предвидени во релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Рецензентската комисија смета дека изнесените забелешки во приговорот се неосновани и не го менуваат мислењето изнесено во рефератот.

Земајќи ги предвид сите параметри кои се однесуваат на континуираниот развој и надоградување како квалитетен работник со забележителни резултати и особини кои треба да ги поседува наставно-научниот работник, Рецензентската комисија заклучи и стои на ставот дека ас. д-р Марија Пеева Петреска е кандидатот кој го предлага на Наставно-научниот совет за избор во наставно-научно звање –доцент.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Борис Величковски, претседател, с.р.

---------------------------------------------------------------

2. Проф. д-р Александар Грчев, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

3. Проф. д-р Алберто Бенедети, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

4. Проф. д-р Марија Накова, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

5. Проф. д-р Марија Зужелова, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЛМСКА, ТВ И РАДИОИГРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 12. V 2011 година, со одлука бр.0202-241/2-3 избра Рецензентска комисија во состав: проф. Данчо Чевренски, проф. проф.Столе Попов и проф. Димитар Грбевски за избор на еден наставник по предметот филмска, ТВ и радио игра.

На Конкурсот објавен во дневните весници „Капитал“ и „Факти“ од 13. IV 2011 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина филмска, ТВ и радио игра, се пријави само м-р Синоличка Меллес Трпкова, доцент по предметот филмска, ТВ и радиоигра на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

1. **М-р Синоличка Меллес – Трпкова** е родена во Скопје, 1965. Во 1982 се запишала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на Одделот за драмски актери во класата на проф.Љубиша Георгиевски, а дипломира во 1988 кај проф. Слободан Унковски со просечен успех (9,22). Уште како студент таа остварува многу значајни улоги како во театар, така и на филмското платно и покажува извонреден успех и талент во нејзиното студирање.

Од 1989 до 1991 работела како професионален актер во Македонскиот народен театар. Од 1991 до 2001 работела на Факултетот за драмски уметности, отпрвин како асистент по предметот актерска игра, а потем од 1995 како асистент по предметот филмска, ТВ и радиоигра. Од 2006 до денес е во звањето насловен доцент на истиот предмет.

За многу кратко време станува популарна и омилена актерка во театар и на филм во Македонија, но и во поранешните југословенски простори. Воедно станува и една од ретките македонски актерки чиј талент е потврден и признаен и на интернационално ниво.

2. Голем број театарски проекти во кои таа учествува се закитени со успех. Во нив спаѓаат: „Мизантроп" во режија на Владимир Милчин, „Црна дупка" во режија на Паоло Мацели, „Ричард трети" во режија на Рахим Бурхан, „Квартет" во режија на Ѓорѓи Јолевски.

Еден дел од филмовите каде што таа толкува улоги се антологиски: „Срećна Нова 1949" во режија на Столе Попов и „Дом за бесење" во режија на Емир Кустурица, обата во конкуренција за Оскар, а вториот закитен и со Златна палма за режија на Канскиот фестивал; „Заминувањето од Пасквелија" во режија на Иван Митевски, „Смртта на ученикот" во режија на Питер Патзак.

Нејзиниот ангажман пред ТВ-камерата зазема исто голем дел од нејзиното професионално искуство: ТВ-серијата „Бушава азбука" во режија на Слободан Унковски, ТВ-драмата „Оазата на Мира" во режија на истоимениот режисер, ТВ-серијата „Опстанок" во режија на Миле Гроздановски и ред други ТВ-остварувања придонесуваат таа да прерасне во сериозен, професионален и искусен ТВ и филмски актер.

Посебно место во овој контекст заземаат нејзиното учество и соработка во студентските филмови при Факултетот за драмски уметности кои се вистински доказ за нејзината максимална посветеност во изградувањето на новите и модерни генерации филмски актери.

Во текот на нејзината кариера е повеќепати добитник на награди:

- најдобар млад актер на МЕС, Сараево, 1990;
- најдобар актер, „Млад борец", Македонија, 1990;
- најдобра сценска дикција, тетарски фестивал Прилеп, 1987;
- најдобра филмска двојка, Ниш, 1990, Југославија;

Нејзиниот петгодишен престој во Холандија (2002-2006) ја збогати оваа личност со низа нови квалитети: совладување на холандскиот јазик, усовршување на техники по драма, соработка на ТВ-серија со студенти на Академијата за уметност во Бреда '„Сент Јост", посетување и држење на работилници по игра пред камера, работа и презентација на проектот за културно истражување на емиграцијата во Холандија при Универзитетот во Амстердам (УВА) и Интернационалниот институт за социјална историја (ИИСГ). Во октомври, 2010 е еден од менторите на меѓународната работилница под наслов „Насилството на филм" што се одржа во рамките на Филмскиот фестивал во Утрехт.

Во ноември 2010 магистрира на Универзитетот за туризам и менаџмент на тема „Филмскиот туризам и странските искуства од значење за РМ". Трудот под наслов „Филмски туризам – нов туристички феномен", чиј автор е таа, е публикуван во збирката на научни трудови на Вториот интернационален научен конгрес: „Влијанието на туризмот врз економскиот развој", април 2011.

Сето ова говори за еден богат животен и професионален развој на оваа кандидатка.

3. Во текот на нејзината работа на Факултетот за драмски уметности таа покажува огромен интерес за работа со студентите, но и интерес за своето лично надградување и усовршување во областа на образованието. Нејзините вежби се секогаш предизвик за студентите. Нејзините комуникациски способности и нејзиниот педагошки пристап кон работата со млади луѓе вродува секогаш резултат. Таа е во неколку наврати и самата дел од организацијата и спроведувањето на завршните испити по овој предмет сé со една единствена цел – комплетно оформување на актерските филмски вештини кај младиот актер. За време на нејзиниот петнаесетгодишен ангажман на Факултетот, таа совлада нов начин во играта пред ТВ и филмската камера базиран врз методите на Тони Бар и Јан Бернард и со тоа внесе нов и свеж пристап во спроведувањето на играта пред камера кој е универзален, прифатен и препознатлив во светските филмски текови.

## ЗАКЛУЧОК

Според горенаведеното, на Наставно-научниот и уметнички совет му предлагаме кандидатката **Синоличка Меллес-Трпкова** да биде избрана во звањето **вонреден професор** по предметите филмска, ТВ и радиоигра и актерска игра пред камера на Факултетот за драмски уметности.

**Рецензентска комисија**

**1. Проф. Данчо Чевревски, с.р.**

**2. Проф. Столе Попов, с.р.**

**3. Проф. Димитар Грбевски, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Синоличка (Борис) Меллес- Трпкова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ______________________

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Филмска, ТВ и радиоигра 3 (лет. семестар 2006), часа 3 x 15 x 0, 04 | 1,80 |
| 2 | Филмска, ТВ и радиоигра 4 (зим. семестар 2006), часа 3 x 15 x 0, 04 | 1,80 |
| 3 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (лет. семестар 2007), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 4 | Филмска, ТВ и радиоигра 2 (зим. семестар 2007), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 5 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (лет. семестар 2008), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 6 | Филмска, ТВ и радиоигра 2 (зим. семестар 2008), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 7 | Филмска, ТВ и радиоигра 3 (лет. семестар 2008), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 8 | Филмска, ТВ и радиоигра 4 (зим. семестар 2008), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 9 | Актерска игра пред камера 1 (лет. семестар 2008), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 10 | Актерска игра пред камера 2 (зим. семестар 2008), часа 1 x 15 x 0, 04 | 0,60 |
| 11 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (лет. семестар 2009), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 12 | Филмска, ТВ и радиоигра 2 (зим. семестар 2009), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 13 | Филмска, ТВ и радиоигра 3 (лет. семестар 2009), часа 3 x 15 x 0, 04 | 1,80 |
| 14 | Филмска ТВ и радиоигра 4 (зим. семестар 2009), часа 3 x 15 x 0, 04 | 1,80 |
| 15 | Основи на филмска, ТВ и радиоигра 3 (лет. семестар 2009), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 16 | Основи на филмска, ТВ и радиоигра 4 (зим. семестар 2009), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (лет. семестар 2010), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 18 | Филмска, ТВ и радиоигра 2 (зим. семестар 2010), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 19 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (лет. семестар 2011), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 20 | Филмска, ТВ и радиоигра 2 (зим. семестар 2011), часа 2 x 15 x 0, 04 | 1,20 |
| 21 | Актерска игра пред камера 1 (вежби лет. семестар 2006), часа 2 x 15 x 0, 03 | 0,90 |
| 22 | Актерска игра пред камера 2 (вежби зим. семестар 2006) часа 2 x 15 x 0, 03 | 0,90 |
| 23 | Актерска игра пред камера 1 (вежби лет. семестар 2008), часа 2 x 15 x 0, 03 | 0,90 |
| 24 | Актерска игра пред камера 2 (вежби зим. семестар 2008), часа 2 x 15 x 0, 03 | 0,90 |
| 21 | Актерска игра пред камера 3 (вежби лет. семестар 2010), часа 2 x 15 x 0, 03 | 0,90 |
| | Актерска игра пред камера 4 (вежби зим. семестар 2010), часа 2 x 15 x 0, 03 | 0,90 |
| | **Вкупно** | **30,60** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Магистратура на Факултет за туризам и менаџмент на тема: „Филмскиот туризам и странските искуства од значење за РМ“ и публикуван труд под наслов: „Филмски туризам – нов туристички феномен“** | 4 |
| | **Вкупно** | 4,0 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – остварени улоги во филмови/ТВ-серии/тетарски претстави: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Дом за бесење - Азра | 6 |
| 2 | Срећна Нова 1949 - Нале | 4 |
| 3 | Тетовирање - Курвата | 4 |
| 4 | Липстик - Весна | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Смртта на Гаврило Принцип - Софија | 6 |
| 6 | Ципси мецик - Мара | 6 |
| 7 | Светло сиво – Девица и Бранкица | 8 |
| 8 | Во светот на бајките - Принцеза | 6 |
| 9 | Заминување од Пасквелија - Етја | 6 |
| 10 | Бушава азбука - Писменка | 6 |
| 11 | Ништо без Трифолио - Мелиса | 4 |
| 12 | Мизантроп - Селимена | 6 |
| 13 | Ричард трети – Леди Ана | 4 |
| 14 | Спасени - Пам | 4 |
| 15 | Квартет - Мертеј | 4 |
| 16 | Среќата – нова идеја во Европа - Европа | 4 |
| 17 | Некои поинакви приказни - Камелија | 4 |
| | | |
| | **Вкупно** | **86,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: Член на меѓународна жири - комисија | Поени |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| **Дејности од поширок интерес** Учество на неговите студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави | | |
| 1 | Работилница – Филмски фестивал, Холандија/Утрехт | 2 |
| 2 | Учество на нејзини студенти во промотивни активности на Факултетот | 2 |
| **Учество на неговите дела ( претстави и филмови) на национални и интернационални манифестации** | | |
| 1 | Ричард трети – Охридско лето | 2 |
| 2 | Мизантроп – Охридско лето, Мес-Сараево | 4 |
| 3 | Ништо без Трифолио – Охридско лето | 2 |
| 4 | Квартет – Бугарија, Полска, Хрватска, Германија | 4 |
| 5 | Среќата – нова идеја во Европа – Франција/Париз | 4 |
| 6 | Заминување од Пасквелија - Берлин | 4 |
| | | |
| | | |
| 1 | Дом за бесење - Кан, Холивуд | 6 |
| 2 | Срећна Нова 1949 - Пула | 4 |
| 3 | Некои поинакви приказни - Берлин | 4 |
| 4 | Заминување од Пасквелија – Берлин | 4 |
| | **Вкупно** | **42,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 30,60 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 86,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 42,00 |
| **Вкупно** | **162,60** |

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. Данчо Чевревски, с.р.**

2. **Проф. Столе Попов, с.р.**

3. **Проф. Димитар Грбевски, с.р.**

# ПРЕГЛЕД

**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Снежна Младеновска Анѓелков | Филмската монтажа како аудиовизуелна естетска компонента преку документарното творештво на Владимир Блажевски | Проф.Димитар Грбевски |
| Драгана Лукан | 28 дена | доц.д-р Сашко Насев |
| Куштрим Бектешки | Кафеана на Шејтанот | доц.д-р Сашко Насев |
| Маринко Шлакески | Бегство | проф.м-р Русомир Богдановски |
| Димитар Сеизов | Естетска звучна форма во аудиовизуелно дело | проф.Димитар Грбевски |
| Марија Џиџева | Документација во документарниот филм | доц.д-р. Антонио Митриќески |

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Филозофскиот факултет** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Мирослав Пендаровски | Влијанието на групната динамика во постигнување на целите во групна социјална работа | 1. Проф. д-р Мариа Доневска<br>2. Доц. д-р Иван Трајков<br>3. Доц. д-р Светлана Трбојевиќ |

За [illegible]

Датум

Потпис

# Преглед

## на пријавени магистерски теми за изработка на магистерски труд на Филозофски факултет

| | Име и презиме | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Читкушев | Надреалното и фантастичното во македонското современо сликарство | проф. д-р Владимир Величковски |
| 2 | Магдалена Симоновска | Ѕидното сликарство во црквата Св.Никола во Куманово | проф. д-р Анета Серафимова |
| 3 | Силвана Боризовска | Семиолошки аспекти во музејската комуникација: со посебен акцент на луѓесо ограничена визуелна перцепција | проф. д-р Никос Чаусидис |
| 4 | Тања Богатинова | Детето со посебни образовни потреби - семеен и општествен предизвик | доц. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 5 | Розалија Давковска | Семејно функционирање и однесување на родителите на деца со аутизам | проф. д-р Владимир Трајковски |
| 6 | Мелита Милевска Богатинова | Агресивност и насилство кај адолесцентите во псебните и редовните училишта во Скопје | доц. д-р Зоран Киткањ |
| 7 | Рамиз Хасани | Партиципативниот менаџмент и современите пристапи во образованието | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| 8 | Кристина Ковачевска | Компетенции за менаџирање на директорот на детска градинка | проф. д-р Лена Дамовска |
| 9 | Горан Тасевски | Планирање и организација на вонаставните активности по предметот физичко воспитување | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| 10 | Дарко Христовски | Компаративна анализа на олтарните апсиди на црквите од епископиите од територијата на Р.Македонијаво контекст на европската ранохристијанска уметност (5-6 век) | проф. д-р Снежана Филипова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Рифат Емин | Документарното и фантастичното во делата на Сијах Калем (турски сликар од XV век) | проф. д-р Драги Георгиев |
| 12 | Лимко Бејзароски | Кичевско - бродскиот регион во територијално - административната поделба на Република Македонија 1944 - 2006 | проф. д-р Виолета Ачкоска |
| 13 | Аќиф Селман | Односот на европските држави кон Турција во времето на Мустафа Кемал Ататурк | проф. д-р Маргарита Пешевска |
| 14 | Соња Исмаил | Популизмот во мултикултурните општества | проф. д-р Коле Јовановски |
| 15 | Душица Димитровска | Филозофските основи на иконоборечкиот спор во Византија | проф. Д-р Вера Георгиева |
| 16 | Зоран Савески | Ризик фактори за појава на зависност од дрога во периодот на адолесценција | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 17 | Катерина Симјановска | Сиромаштијата и малолетничката деликвенција во Република Македонија | проф. д-р Весна Димитриевска |
| 18 | Кирче Трајанов | Реториката во проповедите на Св.Јован Златоуст | акад. проф. д-р Витомир Митевски |
| 19 | Ирена Стоилковска | Влијанието на Стратегијата за внатрешната безбедност на Европската унија врз реформите во безбедносниот сектор на Република Македонија | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 20 | Маријана Михајлова | Стратегија за заштита на животната средина во сферата на алтернативни извори на енергија во европската унија и република Македонија | проф. д-р Илија Ацески |
| 21 | Фросина Денкова | Поврзаност на самопроценката за ефикасноста на наставниците со изворите на стрес и со мотивацијата за работа со ученици | проф. д-р Виолета Арнаудова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22 | Александар Ивановски | Психоанализата на З. Фројд и аналитичката психологија на К.Г.Јунг за односот меѓу религијата и менталноста | проф. д-р Благоја Јанаков |
| 23 | Тони Наумовски | Развојот и промените на воените стратегии на НАТО после завршувањето на студената војна | проф. д-р Ванчо Кенков |
| 24 | Никола Гугувчевски | Улогата на организацискиот контекст во развојот на кариерата | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 25 | Симонида Миљковиќ | Стратешко планирање и концепции на менаџирање на едукативната дејност во музеите во Република Македонија | проф. д-р Антоанела Петковска |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА, АХИТЕКТОНСКА КОМПОЗИЦИЈА И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 24. седница одржана на 31.3. 2011 год., донесе одлука со која нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања од областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен во „Дневник" и „Коха" од 24 март 2011 год., се пријави м-р Митко Хаџи-Пуља, д.и.а., досегашен вонреден професор во Институтот за архитектонско проектирање про Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот на поднесените документи, увидот во досегашната работа и врз основа на познавањето на кандидатот, го даваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци и работно искуство

М-р Митко Хаџи Пуља е роден 1957 година во Скопје.

**1985/2001**
Асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје

**2001,** доцент на Архитектонскиот факултет во Скопје по предметите внатрешна архитектура, архитектонско проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

**2006,** вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје по предметите: внатрешна архитектура, архитектонско проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

**2007/08 2008/09 2008/09 2009/2010 2010/2011**
Учесник во архитектонските студија: I, II.

Универзитетски дипломи:
**1982,** дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ( 1975-1981) под менторство на проф. Александар Никољски.

**1990,** специјализирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, под менторство на проф. д-р Брана Миленковиќ, на тема „Анализа на зафатени простори од аспект на архитектонска композиција".

**1996,** магистрирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, под менторство на проф. д-р Брана Миленковиќ, на тема „Обликовни постапки во компонирањето на архитектонскиот простор".

**2011,** докторска дисертација (предадена во работна верзија) на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", под менторство на проф. д-р Мартин Гулевски, на тема „За феноменологијата на архитектонскиот простор".

Прегледот на референцијалните трудови од наставната, теоретско-едукативната, научноистражувачката и проектантската дејност до неговиот избор во звањето вонреден професор се објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.521, 686, 777.

**II. Наставно – образовна дејност**

Во периодот од изборот за вонреден професор во 2006 до 2011 година, м-р Митко Хаџи-Пуља продолжува да учествува во изведувањето на наставата по предметот внатрешна архитектура, а ја започнува својата наставничка кариера со предавање на предметите теорија на форма и архитектонско проектирање во продлабочената настава (стара студиска програма) односно на предметите архитектонско студио 1 и 2, внатрешна архитектура 1 и 2 и архитектонска композиција (нова студиска програма - ЕКТС).

Учеството на м-р Митко Хаџи-Пуља во остварувањето на наставните програми на коишто е биран е значајно, впечатливо и препознатливо. Мерка и потврда за тоа се студентските семестрални и дипломски проекти на додипломските студии, односно неговото учество во наставата на постдипломските студии.

Значаен е неговиот личен придонес во оживотворувањето и ставањето во процес на изборниот предмет теорија на форма (стара студиска програма), и архитектонска композиција (нова студиска програма). Неговата предметна материја е директно врзана со предметот што е од научен интерес на кандидатот и е од особено значење за обликовното промислување на објектите и вкупното архитектонско образование на студентите, а тоа е феноменологијата на архитектонскиот простор во биокултурен дискурс.

Значајно е неговото учество во продлабочената настава по овој предмет на следниве теми:

| | |
|---|---|
| 2008/09 | Учење + Домување, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје (раководител: проф. д-р Минас Бакалчев); |
| 2002/03 | Прототип на станбен блок, Железничка колонија, Буњаковец, Скопје (раководител: проф. д-р Зорица Блажевска); |
| 2003/04 | Облакодери, за онтологијата на вертикалата, Скопје / Вардарска долина (раководител: проф. д-р Минас Бакалчев, раководител проф. м-р Митко Хаџи Пуља). |

Особено е вредно за внимание учеството на м-р Митко Хаџи Пуља во дефинирањето на содржините и методите на работа во архитектонските студија 1 и 2 заедно со проф. д-р Минас Бакалчев. Архитектонските студија 1 и 2 започнаа со работа за првпат според ЕКТС-програмата во 2007/08 година и денес бележат видни резултати и значајни успеси.

Успешноста во наставно-образовната дејност на вонр.проф. м-р Митко Хаџи Пуља се потврдува и низ неговата активна работа како ментор на 101 дипломска работа на теми: „Сценарија за обнова на македонското село"; „Македонски винарии"; „Музички центар – Едукитавен и перформативен"; „Јужен булевар – сценарија за развој"; „Инфо точка и времено домување на Скопско кале".

Како ментор, проф. м-р Митко Хаџи Пуља ги поттикнува студентите на стекнување нови и продлабочени знаења, вештини и способности за разбирање на просторните консеквенци од различните социјални и технолошки новини и случувања на глобално ниво, придонесувајќи кон формирањето на широк професионален профил на архитект. Значаен е придонесот на професор м-р Митко Хаџи Пуља и во одвивањето на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од наставно-образовната дејност (115,4).

**III. Научноистражувачка дејност**

Предмет на научниот интерес во истражувачките трудови на кандидатот проф.м-р Митко Хаџи-Пуља е феноменологија на архитектонскиот простор, просторот како основен медиум на човековото суштествување, онтогенезата и филогенезата, неговите аспекти, елементи и обликовни постапки во компонирањето.

Централната теза на докторската дисертација е дека архитектонскиот простор се генерира на три нивои појавно ниво – како сетилна даденост, појмовно ниво како ментална конструкција и симболичко ниво како медиум на културолошка репрезентација, кои својата синтеза ја остваруваат во етичкото. Архетипските искуства простор/време се третирани како категории на свеста и постапките со кои битието го обликува искуството на просторот се истите постапки со кои тоа се обликува себеси.

Неговиот истражувачки интерес излегува надвор од овие рамки и се простира пошироко во областите на различните уметности и медиуми (графика, ликовна уметност).

Значаен е неговиот научен и истражувачки придонес во областа на теоријата и архитектонската критика преку негово учество во регионални и меѓународни семинари и објавувања на негови трудови во меѓународни стручни списанија. Научноистражувачката дејност на м-р Митко Хаџи-Пуља претставува повеќезначен придонес, како во создавањето на основите на архитектонската теорија кај нас, така и за нејзината операционализација во практика.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на научноистражувачката дејност (71,8).

**IV. Стручно-уметничка дејност**

Стручно-уметничката дејност на вонр.проф. м-р Митко Хаџи-Пуља е перманентно присутен и еднакво вреден сегмент од неговото сестрано индивидуално и тимско дејствување и во овој меѓуизборен период. Оваа негова дејност е богата тематски разновидна и презентирана во различни медиуми. Уметничката дејност можеме да ја следиме преку бројни архитектонски, архитектонско-урбанистички и конкурсни решенија и нивно јавно претставување на локално и национално ниво. Голем дел од нив постигнаа врвни резултати и високи награди. Со нивната програмска дефинираност, структурна и обликовна јасност придонесуваат за унапредувањето на културата на просторот и јавната свест.

Изложбите на тема „City of Posible Worlds (WORLD=CITY=WORLDS)", 2006 година и „META MAK CUT-OUTS, (Archi(Cut-Out)tecture/ Popular Architecture", 2008 година, претставени на меѓународната архитектонска изложба La Biennale di Venezia, претставуваат значајни национални репрезентации каде што м-р Митко Хаџи-Пуља се јавува како куратор (заедно со д-р Минас Бакалчев и д-р Влатко П. Коробар) (2010).

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на стручно-уметничката дејност (126,0).

**V. Стручно-апликативна дејност**

Апликативната операционализација на научноистражувачките, стручно-уметничките и теоретски знаења од областа на архитектурата, широките сознанија и ставови од другите уметности ја наоѓаат својата релевантност во изработката на бројни идејни и основни архитектонски проекти. Најголем број од проектите се со потпис МБМХП и се производ на поширок тим.

Забележително е неговото учество во промовирањето на повеќе архитектонски изложби како и континуираниот професионален и уметнички ангажман во областа на графичкиот дизајн.

| | | |
|---|---|---|
| | x 15 недели x 0,04= 0,6 | |
| 18. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2008/2009 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 19. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2008/2009 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 20. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководител: проф. м-р Гоце Аџи-Митревски), летен сем. 2008/2009 (3+5),предавања:1 час x 15 недели x 0,04= 0,6 | 0,6 |
| 21. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2008/2009 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 22. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2009/2010 (2+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 6,75 предавања: 2 часа x 15 нед. x 0,04= 1,2 | 7,95 |
| 23. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2009/2010 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 24. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2009/2010 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 25. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2009/2010 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 26. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Облакодери", раководители: проф. д-р Минас Бакалчев, проф. м-р Митко Хаџи Пуља), летен сем. 2009/2010 (3+5), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 27. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2010/2011 (2+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 6,75 предавања: 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2 | 7,95 |
| 28. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Облакодери", раководители: проф. д-р Минас Бакалчев, проф. м-р Митко Хаџи Пуља), летен сем. 2010/2011 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 29. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2010/2011 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 30. | Внатрешна архитектура (ЕКТС), зимски сем. 2010/2011 (2+2), вежби: 2 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 2,7 | 2,7 |
| 31. | Архитектонска композиција, зимски сем. 2010/2011 (2+0), предавања: 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 32. | Меѓународна летна школа за архитектура на тема „Процес" во организација на Архитектонски факултет во Скопје, манастир „Св. Јоаким Осоговски", раководител: Хрвоје Њириќ, 8.7-16.7. 2006 – учесник. | 1 |
| 33. | Работилница „Уредување на кејот на реката Вардар, лев брег – просторот како медиум", во организација на град Скопје и Архитектонски факултет - Скопје, МКЦ, Скопје, 1.3-9.3. 2007 – раководител. | 1,5 |
| 34. | Работилница „Скопје, културни патеки", Route of Culture, Master Class of: Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja, Ss. Cyril & Methodius University, реализирана со помош на италијанската влада и IMG, Скопје, 2008 – раководител. | 1,5 |
| 35. | Ментор на 101 дипломска работа на теми: „Сценарија за обнова на македонското село", „Македонски винарии", „Музички центар – Едукативен и перформативен", „Јужен булевар – сценарија за развој", „Инфо точка и времено домување на Скопско кале". 101 x 0,2 = 20,2 | 20,2 |
| | **Вкупно** | **115,4** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | Бакалчев, М. + Хаџи Пуља, *М. Културни патеки / Скопје навигатор*, Мастер класа: Бакалчев, М. + Хаџи Пуља, М. , Скопје, 2008 – автор на монографијата/каталог. | 7,2 |
| 02. | Учесник во меѓународен научен проект: Темпус-проект на ЕУ: Реформирање на архитектонската едукација во КАРДС-земјите (раководител: проф. д-р Влатко Коробар), European Union project: TEMPUS SCM C019 A04 – „Re-forming Architectural Education in the Cards Countries" - institution participant & co-ordinator. (Serbia, Bosnia & Herzegovina, Albania, Macedonia), 2005/2006. | 5 |
| 03. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Бакалчев, М., Хаџи Пуља, М. „Град на можни светови", Културен живот бр.3-4/2006, Скопје, 2006. | 1,8 |
| 04. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Разговор со Бакалчев, М. и Хаџи Пуља, М., разговорот го водеше Вучковиќ, С. „Проектантското ниво на градење е во криза", Порта 3, бр.50, 15.1.2007. | 2 |
| 05. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Разговор со Бакалчев, М. и Хаџи Пуља, М., разговорот го водеше Вучковиќ, С. „Архитектурата е професија која зрее низ времето", Порта 3, бр.85, 30.6.2008. | 2 |
| 06. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Хаџи Пуља, М.„Архитектура=сеќавање на иднината", Пресинг, ISSN 1857-744-х, год.I, бр.1, Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија, февруари 2011. | 2 |
| 07. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „City of Posible Worlds (WORLD = CITY = WORLDS)". The Macedonian participation at 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2006. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 08. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „City of Possible Worlds", објавен труд во „Cities, Architecture and Society". 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Richard Burdett), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2006. | 5,4 |
| 09. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „META MAK CUT-OUTS, (Archi(Cut-Out) tecture / Popular Architecture". The Macedonian participation at 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2008. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 10. | Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „META MAK CUT-OUTS", објавен труд во „Out There, Architecture Beyond Buildings, Volume 4". 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Aaron Betsky), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2008. | 5,4 |
| 11. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „Learning Architecture". The Macedonian participation at 12 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2010. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 12. | Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „Learning Architecture", објавен труд во „People meet in Architecture: Biennale Architettura 2010 - Participating countries/ Collaborative Events". 12 International Architecture Exhibition (director Kazuyo Sejima), La Biennale di Venezia, Marsilio Editori, s.p.a., Venice (pp 48-51), 2010. | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | „Град на можни светови"; „Секојдневен манифест" (Минас Бакалчев, Митко Хаџи Пуља), 2 предавања на научен собир „ФОРУМ СКОПЈЕ", Скопје, 2008. (2+2=4) | 4 |
| 14. | Учество во научен стручен собир: Трибина на Утрински весник „Скопје треба да се гради, но дали со објекти од стари разгледници" (учесници: Трифун Костовски, Елизабета Канчевска Милевска, Виолета Аларова, Никола Ристановски, Минас Бакалчев, Митко Хаџи Пуља) Утрински весник, 19 01 2007. | 1 |
| 15. | Предавање на научен собир со меѓународно учество: Ohrid Summer University (OSU): International, Interdisciplinary Summer School for Young Faculty from SEE and EU: „Integrating Cultures / Negotiating New Subjectivities" (Course Director: Suzana Milevska, PhD), Ohrid, 2007. | 3 |
| 16. | „Everyday Manifesto / Metamak Architecture" (Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja), предавање на научен собир со меѓународно учество одржано на „BALKAN production_02 In conversation with architects from Southeast Europe Az W/ Architekturzentrum Wien – Podium", Виена, Австрија, 2008. | 3 |
| 17. | „Metamak" (Minas Bakalčev, Mitko Hadzi-Pulja, Sasa Tasic, Dimitar Papasterevski), предавање на референтен странски универзитет „TUDelft", Delft, Холандија, 2007. | 3 |
| | **Вкупно** | **71,8** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | „МБМХП ПАНОРАМА 2000-2005: ЕПИДИЈАГРАМСКИ ПЕЈСАЖ" (МБМХП), јавно претставено дело – изложба, коридор, Архитектонски факултет, 2006, Скопје. | 8 |
| 02. | „Сеќавање на Живко Поповски", јавно претставено дело – изложба, коридор: Архитектонскиот факултет - Скопје, јануари 2007. | 8 |
| 03. | „City of Posible Worlds", јавно претставено дело, национално претставување на 10-та меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, В. Коробар), Венеција, 10.9.2006 - 19.11.2006. | 8 |
| 04. | „The Blinded House 7x11", (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Д. Папастеревски), јавно претставено дело, национално претставување на „House in Transition/ Habitat at Ypenburg", Artotek & Qenep architecture, Den Hague, The Netherlands, 23.4 - 16.5.2007. | 8 |
| 05. | „МЕТА МАК CUT-OUTS", јавно претставено дело, национално претставување на 11. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља, В. Коробар), Венеција, 14.9.2008 - 23.11.2008. | 8 |
| 06. | „Brave New World Imprints - Towards the Face" (М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља), јавно претставено дело на „BRAVE NEW WORLD", IFA Institut fur Auslandsbeziehungen, Berlin, , 2008. | 8 |
| 07. | „Learning Architecture", јавно претставено дело, национално претставување на 12. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља), Венеција, 2010. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 08. | Идејно архитектонско решение за „Фасадно обликување на хидроцентрала – Матка", локација: езеро Матка - Скопје, инвеститор: ЕВН - Македонија (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ), 2007. | 2 |
| 10. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа Љубиќ", локација: ул.Орце Николов, бр.174, Скопје, 2007 - (автори: МБМХП) | 2 |
| 11. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа (надградба-доградба)", локација: Водно, Скопје, 2007 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 12. | Идејно архитектонско-урбанистичко решение за „Конгресен центар – Св. Јован Кукузел", локација: ул. Партизанска - Охрид, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008. | 2 |
| 13. | Идејно архитектонско решение за „Македонско-италијански едукативен центар", локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", - Скопје, 2008 - (автори: МБМХП). | 2 |
| 14. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови", локација: Бардовци, Скопје, 2008 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 15. | Идејно архитектонско решение за „Православен храм, црква Св. Илија", локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор - Говрлево, 2008 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски) | 2 |
| 16. | Идејно архитектонско решение за „Туристички комплекс Св.Стефан", локација: Охрид, 2008 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 17. | Идејно архитектонско решение за „Трговско-угостителски објект", локација: плоштад „Македонија", Скопје, 2009 - (автори: МБМХП). | 2 |
| 18. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)", локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 19. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа Костови", локација: Маврово, 2009 - (автори: МБМХП). | 2 |
| 20. | Идејно архитектонско решение за „ДВОР, просторни програмски интервенции", локација: село Велмеј, 2010/2011 - (автори: МБМХП). | 2 |
| 21. | Идејно архитектонско решение за „Угостителски објект со времено домување", локација: Горица, Охрид, 2010 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 22. | Идејно архитектонско решение за "Семејна куќа – вила Стојковски", локација: ул. Лазар Димитров б.б, Скопје, 2011 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски) | 2 |
| 23. | Изведен објект, „Преградба на две станбени единици за семејство Илоски", локација: Центар, Скопје, (автор: М. Хаџи Пуља), 2008. | 4 |
| 24. | Изведен архитектонски објект „Црква Свети Илија", локација: Говрлево, Скопје, (автори: М.Бакалчев, М.Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008 | 4 |
| 25. | Изведен архитектонски објект „Трговско-угостителски објект", локација: плоштад „Македонија", Скопје, (автори: МБМХП), 2009. | 4 |
| 26. | Изведен архитектонски објект „Едносемејна куќа Костови", локација: Маврово (автори: МБМХП), 2009. | 4 |
| 27. | Изведен објект, „Ентериерно уредување на станбена единица", локација: Центар, Скопје, (автор: М. Хаџи Пуља), 2010. | 4 |
| 28. | Изведен архитектонски објект „ДВОР, просторни програмски интервенции", локација: село Велмеј, (автори: МБМХП), 2010-2011. | 4 |
| 29. | Групно јавно претставување на архитектонски дела на „13. БИМАС– Биенале на македонската архитектура", МГС - Музеј на град Скопје, 2006; „СКОПЈЕ ГРАД НА СОЛИДАРНОСТА 1963/2008", Музеј на град Скопје, (концепт/ просторна инсталација: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, Б. Зеќири), 2008; „Културно преоткривање/ Архитектонско и урбано преобликување на културните патеки", Мала станица, Скопје, 2008; „14. БИМАС", МГС - Скопје, 2008; „АСК - Архитектура Скопје 2008", | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| | МГС - Музеј на град Скопје, 2008; „АСК 2009“, МГС - Скопје, 2009; „НИЕ, 60-години Архитектонски факултет“, Скопје, Музеј на град Скопје, 2009; „15. БИМАС „Културен центар - Мала Станица, Скопје, 2009; „АСК 2010“, МГС - Скопје, 2010. (9 x 2 = 18) | |
| | **Вкупно** | **126,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | Промотор на изложба: Made In Germany, Architecture + Religion / Архитектура + религија, Goethe Institute, Музеј на Град Скопје, 2006. | 0,5 |
| 02. | Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа Љубиќ“, локација: ул. Орце Николов, бр.174, Скопје, 2007 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 03. | Идеен архитектонски проект за „Семејна куќа (надградба-доградба)“, локација: Водно, Скопје, 2007 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 04. | Идеен и основен архитектонски проект за „Македонско-италијански едукативен центар“, локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 2008 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 05. | Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови“, локација: Бардовци, Скопје, 2008 – (автори: МБМХП), (2+2=4) | 4 |
| 06. | Идеен и основен архитектонски проект за „Православен храм, црква Св. Илија“, локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор – Говрлево, 2008 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), (2+2=4) | 4 |
| 07. | Идеен архитектонски проект за „Туристички комплекс Св.Стефан“, локација: Охрид, 2008 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 08. | Идеен и основен архитектонски проект за „Трговско-угостителски објект“, локација: плоштад „Македонија“, Скопје, 2009 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 09. | Идеен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)“, локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 10. | Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово, 2009 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 11. | Идеен и основен архитектонски проект за „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, 2010/2011 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 12. | Идеен и основен архитектонски проект за „Катна Гаража“, локација: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин, Скопје, инвеститор: Град Скопје, 2010 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 4 |
| 13. | Идеен и основен архитектонски проект за „Угостителски објект со времено домување“, локација: Горица, Охрид, 2010 – (автори: МБМХП), (2+2=4) | 4 |
| 14. | Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа – Вила Стојковски“, локација: ул. Лазар Димитров бб, Скопје, 2011 (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Графички дизајн: Циклус проекти/календари за Комерцијална банка за 2008, 2009, 2011; Графички дизајн: Циклус проекти (плакати, покана, книга) за Градежни конструктори за 2005, 2007, 2009; плакат и каталог за изложба ПЛАКАТ/КАТАЛОГ: НИЕ, 60 години Архитектонски факултет, Скопје, 2009; плакат и каталог за изложба Културни патеки / Скопје навигатор, 2008; октомври 2009; изработка на каталог „City of Possible Worlds (world = city = worlds)"(ISBN 9989-156-24-7), 2006; графичко уредување на изложба „Изложба за Живко Поповски", изложбен коридор: Архитектонски факултет - Скопје, јануари 2007; графички дизајн на плакат за изложба „26 јули - Скопје", Музеј на град Скопје, 26.7.2007; изработка на плакат за изложба: „13 Ноември - Скопје", Музеј на град Скопје, 13.11.2007; изработка на плакат за изложба: „Скопска тврдина - археолошки истражувања", Музеј на град Скопје, 10.12.2007; изработка на каталог „Metamac Cut-Outs, archi(cut-out)tecture / popular architecture (ISBN 978-9989-156-57-1), 2008; Графички дизајн – лого за инженерска институција на Македонија, 2009; Графички дизајн – лого за Комора на архитекти и инженери на Македонија, 2009; (14 x 2 = 28) | 28 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 16. | Меѓународна награда на 10. Интернационална архитектонска изложба, Венециско биенале, куратор на Македонскиот павилјон, Венеција, 2006. | 2 |
| 17. | Голема годишна награда на ААМ, за најуспешно реализирано архитектонско дело во 2006, покровител на наградата Претседател на Р. Македонија, 2006. | 2 |
| 18. | Голема награда за архитектура на град Скопје (архитектонска реализација), Македонско-италјански едукативен центар, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, АСК ‚Архитектура Скопје, 2008. | 2 |
| 19. | Студиски претстој во странство (Италија, Франција, Германија, Австрија, Швајцарија, Холандија), 2006-2010. (7 x 0,5 = 3,5) | 3,5 |
| 20. | Член на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2005-2011. | 0,5 |
| 21. | Член на комисии за избор во звање 2006-2010. (10 x 0,2 = 2) | 2 |
| 22. | Член на Советот при Министерството за култура на Македонија, 2009 - 2011. | 3 |
| 23. | Претседател на жири-комисии при Министерството за култура на Македонија, 2009 - 2011. (3 x 3 = 9) | 9 |
| 24. | Продекан за настава и наука, 2005-2009 | 4 |
| | **Вкупно** | **102,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **115,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **71,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **126,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **102,5** |
| **Вкупно** | **415,7** |

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата, според увидот во севкупното дејствување на вонр.проф. м-р Митко Хаџи-Пуља и врз основа на негово лично познавање, е на мислење дека станува збор за исклучителна личност што остава јасна и неизбришлива трага на полето на архитектонското образование и архитектонското творештво, како и на полето на уметничкото творештво, воопшто, во Република Македонија. Како автор, тој е неодминлив во детерминирањето на современите архитектонски и културни вредности кај нас, а како таков е референца на Факултетот, на Универзитетот и на Македонија воопшто.

Митко Хаџи-Пуља е инвентивен, високо креативен со јасно издиференциран личен став - педагог – учител, ерудит со широки и темелни познавања во областа на архитектурата и уметноста, истражувач – аналитичар, сестран во смисла на неговиот широк интерес за многу области на науката и на уметноста, а особено за филозофијата, етиката и педагогијата. Тој е активен и посакуван учесник во расправите на актуелни теми од овие области.

Хуманата димензија, етичноста, високо изградените професионални, уметнички и педагошки критериуми како појдовни премиси на неговиот личен интерес и на неговиот личен став се основните карактеристики во неговото дејствување во образованието на архитектите, во неговото творештво и во неговите релации со околината. Заради ова, тој е неодминлив дел од културната и стручната елита во Републиката.

Заедно со проф. д-р Минас Бакалчев, поставуваат јасна, прогресивна, високо интелектуална и творечка насока, во согласност со референтните движења во архитектурата во светот, кон која ќе треба да се поместуваат архитектонското образование и архитектонското творештво кај нас.

Повеќекратното учество на Венецијанското биенале, бројните проекти и реализации, освоените награди, честите јавни настапи и посебно претставувањето на студентски проекти изработени под негово менторство и со негов јасен белег, преку изложби и други јавни манифестации, се неговата референца на плоден творец и учител.

Поаѓајќи од ставот дека вонр.проф. м-р Митко Хаџи-Пуља е екстраординарна личност, неодминлива во дефинирањето на архитектурата и архитектонското образование во Република Македонија денес, Комисијата со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, кандидатот вонр.проф. м-р Митко Хаџи-Пуља, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избран во звањето редовен професор во областа на архитеконското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Димитрије Голубовски, редовен професор – претседател, с.р.
2. Д-р Иванка Кировска, редовен професор – член, с.р.
3. Д-р Влатко П. Коробар, редовен професор – член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ОДБРАНИ РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ФИЗИКА 1" ОД НАСТАВНИЦИТЕ ПО ФИЗИКА НА ФЕИТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.02-1675/91 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 1.6.2011 год., избран сум за рецензент на трудот „Збирка на одбрани решени задачи по физика 1" од наставниците д-р Верка Георгиева, д-р Христина Спасевска, д-р Маргарита Гиновска, д-р Ласко Баснарков, м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и Тања Ивановска.

По прегледот на доставениот ракопис, слободен сум да го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот „Збирка на одбрани решени задачи по физика 1", од д-р Верка Георгиева, д-р Христина Спасевска, д-р Маргарита Гиновска, д-р Ласко Баснарков, м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и Тања Ивановска, наставници и соработници по физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, е во обем од вкупно 159 стрници на кои се изложени вкупно 146 одбрани задачи со нивните комплетни решенија, од одредени области застапени со програмата по предметот физика 1 на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ).

Задачите се поделени во 9 поглавја : Кинематика (19 задачи); Динамика (19 задачи); Динамика на ротационото движење (11 задачи); Еластичност, осцилации и бранови (18 задачи); Хидромаханика (8 задачи); Топлина (6 задачи); Термодинамика (15 задачи); Геометриска оптика (19 задачи); Физичка оптика (19 задачи) и Фотометрија (12 задачи).

Секоја задача е придружена со неопходниот сликовит и графички приказ со што е овозможено нејзиното успешно и квалитетно решавање.

Обработените задачи во предложениот ракопис, се главно одбрани задачи кои ги нема во постојната „Збирка на решени задачи по физика" од М. Фукарова, Б, Мицевски и др. што до сега се користеше на ЕТФ, сега ФЕИТ. Поголем дел од нив се давани на писмени или на парцијални испити во претходните неколку години.

Задачите се квалитетно обработени со неопходниот методски пристап кон нивното решавање и со соодветни математичко-физички интерпретации и објаснениjа за нивно полесно и поуспешно совладување од страна на студентите.

При прегледот на ракописот се констатирани одреден број мали пропусти, главно од технички карактер, кои не влијаат битно на општиот впечаток за неговиот квалитет и кои посебно им се доставени на авторите.

Врз основа на изнесеното, би можело да се даде следниов

ЗАКЛУЧОК

Предложениот ракопис „ЗБИРКА НА ОДБРАНИ РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ФИЗИКА 1“ од авторите д-р Верка Георгиева, д-р Христина Спасевска, д-р Маргарита Гиновска, д-р Ласко Баснарков, м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и Тања Ивановска, ќе претставува учебно помагало кое ќе придонесе за збогатување на малубројните постојни универзитетски збирки на решени задачи по физика на македонски јазик, како и за полесно и поуспешно совладување на материјата од страна на студентите.

Поради тоа, му препорачувам на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, преложениот ракопис да го прифати и да го одобри за печатење.

Рецензент
М-р Димитар Качурков, редовен
професор во пензија, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ОДБРАНИ РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ФИЗИКА 1" ОД НАСТАВНИЦИТЕ ПО ФИЗИКА НА ФЕИТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.02-1675/91 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата редовна седница одржана на 1.6.2011 год., избран сум за рецензент на трудот „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД ФИЗИКА 1" од наставниците д-р Верка Георгиева, д-р Христина Спасевска, д-р Маргарита Гиновска, д-р Ласко Баснарков, м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и Тања Ивановска.

По разгледувањето на доставениот ракопис, слободен сум да го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот „ЗБИРКА ОДБРАНИ РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД ФИЗИКА 1", од авторите д-р Верка Георгиева, д-р Христина Спасевска, д-р Маргарита Гиновска, д-р Ласко Баснарков, м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и Тања Ивановска, содржи задачи кои наполно се совпаѓаат со материјата опфатена со предметот ФИЗИКА 1 во наставниот план за I година на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје.

Ракописот е изложен на 159 страници, во кој се опфатени 146 задачи со комплетни решенија поткрепени со 154 слики. Во оптичкиот дел има 42 графички слики со соодветни ознаки кои овозможуваат успешно и квалитетно решавање на задачите. Сето тоа придонесува читателот побрзо и подобро да го сфати поставениот проблем и да навлезе во неговата суштина.

Спецификацијата на задачите што се обработени во приложениот ракопис е извршена според следниве области: кинематика, динамика, динамика на ротацијата, еластичност, осцилации и бранови, хидромеханика, топлина, термодинамика и оптика. Бројот на обработени задачи по области е следен: кинематика-19, динамика-19, динамика на ротацијата-11, еластичност, осцилации и бранови-18, хидромеханика-8, топлина-6, термодинамика-15, геометриска оптика-19, физичка оптика-19 и фотометрија-12 задачи.

Пишувањето на ваков труд секогаш е придружено со некои технички и суштински пропусти. И во овој труд се провлекле такви недостатоци кои повеќе се од технички карактер. Рецензентот посебно им укажа на авторите на овие недостатоци и тие ги прифаќаат и се согласуваат со забелешките, така што во конечниот изглед на ракописот ќе бидат отстранети според сугестиите на рецензентот.

Врз основа на изнесеното би можело да се даде следниов

ЗАКЛУЧОК

Имајќи предвид, како долгогодишен наставник по физика на Елекротехничкиот факултет, сега Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), дека на студентите им недостасува една таква збирка задачи, истовремено ценејќи го трудот на авторите, имам чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) да му предложам понудениот ракопис „ЗБИРКА ОДБРАНИ РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД ФИЗИКА 1“ од авторите д-р Верка Георгиева, д-р Христина Спасевска, д-р Маргарита Гиновска, д-р Ласко Баснарков, м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и Тања Ивановска, да го прифати и да го одобри за печатење.

Рецензент
Д-р Михаил Толев, редовен
професор во пензија, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје од 28. IV 2011 година, бр. 02-1154/1, назначени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во научната област моторни возила.

На конкурсот објавен во весникот "Утрински весник" од страна на деканот на Машинскиот факултет во Скопје, на 6. IV 2011 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област моторни возила се пријави само кандидатот д-р Игор Ѓурков, дипломиран машински инженер, доцент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила при Машинскиот факултет во Скопје.

Врз основа на доставените материјали за кандидатот, неговата досегашна педагошка, научна и стручно-апликативна активност, како и од приложените трудови, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

Кандидатот Игор Ѓурков е роден на 2. I 1965 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. На Машинскиот факултет се запишал во учебната 1983/84 година и по запишувањето заминал на отслужување на воениот рок во периодот од октомври 1983 до септември 1984 година. Од учебната 1984/85 година редовно ја следел наставата и ги полагал предвидените испити. По завршувањето на првата студиска година, во текот на учебната 1985/86 година, бил на деветмесечен приватен престој во Чикаго - САД, каде што следел предавања и курсеви од областа на информатичката технологија на Универзитетот на Североисточен Илиноис. Студиите ги продолжил по враќањето, во учебната 1986/87 година, и дипломирал во почетокот на 1991 година на насоката *механизациони машини и возила*, со просек 8,86.

Темата на неговата дипломска работа е *Однесување на возило со бочно еластични пневматици во патни услови* и е оценета со оценка 10.

Во текот на три студиски години, во рамките на вкупно четири семестри, бил ангажиран како демонстратор по предметите *математика 1-3* и *нумеричка математика и ДСМ.* Активно го владее англискиот јазик, а се служи со германскиот и со италијанскиот.

Од ноември 1991 година е ангажиран како стручен соработник на определено време од три години во Институтот за машински конструкции и механизациони машини и возила. Во 1994 година бил избран во звањето помлад асистент, а во 1997 е реизбран во истото звање.

На постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1991/92 година, во истражувачкото подрачје *моторни возила*, под менторство на проф. д-р Драги Данев. По положувањето на испитите на постдипломските студии, магистерскиот труд *Однесување на возилата во нестационарен режим на движење* го одбранил на 14. IV 2000 година и се стекнал со академски степен - магистер на машински науки.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет од 20. IX 2000 година, м-р Игор Ѓурков е избран во соработничко звање - асистент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, а на 25. XII 2003 е реизбран во истото звање.

Во јули 2003 година, кандидатот Игор Ѓурков пријавил тема за изработка на докторска дисертација под *наслов Косимулација во виртуелна околина на динамичкото однесување на возилата со имплементирање на напредни системи за контрола на нивната стабилност*. Темата е прифатена со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет од 2. X 2003 и за ментор е определен проф. д-р Драги Данев.

Докторската дисертација ја одбранил на 7. IV 2006 година и се стекнал со академски степен - доктор на технички науки.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет бр. 02-3046/1 од 28. IX 2006 година, д-р Игор Ѓурков е избран во наставно-научно звање - доцент во научната област моторни возила при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила. Во изминатиот петгодишен период е вклучен во изведувањето на наставата на трите студиски програми на Институтот од првиот циклус на студии (моторни возила, индустриски дизајн и транспорт, механизација и логистика), како и во наставата на вториот циклус - постдипломските студии.

Во октомври 2008 е избран за раководител на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила со четиригодишен мандат и по службена должност станува член на управата на Машинскиот факултет.

Од учебната 2009/2010 година е раководител на наставно-научниот колегиум за вториот циклус на студии за студиските програми кои ги покрива неговиот матичен Институт.

Во истиот период станува член - извршител во рамките на акредитираното Инспекциско тело за возила.

**II. Наставно-педагошка активност на кандидатот**

Прегледот на наставно-педагошката активност на кандидатот се однесува на изминатиот петгодишен период, од изборот во наставно-научно звање.

Во учебната 20006/2007 одржува предавања и вежби по предметите *виртуелни модели и динамички симулации* и *дизајн на возила* на новата студиска програма Индустриски дизајн, предмети кои се нови и за кои кандидатот учествува во креирањето на наставната програма и материјалите за учење. Во истата учебна година одржува вежби по предметите *графичко комуницирање*, *инженерска графика*, *конструирање и CAD*, *основи на конструирањето*, *автоматизација на постапките за проектирање на возила*, *проектирање и анализа на автоматизирани системи на моторните возила* и *автоматизација на системите на моторните возила*.

Од наредната учебна 20007/2008 година, покрај споменатите предмети: *виртуелни модели и динамички симулации* и *дизајн на возила*, одржува редовна настава и по предметите *експлоатација и одржување, експлоатација и одржување на моторните возила, симулација на динамиката на возилата, како и квалитет и логистика*. За последните два предмета треба да се истакне дека претставуваат новововедени предмети на студиските програми Моторни возила и Транспорт, механизација и логистика и за кои кандидатот учествува во креирањето на наставната програма и подготвува интерни скрипти.

Во периодот од учебната 2007/2008, заклучно со учебната 2009/2010 продолжува со одржувањето вежби по предметот *автоматизација на постапките за проектирање на возила*, а од 2007/2008, во континуитет до тековнава академска година одржува вежби по предметот *автоматизација на системите на моторните возила*.

Од учебната 2008/2009 година па наваму, има наставна активност во рамките на вториот циклус на студии (постдипломски студии) на Машинскиот факултет по предметите *моделирање и симулација, системи за управување* и *надежност на техничките системи*. Во моментов е ментор на магистерски трудови на пет кандидати кои студираат на студиската програма Моторни возила.

## III. Научноистражувачка и стручно-апликативна активност на кандидатот

Кандидатот д-р Игор Ѓурков во изминатиот петгодишен период од изборот во наставно-научно звање има остварено значајна научноистражувачка и апликативна дејност. Листата на трудови, исто како и податоците за наставно-образовната дејност се прикажани во образецот даден во прилог кон овој извештај.

Од листата научни трудови треба да се истакнат трудовите под редните броеви 2 и 4, објавени на англиски јазик. Во првиот, "Хаотично однесување на механички вибро-ударен систем со два степени на слобода и можности за појава на хаотично однесување кај четвртинскиот модел на возило", кој е презентиран на меѓународната автомобилска конференција во Белград, во 2009 година, со современи симулациски методи се врши истражување на можностите за појава на специфични феномени во однесувањето на возилата во смисла на нивната вертикална динамика, односно на нивното осцилаторно однесување. Во вториот, "Истражување на трошоците на корисникот во рамките на животниот циклус на возилата", презентиран на светскиот конгрес на Меѓународната федерација на автомобилските здруженија (FISITA) во Будимпешта, во 2010 година, дадена е анализа на севкупните трошоци за набавка, екплоатација и одржување на возилата, спроведена на три типа возила во реални услови на користење, во специфичен сегмент - наменски, воени возила на Армијата на Република Македонија.

Од стручната активност на кандидатот треба да истакнат неколку работи:

Првата се однесува на ангажманот на кандидатот во рамки на стручните тимови на Машинскиот факултет за извршување на вештачења побарани од страна на судскиот систем во Република Македонија. Во рамките на тие активности особено треба се истакнат извештаите, односно експертизите под редните броеви 2 и 6 од табелата за

стручно-апликативна дејност во образецот во прилогот. И двете експертизи се однесуваат на случаи кои се меѓу најчувствителните настани во јавноста во Македонија во последниве неколку години. За експертизата под реден број 6, која е претставена на 120 страници, може дополнително да се каже дека е дадена на увид и на странски експерти и дека нема никакви забелешки за начинот на извршувањето и за изнесениот наод и мислење во неа. Како заклучна белешка во овој контекст, ангажманот на кандидатот, заедно со колегите од Факултетот, во посочените случаи може да се смета за признание и укажана доверба во нивната стручност, објективност и темелност во извршувањето на работата.

Понатаму, за периодот од 2005 до 2008 година, за истакнување е ангажманот на кандидатот во активностите на Здружениот европски проект 19017 *Воведување наставна програма по нумерички симулации во студиите по машинско инженерство*, (TEMPUS JP 19017, "Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering"), што Машинскиот факултет го спроведе во соработка со Слободниот универзитет од Брисел и Техничкиот универзитет од Штутгард. Во рамките на тие активности, доц. Ѓурков има директна заслуга за оформувањето на Центар за моделирање и симулации, организиран во вкупно три простории во новата зграда на Машинскиот факултет, од кои две претставуваат компјутеризирани училници за изведување настава и обука. Во негова надлежност се прашањата на организацијата на работата и наставата во центарот, надградувањето на програмските пакети и одржувањето на компјутерската техника.

Во периодот од 2007 до 2008 година доц. Ѓурков е носител на два договора за консултантски ангажмани во рамките на Проектот за модернизација на образованието, проект на Владата на Република Македонија(CS/SIG/5/18 и CS/SIG/6/9). Во рамките на тој проект, заедно со други предавачи од Факултетот, извршена е обука на 17 наставници од ДСУ "Ѓорѓи Наумов" од Битола и од АСУЦ "Боро Петрушевски" од Скопје на тема "Мехатронски системи кај современите моторни возила и кај механизацијата", курс во траење од 40 часа предавања и практична демонстрација (ред.бр. 9 и 10 во прилогот). Таквиот ангажман на кандидатот може да се истакне како придонес во ширењето на техничката култура во областа на моторните возила и осовременувањето на знаењата на наставниците во едно многу актуелно и динамично поле на техниката, преку формите на доживотно учење.

Доц. Игор Ѓурков даде свој придонес во рамките на обезбедувањето странска стручна литература на македонски јазик на начин што ја предложи за превод и, како главен редактор, во соработка со двајца свои колеги, изврши стручна редакција на преведениот текст од англиски јазик на насловот "Теорија на копнени возила", Ј.У. Вонг (македонско издание: Арсламина, Скопје, 2009), книга која се смета за еден од трите најкористени фундаментални учебници од областа на теоријата на движењето на возилата во пошироки рамки. Ова издание се реализираше во рамките на проектот за превод на 500 стручни наслови на Владата на Република Македонија.

Кандидатот д-р Игор Ѓурков е експерт во Техничкиот комитет за моторни возила, формиран врз основа на проектите на Секторот за европска интеграција при Владата на Република Македонија за преведување на регулативите на Европската унија. Неговиот активен ангажман во Комитетот е на полето на верификација на македонските преводи на регулативите и усогласување на македонската стручна терминологија од областа на моторните возила.

**IV. Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната документација што е доставена на увид, анализата на приложените трудови, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата констатира дека кандидатот доц. д-р Игор Ѓурков, дипломиран машински инженер, бил успешно вклучен во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната активност на Машинскиот факултет во Скопје.

Сериозниот однос кон колегите, непосредноста и залагањето во работата со студентите, како и темелниот пристап кон извршувањето на обврските укажуваат дека станува збор за вреден наставен работник кој придонесува во градењето на реномето на Машинскиот факултет. Научните и стручните трудови, како и неколкуте нововедени студиски предмети и материјали за нив потврдуваат дека Игор Ѓурков е квалитетен и перспективен наставник и научен работник. Постигнатото дава за право да се каже дека кандидатот ги поседува неопходните квалитети за натамошен ангажман во академската средина.

Во смисла на претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Правилникот на Машинскиот факултет во Скопје, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, кандидатот доц. д-р Игор Ѓурков, дипломиран машински инженер, да биде избран во наставно-научното звање вонреден професор во научната област моторни возила.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Скопје, 29.6.2011

1. Проф. д-р Драги Данев, редовен професор во пензија,
Машински факултет – Скопје, претседател с.р.

2. Проф. д-р Тодор Давчев, редовен професор во пензија,
Машински факултет – Скопје, член с.р.

3. Проф. д-р Милан Ќосевски,
Машински факултет - Скопје, член с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Игор Александар Ѓурков**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Машински факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **моторни возила**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување настава од I циклус - **ПРЕДАВАЊА** | |
| 1. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2006/2007) | 1,8 |
| 2. | Дизајн на возила (летен 2006/2007) | 1,2 |
| 3. | Експлоатација и одржување (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 4. | Експлоатација и одржување на моторните возила (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 5. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 6. | Техничка експлоатација и одржување на моторните возила (зимски 2007/2008), стар наставен план | 1,2 |
| 7. | Ефективност и логистика (зимски 2007/2008), стар наставен план | 1,2 |
| 8. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2007/2008) | 1,2 |
| 9. | Дизајн на возила (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 10. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 11. | Квалитет и логистика (летен 2007/2008) | 1,2 |
| 12. | Експлоатација и одржување (зимски 2008/2009) | 1,2 |
| 13. | Експлоатација и одржување на моторните возила (зимски 2008/2009) | 1,2 |
| 14. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2008/2009) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2008/2009) | 1,2 |
| 16. | Техничка експлоатација и одржување на моторните возила (зимски 2008/2009), стар наставен план | 1,2 |
| 17. | Дизајн на возила (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 18. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 19. | Квалитет и логистика (летен 2008/2009) | 1,2 |
| 20. | Експлоатација и одржување (зимски 2009/2010) | 1,2 |
| 21. | Експлоатација и одржување на моторните возила (зимски 2009/2010) | 1,2 |
| 22. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2009/2010) | 1,8 |
| 23. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2009/2010) | 1,2 |
| 24. | Дизајн на возила (летен 2009/2010) | 1,2 |
| 25. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2009/2010) | 1,2 |
| 26. | Квалитет и логистика (летен 2009/2010) | 1,2 |
| 27. | Експлоатација и одржување (зимски 2010/2011) | 1,2 |
| 28. | Експлоатација и одржување на моторните возила (зимски 2010/2011) | 1,2 |
| 29. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2010/2011) | 1,8 |
| 30. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2010/2011) | 1,2 |
| 31. | Дизајн на возила (летен 2010/2011) | 1,2 |
| 32. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2010/2011) | 1,2 |
| 33. | Квалитет и логистика (летен 2010/2011) | 1,2 |
| | | |
| | | |
| | Одржување настава од I циклус - **ВЕЖБИ** | |
| 34. | Автоматизација на системите на моторните возила (зимски 2006/2007), стар наставен план | 1,35 |
| 35. | Проектирање и анализа на автоматизирани системи на моторните возила (зимски 2006/2007), стар наставен план | 1,8 |
| 36. | Графичко комуницирање (зимски 2006/2007) | 1,8 |
| 37. | Инженерска графика (зимски 2006/2007) | 2,25 |
| 38. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2006/2007) | 1,35 |
| 39. | Конструирање и *CAD* (зимски 2006/2007) | 1,8 |
| 40. | Дизајн на возила (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 41. | Основи на конструирање (летен 2006/2007) | 1,35 |
| 42. | Основи на конструирање и *CAD* (летен 2006/2007) | 0,9 |
| 43. | Автоматизација на постапките на проектирање на возила (летен 2006/2007), стар наставен план | 1,35 |
| 44. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2007/2008) | 1,35 |
| 45. | Проектирање и анализа на автоматизирани системи на моторните возила (зимски 2007/2008), стар наставен план | 1,8 |
| 46. | Автоматизација на постапките на проектирање на возила (зимски 2007/2008), нов наставен план | 0,9 |
| 47. | Автоматизација на системите на моторните возила (зимски 2007/2008), стар наставен план | 0,9 |
| 48. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2007/2008) | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| 49. | Дизајн на возила (летен 2007/2008) | 1,35 |
| 50. | Автоматизација на системите на моторните возила (летен 2007/2008), нов наставен план | 0,9 |
| 51. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2007/2008) | 0,9 |
| 52. | Автоматизација на постапките на проектирање на возила (зимски 2008/2009) | 0,9 |
| 53. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2008/2009) | 1,35 |
| 54. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2008/2009) | 1,35 |
| 55. | Дизајн на возила (летен 2008/2009) | 0,9 |
| 56. | Автоматизација на системите на моторните возила (летен 2008/2009) | 0,9 |
| 57. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2008/2009) | 0,9 |
| 58. | Автоматизација на постапките на проектирање на возила (зимски 2009/2010) | 0,9 |
| 59. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2009/2010) | 1,35 |
| 60. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2009/2010) | 1,35 |
| 61. | Дизајн на возила (летен 2009/2010) | 0,9 |
| 62. | Автоматизација на системите на моторните возила (летен 2009/2010) | 0,9 |
| 63. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2009/2010) | 0,9 |
| 64. | Виртуелни модели и динамички симулации (зимски 2010/2011) | 1,35 |
| 65. | Пракса во индустријата, малите и средните претпријатија (зимски 2010/2011) | 1,35 |
| 66. | Дизајн на возила (летен 2010/2011) | 0,9 |
| 67. | Автоматизација на системите на моторните возила (летен 2010/2011) | 0,9 |
| 68. | Симулација на динамиката на возилата (летен 2010/2011) | 0,9 |
| | | |
| | Одржување настава од II циклус - **ПРЕДАВАЊА** | |
| 69. | Моделирање и симулација (летен 2008/2009) | 1,5 |
| 70. | Надежност на техничките системи (зимски 2009/2010) | 1,5 |
| 71. | Системи за управување (летен 2009/2010) | 1,5 |
| 72. | Моделирање и симулација (летен 2010/2011) | 1,5 |
| 73. | Подготовка на нов предмет: квалитет и логистика (студ. прогр. ТМЛ), предавања и вежби | 1,5 |
| 74. | Подготовка на нов предмет: симулација на динамиката на возилата (студ. прогр. МВ), предавања и вежби | 1,5 |
| 75. | Подготовка на нов предмет: виртуелни модели и динамички симулации (студ. прогр. ИНД), предавања и вежби | 1,5 |
| 76. | Подготовка на нов предмет „Дизајн на возила" (студ. прогр. ИНД), предавања и вежби | 1,5 |
| 77. | Консултации со студенти, уч. 2006/2007 (157 студенти) | 0,314 |
| 78. | Консултации со студенти, уч. 2007/2008 (181 студенти) | 0,362 |
| 79. | Консултации со студенти, уч. 2008/2009 (129 студенти) | 0,258 |
| 80. | Консултации со студенти, уч. 2009/2010 (140 студенти) | 0,28 |
| 81. | Консултации со студенти, уч. 2010/2011 (142 студенти) | 0,284 |
| 82. | Ментор на дипломска работа (22) | 4,4 |
| 83. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (39) | 3,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 84. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4) | 1,2 |
| 85. | Интерна скрипта од предавања (1) | 4 |
| | | |
| | **Вкупно** | **111,75** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Kostic A., Kosevski M., Danev D., Gjurkov I.: "Analyses of the dynamical behavior of vehicle sprunged and unsprunged mass through virtual simulation and experiments", International Congress Motor Vehicle & Motors 2008, Kragujevac, Serbia, October 2008 | 2,4 |
| 2. | Kostic, A., Kosevski, M., Kocarev, L., Danev D., Gjurkov I., "Chaotic Behavior of Mechanical Vibro-impact System with Two Degrees of Freedom and Possibilities of Chaotic Behavior of Quarter Vehicle Model", International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles" Belgrade, 2009 | 2,4 |
| 3. | Jakimovska, K., Davcev, T, Gjurkov I., " Life Cycle Cost (LCC) model of vehicle ownership costs according to different regimes of exploitation", Proceeding of the XIX International Conference MHCL '09, Belgrade, Serbia, 2009. | 2,7 |
| 4. | Jakimovska, K., Davcev, T, Gjurkov I., "Research on the User's Costs in Motor Vehicle Life Cycle", F2010-H-009, FISITA Congress, Budapest, Hungary, 2010. | 2,7 |
| 5. | Jakimovska, K., Gjurkov I., "Comparison of Vehicle Maintenance Cost among Different vehicle Types", XXIII Conference Science and Motor Vehicles, Belgrade, Serbia, 2011. | 2,7 |
| 6. | European Project under Seventh Framework programme (FP7) Grant Agreement number: 218699, Project acronym: TRANSBONUS, Project title: Transport EU-Western Balkan Network for Training, Support and Promotion of Cooperation in FP7 research activities, 2009-2011 | 5 |
| | | |
| | **Вкупно** | **17,9** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија | |
| 1. | Доц. д-р Дарко Данев, доц. д-р Игор Ѓурков – Испитување на потисната сила на противградобијни ракети производ на Макпетрол – „ТЕМКО“ – Скопје, Технички извештај, Машински | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | факултет – Скопје бр. 07 – 165/2 од 26.1.2007, јануари 2007. | |
| 2. | Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, доц. д-р Дарко Данев, доц. д-р Игор Ѓурков, Вешто мислење по предмет XXII.II. бр.2715/02 од 14.12.2007 (Основен суд Скопје II) | 1 |
| 3. | Доц. д-р Дарко Данев, доц. д-р Игор Ѓурков, Технички извештај од стручна анализа на возниот парк на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Машински факултет – Скопје, јули 2008. | 1 |
| 4. | Доц. д-р Игор Ѓурков, Вешто мислење по предмет КИ.84/07 од 6.10.2008 (Основен суд Струмица) | 1 |
| 5. | Доц. д-р Игор Ѓурков, доц. д-р Дарко Данев, Вешто мислење по предмет VIII.КРИ.бр.950/07 од 18.3.2008 (наредба на Основен суд Скопје I) | 1 |
| 6. | Доц. д-р Игор Ѓурков, проф. д-р Миле Димитровски, вон.проф. д-р Зоран Богатиновски, вон.проф. д-р Валентино Стојковски, Вешто мислење по предмет бр. КИ.бр.143/09 од 1.3.2010 „Експертиза на пловидбената незгода на патничкиот брод „Илинден" (наредба на Основниот суд Охрид). | 1 |
| 7. | Доц. д-р Игор Ѓурков, Вешто мислење по предмет бр. IV Р.бр.12/2010 од 31.3.2010 „Експертиза за состојбата на патничкото возило Citroen C5 VIN VF7RCRHRG76659283" (наредба на Основен суд Скопје II, Вонпарничен оддел) | 1 |
| 8. | Доц. д-р Игор Ѓурков, доц. д-р Дарко Данев, Вешто мислење по предмет бр. IV Р.бр.12/2010 од 29.3.2010 „Експертиза за состојбата на патничкото возило Toyota Auris VIN NMTKC56E20R008869" (според барање на АД „ВИНЕР"-Скопје) | 1 |
| | | |
| 9. | Консултантски ангажман на група предавачи за одржување циклус предавања во рамките на Проектот за модернизација на образованието од Владата на РМ на тема „Мехатронички системи кај современите моторни возила и кај механизацијата" (CS/SIG/5/18), во ДСУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола (вкупен обем 40 часа; водител и носител на договорот: доц. Игор Ѓурков) | 1 |
| 10. | Консултантски ангажман на група предавачи за одржување циклус предавања во рамките на Проектот за модернизација на образованието од Владата на РМ на тема „Мехатронички системи кај современите моторни возила и кај механизацијата" (CS/SIG/6/9), во ДСУ „Ѓорѓи Наумов" – Скопје (вкупен обем 40 часа; водител и носител на договорот: доц. Игор Ѓурков) | 1 |
| 11. | Стручна редакција и лектура на превод на универзитетска литература од англиски јазик (наслов: „Теорија на копнени возила", Ј.У. Вонг, македонско издание, изд. Арсламина, Скопје, 2009). | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Раководител на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила при Машинскиот факултет во Скопје | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Член на управата на Машинскиот факултет во Скопје | 1 |
| 3. | Раководител на Наставно-научен колегиум за втор циклус студии за студиските програми ИНДМ, МВ и ТМЛ | 2 |
| 4. | Техничка помош на Владата на Република Македонија за транспонирање на технички директиви на ЕУ (Technical assistance to the Government of Macedonia for the transposition of technical EU directives; Project No:02.3515.0-013.00 GTZ) | 2 |
| 5. | Учество во промотивни активности на Факултетот | 0,5 |
| 6. | Член-извршител на на акредитирано инспекциско тело за возила | 1 |
| 7. | Студиски престои во странство (x 6):<br>1. Технички универзитет во Штутгард (октомври 2006)<br>2. Слободен универзитет во Брисел (јуни 2007)<br>3. Бироверитас - Париз (партнер во ТЕМПУС-проектот 19017; јули 2007)<br>4. Слободен универзитет во Брисел (февруари 2009)<br>5. Технички универзитет во Штутгард (јануари. 2009)<br>6. Универзитет за применети науки – Ахен, Геманија (март 2011) | 3 |
| | **Вкупно** | **23,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **111,75** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **17,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **23,5** |
| **Вкупно** | **153,15** |

Скопје, 29.6.2011

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Драги Данев, редовен професор во пензија, Машински факултет – Скопје, претседател с.р.

2. Проф. д-р Тодор Давчев, редовен професор во пензија, Машински факултет – Скопје, член с.р.

3. Проф. д-р Милан Ќосевски, Машински факултет - Скопје, член с.р.

**ДО**
**НАУЧНИОТ СОВЕТ НА**
**ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ**
**1000 СКОПЈЕ**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ДЕМОГРАФСКИ ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК" ОД АВТОРИТЕ Д-Р АЛЕКСАНДАР ЌУРЧИЕВ, Д-Р ЕЛКА ДИМИТРИЕВА, Д-Р АМАЛИЈА ЈОВАНОВИЌ, Д-Р ВЕРИЦА ЈАНЕСКА И М-Р АЛЕКСАНДРА ЛОЗАНОСКА

Согласно со одлуката на Научниот совет на Економскиот институт од 25.10.2010 година, со која сум определен да бидам еден од рецензентите на трудот *Демографски терминолошки речник*, го доставувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Трудот ***Демографски терминолошки речник***, од авторите д-р Александар Ќурчиев, д-р Елка Димитриева, д-р Амалија Јовановиќ, д-р Верица Јанеска и м-р Александра Лозаноска, содржи предговор, вовед, приближно 900 одредници или дефинирани термини, користена литература и сето ова изнесено на вкупно 157 страници.

Од содржински аспект, дефинициите на термините се однесуваат на сите клучни демографски подрачја, почнувајќи од категоријата население, неговите природни и механички движења, па до термините кои спаѓаат не само во демографијата како наука, туку и во другите нејзини блиски научни дисциплини: антропологијата, економијата, социологијата, статистиката и социјалната психологија. На тој начин, авторите се на трагата на новите сфаќања на демографијата кои инсистираат врз примена на интердисциплинарен приод, односно сфаќајќи ја демографијата како интердисциплина. Во ваквиот приод сѐ повеќе се преферира комбинирање на дедуктивната (квантитативната) и индуктивната (квалитативната) истражувачка стратегија на демографските појави и промени. Според многу современи демографи, новите тенденции во демографијата најмногу се препознаваат според методологијата која хевристички ги поврзува квантитативните и квалитативните методи на истражување. Таквата методологија овозможува не само објаснување на причините на демографските промени и разлики во одделни региони, туку и нивно разбирање, особено на промените кои поминуваат низ трите фази на демографската транзиција, изложени од Ворен С. Томпсон.

Покрај значајноста во примената на комбинираниот приод во изработката на *Демографскиот терминолошки речник*, исто така не помалку значаен е неговиот придонес за демографската теорија за која во демографските истражувања во Републикава не се води доволно сметка, односно добар број од овие истражувања не се теориски втемелени или од нив не произлегуваат нови поими и хипотези. Ако демографската дедуктивна теорија ја сочинуваат дефинициите на поимите, формулациите на хипотезите, типологиите, тенденциските правилности и научните закони, сепак темелите на секоја теорија, оттука и на демографската, ги прават дефинициите на поимите и нивното поврзување во мрежа, со што се воспоставува теоријата. Токму во трудот *Демографски терминолошки речник* се прави успешен обид за попрецизно дефинирање и соодветно толкување на демографските и сродни поими кои го овозможуваат нивното мрежно поврзување во Мертоновото поимање на воспоставување на теоријата.

Авторите се обиделе одреден број дефиниции на демографски поими да ги *редефинираат*, бидејќи тргнаа од стојалиштето дека дефинициите на поимите не се статични и тие треба да ги следат економските, социјалните и културните промени, притоа водејќи сметка за општествено-историскиот контекст. Само на тој начин дефинициите на поимите можат да бидат хевристички плодни и со нивна операционализација да се доаѓа до собирање на пообјективна и поцелосна искуствена евиденција. Со примената на квалитативните методи на истражување на демографските појави и промени, кои кај нас се запоставени, се доаѓа до нови поими и хипотези, па дури до нова приземјена теорија (Grounded Theory).

Оттука, трудот *Демографски терминолошки речник* претставува епистемолошки и теориски придонес во развојот на македонската демографија. Покрај ова, трудот има и културолошко значење, поради тоа што со дефинирањето на нови поими и соодветно преведување на термини на четирите светски јазици (англиски, германски, француски и руски) се дава придонес во збогатувањето на македонскиот јазик. Така, на преведувачите овој труд ќе им биде од голема полза при преведувањето на соодветна странска литература на македонски, но и обратно.

*Демографскиот терминолошки речник* е од значење и за применетата демографија: планирање на семејството, демографија на здравјето и популациската политика. Во процесите на општествена транзиција и глобализација, во кои се наоѓа и македонското општество, демографските промени, како од аспект на природните движења на населението, така и од аспект на неговите механички движења и промени, сѐ повеќе ќе го свртуваат вниманието не само на демографите истражувачи, економистите, социолозите, антрополозите итн., туку и на политичарите и на пошироката јавност, како и на меѓународните институции и организации, како што се Обединетите нации, во кои, покрај друготот, се претпоставува дека рамништата на фертилитет ќе се стабилизираат врз тенденцијата само на две деца по жена, па така бројот на населението на планетата Земја во 2150 година би изнесувал 10.8 милијарди жители.

Во *Демографскиот терминолошки речник* се етаблирани разлики во приодот на дефинирањето на одредени термини кои веројатно произлегуваат од спецификите на научните дисциплини на кои припаѓаат авторите, како и од различната научна и стручна литература со која се служеле и служат овие автори (на пример, одредени дефиниции на термини се пошироко обработени и протолкувани, а за други термини се дадени само кратки дефиниции, без пошироко образложение). Понатаму, одредени термини во современата демографија не се спомнати, ниту дефинирани (пример, „постмодерна демографија", „родова (не)еднаквост" и сл.). Терминот „демографска транзиција" е веќе одомаќен во научната и стручна литература и тој во *Демографскиот терминолошки речник* е заменет со терминот „премин во две фази", иако, како што е познато, дефиницијата и толкувањето на поимот „демографска транзиција", што го воведе споменатиот автор Ворен Томпсон, се одвива како процес во три фази, во кој една форма на стабилност на населението може на крајот да биде заменета со друга, тогаш кога општеството ќе постигне повисоко рамниште на стопански и културен развој.

Се разбира, овие забелешки немаат за цел да го намалат значењето и придонесот на трудот за демографската наука во Република Македонија, туку неговиот квалитет уште повеќе да се подобри.

Уверен сум дека трудот *Демографски терминолошки речник* ќе биде неодминлив за користење од сите идни демографи истражувачи и од истражувачите на наведените сродни и комплементарни дисциплини, но и од оние во наставната дејност: професори, асистенти и студенти кои слушаат настава од демографија. Таква настава е веќе институционализирана на повеќето економски факултети во Републикава; на институтите за социологија и социјална работа и политика на Филозофскиот факултет во скопје, како и на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Покрај ова, се надевам дека трудот *Демографски терминолошки речник* ќе предизвика поширок интерес во јавноста и кај секого кој има интерес да ги обнови или прошири знаењата од подрачјата на демографијата, демографските промени и нивните причини и разбирања.

Врз основа на горенаведеното, ми претставува посебна чест на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да му предложам, трудот ***Демографски терминолошки речник*** да се публикува и со тоа да биде достапен на научната, стручната и пошироката јавност.

Скоје, 7.4.2011 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Петре Георгиевски с.р.

ДО
НАУЧНИОТ СОВЕТ НА
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ДЕМОГРАФСКИ ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р АЛЕКСАНДАР ЌУРЧИЕВ, Д-Р ЕЛКА ДИМИТРИЕВА, Д-Р АМАЛИЈА ЈОВАНОВИЌ, Д-Р ВЕРИЦА ЈАНЕСКА И М-Р АЛЕКСАНДРА ЛОЗАНОСКА

Согласно со одлуката на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, бр. 02-1913/1 од 25.10.2010 година, со која сум определен да бидам еден од рецензентите на трудот *Демографски терминолошки речник*, го доставувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Трудот ***Демографски терминолошки речник*** е изработен од тим на научни работници: д-р Александар Ќурчиев, д-р Елка Димитриева, д-р Амалија Јовановиќ, д-р Верица Јанеска и м-р Александра Лозаноска, коишто целиот работен век или подолго време се занимаваат со демографската проблематика. Речникот содржи предговор, вовед, повеќе од 900 најчесто употребувани демографски термини или одредници, користена литература, при што сето тоа е поместено на 157 страници.

Врз основа на внимателното проучување на овој труд може да се констатира дека авторите целосно ги исполниле поставените цели. Имено, иако трудот не пледира на сеопфатност, сепак во него е поместен респектабилен дел од богатата демографска терминологија која ги вклучува и термините од блиските научни дисциплини (статистика, социологија и економија). Она што дополнително го прави вреден овој труд е утврдувањето на соодветни изрази на македонски јазик за демографските термини кои најчесто се користат со усвоени странски изрази, потоа претставувањето на термините на четири странски јазици (англиски, француски, германски и руски), како и нивното концизно и јасно образложение, со што демографската проблематика станува разбирлива и за пошироката јавност.

Со оглед на тоа дека демографската проблематика наоѓа сè поширока примена и станува дел од секојдневниот живот, *Демографскиот терминолошки речник* е особено актуелен труд. Во него се поместени термини од сите области на демографската наука, кои секојдневно се користат, но исто така и поспецифични термини кои се од интерес за научноистражувачката работа и за образовната дејност. Во таа смисла се издвојуваат повеќе групи на демографски термини: демографијата како наука и демографските теории, развојот на населението,

природното и механичкото движење на населението, структурните белези на населението, како и политиките за населението.

Неспорен е сериозниот пристап при изработката на овој труд. Меѓутоа, со оглед на комплексноста и интердисциплинарноста на демографската проблематика, може да се констатира извесна неконзистентност на опфатот на термините од различните демографски области, а особено на оние што се предмет на проучување и на блиските научни дисциплини. Но, тоа не ја намалува вредноста на овој труд, туку претставува предизвик за негово натамошно проширување и продлабочување.

Објавувањето на *Демографскиот терминолошки речник* е од исклучително значење, особено во услови кога демографската проблематика побудува сè поголем интерес на научната, стручната и пошироката јавност и станува неизоставен дел на студиските програми на повеќе факултети од општествените науки. Истовремено, тоа претставува континуитет на активностите на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), која пред две децении започна со изработување на македонска терминологија од разни научни области.

Демографските термини, односно нивните образложенија заедно со еквивалентите на други јазици, поместени во овој труд очекуваме не само да придонесат за појаснување на определени изрази, туку да бидат инспирација и предизвик за посеопфатно проучување на демографската проблематика. Истовремено, *Демографскиот терминолошки речник* ќе биде корисна алатка за широк круг на корисници: научни работници и стручњаци; вработени во министерства, владини агенции и други институции; вработени во средни и високообразовни институции; ученици и студенти; професионални преведувачи и др.

Од изнесеното недвосмислено произлегува заклучокот и предлогот до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, рецензираниот труд ***Демографски терминолошки речник*** од авторите: д-р Александар Ќурчиев, д-р Елка Димитриева, д-р Амалија Јовановиќ, д-р Верица Јанеска и м-р Александра Лозаноска да биде публикуван. Тој со својата актуелност и значење, неспорно ќе го привлече вниманието не само на научните и стручните лица од оваа област, туку и на пошироката јавност.

Скопје, 15.4.2011 година

Рецензент
Проф. д-р Славе Ристески с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНА ВЕЈВЛЕТ - КОРЕЛАЦИЈА ВО ПРЕПО-ЗНАВАЊЕ И ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА СЛИКА ОД КОЛЕКЦИЈА НА СЛИКИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИГОР СТОЈАНОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 2.6.2011 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНА ВЕЈВЛЕТ - КОРЕЛАЦИЈА ВО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА СЛИКА ОД КОЛЕКЦИЈА НА СЛИКИ, поднесена од Игор Стојановиќ, магистер на технички науки, асистент на Факултетот за информатика во Штип.

Комисијата во состав: д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Сузана Лошковска, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Марјан Гушев, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Момчило Богданов, редовен професор на ФЕИТ во Скопје (во пензија) и д-р Ана Мадевска-Богданова, вонреден професор на ПМФ во Скопје (резервен член), по прегледот на доставената дисертација до Наставно-научниот совет на ПМФ го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на Игор Стојановиќ под наслов ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНА ВЕЈВЛЕТ - КОРЕЛАЦИЈА ВО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА СЛИКА ОД КОЛЕКЦИЈА НА СЛИКИ е изложена на вкупно 162 страници Б5-формат, од кои 56 страници е текстот на дисертацијата и 106 страници се прилози на дисертацијата, каде што се изложени комплетните докази на изнесените тврдења дадени во дисертацијата. Во дисертацијата има 43 табели, 79 слики и графикони и литература од 104 библиографски единици. Дисертацијата се состои од воведен дел и три глави: 1. Извлекување на слики базирано врз содржина, 2. Метод за препознавање и извлекување на слики базиран врз сликовни елементи и 3. Хибриден алгоритам за препознавање на слики. Во дисертацијата се приложени: Резиме на македонски и англиски јазик, Листа на акроними, Заклучок, Литература и Додаток.

### Научна област на дисертацијата

Предмет на дисертацијата е препознавање и извлекување на слики од колекција на слики со примена на прогресивна вејвлет корелација (PWC, Progressive Wavelet Correlation).

Препознавањето и извлекувањето на слики е релативно нова научна дисциплина. Нејзиниот почетен развој е во периодот 1994–2000, кој е почетна фаза во истражувањата и развојот на извлекување на слики базирани врз содржина (CBIR, Content Based Image Retrieval). За претставување на содржината на дадена слика, техниките CBIR се потпираат врз опишувачи (дескриптори) на бои, облици, текстура, како и на други карактеристики на сликата.

Интересот за CBIR, како модерна технологија од која се очекува брз прогрес, постојано се зголемува. Може да се каже дека во текот на минатата деценија се поставени основите на таквите очекувања, кога се дефинирани и разработени голем број нови техники и системи, инволвирајќи притоа нови истражувачи и активирајќи посилно здружување на дотогаш слабо поврзаните области. Денес, оваа мултидисциплинарна научна област обединува истражувачи кои работат на различни полиња како што се компјутерска визија, бази на податоци, процесирање на сигнали, Web, извлекување на информации, интеракција човек-компјутер, статистика, психологија и други. Во својот домен, секој од нив придонесува за развојот на CBIR и станува дел од заедницата CBIR. Истражувањата се предмет на повеќе актуелни меѓународни проекти, меѓу кои COST и FP7. Како илустрација за брзиот развој на областа го наведуваме податокот дека само во списанијата на IEEE, ACM и Springer бројот на објавените статии за извлекување на слики е зголемен од 70 во 1995 на 1200 во 2005 година. Ваквиот тренд продолжува, намалувајќи го постепено јазот меѓу некои од истражувачките заедници. Тоа што денес се манифестира со заеднички публикации на истражувачи од различни профили, се очекува потенцијално да прерасне во ново поле на студии во иднина.

Во сегашниов момент, под CBIR се подразбира секоја технологија која помага да се организираат архиви на дигитални слики во функција од визуелните содржини на сликите. Според ваквата дефиниција, сè што е опфатено меѓу функција за сличност на слики и робусна машина за извлекување на слики, спаѓа во подрачјето на CBIR. Сепак, треба да се признае неадекватноста на CBIR како совршена технологија во секојдневниот реален свет. Проблем присутен во сите досегашни CBIR пристапи е како може, од визуелна сличност на две слики, со сигурност да се донесуваат заклучоци за нивната семантичка сличност.

Сведоци сме и на значајни предизвици инволвирани во адаптацијата на постојните CBIR-техники за дизајнирање на системи кои можат да бидат корисни во некои подрачја од секојдневниот живот. Пример за таква адаптација е актуелнава дисертација во која предложениот алгоритам за препознавање и извлекување на слики, покрај CBIR, го користи и методот наречен прогресивна вејвлет-корелација (PWC, Progressive Wavelet Correlation), базиран врз сликовни елементи (пиксели). Препознавањата базирани врз сликовни елементи не зависат од содржините на сликите во колекцијата на слики. Тие се особено погодни за апликации кои користат слики со висока резолуција и комплексна информациска содржина, чии детали не можат севкупно да се опфатат само со дескриптори. Како пример да ги наведеме сателитските слики, медицинските слики, сликите кои се

користат во геолошките науки и други. Пристапот е различен од оној на CBIR и подразбира препознавање и извлекување на дадена слика во колекција на слики. Одредени параметри вклучени во постапката го специфицираат видот на препознавањето, имено, дали тоа се однесува на рабови, облици, боја, текстура или на други мерливи релации меѓу сликите. Популарен критериум за селекција на слика од колекцијата на слики (покрај други критериуми) е нормализираниот корелациски коефициент кој мери колкаво е совпаѓањето меѓу дадената слика и слика од колекцијата на слики, според кој сликата се отфрла или пак нејзината анализа продолжува. Значајна предност на овој критериум е што тој ја елиминира осетливоста на униформни разлики во осветленоста. Разликите меѓу дадената слика и сликите од колекцијата можат да се пресметаат со примена на PWC. Притоа, за брзо добивање на корелацијата пресметувањата се вршат во доменот на Фуриеовата трансформација на вејвлет-пакет трансформациите на сликите.

Со CBIR се извлекуваат повеќе слики, слични на бараната слика, во сите случаи кога такви слики има во базата. Со PWC се извлекува само една слика, идентична на бараната, ако е усвоена адекватна (доволно висока) вредност на прагот на корелацијата, и ако таква слика постои во базата. Меѓутоа, препознавањето засновано врз сликовни елементи бара интезивни пресметувања потребни за анализа на сликите. Поради тоа, неговата примена сè уште не е комерцијализирана и главно е ограничена за истражувачки и експериментални цели. Целта на дисертацијата е адаптација на техниката заснована врз сликовни елементи за препознавање и извлекување на слики од колекција на слики.

**Приказ на докторската дисертација**

Во воведот се прикажани основни елементи на техниката препознавање на слики. Најнапред накратко се дадени некои детали од нејзиниот историјат. Наведени се неколку примери на комерцијализирани алатки за препознавање и извлекување на слики засновано врз содржина. Прикажани се главните својства на техниките на препознавање засновани врз содржина и врз сликовни елементи. Дадена е класификација во три нивоа на применуваните прашалници (кверија) во процесот на препознавање засновано врз содржина. Овде се изложени и мотивацијата на кандидатот за изработка на докторската дисертација, зацртаната цел при изработката и главната идеја за реализација на целта: користење на добрите карактеристики на препознавањето и извлекувањето на слики засновани врз содржина со оние засновани врз сликовни елементи. Воведот завршува со опис на структурата на преостанатиот дел од докторската дисертација, како и со набројување на објавените научни трудови и презентации на конференции на резултатите добиени во дисертацијата.

Првата глава содржи преглед на карактеристичните особини на процесот CBIR. На почетокот е објаснето во кои случаи извлекувањето на слики може да се смета дека е засновано на содржината на бараната слика, кога таа е претставена со карактеристики кои главно се определуваат

автоматски. Истакната е разликата меѓу препознавање и извлекување на текст и на слика, како и блискостите на методите CBIR со некои методи својствени на областите обработка на сигнали и компјутерска визија. Даден е преглед на повеќе теми опфатени во истражувањата и развојот на различни системи CBIR. Со повеќе детали се прикажани три нивоа на опис на содржината на дадена слика, кои се користени во системите CBIR. На крајот на првата глава се опишани денес најпознатите академски или комерцијално достапни машини за препознавање и извлекување на слики: QBIC, Virage, Photobook, VisualSEEK, MARS, Surfimage и Netra.

Втората глава е посветена на методот прогресивна вејвлет – корелација, кој ќе биде применет при препознавање на дадена слика од колекција на слики. Со овој метод препознавањето се врши независно од карактеристиките на сликата, како што се, на пример, распределбата на боите, формите или текстурата. Излагањето главно ја следи линијата на оригиналната статија на H. Stone, "Progressive wavelet correlation using Fourier methods", *IEEE Trans. Signal Processing*, pp. 97–107, January 1999. Дополнителните детали, примери и објасненија успешно ја приближуваат комплексната материја кон читателот.

Главата почнува со краток вовед во кој е изложена идејата за нестандардно пресметување на корелацијата помеѓу два сигнала. Пресметувањето на корелациите се изведува во доменот на Фуриеовата трансформација на вејвлет-пакет трансформациите на компресираните слики во формат JPEG. Ваквата сложена комбинација на трансформации е мотивирана од податливоста на вејвлетите за ефикасна компресија и на Фуриеовата анализа за брзи пресметувања. Процесот на пресметувањата е прогресивен: резултатите добиени на едно резолуциско ниво се користат за пресметување на корелацијата на наредното пофино ниво. Во преостанатиот дел од втората глава се прикажани терминологијата, математичките поими и операции што ќе се применуваат во натамошните пресметувања.

Во соодветниот додаток на Глава 2 (додатокот број 2) детално се изложени следниве теми: корелација на сигнали разложени во подопсези; мултирезолуциска корелација, поврзани Фуриеови трансформации и Фуриеови матрици за рафинирање; факторизација на дискретната косинусна трансформација. Во додатокот број 2 е изложен и алгоритамот за мултирезолуциска анализа. Идејата на алгоритамот се состои во сукцесивно подобрување на резолуциското ниво при пресметување на корелацијата, почнувајќи од грубо ниво, преку средно и фино, до најфиното ниво, при кое е пресметана конечната комплетна корелација во сите сликовни елементи на двете слики. Во секое од последните три нивоа се користат веќе изведените пресметувања во претходните нивоа. Петтата секција од додаток број 2 се однесува на пресметувањето на нормализираните корелациски коефициенти како мерка за разликата меѓу две слики. На крајот се изложени резултатите добиени при извлекување на слики со PWC. Споредбата е дадена табеларно и графички. Презентирани се експериментално добиените резултати при препознавање и извлекување на слики од колекција на слики составена од 250 до 1000 слики за различни усвоени вредности на прагот на корелација. Експериментите се однесуваат на

испитување на случаите дали бараната слика ја има во колекцијата на слики, дали има исти слики со неа, но со различни имиња, дали има слики кои само во мал број детали се разликуваат од дадената слика и дали воопшто дадената слика ја има во базата. Извршени се споредби и анализа на експериментално добиените резултати.

Во третата глава е изложен хибриден алгоритам за препознавање и извлекување на слики од колекција на слики предложен од кандидатот, како и методот за реставрација на сликите базиран врз Лагранжови множители. Препознавањето со овој алгоритам се врши користејќи ги обете техники, CBIR и PWC. Основната идеја се состои во иницијална примена на методот CBIR, проследена со примена на прогресивната вејвлет –трансформација над мал број слики-кандидати, селектирани од почетното препознавање засновано врз содржина. Алгоритамот е применлив на различни формати на слики (JPG, TIFF, GIF,...). Наведени се неколку области од човековите дејности (медицинска дијагноза, спречување на криминал, интелектуална сопственост) во кои препознавањето со предложената комбинација ја извлекува дадената слика, ако таа постои во колекцијата на слики. Дискутирано е функционирањето на систем за набљудување слики на интернет и на систем за контрола на слики содржани во електронски пораки.

Во Глава 3 (како и во додатокот број 3) е прикажан методот за реставрација на слики. Презентиран е математички модел на процесот за замаглувањето. Прикажани се експериментални резултати и е направена споредба со стандардните методи и техники за реставрација на слики. Направена е и споредба во однос на времињата потребни да се заврши процесот на реставрирање со примена на предложениот метод и со други стандардни методи. Сликите кои се користат во овие експерименти се рендгенски слики или слики добиени од системи за автоматско препознавање на регистарски таблици. Потоа, во додатокот број 3 се презентирани системската архитектура на CBIR и процедурата во осум чекори за барање на слика. Даден е блок-дијаграм за мултирезолуциска анализа, придружен со потребните објаснувања на блоковите. Предложена е системска архитектура приспособена за практична имплементација на алгоритамот PWC. Процедурата за барање на слика овде се врши во шест чекори. Понатаму, во додатокот број 3 е опишан детално предложениот алгоритам за препознавање и извлекување на слика од колекција на слики. Предложена е модуларна шема на системот за препознавање и извлекување на слики базиран врз комбинацијата CBIR, проследен со PWC. Користената технологија при практичната реализација на предложениот алгоритам е презентирана во овој додаток. На крајот од додатокот број 3 се изложени експерименталните резултати при примена на хибридниот алгоритам. Споредбата е дадена табеларно и графички и е направена анализа на експериментално добиените резултати. На крајот се прикажани резултатите од препознавање и извлекување на слики од колекција составена од 10 000 слики, преземена од http://wang.ist.psu.edu/-docs/related.shtml. За предложениот алгоритам табеларно и графички е прикажано времето на извлекување во функција од бројот на слики во бази на податоци со 2000,

4000, 7000 и 10000 податоци. Посебно, придружени со соодветни коментари, се презентирани резултатите за седум различни слики.

**Научен придонес на дисертацијата**

Резултатите од истражувањата наведени во тезата се прикажани од авторот пред домашната и светската јавност на повеќе домашни и меѓународни конференции:

- 18th International Conference on Systems, Signals and Image Processing, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, June 16–18, 2011.

  Реферат: "Application of Non-Iterative Method in Digital Image Restoration"
- ICEST2010, "Performance of the Hybrid Method of Image Retrieval", Ohrid, Macedonia, June 2010.

  Реферат: "Applying of the Algorithm of Lagrange Multipliers in the Removal of Blur in Images"
- 17th Telecommunications Forum, Belgrade, Serbia, Nov. 2009.

  Реферат: "Our experience with image retrieval using progressive wavelet correlation",
- 15th International Conference on Systems, Signals and Image Processing", Bratislava, Slovak Republic, 2008.

  Реферат: "Retrieving Images Using Content-Based Followed by Pixel-Based Search"
- ICEST2008, Nis, Serbia, June 2008.

  Реферат: "Retrieving Images Using Content-Based Followed by Pixel-Based Search"
- 14th IWSSIP2007 and 6th EC-SIPMCS2007, Slovenia, Maribor, June 2007.

  Реферат: "Retrieving Images Using Content-Based Search and Progressive Wavelet Correlation"
- 14th Telecommunications Forum, Belgrade, Serbia, Nov. 2006.

  Реферат: "Content-Based Image Retrieving Improved by Pixel-Based Search"
- ICEST2006, Sofia, Bulgaria, Jun. 2006.

  Реферат: "Searching of images stored in a database using content and pixel based methods"

Повеќето од новите научни резултати добиени од кандидатот се објавени, или се прифатени за печатење, во меѓународни списанија и зборници од конференции. Кандидатот се јавува како коавтор на вкупно 13 труда:

1. I. Stojanovic, S. Bogdanova and M. Bogdanov, "Application of Non-Iterative Method in Digital Image Restoration", *18th International Conference on Systems, Signals and Image Processing*, pp. 235-238, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, June 16–18, 201.
2. I. Stojanovic, S. Bogdanova, M. Bogdanov, "Application of the Progressive Wavelet Correlation in Image Retrieving", *Journal of Computer Science and Control Systems (JCSCS)*, ISSN 1844-6043, pp. 77-82, Vol. 3, Nr. 2, 2010.

3. I. Stojanovic, S. Bogdanova, M. Bogdanov, and D. Taskovski, "Performance of the Progressive Wavelet Correlation for Image Retrieval", *World Academy of Science, Engineering and Technology*, ISSN: 2070-3724, pp. 33-37, Issue 64, April 2010.
4. I. Stojanovic, I. Kraljevski, S. Chungurski, "Using of the Algorithm of Lagrange Multipliers in Image Restoration", *Journal of Electrical and Electronics Engineering (JEEE)*, ISSN 1844-6035, pp. 203-206, Vol. 3, Nr. 2, 2010.
5. I. Stojanovic, S. Bogdanova, M. Bogdanov, "Applying of the Combination of Content-Based Search and Progressive Wavelet Correlation in Image Retrieving", *Journal of Computer Science and Control Systems (JCSCS)*, ISSN 1844-6043, pp. 83-85, Vol. 3, Nr. 2, 2010.
6. I. Stojanovic, S. Bogdanova, M. Bogdanov, and I. Kraljevski, "Performance of the Hybrid Method of Image Retrieval", *ICEST2010*, pp. 199-202, Ohrid, Macedonia, June 23-26, 2010.
7. I. Stojanovic, I. Kraljevski, S. Chungurski, "Applying of the Algorithm of Lagrange Multipliers in the Removal of Blur in Images", *ICEST2010*, pp. 203-206, Ohrid, Macedonia, June 23-26, 2010.
8. I. Stojanovic, S. Bogdanova and M. Bogdanov, "Our experience with image retrieval using progressive wavelet correlation", *17th Telecommunications Forum*, pp. 944-947, Belgrade, Serbia, Nov. 24-26, 2009.
9. I. Stojanovic, S. Bogdanova and M. Bogdanov, "Retrieving Images Using Content-Based Followed by Pixel-Based Search", *15th International Conference on Systems, Signals and Image Processing*, pp. 271-274, Bratislava, Slovak Republic, June 25–28, 2008.
10. I. Stojanovic, S. Bogdanova and M. Bogdanov, "Retrieving Images Using Content-Based Search and Progressive Wavelet Correlation", *ICEST2008*, pp. 121-124, Nis, Serbia, June 25-27, 2008.
11. I. Stojanovic, S. Bogdanova and M. Bogdanov, "Content-Based Image Retrieving Improved by Pixel-Based Search",14th IWSSIP2007 and 6th EC-SIPMCS2007, pp. 395-398, Slovenia, Maribor, June 27-30, 2007.
12. I. Stojanovic, M. Bogdanov, S. Bogdanova "Searching of images stored in a database using content and pixel based methods", *14th Telecommunications Forum*, pp. 486-489, Belgrade, Serbia, Nov. 21-23, 2006.
13. I. Stojanovic, M. Bogdanov, "Pixel-Based Searching of Images Stored in a Database", *ICEST2006*, pp. 165-168, Sofia, Bulgaria, 29 June – 1 July 2006.

Ги издвојуваме посебно следниве оригинални придонеси во докторската дисертација на м-р Игор Стојановиќ:

1) Презентиран е метод за реставрирање на слики кој се користи пред сликите да бидат складирани во системот за складирање. Предностите на овој метод во однос на другите методи се во зголемување на вредностите на параметарот за подобрување на односот сигнал/шум и во намалување на времето потребно да се заврши процесот на реставрирање.

2) Користена е оригинална идеја за комбинација на два алгоритма со искористување на нивните позитивни карактеристики. Основната идеја е да

се искористат добрите карактеристики при препознавање и извлекување при обата пристапа – брзината на првиот и точноста на вториот.

3) Оригинален придонес е и проектираната системска архитектура на имплементацијата на алгоритамот прогресивна вејвлет-корелација, кој вклучува корелација во фреквенциски домен за брзо пресметување, факторизација на дискретна косинусна трансформација и вејвлет - трансформација за ефикасна компресија.

4) Придонес на дисертацијата е и предложениот хибриден алгоритам за препознавање и извлекување на слики. Алгоритамот е применлив за секаков формат во кој е дадена сликата: jpg, tiff, bmp, gif и други. Прикажани се инструкции за соодветен избор на прагот на корелацијата за успешно користење на предложениот алгоритам. Дадени се области во кои предложениот алгоритам е применлив: медицинска дијагноза, спречување на криминал и други.

5) Модуларната шема на предложениот систем за препознавање и извлекување на слики исто така претставува придонес на дисертацијата.

6) Придонес на дисертацијата е и предложениот систем за надгледување на слики на интернет со кој може да се постигне откривање на злоупотреба на трговски марки, фалсификувана и неовластена продажба и друго. Исто така, предложен е и системот за контрола на слики во електронски пораки за да се заштитат компаниите од неавторизирана дистрибуција на чувствителни материјали кои содржат слики, како што се скици, модели, мрежни дијаграми и друго.

7) Придонес е и експериментално верифицираниот факт дека времето потребно за препознавање и извлекување на слики со хибридниот алгоритам не зависи од бројот на сликите во колекцијата од слики.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНА ВЕЈВЛЕТ - КОРЕЛАЦИЈА ВО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА СЛИКА ОД КОЛЕКЦИЈА НА СЛИКИ, изработена од м-р Игор Стојановиќ, претставува оригинален авторски труд во кои се изнесени поголем број нови научни резултати од областа на препознавање и извлекување на слика од колекција на слики. Резултатите добиени во текот на истражувањата поврзани со дисертацијата, во најголем дел, се прикажани пред домашната и светската јавност преку излагања на научни конференции и печатење во меѓународни научни списанија и зборници од конференции. На тој начин, дисертацијата има обезбедено и соодветна поширока домашна и меѓународна верификација. Резултатите добиени од истражувањата во дисертацијата се исто така важни од практичен аспект и се компатибилни со најсовремените истражувања од оваа област и го оправдуваат користењето на прогресивната вејвлет - корелација за препознавање на слика. Покрај тоа што резултатите од истражувањата доведуваат до нови сознанија, тие исто така дефинираат и повеќе отворени проблеми чиешто решавање е предизвик за понатамошни истражувања во областа на препознавање и извлекување на слики.

Врз основа на претходното, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот труд ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНА ВЕЈВЛЕТ - КОРЕЛАЦИЈА ВО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА СЛИКА ОД КОЛЕКЦИЈА НА СЛИКИ, изработен од кандидатот Игор Стојановиќ, магистер на технички науки, претставува оригинален научен придонес во полето на препознавање и извлекување на слики. Затоа, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ПМФ, трудот по наслов „Примена на прогресивна вејвлет - корелација во препознавање и извлекување на слика од колекција на слики" **да го прифати за докторска дисертација и на кандидатот м-р Игор Стојановиќ да му дозволи јавна одбрана**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Сузана Лошковска, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, с.р.
Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Марјан Гушев, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Момчило Богданов, редовен професор на
ФЕИТ во Скопје (во пензија), с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ- ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ, ЕРГОНОМИЈА ВО ШУМАРСТВОТО, СОЦИЈАЛНА ЕКОЛОГИЈА, ЕКОНОМИКА СО КАЛКУЛАЦИИ, ШУМСКОСТОПАНСКА ПОЛИТИКА И МАРКЕТИНГ И ЦЕНИ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на VI седница одржана на 11.4.2011 година, донесе одлука бр. 0201-21/VI-3 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во звање - вонреден професор по предметите организација и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг и цени, во состав: д-р Блажо Димитров, редовен професор во пензија на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Иван Блинков, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и д-р Драган Нониќ, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Белград.

Согласно со конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по предлог на Шумарскиот факултет во Скопје, објавен на 29.3.2011 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се пријави единствено кандидатот д-р Македонка Стојановска, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, за избор во наставник во звањето вонреден професор по предметите организација и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг и цени.

По разгледувањето на поднесената пријава и придружните документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Доц. д-р Македонка Стојановска е родена на 28 март 1964 година во Битола.

Основно и средно образование завршила во Скопје. Шумарски факултет, насока: одгледување и мелиорации, завршила во Скопје во учебната 1988/89 година со среден успех 8,12.

Од 15.I 1990 година е вработена како помлад асистент на Шумарскиот факултет во Скопје, по предметот организација на шумското производство.

Во учебната 1990/91 година се запишала на постдипломски студии на групата за економика и организација на шумарството при Шумарскиот факултет во Скопје. Магистрирала на тема: „Условите за работа и тежината на работата и нивното влијание врз здравјето и работната способност на работниците во шумарството во Р. Македонија" во 1998 година.

На 23.II 1999 година е избрана во звањето асистент по предметите организација на шумското производство, социјална екологија и група

предмети од областа економика и организација на шумското производство при Шумарскиот факултет во Скопје.

Докторската тема под наслов: „Условите за работа и нивното влијание врз состојбата на работната сила и оптималното вработување во шумарството во Р. Македонија" ја одбранила во 1996 година, а во наставно-научното звање доцент е избрана 19.6.2006 год. со Одлука бр. 0201-47/VI-3.2.

Од 2009 година е раководител на Катедрата за економика и менаџмент во шумарството, како и на II циклус студии од областа на економика и организација на Шумарскиот факултет во Скопје.

Во досегашната работа, а особено од изборот во звањето доцент, самостојно или со други автори учествува во подготвувањето и изработката на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности.

Во периодот од 2006 год. до денес има остварено неколку студиски престои во странство, во рамките на научноистражувачки проекти во кои била учесник:

*-август 2008 год: тринеделен престој во Хелсинки-Финска, учесник на летна школа: Forest policy and Economics (Меѓународна шумарска политика и економика); (http://www.helsinki.fi/summerschool)*

*-септември 2009 год.: тринеделен престој во Јоенсуу-Финска, учесник од регинот Западен Балкан на семинар: Environtental policy – management of protected areas (Политика на животна средина - управување со заштитени подрачја); организирано од ФОПЕР - проектна програма;*

*-август 2009 год.: десетдневен престој во Загреб-Хрватска, учесник-претставник од Р. Македонија на семинар: Forest policy and Economics in the education in West Balkan region (Шумарската политика и економика во образованието во регионот Западен Балкан), организирано од ФОПЕР - проектна програма.*

Учествува во повеќе комисии и тела на Шумарскиот факултет во Скопје и тела од стручната област во други инстисуции.

Активно го владее англискиот јазик и ја користи компјутерската техника.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Македонка Стојановска досега успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми **озеленување и унапредување на животната средина** (ОУЖС) и **шумарство** (ШУМ) по предметите организација и управување, социјална екологија и ергономија во шумарството, од учебната 2009/10 и предметите економика во шумарството и шумскостопанска политика и од 2010/2011 предметот маркетинг и цени.

Учествува и во наставата на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје од областа економика и организација во шумарството по предметите организација на производни процеси, менаџмент во шумарството, рационализација на трудот, потоа во новите постдипломски студии по шумска политика и менаџмент во шумарството од учебната 2009/10 по предметите: квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката, комуникации, преговори и односи со јавност во сектор шумарство, управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми, претприемништво во шумарството. Покрај ова кандидатката

учествува и во наставата на постдипломските студии во областа управување со земјиште и вода во планински екосистеми, по предметот шумско-еколошка политика, како и во областа одгледување на шуми, по предметот економски анализи.

Исто така, таа е вклучена во наставно-образовниот процес на меѓународните постдипломски студии од областа на шумарската политика и економика, кадешто заедно со меѓународни експерти држи настава по предметите: комуникации, преговори и односи со јавност во секторот шумарство, организација на шумскостопанските претпријатија, научни принципи во социо-економските истражувања и интегрирана еколошка економика, политика и моделирање.

Наставата ја изведува на завидно рамниште, ползувајќи го знаењето и вештините кои ги стекнала во текот на многубројните обуки во рамките на проектната програма ФОПЕР.

**Теренска настава**

Во рамките на предвидените активности по предметните програми, кандидатката активно учествува при изведувањето на теренската настава по предметите социјална екологија, ергономија во шумарството и организација и управување.

**Ментор на дипломска/магистерска/член на Комисија**

Досега кандидатката била ментор на 5 дипломски работи, а како член на Комисија за одбрана на дипломски работи се јавува во 14 дипломски работи. За време на овој период кандидатката била ментор и на 1 магистерски труд, а како член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски трудови се јавува на 10 кандидати, од кои 6 меѓународни магистерски тези од областа на шумарската политика и економика.

Во моментот е ментор на уште 1 магистранд кој е запишан на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје на тема: „Комуникација и односи со јавност при изработка на План за управување со заштитено подрачје – Студија на случај: Национален парк Маврово и коментор на еден докторанд кој е запишан на University of Natural Resources and Applied Life Sciences – BOKU, Vienna, на тема „Forest related start-ups and innovation in Macedonia“.

Во текот на својот работен век подготвила пакет матерјали, како помагало за студентите по предметите: социјална екологија, ергономија во шумарството, шумскостопанска политика и организација на шумскостопанските претпријатија.

## 3. Учество во школи, работилници и курсеви за професионална обука

Во периодот од изборот во звањето доцент до денес, доц. Стојановска присуствувала на 1 зимска, 1 летна школа и 25 работилници/курсеви за професионална обука, од кои 8 во земјата и 17 во странство. На 6 меѓународни работилници/курсеви за професионална обука се јавува како организатор, а на 6 курсеви како предавач, од кои 4 национални и 2 меѓународни. Исто така, како учесник/предавач се јавува на 6 работилници: 4 меѓународни и 2 национални, а само како учесник на 6, од кои на 2 национални и 4 меѓународни.

**Летни/зимски школи**

1. Winter school: Voluntary Tools for the Implementation of Environmental and Social Responsibilities in Forestry with Special Reference to Balkan Region, 20-26.2.2006, Brasov, Romania (http://www.tesaf.unipd.it/Winterschool/hotel_Brasov.htm) 20.06.2006
2. Summer school: International forest policy - implications at the national level, 8.-25.8.2006, Helsinki, Finska (at http://www.helsinki.fi/summerschool) 03.12.2008

**Организатор на работилници/курсеви за професионална обука (FOPER PT)**

1. "How to train adults and professionals: principle issues and practical advise"-09.1-11.2.2008, Banja Luka, предавач Annete Munk Sorrensen, приватен консултант, Данска
2. "Professional course development (training needs assesment and course development)", 12.1-15.1.2008, Banja Luka, предавач Annete Munk Sorrensen, приватен консултант, Данска
3. "How to organize a training event", 31.1-2.2.2008, Skopje, предавач Brita Pajari, EFI (Europena Forest Institute)
4. "Project management and finansing in professional training", 28.1-3.01. 2008, Skopje, предавач Paul Silfenberg, Planpoint Ltd, Finland
5. Private forestry development, 10-13.6.2008, Belgrade, предавачи Gerben Janse и Atilla Lengyel, CEPF (The Confederation of European Forest Owners)
6. New partnerships in Protected Area Management: Sustainable Development, Community Enterprise and Entrepreneurship, 2-5.7.2008, Скопје, предавач Graham taylor, EUROPARC consulting

**Предавач на работилница/ курс за професионална обука (FOPER PT)**

1. Развој на приватното шумарство во регионот Западен Балкан, со посебен осврт на Србија, 26-27.1.2009, Шумарски институт-Белград, предавачи: М. Стојановска и Радован Невениќ
2. Рекреациони функции на шумите, 26-27.3.2009, Битола, предавачи: М. Стојановска, Ј.Р. Атанасовска, Ј. Јовановска, К. Соколовска, С. Тенева и Р. Николовска.
3. Развој, сертификација и меѓународен маркетинг на недрвни шумски производи, 22-23.1.2009, Гевгелија, предавачи: М. Стојановска, Ј. Дика, Д. Манцуковски и И. Стојановски
4. Европската регулатива која се однесува на шумарството со посебен акцент на нејзината имплементација, студија на случај-Р. Србија, 14-15.4.2009, Шумарски институт-Белград, предавачи: М. Стојановска и Р. Невениќ
5. Претприемништво во заштитени подрачја, 2-3.4.2009, Маврово, предавач: М. Стојановска
6. Европската регулатива која се однесува на шумарството со посебен акцент на нејзината имплементација, студија на случај -Р. Македонија, 14-15.6.2009, Шумарски факултет, Скопје, предавач: М. Стојановска.

**Учесник на работилници**

1. FOPER: Stakeholder workshop on the design of the international Master Program and Professional Training Program on forest policy and economics, 23-24.05.2006, Brac, Croatia
2. National Forest Programmes - a Tool for Strenghtening Science-Policy Interface in Practice, 20-21February 2007, Zagreb
3. Развој на национална еколошка мрежа во РМ (МАК-НЕН), 23-24 април, 2009, Дојран
4. Трендови и ситуација на самоникнати растенија во Р. Македонија, СИППО, 22.4.2010, Скопје
5. Survey in social research, 5-10 September, 2010, Sarajevo

**Учесник и предавач на работилници**

1. Forest Policy and Economics in Support of Good Governance,Dubrovnik, Croatia 3-4.04.2009
2. Dialogue on Investing in Locally Controlled Forestry, Ohrid, Macedonia, December 1-4, 2009
3. Посочување на недостатоците во подзаконската регулатива од областа на недрвните шумски производи и донесување на предлог-мерки за нивно надминување, 18.12.2009, Скопје
4. Improving forest products marketing to help drive sustainiable rural economic development in SEE region, 7-9 December 2010, Mavrovo
5. „Building up capacity and strengthening cooperation for the promotion of transboundary nature conseravtion along SEE Green Belt, 26-28.2.2010 Mavrovo
6. 10 години ДРЕН-Предизвици: Шумарството и руралниот развој, 30.4.2009, Шумарски факултет, Скопје

## 4. Научноистражувачка дејност

Од изборот во звањето доцент до сега, кандидатката д-р Македонка Стојановска учествувала во 2 меѓународни проектни програми (ФОПЕР I и ФОПЕР II) како национален технички координатор (focal point), 10 меѓународни научни проекти, како истражувач, национален координатор, научен координатор, постар истражувач и како регионален координатор.

Во изминатиот период кандидатката изготвила сама, или како соработник со други автори, 2 национални и 12 меѓународни научни и стручни трудови, меѓу кои и трудовите со импакт-фактор објавени во Forest policy and Economics, кое претставува едно од врвните од оваа област, и Forest Science-CABI.

**Учество во проектни програми**

1- ***Проектна програма**: Strengthening capacities in education, training and research in forest policy and economics **(FOPER I)**, January 2004-June 2009,*

- ***национален технички координатор (focal point)** за Р. Македонија*

***-регионален координатор за компонента„ професионална обука"***

***-регионален координатор за компонента „истражување"***

Програмата се состоеше од 3 компоненти:

а) мастер програма од областа на шумарската политика и економика

б) професионална обука на вработените во секторот шумарство

в) научно истражување (science – policy interface)

*2 - **Проектна програма:** Consolidation of the Human capacities in forest policy and economics education and research in the SEE Region **(FOPER II)**, June 2009-June 2012, во тек*

*- **национален технички координатор (focal point)** за Р. Македонија*

***-регионален координатор за компонентата „истражување".***

**Учество во научни проекти**

1. UNU-GEF: Development of a regional (MKD, SCG, BG, TUR) PDF-A project on Sustainable Land Management: *Community based rehabilitation of degraded land in Balkan mountains*, UKIM, FFS, 2006 ***(соработник за социоекономски истражувања)***
2. Transnational project (11 partners - 7 countries): *RIMADIMA (Risk Management, Disaster Management and Prevention against Natural Hazards in Mountains/Forested regions)* - code No.04MAC03/03/01/001 /5D102; INTERREG IIIb Cadses project; UKIM-FFS, 2006-2008 ***(соработник за комуникациски аспекти)***
3. *PRIFORT, regional project about interest private forest owners association*, senior researcher, national coordinator (April 2007-May 2009) ***национален координатор и постар истражувач***
4. *Conflicts between Environmental and Forestry Sectors in SEE region, EFI/FOPER, Science-Policy Interface*, October 2007- May 2009, ***регионален координатор и постар национален истражувач***
5. *Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален парк „Маврово"*, јануари 2009-декември 2010, ***научен координатор***
6. *Entrepreneurship, markets and marketing of NWFPs for SEE region*, FOPER II, December 2009-May 2011, ***регионален координатор и постар национален истражувач***
7. *The role and effectiveness of international organisations and implications on environmental/ forest policy processes at national level*, FOPER II, December 2009-May 2011, ***национален координатор***
8. *Assessment of governance principles in forest policies and NFPs in SEE countries*, FOPER II, December 2009-May 2011, ***национален координатор***
9. *Assessment of governance principles in forest protected areas*, FOPER II, December 2009-May 2011, ***национален координатор***
10. *Socio-economic values of urban forests and behavioral patterns in capital cities of SEE*, December 2009-May 2011, ***национален координатор***

**Презентации на трудови на меѓународни собири**

1. **Стојановска, М.** (2006): Национален извештај за шумска политика и економика: Нови потреби во образованието од областа на шумарството, Интеркатедра средба, 29.11-4.12.2006, Сараево.

2. **Стојановска, М** (2006): Национален извештај за приватното шумарство во РМ: Интеркатедра средба, 29.11-4.12.2006, Сараево.

**Објавени научни трудови**

1. *Tuomasjukka, T., Saastamoinen, O., Glück, P., Rametsteiner, E., Tikkanen, I., Pitkänen, M., Avdibegovic, M., Petrovic, N.,* ***Stojanovska, M.****, Leonidha, P. and Stjepan, P. Strengthening forestry education in Western Balkans – Positive impacts in regional networking and cooperation. Presentation at the 8th Finnish Colloquium of South-East European Studies. Зајакнување на образованието од областа на шумарството во земјите на Западен Балкан – Позитивни искуства од регионалната соработка и кооперација. Презентација на 8 Фински колоквиум на студиите на ЈИЕ, 5-6 October 2007. Joensuu, Finland. (http://www.efi.int/portal/virtual_library/publications/by_efi_researchers/selected_presentations/ 30.03.2011)*

Авторите на овој труд се задржуваат на наставните програми на Шумарските факултети во Скопје, Тирана, Бања Лука, Сараево, Белград и Загреб и на присуството на шумарската политика и економика во нив. Направена е компаративна анализа од почетокот на проектот ФОПЕР (Зајакнување на капацитетите од областа на шумарската политика и економика во образованието, обуката и истражувањето во регионот Западен Балкан), кој започна во 2004 год., до периодот кога е изработен трудот и констатирано е дека најголемо зголемување на учеството на предмети од оваа област има на Шумарскиот факултет во Сараево, а најмало на Шумарскиот факултет во Скопје.

2. ***Stojanovska, M.,*** *Lozanovska, N.: The new management trends in protected areas as a key element for integral protection of the nature, International scientific symposium (Новите трендови во управувањето со заштитените подрачја како клучен елемент за интегрална заштита на природата. Меѓународен научен симпозиум: Нови трендови во управување со заштитени подрачја) Belgrade, Serbia, 2008.*

Заштитените подрачја и начинот на нивно управување претставуваат нов (модерен) тренд кој е фокусиран на интегрална заштита на природата и културата на едно подрачје. Во таа насока, авторите се осврнуваат на искуствата од изработката на новите планови за управување со заштитените подрачја – национални паркови во Републиката и го потенцираат вклучувањето на сите неопходни елементи (поглавја) на Планот според меѓународни критериуми, односно според барањата на Законот за заштита на природата. При тоа, во трудот е образложено дека националниот парк „Пелистер” веќе има изработено нов План за управување според модерните барања, а изработката на плановите за националните паркови „Галичица” и „Маврово” е во тек.

3. *Miovska, M.,* **Stojanovska, M.**: *„Cross-sectoral coordination between forestry and environmental sectors as part of the policy processes of the Republic of Macedonia"; International Scientific Symposium; (Меѓусекторска координација помеѓу секторите шумарство и животна средина како дел од процесите на политика во РМ. Меѓународен научен симпозиум) Brasov, Romania, 2008. (www.cabi.org/forestscience/default.aspx?site=155&paper=1065&LoadModule=CABISEARCHRESULTS&LoadAbstract&term=Stojanovska)*

Во трудот е направена научна анализа на меѓусекторската соработка, односно направена е анализа на шумарската политика и политиката на животната средина. Земајќи го предвид фактот што управувањето со природата е под надлежност на двата сектора-шумарство и животна средина, нивната соработка понекогаш наидува на проблеми и недоразбирања. Авторите утврдиле дека во законската регулатива од овие две области има недоречености, кои во практика предизвикуваат конфликтни ситуации. Овој труд претставува дел од еден поголем проект: Конфликт менаџмент помеѓу секторите шумарство и животна средина.

4. **Stojanovska, M.**, Petrovic, N., Lengyel, A.: *Investment in locally controlled forestry in the SEE sub-region, TFD background paper, The forests dialogue, (Инвестиции во локално контролираното шумарство во суб-регионот на ЈИЕ, Дијалог во шумарството). 2009.http://environment.yale.edu/tfd/uploads/TFD_ILCF_Macedonia_Background_Paper.pdf 30.03.2011)*

Овој труд е направен по барање на TFD (The Forest Dialogue) и CEPF(The Confederation of European Forest Owners), како контрибуција од Македонија и Србија. Во него е презентирана состојбата со локално контролираното шумарство, односно посебен акцент е даден на состојбата со малите и средните претпријатија од обласга на шумарството во Републиката. Констатирано е дека нивниот број не задоволува, односно благодарение на можностите за отворање на МСП од обласга на шумарството се многу поголеми. Се уште има недрвни шумски производи кои не се користат доволно од една, а од друга страна во подрачјата кадешто се користат, тие се собираат нестручно и нивниот потенцијал се намалува. Направена е и анализа на потенцијалот со цел да се иницирало претприемаштвото од оваа област и констатирано е дека постојат различни извори за кредитирање на неговиот развој.

5. **Стојановска, М.**, *Лозановска, Н.(2009): Новиот менаџмент план на НП „Маврово" како клучен елемент за интегрална заштита на природата, Шумарски преглед, Год. 42, стр. 92-101, Скопје.*

Овој труд ја анализира моменталната ситуација која се однесува на управувањето со националниот парк „Маврово" и истовремено ни дава насоки за негово управување во иднина. Традиционалниот начин на управување со паркот треба да се замени со еден нов модерен пристап, односно со план за управување кој ќе ги содржи сите неопходни аспекти: еколошки, економски, културни и социјални. Имплементацијата на еден ваков план ќе овозможи подобра заштита на таа област, затоа што при неговата изработка е директно вклучено и локалното население, кое исто

така треба да извлече бенефит од фактот што живее на територија на заштитено подрачје.

6. **<u>Стојановска, М.</u>**, *Миовска, М. (2009): Законска регулатива и координираност на секторските политики: шумарство и животна средина, Шумарски преглед, Год. 42, стр. 101-111, Скопје.*

Во трудот е направена анализа на законската регулатива на секторите за шумарство и животна средина од аспект на нивно преклопување и координираност. Креирањето на секторските политики во голем дел е условено од хармонизацијата на националната регулатива за животната средина со ЕУ-регулативата. Ова во голем дел е потврдено и со Просторниот план на РМ. Управувањето со природата како објект од заеднички интерес се поставува како проблем помеѓу секторите. Моменталната ситуација упатува на напори за воведување на различни типови на управување со природните ресурси, а сето тоа има влијание врз националната политика.

7. **<u>Stojanovska, M.</u>**, *Miovska, M., Stojanovski, V.(2010): The role of forest policy in fighting climate change in R. Macedonia, international scientific conference Forest ecosystems and climate changes), (Улогата на шумската политика во борбата против климатските промени, Меѓународна научна конференција:"Шумските екосистеми и климатските промени"), 9-10 March Belgrade*

Во трудот е направена детална анализа на постојната шумарска политика со посебен акцент кон климатските промени, односно на постојните законски регулативи кои се однесуваат на намалување на климатските промени кои се однесуваат на шумите. Анализирани се *Стратегијата за одржлив развој на шумарството, Законот за шуми и Законот за заштита на природата*. На крајот се предложени одредени препораки за унапредување на оваа состојба.

8. *Vuletic, D.,* **<u>Stojanovska, M.</u>**, *and national SPI conflict teams (2010): Forest related conflicts in SEE region: Regional aspects on case studies in B&H, Croatia, Serbia, Macedonia and Albania (Конфликти кои се однесуваат на шумарството во регионот на ЈИЕ: Регионални аспекти и посебни случаи во БиХ, Хрватска, Македонија, Албанија и Србија, Шумската политика и економика како поддршка на доброто управување, Зборник на Европски шумарски институт, бр. 58). (<u>http://www.efi.int/files/attachments/projects/foper_1/vuletic_stojanovska_-_regional_overview_of_forest_conflicts.pdf</u>)*

Трудот ги презентира резултатите добиени од регионалниот прашалник и интервјуа изведени во регионот ЈИЕ, односно Хрватска, БиХ, Србија, Македонија и Албанија. Главна цел на анализата беше дефинирање на најзастапените конфликти со кои се соочува шумарството во регионот. Како најзастапени конфликтни состојби се појавија секторот шумарство и секторот животна средина; секторот шумарство и секторот дрвна индустрија; секторот шумарство и пасишта итн. Сите овие конфликтни состојби се јавуваат како резултат на преклопувања на одредени прашања во законската и подзаконската регулатива. И секако, како препорака за надминување на овие состојби се предлага учество на сите заинтересирани страни при изработката на одредена документација.

9. **Stojanovska, M**, *Miovska, M., Stojanovski, V.(2010): Possibilities for additional financial sources of NP Mavrovo in RM, (Можности за дополнителни финасиски извори на НП Маврово во РМ), Future with forests, First Serbian forestry congress, 11-13 November, Belgrade*

Авторите направиле детална анализа на сегашните извори на финансирање на националниот парк „Маврово", и ги посочиле можните дополнителни извори, како суштински елемент, за кој и со закон се обврзани заштитените подрачја. Констатирано е дека најголем дел од финансиите на паркот се добиваат од дрво и дрвни сортименти, а понудени се поголем број можни решенија како потенцијални извори на финасирање, од кој туризмот би имал приоритет.

10. *Savik, N.,* **Stojanovska, M.,** *Stojanovski, V. (2011): Analyses of competitiveness of forest industry in RM, (Анализа на компетитивноста на индустријата поврзана со шумарство во РМ), SEEFOR, vol. 2*

Трудот ги анализира економските состојби на дрвната индустрија во периодот од 1993 до 2006 год. Посебен акцент е даден на факторите кои влијаат на зголемување на компетитивноста на производите од дрво. Како поволни фактори детеминирани се евтината работна рака, евтината цена на енргијата во споредба со регионот, географската положба, релативно покриената патна инфраструктура. Како слабости на овој сектор се детерминирани недостатокот од инвестиции (недостаток на капитал), несоодветните менаџмент-стратегии, застарената технологија, ниската продуктивност и ниската додадена вредност на производот. За постигнување на подобри резултати се предлага овој сектор да се организира подобро и, секако, идни вложувања во модерна технологија.

11. *Nikolovski, G.,* **Stojanovska, M***., Miovska, M.(2011): The attitude of the local population towards hunting regarding two settlements in suburb of Skopje, Macedonia, (Ставот на локалното население кон ловот во две периурбани населби на Скопје, Македонија), SEEFOR, Vol. 2*

Авторите на овој труд го анализирале јавното мислење и ставот на жителите од населбите Горно Лисиче и Драчево кон ловството. Посебен акцент е ставен на жители кои не се ловџии. Резулатите покажаа дека најголем дел од машката анкетирана популација смета дека ловџиите се занимаваат со овој спорт затоа што имаат бенефит од тоа, за разлика од женската популација која смета дека ловџиите одат на лов исклучиво заради спорт и рекреација. Но, и покрај се, интересено е да се напомене дека најголем дел од анкетираните (и машка и женска популација) изразиле голема желба и тие да одат на лов.

**Објавен труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**

1. *Glück, P., Avdibegovic ´, M., C˘abaravdic ´, A., Nonic ´, D., Petrovic ´, N., Posavec, S. and* **Stojanovska, M.** *(2010): The preconditions for the formation of private forest owners` interest association in Western Balkan region (Предуслови за формирање на Асоцијација на приватни*

*сопственици на шуми во регионот Западен Балкан), Forest Policy and Economics, Volume 12, Issue 4, April 2010, Pages 250-263*

Приватните сопственици на шуми во Хрватска, БиХ, Србија и Македонија се уште не се организирани во организации од интерес, иако застапеноста на приватните шуми во целокупната површина под шуми се движи од 10% во Македонија до 52% во Србија. Оваа состојба не оди паралелно со демократскиот политички систем. Во трудот се анализирани предусловите за формирање на вакви асоцијации. Како резултат на емпириското истражување се добија показатели дека во регионот постојат предуслови за нивно формирање, пред се заради нивната заинтересираност, бројност, но и заради поддршката од донесувачите на одлуки.

**Стручно-апликативна работа**

Д-р Македонка Стојановска, од изборот во звањето доцент до сега, изготвила самостојно или како соработник со други автори вкупно 2 дела од стручно-апликативната дејност, како трудови, студии, проекти, програми, планови и сл.

1. Програма за мерки за контрола на Pseudotsuga meziensii во националниот парк „Пелистер", 2008
2. Среднорочна програма за мерки за ревитализација на моликата во националниот парк „Пелистер", 2008

## 5.Печатени изданија (монографии, книги и брошури)

**Монографии**

1. Gluck, P., coordinating lead author, Avdibegovic, M., Cabaravdic, A., Nonic, D., Petrovic, N., Posavec, S., **Stojanovska, M., lead authors**, Imocanin, S., Krajter, S., Lozanovska, N., Mrkobrada, A., Trnicic, S., contributing authors (2011): Private Forest Owners in Western Balkans- Ready for formation of Interest Associations (Сопствениците на приватни шуми во Западен Балкан – спремни за основање на здруженија од интерес), Publisher EFI (European Forest Institute), pg. 101-133
2. Монографија „60 години Шумарски факултет", 2007, Скопје, стр. 82-115

**Брошури**

1. **Stojanovska M.**, Blinkov I., Miovska M., Mincev I., FOPER project, Регионално истражување: „Конфликти од областа на шумарството во регионот на Југоисточна Европа"- „Конфликти помеѓу секторите за шумарство и животна средина во Република Македонија"(Conflicts between forestry and environmental sector in the Republic of Macedonia) - on Macedonian language,20 pgs, Skopje 2009

## 6.Дејности од поширок интерес

Кандидатката во периодот од нејзиниот избор како доцент до денес се јавува и како член на 12 комисии во рамките на факултетот, како координатор на студиските програми шумарство и озеленување и

унапредување на животната средина, како член на уредувачки одбор на меѓународен зборник на трудови, како рецензент на трудови за печатење во меѓународни списанија (СИФОР), како член на работна група за изготвување на подзаконски акти од областа на шумарството, и како член на меѓународна работна група TOS (Team of Specialists – тим на специјалисти) во рамките на UNECE/FAO за шумарска статистика.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата со внимание ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатката.

Врз основа на погоре изнесеното, односно стручно-научните и педагошки квалитети, Рецензентската комисија констатира дека д-р Македонка Стојановска ги исполнува сите услови за стекнување на наставно-научно звање вонреден професор по предметите организција и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг и цени.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје на својата наредна седница да ја промовира кандидатката доц. д-р Македонка Стојановска во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР.

**Рецензентска комисија**

Д-р Блажо Димитров, редовен професор на
Шумарскиот факултет во Скопје, во пензија с.р.

Д-р Драган Нониќ, вонреден професор на
Шумарски факултет во Белград с.р.

Д-р Иван Блинков, редовен професор на
Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ____**Македонка Ангеле Стојановска**____________
(име, татково име и презиме)

**Институција:** __**Шумарски факултет**______________________
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** __**организација и економика**______________

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: (од изборот во звањето вонреден професор до сега) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Социјална екологија (2+1), 2005/06 - предавања | 1.2 |
| 2 | Социјална екологија (2+1), 2005/06 - вежби | 0.45 |
| 3 | Ергономија во шумарството (2+2), 2005/06 предавања | 1.2 |
| 4 | Ергономија во шумарството (2+2), 2005/06 вежби | 0.9 |
| 5 | Организација и управување (3+2), 2005/06 предавања | 1.8 |
| 6 | Организација и управување (3+2), 2005/06 вежби | 0.9 |
| 7 | Социјална екологија (2+1), 2006/07 предавања | 1.2 |
| 8 | Социјална екологија (2+1), 2006/07 - вежби | 0.45 |
| 9 | Ергономија во шумарството (2+2), 2006/07 предавања | 1.2 |
| 10 | Ергономија во шумарството (2+2), 2006/07 вежби | 0.9 |
| 11 | Организација и управување (3+2), 2006/07 предавања | 1.8 |
| 12 | Организација и управување (3+2), 2006/07 вежби | 0.9 |
| 13 | Социјална екологија (2+1), 2007/08 - предавања | 1.2 |
| 14 | Социјална екологија (2+1), 2007/08 - вежби | 0.45 |
| 15 | Ергономија во шумарството (2+2), 2007/08 предавања | 1.2 |
| 16 | Ергономија во шумарството (2+2), 2007/08 вежби | 0.9 |
| 17 | Организација и управување (3+2), 2007/08 предавања | 1.8 |
| 18 | Организација и управување (3+2), 2007/08 вежби | 0.9 |
| 19 | Социјална екологија (2+1), 2008/09 - предавања | 1.2 |
| 20 | Социјална екологија (2+1), 2008/09 - вежби | 0.45 |
| 21 | Ергономија во шумарството (2+2), 2008/09 предавања | 1.2 |
| 22 | Ергономија во шумарството (2+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 23 | Организација и управување (3+2), 2008/09 предавања | 1.8 |
| 24 | Организација и управување (3+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 25 | Социјална екологија (2+1), 2009/10 - предавања | 1.2 |
| 26 | Социјална екологија (2+1), 2009/10 - вежби | 0.45 |
| 27 | Ергономија во шумарството (2+2), 2009/10 предавања | 1.2 |
| 28 | Ергономија во шумарството (2+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 29 | Организација и управување (3+2), 2009/10 предавања | 1.8 |
| 30 | Организација и управување (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 31 | Економика со калкулации (3+2), 2009/10 предавања | 1.8 |
| 32 | Економика со калкулации (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 33 | Шумскостопанска политика (3+2), 2009/10 предавања | 1.8 |
| 34 | Шумскостопанска политика (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 35 | Социјална екологија (2+1), 2010/11 - предавања | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 36 | Социјална екологија (2+1), 2010/11 - вежби | 0.45 |
| 37 | Ергономија во шумарството (2+2), 2010/11 предавања | 1.2 |
| 38 | Ергономија во шумарството (2+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 39 | Организација и управување (3+2), 2010/11 предавања | 1.8 |
| 40 | Организација и управување (3+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 41 | Економика со калкулации (3+2), 2010/11 предавања | 1.8 |
| 42 | Економика со калкулации (3+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 43 | Шумскостопанска политика (3+2), 2010/11 предавања | 1.8 |
| 44 | Шумскостопанска политика (3+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 45 | Маркетинг и цени (2+2), 2010/11 предавања | 1.2 |
| 46 | Маркетинг и цени (2+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| | **ВТОР ЦИКЛУС** | |
| 47 | Организација и управување (3+2), 2005/06 вежби | 0.9 |
| 48 | Организација на производни процеси (3+2), 2005/06 вежби | 0.9 |
| 49 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2005/06 вежби | 0.9 |
| 50 | Рационализација на трудот (3+2), 2005/06 вежби | 0.9 |
| 51 | Организација и управување (3+2), 2006/07 предавања | 2.25 |
| 52 | Организација и управување (3+2), 2006/07 вежби | 0.9 |
| 53 | Организација на производни процеси (3+2), 2006/07 предавања | 2.25 |
| 54 | Организација на производни процеси (3+2), 2006/07 вежби | 0.9 |
| 55 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2006/07 предавања | 2.25 |
| 56 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2006/07 вежби | 0.9 |
| 57 | Рационализација на трудот (3+2), 2006/07 предавања | 2.25 |
| 58 | Рационализација на трудот (3+2), 2006/07 вежби | 0.9 |
| 59 | Организација и управување (3+2), 2007/08 предавања | 2.25 |
| 60 | Организација и управување (3+2), 2007/08 вежби | 0.9 |
| 61 | Организација на производни процеси (3+2), 2007/08 предавања | 2.25 |
| 62 | Организација на производни процеси (3+2), 2007/08 вежби | 0.9 |
| 63 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2007/08 предавања | 2.25 |
| 64 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2007/08 вежби | 0.9 |
| 65 | Рационализација на трудот (3+2), 2007/08 предавања | 2.25 |
| 66 | Рационализација на трудот (3+2), 2007/08 вежби | 0.9 |
| 67 | Организација и управување (3+2), 2008/09 предавања | 2.25 |
| 68 | Организација и управување (3+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 69 | Организација на производни процеси (3+2), 2008/09 предавања | 2.25 |
| 70 | Организација на производни процеси (3+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 71 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2008/09 предавања | 2.25 |
| 72 | Менаџмент во шумарството (3+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 73 | Рационализација на трудот (3+2), 2008/09 предавања | 2.25 |
| 74 | Рационализација на трудот (3+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 75 | Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки и економијата (3+2), 2009/10 предавања | 2.25 |
| 76 | Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки и економијата (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 77 | Комуникации, преговори и односи со јавноста во секторот шумарство (3+2), 2009/10 предавања | 2.25 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 78 | Комуникации, преговори и односи со јавноста во секторот шумарство (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 79 | Управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми (3+2), 2009/10 предавања | 2.25 |
| 80 | Управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми (3+2), вежби 2009/10 | 0.9 |
| 81 | Претприемништво во шумарството (3+2), 2009/10 предавања | 2.25 |
| 82 | Претприемништво во шумарството (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 83 | Шумско-еколошка политика (3+2), 2009/10 предавања | 2.25 |
| 84 | Шумско-еколошка политика (3+2), 2009/10 вежби | 0.9 |
| 85 | Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки и економијата (3+2), 2010/11 предавања | 2.25 |
| 86 | Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки и економијата (3+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 87 | Управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми (3+2), 2010/11 предавања | 2.25 |
| 88 | Управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми (3+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 89 | Претприемништво во шумарството (3+2), 2010/11 предавања | 2.25 |
| 90 | Претприемништво во шумарството (3+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 91 | Шумско-еколошка политика 2010/11 предавања | 2.25 |
| 92 | Шумско-еколошка политика 2010/11 вежби | 0.9 |
| 93 | Економски анализи 2010/2011 предавања | 2.25 |
| 94 | Економски анализи 2010/2011 вежби | 0.9 |
| | **ВТОР ЦИКЛУС МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ** | |
| 95 | Комуникации, преговори и односи со јавноста во секторот шумарство (3+2), предавања 2008/09 | 2.25 |
| 96 | Комуникации, преговори и односи со јавноста во секторот шумарство (3+2), 2008/09 вежби | 0.9 |
| 97 | Менаџмент на шумски претпријатија предавања 2008/09 | 2.25 |
| 98 | Менаџмент на шумски претпријатија вежби 2008/09 | 0.9 |
| 99 | Научни принципи во управувањето со природни ресурси (0+4), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 100 | Комуникации, преговори и односи со јавноста во секторот шумарство (2+1), 2010/11 предавања | 1.5 |
| 101 | Комуникации, преговори и односи со јавноста во секторот шумарство (2+1), 2010/11 вежби | |
| 102 | Менаџмент на шумски претпријатија (2+2), 2010/11 предавања | 1.5 |
| 103 | Менаџмент на шумски претпријатија (2+2), 2010/11 вежби | 0.9 |
| 104 | Интегрирана еколошка економика, политика и моделирање (2+1), 2010/11 предавања | 1.5 |
| 105 | Интегрирана еколошка економика, политика и (2+1), 2010/11 вежби | 0.9 |
| | **УЧЕСТВО И НАСТАВА ВО ШКОЛИ И РАБОТИЛНИЦИ** | |
| 106 | Winter school: Voluntary Tools for the Implementation of Environmental and Social Responsibilities in Forestry with Special Reference to Balkan Region, 20-26.02.2006, Brasov, Romania | 1 |
| 107 | Summer school: International forest policy - implications at the national level, 08.-25.08.2006, Helsinki, Finland | 1 |
| 108 | FOPER: Stakeholder workshop on the design of the international | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Master Program and Professional Training Program on forest policy and economics, 23.5.-24.5.2006, Brac, Croatia | |
| 109 | National Forest Programmes - a Tool for Strengthening Science-Policy Interface in Practice, 20-21 February 2007, Zagreb, Croatia | 1 |
| 110 | Forest Policy and Economics in Support of Good Governance, Dubrovnik, Croatia 3-4.04.2009 | 1 |
| 111 | "How to train adults and professionals: principle issues and practical advice"-January 2008, Banja Luka, BiH | 1 |
| 112 | "Professional course development (training needs assessment and course development)", January 2008, Banja Luka | 1 |
| 113 | "How to organize a training event", January 2008, Skopje | 1 |
| 114 | "Project management and financing in professional training", February, 2008, Skopje | 1 |
| 115 | Private forestry development, 10-13 June,2008, Belgrade | 1 |
| 116 | Развој на приватното шумарство со посебен осврт на Србија, 26-27.1.2009, Белград, Србија | 1 |
| 117 | Рекреациони функции на шумите, 26-27.3.2009, Битола | 1 |
| 118 | Развој, сертификација и меѓународен маркетинг на недрвни шумски производи, 22-23.1.2009, Гевгелија | 1.5 |
| 119 | Европската регулатива која го засега шумарството со посебен акцент на нејзината примена и имплементација во Република Србија, 14-15.4.2009, Белград, Србија | 1.5 |
| 120 | Претприемништво (МСП) во заштитени подрачја, 02-3.4.2009, Скопје, Македонија | 1.5 |
| 121 | Европската регулатива која го засега шумарството со посебен акцент на нејзината примена и имплементација во Република Македонија, 15-16.4.2009, Скопје, Македонија | 1.5 |
| 122 | New Partnerships in Protected Area Management: Sustainable Development, Community Enterprise and Entrepreneurship, 2-5.07.2008, Skopje and NP Mavrovo, Macedonia | 1 |
| 123 | Развој на национална еколошка мрежа во РМ (MAK-NEN), 23-24 април, 2009, Дојран, Македонија | 1 |
| 124 | Трендови и ситуација на самоникнати растенија во Република Македонија, Сиппо (Sippo), 22.4.2010, Скопје, Македонија | 1 |
| 125 | Dialogue on Investing in Locally Controlled Forestry, Ohrid, Macedonia, December 1-4, 2009 | 1 |
| 126 | Process of preparation of the management plan of NP Mavrovo, 2010, Mavrovo, Macedonia | 1 |
| 127 | „Building up capacity and strengthening cooperation for the promotion of transboundary nature conservation along SEE Green Belt, 26-28.02.2010 Mavrovo, Macedonia | 1 |
| 128 | Посочување на недостатоците во подзаконската регулатива од областа на недрвните шумски производи и донесување на предлог мерки за нивно надминување, 18.12.2009, Скопје, Македонија | 1.5 |
| 129 | Survey in social research, 5-10 September, 2010, Sarajevo | 1 |
| 130 | Improving forest products marketing to help drive sustainable rural economic development in SEE region, 7-9 December 2010, Mavrovo, Macedonia | 1 |
| | **ТЕРЕНСКА НАСТАВА** | |
| 131 | Социјална екологија 2005/06, теренска настава-3 часа | 0.12 |

| | | |
|---|---|---|
| 132 | Социјална екологија 2006/07, теренска настава-3 часа | 0.12 |
| 133 | Социјална екологија 2007/08, теренска настава-3 часа | 0.12 |
| 134 | Социјална екологија 2008/09, теренска настава-3 часа | 0.12 |
| 135 | Социјална екологија 2009/10, теренска настава-3 часа | 0.12 |
| 136 | Ергономија во шумарството 2005/2006, теренска настава-4 часа | 0.16 |
| 137 | Ергономија во шумарството 2006/2007, теренска настава-4 часа | 0.16 |
| 138 | Ергономија во шумарството 2007/2008, теренска настава-4 часа | 0.16 |
| 139 | Ергономија во шумарството 2008/2009, теренска настава-4 часа | 0.16 |
| 140 | Ергономија во шумарството 2009/2010, теренска настава-4 часа | 0.16 |
| 141 | Организација и управување 2005/2006, теренска настава-5 часа | 0.2 |
| 142 | Организација и управување 2006/2007, теренска настава-5 часа | 0.2 |
| 143 | Организација и управување 2007/2008, теренска настава-5 часа | 0.2 |
| 144 | Организација и управување 2008/2009, теренска настава-5 часа | 0.2 |
| 145 | Организација и управување 2009/2010, теренска настава-5 часа | 0.2 |
| 146 | Консултации со студенти, семинарски 2005/06 ( 256 студенти) | 0.5 |
| 147 | Консултации со студенти, семинарски 2006/07 (243 студенти) | 0.5 |
| 148 | Консултации со студенти, семинарски 2007/08 (160 студенти) | 0.3 |
| 149 | Консултации со студенти, семинарски 2008/09 (122 студенти) | 0.2 |
| 150 | Консултации со студенти, семинарски 2009/10 (150 студенти) | 0.3 |
| 151 | Консултации со студенти, семинарски 2010/11 ( 163 студенти) | 0.3 |
| 152 | Консултации со студенти на II циклус 2006/07 (4 студенти) | 0.01 |
| 153 | Консултации со студенти на II циклус 2007/08 (4 студенти) | 0.01 |
| 154 | Консултации со студенти на II циклус 2008/09 (3 студенти) | 0.01 |
| 155 | Консултации со студенти на II циклус 2009/10 (3 студенти) | 0.01 |
| 156 | Консултации со студенти на II циклус 2010/11 ( 4 студенти) | 0.01 |
| 157 | Ментор на дипломска работа (x 5) Новакоски, Крчова, Јордановска, Јованов, Тасевски | 0.8 |
| 158 | Член на Комисија за оцена на докторат | |
| 159 | Член на Комисија за оцена на подобност на кандидат (2) | 1 |
| 160 | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска (x9)ФОПЕР -6 студенти, Димов Димитар, Петровски Сашо, Киро Делов | 2.7 |
| 161 | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа (x 14) | 1.4 |
| 162 | Пакет материјали за одреден предмет (x 4) | 4 |
| | **Вкупно** | 179,95 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа: „Анализа на организационата поставеност на Асоцијацијата на приватните сопственици на шуми во Република Македонија", Лозановска Наташа. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Коментор на докторска работа: „Forest related start-ups and innovation in Macedonia", м-р Владимир Стојановски, University of Natural Resources and Applied Life Sciences - BOKU - Vienna | 3 |
| | **Раководител на меѓународен проект:** | |
| 3 | Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален парк „Маврово", јануари 2009 – декември 2010, научен координатор | 9 |
| 4 | Strengthening capacities in education, training and research in forest policy and economics (FOPER I), January 2004-June 2009, financed by EFI | 6 |
| 5 | Consolidation of the Human capacities in forest policy and economics education and research in the SEE Region (FOPER II), June 2009-June 2012, financed by EFI | 6 |
| | **Координатор на регионален проект:** | |
| 6 | FOPER Project, Science- Policy interface | 9 |
| 7 | Professional Training in forestry- FOPER I January 2006-June 2009 | 9 |
| 8 | Conflicts between Environmental and Forestry Sectors in Macedonia, EFI/FOPER, Science-Policy Interface, October 2007- May 2009 | 9 |
| 9 | FOPER II -research component- Regional Research coordinator | 9 |
| 10 | Entrepreneurship, markets and marketing of NWFPs, FOPER II, December 2009-May 2011 | 9 |
| | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | |
| 11 | PRIFORT, regional project about interest private forest owners association, senior researcher, national coordinator (April 2007-May 2009) | 6 |
| 12 | The role and effectiveness of international organisations and implications on environmental/ forest policy processes at national level, FOPER II, December 2009-May 2011 | 6 |
| 13 | Assessment of governance principles in forest policies and NFPs in SEE countries, FOPER II, December 2009-May 2011 | 6 |
| 14 | Assessment of governance principles in forest protected areas, FOPER II, December 2009-May 2011 | 6 |
| 15 | Socio-economic values of urban forests and behavioural patterns in capital cities of SEE, December 2009-May 2011 | 6 |
| | **Учесник во меѓународен проект** | |
| 16 | UNU-GEF: Development of a regional (MKD, SCG, BG, TUR) PDF-A project on Sustainable Land Management: Community based rehabilitation of degraded land in Balkan mountains, associate for socio-economic issues, 2006 | 5 |
| 17 | Transnational project (11 partners - 7 countries): **RIMADIMA** (Risk Management, Disaster Management and Prevention against Natural Hazards in Mountains/Forested regions) - code No.04MAC03/03/01/001 /5D102; INTERREG IIIb Cadses project; 2006-2008 - associate, soc-economy aspects. | 5 |
| | **Учесник во национален научен проект (x 2)** | |
| 18 | Програма за мерки за контрола на Pseudotsuga menziensii во Национален парк „Пелистер", 2008 | 3 |
| 19 | Среднорочна програма за мерки за ревитализација на моликата во Национален парк „Пелистер", 2008 | 3 |
| | **Труд со оригинали** | |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Gluck, P., Stojanovska, M.,et: The preconditions for the formation of private forest owners` interest association in Western Balkan region, *Forest Policy and Economics, Volume 12, Issue 4, April 2010, Pages 250-263* | 4.293 |
| 21 | Miovska, M., Stojanovska, M.: „Cross-sectoral coordination between forestry and environmental sectors as part of the policy processes of the Republic of Macedonia"; International Scientific Symposium; Brasov, Romania, 2008. | 3 |
| | **Дел од монографија објавена во странство** | |
| 22 | Глук, П., Стојановска, М. идр.(2009): Истражување за организациите на приватни сопственици на шуми во регионот Западен Балкан, Завршен извештај на резултатите од истражувањето,<br>Том 1: Главни резултати. Проект: Истражување за организација на Асоцијацијата на приватните сопственици на шуми во регионот Западен Балкан (PRIFORT), Европски шумарски институт, 213 стр. | 12 |
| 23 | **Монографија: 60 години Шумарски Факултет** | 4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 24 | Stojanovska, M., Lozanovska, N.: The new management trends in protected areas as a key element for integral protection of the nature, International scientific symposium, Belgrade, Serbia, 2008. | 3 |
| 25 | Stojanovska, M., Miovska, M., Stojanovski, V.: The role of forest policy in fighting climate change in R. Macedonia, international scientific conference, Belgrade, March 2010 | 3 |
| 26 | Вулетиќ, Д., Стојановска, М. и др.(2010): Конфликти кои се однесуваат на шумарството во регионот на ЈИЕ: Регионални аспекти и посебни случаи во БиХ, Хрватска, Македонија и Србија, Шумската политика и економика како поддршка на доброто управување, Зборник на Европски шумарски институт, бр. 58. | 3 |
| 27 | Стојановска, М., Миовска, М., Стојановски, В.(2010): Можности за дополнителни финасиски извори на НП Маврово во РМ, Прв српски шумарски конгрес, Иднината со шумите, 11-13 ноември, Белград, Србија. | 3 |
| 28 | Stojanovska, M., Petrovic, N., Lengyel, A.: Investment in locally controlled forestry in the SEE sub-region, TFD background paper, The forests dialogue, 2009. | 3 |
| 29 | Tuomasjukka, T., Saastamoinen, O., Glück, P., Rametsteiner, E., Tikkanen, I., Pitkänen, M., Avdibegovic, M., Petrovic, N., Stojanovska, M., Leonidha, P. and Stjepan, P. Strengthening forestry education in Western Balkans – Positive impacts in regional networking and cooperation. presentation at the 8th finnish colloquium of South-East European studies. 5-6 october 2007. Joensuu, Finland. | 3 |
| 30 | Savik, N., Stojanovska, M., Stojanovski, V. (2011): Analyses of competitiveness of forest industry in RM, (Анализа на компетитивноста на индустријата поврзана со шумарство во РМ), SEEFOR, vol. 2 | 3 |
| 31 | Nikolovski, G., Stojanovska, M., Miovska, M.(2011): The attitude of the local population towards hunting regarding two settlements in suburb of Skopje, Macedonia, (Ставот на локалното население кон ловот во | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | две периурбани населби на Скопје, Македонија), SEEFOR, Vol. 2 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно списание** | |
| 32 | Стојановска, М., Лозановска, Н.: Новиот План за управување со НП „Маврово" како клучен елемент за интегрална заштита на природата, Шумарски преглед, Год. 42, стр. 92-101 | 2 |
| 33 | Стојановска, М., Миовска, М.: Законската регулатива и координираност на секторските политики: шумарство и животна средина. Шумарски преглед, Год. 42, стр. 101-111, 2009 | 2 |
| | **Презентации, извештаи** | |
| 34 | Stojanovska, M.: Country report on Forest policy and economics: New requirements in forestry education in Macedonia; Intercathedra meeting, Sarajevo, 2006 | |
| 35 | Stojanovska M.: Country report on private forest in R. Macedonia; Intercathedra meeting, Sarajevo, 2006 | |
| | **Брошури** | |
| 36 | Stojanovska, M., Miovska, M.: Conflict between forestry and environmental sector in R. Macedonia, 2009 brochure | |
| | | |
| | **Вкупно** | 167,293 |

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| 1 | Член на факултетска комисија (x 12) | 6 |
| 2 | Координатор на студиска програма | 1 |
| 3 | Раководител на внатрешната организациона единица-катедра | 3 |
| 4 | Раководител на постдипломски студии | 1 |
| 5 | Член на уредувачки одбор на научно списание (x 1) | 0.5 |
| 6 | Меѓународна научна конференција: Интегрална заштита на шумите-научно-технолошка платформа, 12.12.2007, Научен одбор | |
| 7 | Член на работна група за изработка на Правилник за користење на недрвни шумски производи | 2 |
| 8 | Член на Тим на специјалисти во УНЕЦЕ/ФАО (UNECE/FAO) за статистика на секторот шумарство | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 14,5 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 179,95 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 167,293 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 14,5 |
| **Вкупно** | 361,743 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Блажо Димитров, редовен проф. на Шумарскиот факултет во Скопје, во пензија, претседател с.р.

2. Д-р Драган Нониќ, вонреден професор на Шумарски факултет во Белград, член с.р.

3. Д-р Иван Блинков, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, член с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНВЕСТИЦИОНОТО БАНКАРСТВО И ПОРТФОЛИО ИНВЕСТИЦИИТЕ – ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ ВОРЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА,

од м-р ЉупчоДавчев, поднесена за одбрана на
Економскиот институт - СКОПЈЕ

Врз основа на член 231 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј"во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација на кандидатотм-р Љупчо Давчевсо наслов „Инвестиционотобанкарствоипортфолиоинвестиции-перспективи за развој во Република Македонија", Научниот совет на Економскиот институт -Скопје, на својата 23-та седница одржана на 22.2.2011година, донесе одлука број 02-368/1 од 24.2.2011година за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Билјана Ангелова
2. д-р Климентина Попоска
3. д-р Евица Делова-Јолевска
4. д-р Диана Бошковска
5. д-р Неда Петроска-Ангеловска

Членовите на Комисијата, со потребното внимание ја прочитаа поднесената докторска дисертација„Инвестиционотобанкарствоипортфолиоинвестициите-перспективи за развој во Република Македонија од кандидатотм-р Љупчо Давчеви до Научниот совет на Економскиот институт - Скопје, го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општисогледувања

Докторскатадисертација„Инвестиционотобанкарствоипортфолиоинвестициите-перспективи за развој во Република Македонија" од кандидатотм-р Љупчо Давчев восвојатасуштинанавлегувавоосновата, начинотипринципитенаработанаинвестиционитебанкиинивнотоместовофинансискиотс истем, сопосебеносвртнапортфолиоинвестициите. Посветувајќи внимание на клучните аспекти од инвестиционотобанкарство, во трудот сеидентификуваатреалнитеможностииограничувачкитефакторииссе посочуваат насокизаразвојнаинвестиционотобанкарствовоРепубликаМакедонија.

Инвестиционото банкарство и портфолио инвестициите се делови од финансискиот систем кои веќе неколку децении ја креираат економската иднина во развиените земји и глобалната економија, воопшто. Големата експанзија на овој

сектор, како во поглед на големината, така и во поглед на географската покриеност придонесува и влијае на делокругот, но и на неговото влијание врз структурата на економијата и финансискиот систем во целина. Инвестиционото банкарство е високо специјализиран сегмент на финансиската индустрија. Неговото значење се состои во големата понуда на финансиски инструменти кои овозможуваат сопствениците на акумулираниот капитал кој го поседуваат, да го пренаменат, употребувајќи ги соодветно финансиските инструменти и пазарите, а кои ќе бидат во согласност со нивните различни барања и очекувања во поглед на ризикот, добивката и ликвидноста, како три најважни атрибути при инвестирањето преку финансиски инструменти. Всушност, изборот на финансиските пазари, како и изборот и употребата на финансиските инструменти ја чинат основата на инвестиционото банкарство. Нивното влијание е заемно, имајќи предвид дека развојот и еволуцијата на инвестиционото банкарство е многу тесно поврзано со растот и експанзијата на финансиските пазари, инструментите кои тие ги имаат и механизмот на работа кој го користат. Растот на националните економии, како и огромниот подем на глобалната економија во последниве неколку декади, даде огромен импакт врз развојот на инвестиционото банкарство. Имено, зголемувањето на реалниот приход и приходите по глава на жител, предизвикува финансиските посредници да ја бараат најатрактивната комбинација на финансиски инструменти во однос на ризикот, приходот и ликвидноста. Односно, ваквите активности доведуваат до раст во побарувачката на финансиските услуги што ги нудат инвестиционите банки, во споредба со обичните услуги кои ги нудат комерцијалните банки.

Во таа смисла, и можноститезаразвојнаинвестиционотобанкарствово Република Македонијасеособенозначајни, акосеимапредвиддекаможедапредизвикаат двојниефективоекономијата-раздвижувањеипорастнапазаротнакапитализголемувањенаможноститезаинвестицииивлезнасвежкапиталвоземјата. Ниското ниво на развиеност на инвестиционото банкарство во Република Македонија и потребата за влез на капитал за поттикнување на финансискиот пазар и националната економија. Условите во кои се наоѓаше и развиваше македонската економија едноставно не одеа во полза на инвестиционото банкарство и можноста за негов развој во пошироки размери.Соодветниот третман на оваа проблематика е одисклучителнаважностзаРепублика Македонијаодаспектнаобезбедувањенаинституционални, законскиидругиадминистративнипредуслови, и од аспектнаможнитеефективрзраздвижувањетонапазаротнакапиталирастотнаекономијата. Во тој контекст, во докторската дисертација е направен обид за соодветнианализикоисеоднесуваатнавлијаниетонаинвестиционотобанкарство,земајќиг опредвидивлијаниетонасветскатафинансискакризаод 2008година, како ивлијаниетонамеѓународнатамонетарнаполитикаинејзинитеимпликацииврзинвестиционотобанкарство. Какообластодпосебнозначењевоинвестиционотобанкарство, обработени сеипортфолиоинвестициитекоивоголемамеравлијаатнауспешностанаинвестиционитебанки.

Со оглед на фактот дека оваа исклучително значајна проблематика е релативно скромно обработувана во македонската литература, а во поразвиените економии и финансиски системи на неа и се посветува поголемо внимание, преку оваа докторска дисертација е направен обид да се даде своевиден научен придонес во третирањето на оваа проблематика.

## 2. Содржина на докторската дисертација

Докторскатадисертација„Инвестиционотобанкарствоипортфолиоинвестициите - перспективи за развој во Република Македонија" од кандидатотм-р Љупчо Давчев е конципирана во воведен дел, пет тематски поглавја, заклучни согледувања и користена литература. На воведниот дел се однесуваат 8 страници, основниот текст на трудот е прикажан на 298 страници, заклучните согледувања се сублимирани на 13 страници, а користената литература ја сочинуваат 80 библиографски единици.

Воведниот дел од докторската дисертација се однесува на улогата и значењето на инвестиционото банкарство, основните хипотези на истражувањето, целите на истражувањето, како и појаснување на методолошкиот приод кој ќе се користи при изработката на трудот.

Во првото поглавјесе дава осврт на развојот на финансиската индустрија преку анализа на позначајните институции кои се дел од неа, а тоа се: комерцијалните банки, штедилниците и кредитните унии, фондовите, осигурителните компании и капитално финансираните пензиски фондови, заедно со инвестиционите банки и брокерските куќи кои ја играат главната улога на финансиските пазари. Токму затоа, преку детална анализа на секоја од нив, како и на нивните меѓусебни врски дадено е објаснување на условите и начинот на работа кој го практикуваат овие институции, а со тоа и како го диктираат развојот на финансиската индустрија.

Во второто поглавје се анализира улогата и значењето на инвестиционото банкарство во финансиската индустрија, со осврт на теоретските основи и структурата, влијанието на меѓународната монетарна политика врз инвестиционото банкарство, влијанието на девизните курсеви, каматните стапки и инфлацијата врз цените на финансиските деривативи кои се нудат од страна на инвестиционите банки, како и влијанието на последната финансиска криза врз развојот на инвестиционите банки на глобално ниво. Ова поглавје од теоретски аспект ја обработува работата и делокругот на инвестиционите банки, како и влијанијата на различните фактори врз успешноста на нивната работа.

Третото поглавје се однесува на портфолио инвестициите кои претставуваат еден од најзначајните начини на инвестирање користени од страна на инвестиционите банки. Тука се опфатени портфолио теоријата и инвестирањето, улогата на портфолио анализата во инвестиционото банкарство, рацијата на хартиите од вредност, начините на утврдување на ефикасност на портфолијата, како и методите за избор на портфолио во услови на неизвесност и ризик. Во овој дел, суштински и практично се претставуваат портфолио инвестициите како начин на инвестирање употребени од страна на инвестиционите банки.

Четвртото поглавје ги опфаќа инструментите на инвестиционото банкарство како што се: обврзниците и акциите, дериватите, фјучерсите и опциите, девизите. Посебно се обработени и техниките на инвестиционо одлучување, одлуките за избор на финансирање и анализа и изборот на начините на финансирање. Акцентот е ставен на инструментите и техниките кои се користени од страна на инвестиционите банки кои ги извршуваат своите операции на глобално ниво. Ваквата анализа треба да даде солидна основа за примена на овие инструменти и техники на инвестиционото банкарство при неговиот развој во нашата држава.

Во петтото поглавје е направен обид да се посочат можните перспективи на инвестиционото банкарство и портфолио инвестициите во Република Македонија. Во овој дел на дисертацијата се дава објаснување на состојбата во финансискиот сектор во Република Македонија, како и на легислативната и институционална компонента за развој на инвестиционото банкарство во земјата. Врз основа на претходно обработените услови и начин на работа на инвестиционите банки во претходните поглавја, деталносе анализирани сите предуслови за развој на инвестиционото банкарство во Република Македонија, за на крај да се дадат насоките и препораките за развој на инвестиционото банкарство кај нас.

Во заклучниот дел на трудот се презентирани клучните наоди и заклучоците од теоретските и апликативните истражувања во докторската дисертација. Воедно, сумирани се и препораките за развој на инвестиционото банкарство и портфолио инвестициите во Република Македонија, изведени како резултат на анализата на глобалното инвестиционо банкарство и предусловите кои ги има Република Македонија за развој на инвестиционото банкарство во иднина.

### 3. Оцена и предлог

Докторскадисертација„Инвестиционотобанкарствоипортфолиоинвестициите - перспективи за развој во Република Македонија" од кандидатотм-р Љупчо Давчевобработува актуелна проблематика од областа на инвестиционото банкарство. Преку анализа на постојните услови кои го детерминираат локалното опкружување, како и случувањата во глобалната економија, кои се анализирани како тенденција во сферата на банкарската индустрија и тековните збиднувања поврзани со финансиската криза и нејзиниот импакт врз инвеститорите на капитал, во докторската дисертација се идентификуваат постојните ограничувања и можности за развој на инвестиционото банкарство во Република Македонија .

Евидентен е соодветниот ангажман на кандидатот во истражувачката компонента на докторската дисертација. Комплексното истражување на оваа проблематика во трудот е придобивка не само од теоретски аспект, туку и од практичен аспект, со што се придонесува кон промовирање на бенефитите од доброто инвестиционо вложување од страна на банките. Комисијата смета дека овој труд ќе даде придонес како во однос на научниот третман на портфолио инвестициите и инвестиционото банкарство, така и во однос на практиките на добро управување со портфолијата на инвеститорите од страна на инвестиционите банки.

При изработката на докторската дисертација, кандидатот користел комбинација од повеќе методи. Генерално, трудот се базира на индуктивно-дедуктивниот метод, и

методите на анализа и синтеза при акцентирање на теоретските аспекти на обработуваната проблематика. Додека, пак, емпириското истражување, е имплементирано со цел адекватно идентификување на состојбите во доменот на инвестиционото банкарство, при што се користат методите на квантитативна и квалитативна анализа во комбинација со компаративниот метод. За визуелно претставување на проблемите на истражување, во докторската дисертација се користат табеларниот и графичкиот метод на презентирање.

Во тој контекст, може да се констатира дека докторксата дисертација на кандидатот претставува заокружен приказ на современите концепти на инвестиционото банкарство и можностите за нивна примена во Република Македонија, во што се состои и нејзиниот научен придонес.

Врз основа на претходно истакнатите ставови на Комисијата, таа цени декаподнесенатадокторска дисертација„Инвестиционото банкарство и портфолио инвестициите -перспективи за развој во Република Македонија",од кандидатот м-р Љупчо Давчев, во целост ги исполнува критериумите за позитивна оцена и му предлага на Научниот совет на Економскиот институт-Скопје:

1. да го прифати извештајот за оцена на докторскатадисертација „Инвестиционото банкарство и портфолио инвестициите -перспективи за развој во Република Македонија" од кандидатот м-р Љупчо Давчеви

2. на кандидатотм-р Љупчо Давчевда му се допушти јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 13 јуни 2011

Членови на Комисијата

1.______________________________
/Д-р Билјана Ангелова/ с.р

2.______________________________
/Д-рКлиментина Попоска/ с.р

3.______________________________
/Д-р Евица Делова-Јолевска/ с.р.

4.______________________________
/Д-рДиана Бошковска / с.р

5.______________________________
/Д-р Неда Петроска-Ангеловска/ с.р

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА ВОПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ"
# ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р МИТО СПАСЕВСКИ

Согласно со одлуката донесена на 27.12.2010 година од страна на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", во Скопје, доверена ми е можноста да бидам рецензент на ракописот „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот", како основа за учебник по односниот предмет од авторот проф. д-р Мито Спасевски. Следствено, како рецензент, го давам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Основни податоци:

Насловот на трудот, односно ракописот е „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот"

Учебникот е наменет за студиите и студентите од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Учебникот се однесува на предметот методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот кој според студиската програма е задолжителен и се следи во петти, шести, седми и осми семестар со неделен фонд на часови и еквивалентност од ЕКТС.

Учебникот кој е предмет на оваа рецензија е во согласност со предметната програма на групата за предучилишно воспитание на овој Факултет.

Автор на ракописот, односно учебникот е проф. д-р Мито Спасевски, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

За рецензент сум избран со одлука на Наставно-научниот совет на седницата одржана на 27.12.2010 година.

Ракописот, односно учебникот ќе претставува основна литература за студентите од студиската група предучилишно воспитание на овој педагошки факултет.

Ракописот е прво издание со статус на учебник и на студентите треба да им овозможи квалитетна учебникарска базична основа за совладување на материјата од односниот предмет.

Ракописот, односно учебникот е конципиран на 224 страници, со примена на стандардната учебникарска структура целосно соодветна на современите студиски потреби и цели.

**Краток опис на учебникот:**

**Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот.** Според авторот се доаѓа до констатација дека методиката, посебно на културата на говорот, во целост е специфична научна дисциплина. Нејзината специфичност се базира на поинаква концепција, како предмет на изучување (јазик), така и начин на пристап на научно-уметничка градба и интерпретација (говорна форма). Од тие причини, проф. д-р Мито Спасевски со својот ракопис одговора на повеќе прашања кои се однесуваат на методиката на работа и пренесување на содржините на студентите и на секој оној што се занимава со воспитно-образовната дејност по овој наставно-воспитен предмет.

Ракописот за кој се дава оцена содржи четири логички заокружени целини, а со почит кон критериумите кои се неопходни за изработка на добар учебник.

По **предговорот** авторот ја најавува целта на неговото творење, како и потребата за ваков учебник, кој, според нашите сознанија, досега, на македонското подрачје и општо се чувствува потреба бидејќи е оскудно со учебници од ваков вид.

Веднаш по предговорот, авторот го групира учебникот по следниве поглавја:

Во **првиот дел** се разработени целите и задачите кои ги поставува наставниот план и програма, и методиката на работа на нивното остварување кои имаат главно упориште во јазикот и говорот, така што авторот ги истакнува најосновните вредности без кои развојот и културата на говорот не можат да се опишат. Овде се разработени следниве теми: 1. значење на методиката на воспитно-образовната работа по култура на говорот; 2. цели и задачи на методиката по култура на говорот; 3. јазик и говор; 4. воспитно-образовната работа по *култура на говорот*; 5. програмско- области и теми на воспитно-образовната работа по култура на говорот 6. структура на активноста во воспитно-образовната работа по Култура на говорот; 7. методски области; 8. форми – начини на реализација на целите и задачите; 9. видови на активности и говорни игри; 10. облици за реализација на воспитно-образовна работа по *култура на говорот* во предучлишните установи; 11. набљудување на предучилишните деца во функција на реализација на воспитно-образовната работа 12. комуникацијата на воспитувачот и децата во предучилишните установи; 13. детските прашања во процесот на разговорната комуникација; 14. посебни методи во работата со предучилишните деца; 15. дидактички принципи по ВОР по култура на говорот; 16. детски игри; 17. говорна квалификативност на воспитувачот во функција на реализација на работа. Сите тие се разработени на разбирлив, јасен и содржински стил на изразување.

Во **вториот дел** на учебникот авторот дава сериозно внимание на објаснување на поимите: 18. говор; 19. видови на говор; 20. фактори за развој на говорот; 21. физиологија на говорот; 22. воспитно-образовната работа по култура на говорот и книжевноста за деца; 23. критериуми за избор на литературни творби за реализација на воспитно-образовни активности по култура на говорот; 24. корелацијата на воспитно-образовната работа по култура на говорот и другите воспитно-образовни подрачја; 25. билингвизмот во контекст на говорните развојности; 26. работно-игровни средства во

функција на воспитно-образовната работа по култура на говорот; 27. работни методи на воспитно-образовната работа по култура на говорот.

Од прегледот може да се констатира дека во втората целина авторот многу студиозно ги разгледува особеностите и видовите на говор што посебно може да биде од корист за студентите – идни воспитувачи со цел препознавање на квалитативните карактеристики на говорот кај децата - сегмент кој не може да се испушти е литературата за деца како извор на јазикот, и средство за говорна и пишана комуникација.

Посебен проблем за кој авторот компетентно расправа е билингвизмот како процес за развој на говорот на децата. Повеќенационалните и мултикултурни средини, ги негуваат, по закон, од потреба или природно, јазикот на средината и мајчиниот јазик. Во последно време, секоја држава се подготвува за влез во Европската унија, а тоа значи билингвизмот стана неизбежност за што авторот Мито Спасевски со право вели:

„Освен принципите кои треба да се почитуваат, значајно место во работата заземаат наставните средства кои авторот ги дефинира како работно - игровни, покрај визуелните и аудиовизуелните“. Авторот дава сериозно внимание на употребата на: методот на игра, методот на покажување, на компарација, опишување, практични активности, вежбање разговор, интерпретација, читање, разговор и прераскажување.

**Во третиот дел се опфатени:** 32. гласовна страна на говорот 29. дискриминација на гласови, зборови и речници; 30. видови слушање; 31. вежби за дискриминација; 32. артикулација; 33. детски речник; 34. категоријална анализа на детскиот речник; 35. природата на детскиот речник; 36. логички поврзан говор; 37. развоен пат на реченицата; 38. граматички правилен говор. Поаѓајќи од разработените говорни делови и видови на говор во третиот дел од трудот што претставува применет лингвистички пристап на говорот, тој ја разработува фонетската и фонолошката страна на македонскиот јазик. Авторот со многу карактеристични елементи укажува на појави во јазикот кои можат да го отежнуваат изговорот и говорот, како и на можност за надминување на проблеми низ разновидни јазични вежби, кои во првите години од животот може да се коригираат. Ваквиот пристап кон јазикот, истакнува авторот, ќе се одразува врз развојот на артикулацијата како и на факторите кои влијаат на неа. Посебно значење на оваа целина ја чинат разновидните вежби кои придонесуваат за развој на гласовната страна на јазикот, како и развој на слухот. Неопходно е, истакнува авторот, да се организираат добри вежби за дишење, со цел воздушната струја која е потребна за правилна артикулација да може правилно да функционира. Со оваа тематска целина авторот детално и прецизно ги вреднува сите елементи неопходни за аудитивна и значенска страна на јазикот.

**Во четвртиот дел се приложени повеќе тематски целини, меѓу кои**: 39. планирање на воспитно-образовните активности; 40. креативна игрална; 41. сликовницата во функција на развојот и културата на говорот; 42. драмската литература за деца во функција на културата на говорот; 43. говорни игри и огледни прилози; 44. избор на прилози за артикулација и дискриминација на гласови и зборови; 45. избор поими од детскиот речник и на крајот авторот набележува преглед на користена литература. Авторот, за време на подготовката на методиката, користел современи домашни и

странски научни извори од лингвистиката, дидактиката, методиката, литературата за деца и психологијата. Литературата е користена во согласност со критериумите за изработка и обработка на материјали кои се содржани во книгата.

Четвртиот дел на ракописот претставува синтеза на претходно обработеното, почнувајќи од планирање на воспитно-образовната работа, преку креативни игри, користење на сликовницата во функција на развој на говор, драмски текстови за деца, низ разновидни сценски игри, до прецизно направен избор на поими за детски речник и вежби за артикулација и дискриминација на гласови и зборови на примери од поетски остварувања за деца.

Според авторот, воспитувачот има сериозна улога во правилното негување на говорот. За авторот тој е личност образувана за работа во услови на современ техничко-технолошки напредок, глобализациски и други промени, личност што треба да го негува современиот македонски јазик и да се бори со секакви јазични нарушувања. Воспитувачот за авторот е креаторот на културата на комуникацијата на децата, служејќи се притоа со јазикот разбирлив за деца, со можност за збогатување на јазикот, со сценско комуницирање при обработка на детски драми, со еден збор, развој на говорната мелодија низ интеракција во добро познатиот триаголник: воспитувач – текст – дете.

**Заклучок во форма на резиме.** Во согласност со деталната анализа на содржината на ракописот и увид во високиот квалитет на ракописот, со посебно задоволство го препорачувам печатењето под предложениот наслов ***Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот*** од проф. д-р Мито Спасевски. Вака модерно конципиран учебник ќе најде свои читатели и проучувачи меѓу студентите од педагошките и филолошките факултети, родителите и сите оние што своите знаења сакаат да ги збогатат.

**Предлог за оправданоста за објавување на трудот.** Со трудот ***Методиката на воспитно-образовната работа по култура на говорот***, авторот укажува на фактот говорот да биде јасен, концизен, целесообразен, хармоничен и сл.; внимателно да се следат реакциите на аудиториумот; да се контролираат облиците на невербалната комуникација и во никој случај да не се допушти силна и постојана гестика, мимика, смеење или жалосна интонација на гласот; да се биде конкретен, директен и времето на излагање добро да биде испланирано. Врз основа на комплексно изложените гледишта и становишта кои резултираат од опстојното проследување на трудот – ракописот за учебник од авторот проф. д-р Мито Спасевски, со особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски " во Скопје, му предлагам ракописот да биде прифатен и објавен како учебник за студентите од студиската група предучилишно воспитание.

***Методика на воспитно-образовнатаабота по култура на говорот*** се смета како еден од носечките предмети. Овој учебник ја обработува културата на изразувањето во наставата и секојдневиот живот на учениците. И досега, преку уметничкото рецитирање, на говорните вежби и со

вежбите за читање на прозни текстови и драматизација на басни, бајки и други видови текстови, се давало внимание на јазичното изразување кај учениците. Со овој наставен предмет, пред сè, студентите ќе се запознаат со моќта на живиот збор и неговите можности за изразување на своите мисли, чувства и пораки, со неговата правилна употреба во **комуникацијата**, со можноста сами да го коригираат својот говор и да ги отстрануваат јазичните недостатоци. Книгата ќе пополни голема празнина во македонското *учебникарство*.

На крајот, го предлагам го ракописов за печат во целост, со посебна увереност дека ќе даде голем придонес во македонската учебникарска дејност, особено за културата на говорот која сметам дека е сиромашна со вакви видови учебници.

Рецензент
проф. д-р Трајко Огненовски с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ "МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ" ОД ПРОФ. Д-Р МИТО СПАСЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, на седницата одржана на 27.12.2010 година, донесе одлука со која формира Рецензентска комисија за рецензирање на ракописот –учебникот „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот" од авторот проф. д-р Мито Спасевски.

Со одлуката на Наставно-научниот совет за член на Рецензетската комисија сум определена и јас.

По опстојното и студиозно разгледување на материјата која е предметно устроена во ракописот за учебник, со особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје му го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

1. Насловот на ракописот-учебникот гласи „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот".
2. Учебникот се однесува за програмата Методика на воспитно-образовната работа по култура на говор.
3. Учебникот е наменет за студиската програма предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет.
4. Предметот методика на воспитно-образовната работа е задолжителен предмет во петтиот, шестиот, седмиот и осмиот семестар за предучилишно воспитание.
5. Од студиозната анализа на содржината на ракописот - учебникот и проследувањето на студиската програма произлезе заклучокот дека ракописот, односно учебникот, според неговата содржина и обработена и приложена материја, целосно е во согласност со предметната програма.
6. Автор на учебникот е д-р Мито Спасевски, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.
7. За рецензент сум избрана на седницата на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет на седницата одржана на 27.12.2010 година.

8. Предложениот учебник со наслов „Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот“ е прво издание .

9. Општи податоци за учебникот:

- ракописот-учебникот е напишан на компјутер, на 224 страници;
- учебникот е поделен на пет (5) дела, со поконкретно опсервирање на материјата низ 45 тематски поглавја;
- при изработката на трудот, авторот остварил особено осмислен развоен и систематизиран тек на материјата;
- авторот на трудот при неговата изработка целосно ги респектирал и ги применил современите постапки својствени и нужни за конципирање и изработка на овој вид учебници.

**Краток опис на учебникот**
**I**

**Методиката на воспитно-образовната работа по култура на говорот**, во целост, е специфична научна дисциплина. Нејзината специфичност се базира на поинаква концепција, како предмет на изучување (јазик),така и начин на пристап на научно-уметничка градба. Од тие причини, проф. д-р Мито Спасевски, со својот ракопис што го подготви, настојува да одговори на повеќе прашања кои се однесуваат на методиката на работа и пренесување на содржини со цел за развој на говор и култура на говор.

Говорот како категорија која е поврзана со мислењето, е основен предуслов за комуникација по пат на пишан медиум, пред се, литературно-уметнички текст за деца.

Ракописот за кој ќе дадеме оцена содржи четири логички заокружени целини, а со почит кон критериумите кои се неопходни за изработка на добар учебник.

По **предговорот** во кој авторот објаснува за проблемите за коишто ќе пишува, како и за потребата за ваков учебник, во првата целина, поединечно со неминовно користење на своето, а и искуството на проучувачите на методиката на воспитно-образовната работа по култура на говорот, укажува на значењето на методиката.

**II**

1. Целите и задачите кои ги поставуваат наставниот план и програма, како и методиката на работа на нејзиното остварување, главно упориште имаат во јазикот и говорот, така што авторот ги истакнува основните вредности без кои развојот на говорот и културата на говорот не можат да се опишат.

Наведувајќи ги основните карактеристики во областа и темата, како и структурата на активности во наставната практика, авторот посебно внимание им придава на видовите активности кои се засноваат на игра, а посебно на говорната игра. Во сето тоа неизоставна улога има

воспитувачот, личност образувана за работа во услови на современ техничко-технолошки напредок, глобализациски и други промени.

Воспитувачот на овој милениум, во својата комуникација со децата, начините на мотивација за разговор, јазикот разбирлив за деца, може по испробан пат и нови облици на работа да придонесе за богатување на речникот, слободата на изразување, сценското комуницирање, со еден збор, развој на говорната мелодија низ интеракција во добро познатиот триаголник: воспитувач – текст – дете. За да се постигне сето тоа, авторот одредено внимание дава на примената на дидактичките принципи, меѓу кои кои се издвојуваат принципот на водечка улога на воспитувачот и создавање интерес и мотивација за разговор.

2. Во втората целина авторот многу студиозно ги разгледува особеностите и видовите на говор што посебно може да биде од корист за студентите – идни воспитувачи со цел препознавање на квалитативните карактеристики на говорот кај децата. Од значење е и методиката на работа во отстранување на говорните недостатоци, воочување на факторите за развој на говорот, како и физиологијата на самиот говор. Комплексноста на проблемот за кој авторот пишува бара низа елементи кои мораат да се укомпонираат во воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст. Сегмент кој не може да се испушти е литературата за деца како извор на јазикот, и средство за говорна и пишана комуникација. Компетенциите кои ги поседува воспитувачот му овозможуваат автономност во изборот на литературни содржини кои ќе функционираат во корелација со останатите активности на воспитно-образовната работа.

Посебен проблем за кој авторот компетентно расправа е билингвизмот како процес за развој на говорот на децата. Повеќенационалните и мултикултурни средини ги негуваат, по закон, од потреба или природно, јазикот на средината и мајчиниот јазик. Битна е интерференцијата меѓу нив за што авторот Мито Спасевски со право вели: **„Денес сè повеќе билингвалноста станува нужна потреба и белег на устројувањата на процесите на современиот свет во сите негови пори. Билингвалноста, помалку или повеќе, денес станува императивен јазичен параметар на комуникацијата меѓу луѓето во различни средини и цели."**

Освен принципите кои треба да се почитуваат, значајно место во работата заземаат наставните средства кои авторот ги дефинира како работно - игровни, покрај визуелните и аудио-визуелните. Со помош на средствата, но и методите на работа може да се постигне целта која се оправдува со развојните карактеристики на говорот. Авторот ги наведува следните методи кои укажуваат на еден модерен поглед на искусен професор, а тоа се: метод на игра, метод на покажување, метод на компарација, метод на опишување, практични активности,вежбање разговор, интерпретација, читање, разговор и прераскажување. Овие видови методи ја сочинуваат суштината на воспитно-образовната работа на воспитувачот во развој на говорот.

3. Третата целина на ракописот претставува применет лингвистички пристап на говорот. Авторот со многу карактеристични елементи укажува на појавите во јазикот кои можат да ги отежнуваат изговорот и говорот, како и на можноста за надминување на проблемите низ разновидни јазични вежби. Ваквиот пристап кон јазикот, истакнува авторот, ќе се одразува на развојот на артикулацијата, како и на факторите кои влијаат на неа. Посебно значење на оваа целина ја чинат разновидните вежби кои придонесуваат за развој на гласовната страна на јазикот, како и развој на слухот, така што артикулацијата би била поправилна, а целите и поставените задачи, со програмата, остварени. Неопходно е, истакнува авторот, да се организираат добри вежби за дишење, со цел воздушната струја која е потребна за правилна артикулација да може да функционира.

Развојот на говорот подразбира и збогатување на детскиот речник кој со текот на работа воспоставува логички поврзан говор, а со самото тоа, реченица и текст.

Со речникот кој станал составен дел на детскиот говор може да се остварат комуникативните и другите функции. Со оваа тематска целина во ракописот за која говориме, авторот детално и прецизно ги вреднува сите елементи неопходни за аудитивна и значенска страна на јазикот.

Четвртиот дел на ракописот претставува синтеза на сето претходно кажано, почнувајќи од планирање на воспитно-образовната работа, преку креативни игри, користење на сликовницата во функција на развој на говорот, драмски текстови за деца, низ разновидни сценски игри, до прецизно направен избор на поими за детски речник и вежби за артикулација и дискриминација на гласови и зборови на примери од поетски остварувања за деца.

Во подготовката на ракописот, авторот користел современи домашни и странски научни извори од лингвистиката, дидактиката, методиката, литература за деца и психологијата. Литературата е користена во согласност со критериумите за изработка и обработка на материјали кои се содржани во книгата.

**III**

**Заклучок**

Врз основа на детална анализа на содржината на ракописот и увид во квалитетот и квантитетот, со посебно задоволство го препорачувам печатењето под предложениот наслов ***Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот*** од проф.д-р Мито Спасевски. Очекувам дека вака модерно конципиран учебник ќе најде свои читатели и проучувачи меѓу студентите од педагошките и филолошките факултети, родителите и сите оние што своите знаења сакаат да ги збогатат со содржини пишувани на пристапен јазик и стил.

## IV

**Предлог за оправданоста за објавување на трудот**

Врз основа на комплексно изложените гледишта и становишта кои резултираат од опстојното проследување на трудот – ракописот за учебник од авторот проф. д-р Мито Спасевски, со особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски " во Скопје, му предлагам ракописот за учебникот да биде прифатен и објавен како учебник за студентите од студиската група – предучилишно воспитание.

Со оглед на тоа што ракописот-учебникот целосно соодветствува со наставната програма, со искрено убедување сум дека неговото објавување ќе биде од особено значаен придонес за студентите од одделот за предучилишно воспитание, кои во своите студии предметот ***Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот*** го имаат како еден од носечките предмети.

Длабоко сум убедена, исто така, дека објавувањето на овој учебник ќе биде нов ипмулс кон обезбедување на целесообразна литература, односно учебник по овој предмет.

Рецензент
Проф. д-р Стана Смиљковиќ с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА Е-БИЗНИСОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 183 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по предлог на Катедрата за Е-бизнис, со одлука донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Скопје, одржана на 24.6.2011, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник-асистент по **група предмети од областа на е-бизнисот,** во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Нада Секуловска, и проф. д-р Лидија Пулевска – Ивановска.

Комисијата, врз основа на разгледувањето на документацијата на пријавените кандидати по конкурсот за избор на помлад асистент по група предмети од областа на е-бизнисот, објавен во весникот „Утрински весник" од 14.6.2011 година, има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да му го презентира следниов

**<u>ИЗВЕШТАЈ</u>**

На распишаниот конкурс за избор на соработник-асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се пријави еден кандидат, и тоа:

1. м-р Димитар Јовевски

Во извештајот ќе бидат изнесени податоци за кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот.

## Биографски податоци и постигнати резултати на кандидатот

Кандидатот **М-р Димитар Јовевски** е роден на 20.7.1983 година во Скопје. Средното образование го завршил во ДСУ „Никола Карев" во Скопје со одличен успех. Во 2002 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за менаџмент. Во 2005 година, по завршувањето на третата година од студиите со просечен успех 9,46 го продолжи образованието на Универзитетот за професионална

едукација „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирал во јануари 2007 година. Во 2007 година се запишал на постдипломските студии по МБА-менаџмент, а во 2008 на постдипломските студии по Е-бизнис менаџмент и ги положил сите испити. Во април 2011 кандидатот успешно да ја брани својата магистерска теза на тема „Интернет маркетинг стратегии и техники за развој и унапредување на работењето на компаниите“ и се стекна со звањето магистер на економски науки од областа на Е-бизнисот. Од декември 2007 година е вработен на Економскиот факултет во Скопје како помлад асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот.

Во периодот од изборот како помлад асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот па сѐ до денес, кандидатот м-р Димитар Јовевски ги објавил следниве трудови:

1. **„Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide: The level of readiness of Macedonian companies for using this approach“**, објавен во зборник на трудови на 24 Меѓународна Е-конференција во Блед, Словенија, во организација на Универзитетот од Марибор. Главна цел на трудот е да ја истакне потребата на македонските компании за пренесување на сопствените бизниси во „Облак“. Исто така, во трудот се анализира степенот на подготвеност на компаниите за пренесување на работењето во „облак“.

2. **„New media vehicles and the roles of social media“**, коавтор со Тешиќ Е., објавен во зборник на трудови с.1-446, Скопје 2010, стр. 415-423, на конференцијата: The challenges to economics theory and policy in the aftermath of the global crisis, на Економскиот факултет по повод 60-годишнината од основањето на Факултетот. Главна цел на трудот е да ја истакне важноста за компаниите во поголемата примена и користење на новите медиуми од страна на корисниците во светот и Македонија. Светот секојдневно се менува, а со тоа и начините како се користат новите медиуми. Компаниите секојдневно применуваат нови пристапи, модели во маркетингот, менаџментот, со една цел, да бидат што поблиску до потрошувачите и да понудат поголема вредност за нив преку користењето на нивните производи. Со помош на различната примена на новите медиуми се овозможува поголема сегментација на потрошувачите, а со тоа и нивно подобро таргетирање. За потребите на овој труд се направени две истражувања, едното за компаниите, а второто се однесува на потрошувачите. Истражувањето за компаниите се однесува како тие ги користат новите медиуми и кои техники на рекламирање ги користат. Исто така од резултатите може да се види како тие ги третираат потрошувачите преку користење на новите медиуми. Второто истражување е креирано за корисниците со идеја да се види како

тие ги користат социјалните медиуми и како реагираат на интернет-рекламирањето од страна на македонските компании.

3. **„Impact of Cloud computing on the business worldwide"** – 21. Годишна конференција на Интернационалната асоцијација за информационен менаџмент, одржана во Утрехт, Холандија, ноември 2010. Во овој труд се разгледува и се објаснува еден нов тренд во користењето на информатичките технологии во светот каде што софтверот се разгледува како сервис, односно услуга понудена на компаниите. Преку користењето на оваа услуга се дава опис на можните придобивки на компаниите доколку го користат овој систем, но и се дава осврт на моменталните трендови во овој сервис. Во трудот се дава детален опис на сите предности и слабости од користењето на овој сервис од страна на компаниите и можните насоки за негова идна примена.

4. **„Internet marketing strategies and ICT technologies as a common ground for business development"**, коавтор со Едвард Тијан, објавен во конференциска книга од Интернационалната конференција за информации и комуникациски технологии, електроника и микроелектроника – МИПРО, – Дигитална економија – 7. Аладин, Vol V, 2010, с.1-442, стр36-42. Светот веќе се помести од индустриската економија на дигитална економија, економија на мрежи. Во оваа ера на информации, што се карактеризира со брз раст и развој на ИКТ (информатички и комуникациски технологии) и на интернет, уште побрзо се јавува потребата од нови алтернативи за управување и работење на компаниите. Светот составен од кластери на националните економии се претвори во еден глобален светски пазар. Појавата на нови, глобални електронски бизнис-модели базирани на дигиталните технологии и интернетот стана императив за управување со компаниите од сите типови и големини. Свесни за огромното влијание на ИКТ и интернетот за целокупната организациска трансформација, и знаејќи го фактот дека во една од најголемите економии во светот, малиот бизнис е движечката силата, менаџерите се обврзани да се приспособат на начинот на кој тие управуваат со нивните деловни иницијативи и примена на е-бизнис апликациите во своите бизниси. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да ги истражува и презентира можностите за користење и примена на различните интернет маркетинг-стратегии наменети исклучиво за примена во дигиталната економија. Идејата е да се покаже потреба за промени на стандардните маркетинг-практики за потребите во новата дигитална економија, каде што користењето на новите трендови во ИКТ и интернетот се неопходни за успех на компаниите.

5. **„Интернет маркетинг стратегии и потребата од развивање на нов маркетинг микс“ – Економски** годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 44 (2009), с.1-550, Скопје, 2009, стр.477-485. Во овој труд се разработуваат и се објаснуваат фундаменталните елементи на секоја е-маркетинг стратегија; како се дефинира, кои се елементите и како се применува во компаниите кои своето работење го засноваат на интернет. Исто така се разгледува поврзаноста и последователноста на е-маркетинг планот со сите негови елементи како значаен дел за секој бизнис кој започнува да работи онлајн. Во вториот дел од трудот се разгледува потребата од нов концепт на маркетинг-микс за компании кои работат во онлајн-просторот. Оваа потреба од менување на маркетинг-миксот произлегува од окружувањето во кое онлајн компаниите работат. Овој маркетинг-микс не претставува комплетно нов пристап ниту комплетно нов модел, туку изменет и дополнет традиционален макретинг-микс. Покрај елаборирањето на новите елементи на маркетинг-миксот, се навлегува и во елаборирање на неговата примена во секојдневното работење на компаниите во онлајн-просторот.

6. **“Managing e-business strategic initiatives in companies in the Republic of Macedonia”** – коавтор со Мијоска М. Зборник на трудови: Интернационалните менаџмент-предизвици на модерното општество, Клуи Напока, Романија, мај 2009. Во денешно време, свесни за огромното влијание на ИКТ и интернетот за целокупната организациска трансформација (организациони структури, стратегии, бизнис-модели, деловните процеси и сл), менаџерите се обврзани да го приспособуваат начинот на кој тие управуваат со нивните деловни иницијативи, притоа применувајќи Е-бизнис апликации во нивното работење. Во современото општество и турбулентната глобална животна средина, менаџерите се обидуваат да се потпрат на потенцијалот на е-бизнис решенијата, свесени за потребата од имплементирање на ИКТ, интернет и придружните Е-бизнис модели и е-бизнис апликации со цел да се зголеми нивната конкурентност. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да се презентира степенот на користење на е-бизнис апликациите во компании во Република Македонија, да се види како успешно да се управуваат со е-бизнис стратегииите, како и нивна имплементација. Во овој труд ќе се разгледа моделот на премин на компаниите кон е-бизнис решенија, како и степенот на нивната примена во работењето. Во заклучокот се дава осврт на главните пречки и бариери со кои менаџерите на македонските компании се соочуваат при спроведувањето на (мигрирањето кон) Е-бизнис решенијата.

7. **„Anytime, anyplace, know everything and bet sports”** – коавтор со Делидинкова Ј., Димитров Ј, Ѓеорѓиевска С. во конференциска книга Vol 1 ИКТ

иновации, 28-29 септември 2009. Основната идеја на овој труд е да се објасни развивањето на еден веб-портал кои ќе обезбеди, ќе спои и ќе комбинира две клучни работи, а тоа се социјални заедници-мрежи и мобилни услуги. Оваа идеја ќе им обезбеди информации преку интернет, СМС, ММС или видео содржини за мобилни уреди на луѓето кои се заинтересирани за спортот, спортските настани и спортските резултати. Според тоа, целната публика ќе биде поделена во две фокус групи: луѓе кои се само заинтересирани за спортот и луѓе кои се зависници од обложување. Тоа е портал кој се ориентира кон употреба на нови и уникатни технологии, со цел да се обезбедат услуги за јавноста и / или различни институции. Мотото е: "Во секое време, на секое место, сè да се знае за спортот".

8. **„Mobile under Social in small business"** – коавтор со помл. ас. Мијоска М. Зборник на трудови на интернационална конференција – „Предизвици на економијата, бизнисот и социјалниот прогрес". Сегед, Унгарија, 2008. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да се претстават и да се покажат можностите на иновациите во малите бизниси со користење на одредено ниво на е-бизнис апликации. Идејата е да се посочат различните е-бизнис апликации кои малите бизниси можат да ги користат, а притоа да се комбинираат новите мобилни технологии и виртуелните заедници одеднаш. Исто така, истакнување на различните проблеми и ограничувања кои ги имаат овие апликации, но секако и истакнување на придобивките на малите бизниси од нивното користењето.

9. **„Појавата на мобилната трговија, нејзината предност како и можностите за развивање на оваа гранка во Македонија", Економски факултет** , Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43 (2008), с.1-660, Скопје, 2008, стр.591-605. Во овој труд се разработуваат и се објаснуваат фундаменталните поставки на т.н. М-трговија или мобилна трговија. Преку дефинирањето и разграничувањето од електронската трговија, која до неодамна беше непозната и нова појава во економијата, се разоткрива една нова и мошне интересна димензија на работењето, а тоа е мобилната трговија. Се претставуваат сите предности и слабости, како и начините како е поврзана и што произлегува од електронската трговија. Секако, тука не се изоставени и аспектите на развивање на мобилната трговија во Македонија, притоа користејќи ги предностите кои ги има оваа земја во однос на примената и користењето на нови и напредни технологии.

Кандидатот учествувал на повеќе конференции, семинари и работилници, од кои позначајни се следниве:

- учесник на 24. Е-конференција во Блед на тема: Е-иднина, 12-15 јуни 2011;
- учесник на конференцијата по повод „60 години Економски факултет", ноември 2010;
- учесник на 21. Годишна конференција на Интернационалната асоцијација за информационен менаџмент, 17-20 октомври 2010;
- учесник на 23. Е-конференција во Блед на тема: Е-доверба импликации за индивидуите, компаниите и општеството, 20-23 јуни 2010;
- учесник на 33 Интернационална конференција за информации и комуникациски технологии, електроника и микроелектроника – МИПРО, 24-28 мај 2010;
- учесник на МАСИТ-Отворени денови, Охрид, октомври 2009;
- учесник на конференцијата ИКТ -иновации 28-29 септември 2009;
- учесник на летна школа во соработка со 22-та Е-конференција во Блед на тема: Постоење на отворено, ефективно и транспарентно Е-општество, 8- 19 јуни 2009

Кандидатот бил член на повеќе комисии при Економскиот факултет во Скопје со што има придонесено за непречено одвивање на работата на Факултетот.

Од странските јазици, кандидатот Димитар Јовевски одлично го владее англискиот јазик, а има познавање од францускиот јазик и холандскиот.

Одлично ги владее компјутерските апликации: Microsoft XP, 2007 and Office, Linux, Internet, Adobe Photoshop, Visual Basic, CorelDraw, MS Visio, eViews, Project Manager, Joomla, Macromedia Dreamweaver

## Општа оценка и предлог

Членовите на Комисијата за избор на соработник-асистент по **група предмети од областа на е-бизнисот**, по разгледувањето на документите заклучија едногласно дека:

Кандидатот **М-р Димитар Јовевски** ги исполнува условите за избор за соработник-асистент по **група предмети од областа на е-бизнисот.** Паралелно со наставно-научната активност, која како помлад асистент ја врши во текот на четири години, кандидатот забележал сериозна научноистражувачка активност. Тоа се поткрепува со трудовите кои ги публикувал во странски и домашни списанија, присуството на многубројни меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и стручни обуки. Членовите на Комисијата за избор на соработник-асистент

по група предмети од областа Е-бизнис го изразуваат своето задоволство од квалитетите и досегашните постигнати резултати на кандидатот м-р Димитар Јовевски.

Врз оваа основа, Комисијата со задоволство им предлага на членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го изберат кандидатот **м-р Димитар Јовевски за соработник-асистент по група предмети од областа на е-бизнисот.**

**Членови на Комисијата,**

1. Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.
2. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.
3. Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во "Утрински весник" од 14.6.2011 година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2011 година, донесе одлука со која сме одредени за членови на Комисијата за избор на асистент по група предмети од областа на финансиите.

По разгледувањето на доставените документи, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријавија двајца кандидати, кои ги исполнуваат општите и посебните услови содржани во конкурсот. Во продолжение, даваме осврт на основните биографски податоци за кандидатите.

**Виолета Спасеска – Китановиќ** е родена на 12.5.1970 во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование. Во декември 1992 година дипломирала на Економскиот факултет - Скопје на насоката деловна економија. Во 2011 година се стекнала со звањето магистер на економски науки на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Во пријавата, кандидатката наведува дека владее со англискиот јазик, поседува компјутерски познавања и има посетувано повеќе семинари за обука и професионално усовршување од областа на менаџментот. Кандидатката во моментов работи како наставник во Средното економско и правно училиште „Арсени Јовков" во Скопје, на неколку предмети од областа на сметководството.

**Сузана Макрешанска** е родена на 26.9.1981 година во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование. Во декември 2004 година дипломирала на Економскиот факултет во Скопје на департманот за економија, постигнувајќи просечен успех во студирањето од 9,81. Во текот на студирањето, кандидатката учествувала на апликативни проекти и посетувала семинари и летни школи. По дипломирањето се запишала на магистерските студии по монетарна економија на Економскиот факултет – Скопје и ги положила предвидените испити со просечна оценка 10. Во април 2011 година, по одбраната на магистерскиот труд со назив „Фискална децентрализација" се стекнала со звањето магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Во декември 2006 година, Сузана Макрешанска била избрана за помлад асистент на група предмети од областа на финансиите на Економскиот факултет – Скопје и на ова работно место се наоѓа и денес. Како помлад асистент во изминатиов период, кандидатката изведувала наставни активности (вежби) по

следниве предмети: финансиски пазари и институции, монетарна економија, јавни финансии, банкарство, меѓународни финансии, биланс на плаќања и царинска политика. Во изминатиов период, кандидатката се занимавала и со научно усовршување, преку учество на повеќе домашни и меѓународни конференции, семинари, работилници, курсеви и летни школи. Кандидатката досега има објавено три научни труда во домашни списанија, во областа на финансиите. Кандидатката ги владее англискиот и германскиот јазик и има компјутерски познавања.

**Заклучок и предлог**

Комисијата констатира дека пријавените кандидатки ги исполнуваат општите и посебните услови за избор на асистент (соодветно образование – магистер по Економски науки). Покрај тоа, кандидатките поседуваат и соодветно работно искуство во наставно-образовната дејност. Така, кандидатката Сузана Макрешанска веќе неколку години изведува наставни активности (вежби) на Економскиот факултет - Скопје по група предмети од областа на финансиите (јавни финансии, финансиски пазари и институции, монетарна економија, банкарство, меѓународни финансии, итн.), додека кандидатката Виолета Спасеска–Китановиќ работи како професор по група предмети од сметководството во средното училиште „Арсени Јовков".

Врз основа на поднесените пријави, Комисијата се определи за кандидатката Сузана Макрешанска. Оваа одлука е донесена врз основа на тоа што таа магистрирала на тема од потесното научно подрачје за кое се распишува конкурсот. Исто така, во досегашниот работен ангажман на Економскиот факултет – Скопје, кандидатката Сузана Макрешанска постојано се истакнувала со својата трудољубивост и посветеност кон работните задачи. Најпосле, од списокот на објавените трудови и учества на научно-стручни собири, како и нивната содржина, Комисијата стекна уверување за нејзиниот нагласен интерес и способност да се занимава со научноистражувачка дејност од областа на финансиите.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Скопје, кандидатката Сузана Макрешанска да биде избрана за соработник по група предмети од областа на финансиите во звањето асистент.

Скопје, 29 јуни 2011 година

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.
2. Проф. д-р Горан Петревски, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по предлог на Катедрата за маркетинг на Економскиот факултет - Скопје, со одлука донесена на седницата на Наставно - научниот совет на Економски факултет - Скопје, одржана на 24.6.2011, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по група предмети од областа на маркетингот, во состав: проф. д-р Нада Секуловска, проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска и проф. д-р Димитар Граматиков.

Комисијата, врз основа на разгледувањето на документацијата на пријавените кандидати по конкурсот за избор на асистент по група предмети од областа на маркетингот, објавен во весникот „Утрински весник" на 14.6.2011 година, има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да му го презентира следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Комисијата го информира Наставно - научниот совет на Економскиот факултет - Скопје дека на конкурсот за избор на асистент по група предмети од областа на маркетингот, се пријавија 3 кандидати: Николина Паламидовска, Ана Ќовкарова и Данчо Арсов.

## Биографски податоци и постигнати резултати на кандидатите

Кандидатката **Николина Паламидовска** е родена на 10.2.1984 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Битола. Во учебната 2002/2003 се запишала на Економскиот факултет - Скопје, на департманот за маркетинг, а дипломирала во октомври 2006 година, со просечен успех 9,52. Добитник е на наградата Frank Manning за најдобар студент на Економскиот факултет - Скопје за завршни студии во учебната 2005/2006 година. Во 2007 година се запишала на постдипломските студии на департманот за маркетинг и ги положила предвидените испити со просечен успех 10,00. Во мај 2011 година магистрирала на тема: „Модели за мерење на задоволството на потрошувачите како предуслов за градење долгорочни односи". Во моментот, кандидатката работи на финализирање на предлогот за докторски тези од областа на маркетингот.

Од март 2007 г. кандидатката Николина Паламидовска е вработена на Економскиот факултет - Скопје како помлад асистент по група предмети од областа на маркетингот. Како помлад асистент во изминатиов период, кандидатката изведувала наставни активности (вежби) по следниве предмети: маркетинг истражување, управување со производот, маркетинг менаџмент и маркетинг на услужни дејности.

Исто така, кандидатката успешно ги извршувала предвидените задачи како член на повеќе работни комисии при Економскиот факултет - Скопје.

Во периодот од изборот како помлад асистент по група предмети од областа на маркетингот па сè до денес, кандидатката Николина Паламидовска ги објавила следниве трудови: „Модели за мерење на задоволството на потрошувачите како предуслов за градење долгорочни односи", Економски факултет – Скопје, 2011, магистерски труд; "Service Quality Measurement in the Retail Banking in the Republic of Macedonia", коавтор, Меѓународна конференција на Економски факултет – Скопје: "The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis", Скопје, Р. Македонија, 11-13 ноември 2010, стр. 345-356; "The Influence of the Brand on the Purchase Decision in Recession Context", коавтор, Меѓународна конференција на Факултетот за бизнис и економија во Сараево: "Economic Development Perspectives of SEE Region in Global Recession Context", Сараево, Босна и Херцеговина, 14-15 октомври 2010, p.383-391; „Истражување на лојалноста на корисниците на мобилните оператори во Република Македонија", Годишник на Економски факултет – Скопје, том 44 (2009), с.1-550, Скопје, 2009, стр.505-513; "Брендирањето од аспект на потрошувачите, вработените и инвеститорите", коавтор, Советување на тема: Брендирање и ребрендирање, Реклама, пропаганда, промоција, маркетинг, Производни стратегии, во организација на Македонското здружение за маркетинг, Охрид, 18 и 19 октомври 2007; "The use of Internet as a promotional tool in the companies in Macedonia", коавтор, Меѓународна конференција: "Marketing in 21st Century: Paradigms, Strategies, Tactics", Варна, Република Бугарија, 28-30 септември 2007.

Во изминатиот период кандидатката постојано научно се усовршувала и учествувала на повеќе конференции, семинари и работилници.

Од странските јазици, кандидатката Николина Паламидовска одлично го владее англискиот јазик, а има познавање и од францускиот јазик. Исто така, кандидатката одлично ги владее компјутерските апликации Word, Excel, PowerPoint, Internet и E-mail, а има познавање и од софтверските пакети SPSS и VisualPLS.

Кандидатката **Ана Ќовкарова** е родена во Скопје во 1982 година. Дипломирала на Економскиот факултет - Скопје со просечен успех 8,68. Во 2009 година магистрирала со просечен успех 9,22, на тема: „Стратегии и мерење на вредноста на марката". Истата година пријавила докторски тези на Економскиот факултет - Скопје.

Од април 2005 работи како асистент на Прв приватен универзитет – Европски универзитет – Република Македонија, на следниве предмети: маркетинг политика на цени, основи на маркетинг, однесување на потрошувачите, маркетинг менаџмент и промоција.

Кандидатката ги напишала и ги објавила следниве трудови: „Влијанието на економската пропаганда врз креирањето асоцијации за брендот" (2010); „Искористување на новите медиуми во време на економска криза" (2009); „Градење архитектура на брендот" (2008); „Амбалажата и етикетата - моќно оружје за подобар пласман на производите од Р. Македонија на европскиот пазар" (2007); „Квалитетот на производите и дизајнот како идентитет, стратегија и како средство за диференцијација на домашниот и странскиот пазар" (2006).

Во текот на своето работно искуство, кандидатката учествувала на повеќе семинари и работилници. Од странските јазици, кандидатката Ана Ќовкарова одлично ги познава англискиот и српскиот јазик. Исто така, кандидатката одлично ги владее компјутерските апликации Word, Excel, PowerPoint и Access.

Кандидатот **Данчо Арсов** е роден во Штип во 1973 година. Средно образование завршил во Штип, каде што матурирал во 1992 година. Во 1997 година дипломирал на Факултетот за безбедност во Скопје. Во 2010 година магистрирал на Економскиот институт, насока: претприемништво, на тема: „Маркетинг аспекти во процесот на градење бренд и брендирање на градовите на примерот на град Скопје". Во мај 2011 година, пријавил докторски тези на тема: „Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото значење за зголемување на вредноста и конкурентноста на производите и услугите од Република Македонија".

Од 2004 година работи како раководител на Секторот за правни и административни работи, јавни дејности и финансии во општина Шуто Оризари. Во текот на работниот ангажман учествувал на повеќе обуки и работилници.

Кандидатот објавил неколку статии во дневниот весник БИЗНИС, а во тек е објавувањето на негови трудови во списанието „Економски развој", во издание на Економски институт.

## Општа оценка и предлог

Комисијата утврди дека тројцата пријавени кандидати ги исполнуваат општите и посебните услови за избор на асистент. Дополнително, кандидатките Николина Паламидовска и Ана Ќовкарова имаат и работно искуство во наставно - образовната дејност.

Врз основа на разгледаните пријави, Комисијата се определи за избор на кандидатката Николина Паламидовска. Одлуката е донесена врз основа на тоа што кандидатката Николина Паламидовска се истакнува со највисок просечен успех и на додипломските (9,52) и на постдипломските студии (10,00). Исто така, во досегашниот работен ангажман како помлад асистент на Економскиот факултет – Скопје, кандидатката Николина Паламидовска се истакнува со својата посветеност и квалитетно извршување на поставените работни задачи. Од списокот и содржината на објавените научни трудови, Комисијата се увери во интересот и потенцијалот на кандидатката Николина Паламидовска да се занимава со научноистражувачка дејност од областа на маркетингот.

Врз основа на ова, Комисијата со задоволство им предлага на членовите на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја избере кандидатката Николина Паламидовска за соработник по група предмети од областа на маркетингот во звањето асистент.

Скопје, 29.6.2011

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

2. Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, с.р.

3. Проф. д-р Димитар Граматиков, с.р.

**До**
**Рецензентската комисија и**
**деканот на Стоматолошкиот факултет во Скопје**

**П Р И Г О В О Р**

На рефератот и на заклучокот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа детска и превентивна стоматологија на Катедрата за детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (Билтен број 1010, стр.249-292, објавен на 15.6.2011 година, на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ).

**Од**
Насл доц. Ана Сотировска-Ивковска, вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон " во Скопје.

**Несериозноста на извештајот на Комисијата се гледа на самиот почеток каде што вели дека пишуваат извештај за избор на два наставника, а во објавениот конкурс и во заклучокот на извештајот стои дека конкурсот е за еден наставник. Со оглед на нејасноста за каков конкурс се работи, Комисијата треба да го објасни напишаното, кое секако не може да е печатна грешка, бидејќи е објавено во документ на УКИМ и се однесува на предлог за избор на наставник иа Стоматолошки факултет.**

Приговорот се однесува на необјективноста, пристрасноста и тенденциозноста на членовите на Рецензентската комисија во постапката на рецензирање на доставените материјали на четирите кандидати.

Комисијата непринципиелно постапила при пополнување на Анексот 2 за четирите кандидати, покажувајќи пристрасност, наклонетост и фаворизирање на кандидатката насл доц. д-р **Елизабета Георгиевска.**

Јас, како и сите преостанати кандидати учествуваме во изведувањето на наставата на Клиниката од самото наше доаѓање, меѓутоа моето бодирање за учество во наставата е од добивањето на звањето помлад асистент, односно од **1993 година до 2010,** полни **17 години.** Д-р Елизабета Георгиевска го добила звањето помлад асистент во **2004** година и од тогаш официјално учествува во практичната настава, што би значело **11 години помалку од мене.** На кој начин е бодирана наставата е мистерија за мене, бидејќи јас имам помалку бодови од неа која почнала со настава цели 11 години подоцна (136,04 наспроти 159,84).

1. На стр-26, точка 10, нереално е прикажано водењето на вежби:
   - стои дека самостојно водела 13 **(тринаесет) групи** по **два часа (=26 часа)** по стоматолошка рендгенологија (2+2);
   - водела 6 **групи** (по два други предмети) по два **часа** неделно (= **12 часа);**
   - 3 групи вежби по 5 **часа** неделно (= **15 часа**);
   - теоретска настава од вкупно 4 предмети од I циклус академски студии (= 7 **часа)** и
   - **1 (еден) час по РТГ** на Високата школа за стоматолошки сестри.

Прикажани се **вкупно: 61 часа настава** (практична и теоретска) неделно. Ова не може реално да се реализира за **вкупно 70% работно време на Факултетот** (другите 30% се однесуваат на работа со пациенти на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар). Според оваа анализа, наместо **26,1,** реално може да има максимум **13 бода,** односно **13,1 помалку.**

**2. На стр 26,** точка 12, не можат да се земат предвид бодовите (40.5) **бидејќи д-р Елизабета Ѓоргиевска** ***за првпат во звањето помлад асистент е избрана во 2004 година*** **според тоа бодови по таа основа не можат да се пресметуваат. Според напред изнесеното, д-р Елизабета Ѓоргиевска реално има вкупно 406,38 бода.**

Магистерскиот труд и докторската дисертација на д-р Елизабета Гоеоргиевска **се од доменот на денталните материјали (лабораториска работа),** не се од областа на детската и превентивна стоматологија **и не се соодветни за избор на наставник во сите звања на Клиниката за детска и превентивна стоматологија. За разлика од неа, мојот магистерски труд и докторската дисертација се од областа на детската и превентивна стоматологија тесно поврзани со клиничката практика.**

Во извештајот е испуштена мојата просечна оценка од студии која изнесува 9,48, додека кај колешката е точно наведен просекот, кој е незначително повисок 9,59. Се фаворизира колешка која е дипломирана цели 9 години по мене.

Јас имам најдолг престој во странство од непрекинати 6 месеци, што е игнорирано во пишувањето на извештајот.

Тенденциозно е испуштен бројот на објавени трудови, тие се ставени без број во табелата, иако јас ја дадов целата моја листа на трудови со редни броеви. Тоа е направено со цел да се прикрие податокот- дека јас имам листа од **77** труда за разлика од д-р Елизабета Георгиевска која има објавено само **57.** Бодирањето на трудовите е направено сосема неунифицирано во делот на трудови објавени во списанија со импакт фактор, каде што мене ми се одземани бодови, а на колешката □ се додадени.

Сумирајќи ги бодовитеможам да кажам дека:

- за наставно-образовната дејност, наместо 217,4, ми се дадени 136,04 бода;

- за научноистражувачка дејност, наместо **235,574, ми се дадени 203,774;**

- за стручно-апликативната дејност, наместо **27, ми се дадени 11,5 бода.**
**Вкупно од сите дејности имам 479,974 бода, од кои ми се одземени 128,66.**

Сметам дека Комисијата површно и нецелосно ги разгледала кандидатурите за избор на наставник во сите звања, што е штетно за меѓучовечките односи и за секојдневната стручна работа на Клиниката. Се надевам дека Комисијата овој приговор ќе го разбере како укажување на одредени пропусти, ќе ја надмине видливата пристрасност и ќе го преиспита својот предлог.

Насл. доц. д-р
Ана Сотировска – Ивковска с.р.

Скопје,
22.6.2011 година

До Наставно-научниот совет на
Стоматолошкиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Одговор на приговорот на насл.доц. д-р Ана Сотировска-Ивковска, вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон" во Скопје, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од бласта детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15.6.2011 година, стр. 249-287.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Снежана Иљовска, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова, професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го разгледа приговорот од насл. доц. д-р Ана Сотировска-Ивковска.

1. Рецензентската комисија потрвдува дека станува збор за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Катедрата за детска и превентивна стоматологија, кој се спроведува по одлуката бр.04/306 од 30.3.2011 година, донесена на 14. Седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје одржана на 28.3.2011 година, а по предлог на Кадровскиот одбор; врз основа на која е објавен конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања во дневните весници „Вечер" и „Лајме" на 5. 4. 2011 година. Во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа по детска и

превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15.6.2011 година, стр. 249-287, станува збор за печатна грешка, односно на стр. 249, параграф 1, ред бр. 4 треба да стои „еден наставник" наместо „два наставника".

2. Пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, од страна на Рецензентската комисија се бодувани исклучиво според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник (година IX, број 138, 6 јули 2009 година), како и врз основа на наведените податоци, доставените сертификати и други документи кои ги опфаќаат целокупните активности на кандидатите.

Комисијата констатира дека сите пријавени кандидати ги исполнуваат научните критериуми, законските услови и условите предвидени во релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование. Меѓутоа, Рецензентската комисија смета дека изнесените забелешки во приговорот се ирелевантни и не го менуваат мислењето изнесено во рефератот.

Имајќи ги во предвид сите параметри кои се однесуваат на континуираниот развој и надградување како квалитетен работник со забележителни резултати и особини кои треба да ги поседува наставно-научниот работник, Рецензентската комисија останува на ставот дека насл. доц. д-р Елизабета Ѓоргиевска е кандидатот кој му го предлага на Наставно-научниот совет за избор во наставно-научно звање –доцент.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Снежана Иљовска, претседател, с.р.

-----------------------------------------------------------------

2. Проф. д-р Миле Царчев, член, с.р.

-----------------------------------------------------------------

3. Проф. д-р Марија Накова, член, с.р.

-----------------------------------------------------------------

4. Проф. д-р Марија Зужелова, член, с.р.

-----------------------------------------------------------------

**До Рецензентската комисија и деканот на Стоматотолошкиот факултет во Скопје**

# ПРИГОВОР

На рефератот и на заклучокот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа детска и превентивна стоматологија на Катедрата за детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавени во Билтен број 1010, стр. 249- 292 на 15.6.2011 година, на веб страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од

**Д-р Ефка Жабокова - Билбилова**, д-р сци, вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија, при ЈЗУ Универзитетсхи стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје.

Приговорот се однесува пред сè на пропустите што се направени во моите биографсхи податоци (голем дел испуштени) од страна на Рецензентската комисија кои иако беа уредно изнесени, сепак во рефератот се **скромно** прикажани, како и на пропустите во вреднувањето на моите активкости изнесени во Анекс 2.

Евидентно е дека мојата биографија- е кајкратко изнесена во однос на останатите кандидати, за што сум многу изненадена од страна на Рецензентската комисија. Затоа чувствувам потреба сама да изнесам дел од биографските податоци и покрај тоа што истите беа наведени при моето пријавување на конкурсот. Нејасно е од кои причини тие не биле земени предвид.

Имено, во делот на **научноистражувачката дејност**, девалвирачки е да се даде опис во една реченица. Цитирам: „Активен учесник била на повеќе семинари и конгреси во земјата и во странство, со презентации на сопствени теми". Не ми е јасно, од кои причини е пропуштен цел дел од уредно наведените податоци во мојата биографија за кои сметам дека треба да ги има и во рефератот. Не е во ред само мојата биографија да биде изложена во исклучително кратка форма за разлика од останатите кандидати.

Изненадува и тоа што 14-годишното работно искуство, континуираната едукација, учеството на конгреси, симпозиуми и семинари во земјата и во странство како и публикуваните трудови ги сведувате на само една општа реченица која всушност и ништо не кажува сама по себе.

Затоа сметам дека е потребно уште еднаш да ги наведам биографските податоци, кои тенденциозно или случајно се пропуштени од Ваша страна.

Во извештајот е испуштена просечната оценка од студии која изнесува **9,00**.

**Активно** имам учествувано на балканските стоматолошки конгреси вô:

- Солун 2000 **(постер-презентација)**
- Охрид 2004 **(усна презентација)**
- Сараево 2006 **(усна презентација)**
- Истанбул 2007 **(усна презентација)**
- Солун 2010 **(усна презентација)**.

**Презентации во земјата**

- усна презентација на 4 Конгрес на Македонското стоматолошко друштво со меѓународно учество во Охрид во 2006 (автор);
- усна презентација на 5 Конгрес на Македонското стоматолошко друштво со меѓународно учество во Охрид во.2009 (автор).

Активно имам учествувано со свое предазање на стручниот состанок „5 - те чекори на превентивата" на Здружението на детските стоматолози на Република Македонија во Скопје, 2008 година.

**Активен член** сум на:

-Здружението ка детските стоматолози на Република Македонија;

-Меѓународната асоцијација ка детските стоматолози.

Иако немав намера да ги коментирам вреднувањата на останатите кандидати, сепак разгледувањето на бодовите во Анекс 2 задржува внимание. Имено, не може за ист број на години вежби по детска и превентивна стоматологија (1998-2005) да сум бодирана само со 40,5 бода (стр. 33, точка 2), а кандидатката насл. доц. д-р Елизабета Георгиевска да се бодира со истиот број на бодови (стр. 26, точка 12), и плус 6,75 (стр. 26, точка 6), бода за 2004-2005, кои сметам дека недостасуваат како бодови во мојот

анекс. Не знам дали е повторно тенденциозен или случаен пропуст во начикот на бодување?

Скопје,

22. 06. 2011

Д-р Ефка Жабокова -Билбилова, д-р сци

До Наставно-научниот совет на
Стоматолошкиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Одговор на приговорот на д-р Ефка Жабокова-Билбилова, вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15.6.2011 година, стр. 249-287.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Снежана Иљовска, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова, професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го разгледа приговорот од д-р Ефка Жабокова-Билбилова и заземе став дека тој е неоснован по сите точки и тоа:

Пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, од страна на Рецензентската комисија се бодувани исклучиво според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник (година IX, број 138, 6 јули 2009 година), како и врз основа на наведените податоци, доставените сертификати и други документи кои ги опфаќаат целокупните активности на кандидатите.

Комисијата констатира дека сите пријавени кандидати ги исполнуваат научните критериуми, законските услови и условите предвидени во релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование. Меѓутоа, Рецензентската комисија смета дека изнесените забелешки во приговорот се ирелевантни и не го менуваат мислењето изнесено во рефератот.

Имајќи ги предвид сите параметри кои се однесуваат на континуираниот развој и надградување како квалитетен работник со забележителни резултати и особини кои треба да ги поседува наставно-научниот работник, Рецензентската комисија останува на ставот дека насл. доц. д-р Елизабета Ѓоргиевска е кандидатот кој му го предлага на Наставно-научниот совет за избор во наставно-научно звање –доцент.

**Членови на Комисијата**

5. Проф. д-р Снежана Иљовска, претседател, с.р.

---------------------------------------------------------------

6. Проф. д-р Миле Царчев, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

7. Проф. д-р Марија Накова, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

8. Проф. д-р Марија Зужелова, член, с.р.

---------------------------------------------------------------

До Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот
факултет во Скопје -Рецензентска комисија-

ПРИГОВОР

од насл. доц. **д-р Златко Георгиев**, вработен на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, како наставна база на Стоматолошкиот факултет, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15. 6.2011 година.

Предложениот реферат на Рецензентската комисија, избрана по конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Катедрата за детска и превентивна стоматологија, во состав: проф. д-р Снежана Ињовска, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова, објавен во Билтен бр. 1010, содржи неколку недостатоци кои суштински ја компромитираат неговата валидност, па затоа, впрочем, и еден нејзин член - проф. д-р Бона Бајрактарова дала свое издвоено мислење - го предлага **насл. доц. д-р Златко Георгиев**.

Не може, а да не се обрне внимание на непринципиелноста при пишувањето на РЕФЕРАТОТ-ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА од страна на првиот рецензент проф. Снежана Ињовска, која како повеќедецениски шеф на Катедрата е одговорна за најзината рецесија, бидејќи последниот избор за наставник по предметот детска и превентивна стоматологија датира од далечната 1992 година, и затоа д-р Златко Георгиев е сè уште во насловно звање, иако е доктор на стоматолошки науки од 2000 година.

1.

Со цел да се фаворизира д-р Елизабета Ѓоргиевска, во рефератот, поточно во Анексот, *бодирањето на активностите на кандидатката е нереално прикажано,* а имено:

1. На стр. 274 / (26), точките 7 и 9 се однесуваат на иста активност, ист вкупен број часови (клинички вежби по *два предмета),* а бодирањето е драстично различно: во едниот случај се дадени 16,2 бода, а во другиот двојно повеќе (32,4); значи, реално за двете споменати точки може да се земат предвид вкупно 32,4, а не 48,6 бода, односно **16,2 бода помалку**.

2. На стр. 274 /(26), точка 10, нереално е прикажан вкупниот нејзин ангажман со **вкупно 44 часа** практична и теоретска настава неделно за периодот по 2005 година:

- самостојно водела 13 (тринаесет) групи по два часа вкупно **26** часа по стоматолошка рендгенологија;
- водела 9 групи по три други предмети по два часа неделно вкупно **18** часа (точка 7,8 и 9).

Тоа реално не може да се реализира за вкупно **70% работно време на Факултетот,** бидејќи другите 30% се однесуваат на работа со пациенти на Клиниката за детска.и превентивна стоматологија при Универзитетскиот стоматолошхи клинички центар. Според оваа анализа, нејзината работна недела изнесува **62 часа**, а се знае дека реално

има 35. Затоа, наместо **26,1,** може да смета максимум на **13 бода**, односно 13,1 помалку.

3. На стр. 274 / (26), точка 12, **не можат да се земат предвид бодовите 40,5** по основ практична настава на студенти за периодот од 1998 до 2004 годица, бидејќи д-р Елизабета Горгиевска ***за првпат во звањето помлад асистент е избрана дури во 2004 год:*** Тие 40,5 бода наместо на Елизабета, треба најзеројатно да се стават на контото на д-р Златко кој и ги водел тие вежби, впрочем им бил асистент на сите негови противкандидати, кои тогаш беа студенти, вклучително и на првопредложената од страна на Рецензентската комисија.

2..

На стр. 278 / (30), точка 9 се прикажани три **труда кои се во печат и не можат да се земат предвид - вкупно 18,5 бодови.**

3.

На стр.278 / (30), точка 9 □ се доделени 4 бода за воведување нова метода која никогаш не ја прикажала, ниту теоретски, ниту практично на Клиниката.

**Според тоа, д-р Елизабета Ѓоргиевска реално има вкупно 384 бода.**

4.

Наспроти претходно изнесеното, на д-р Златко Георгиев му е **прикажан значително помал број бодови,** имајќи предвид дека со изведување на практичната - додипломска настава на студентите по предметот детска и превентивна стоматологија започнал од **1986 година**, пред сите други кандидати, а цели 18 години има реализирано повеќе практична настава во однос на д-р Елизабета Ѓоргиевска, кандидатката која е предложена од Комисијата. Д-р Златко Георгиев сигурно немал помалку од 6 групи неделно, бидејќи кога станал помлад асистент во 1986 г. на Клиниката имаше вработени само шест наставници и соработници, од кои водеа вежби само четворица, а сега се 12 од кои деветмина водат практична настава. Тогаш во четврта година имаше 12-13 групи студенти, а исто толку и во V година.

Според реалните околности, д-р Златко Георгиев водел од 4 до 6 групи неделно, при што во VIII и IX семестар се одржуваа по 2 часа вежби неделно, а во IX и X семестар по 3 часа неделно (Книга за евиденција на практичната настава).

Имајќи го предвид напред изнесеното, на стр **251. / (3),** во **точка 6** кај д-р Златко Георгиев треба да бидат презентирани најмалку 171 бода, пресметани за 19 години по минимум 4 групи неделно.

**Според напред изнесеното, д-р Златко Георгиев за наставно-образовната дејност има најмалку 221 бода** (наместо прикажаните 178,29 во Анексот), или **вкупно 442 бода.**

Насл. доц. д-р Златхо Георгиев, d-r sci. stom., с.р.

До Наставно-научниот совет на
Стоматолошкиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Одговор на приговорот на насл.доц. д-р Златко Георгиев, вработен на Клиниката за детска и превентивна стоматологија, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон" во Скопје, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1010 од 15.6.2011 година, стр. 249-287.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Снежана Иљовска, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова, професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го разгледа приговорот од насл.доц. д-р Златко Георгиев и заземе став дека тој е неоснован по сите точки, и тоа:

Пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, од страна на Рецензентската комисија се бодувани исклучиво според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник (година IX, број 138, 6 јули 2009 година), како и врз основа на наведените податоци, доставените сертификати и други документи кои ги опфаќаат целокупните активности на кандидатите.

Комисијата констатира дека сите пријавени кандидати ги исполнуваат научните критериуми, законските услови и условите предвидени во релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование. Меѓутоа, Рецензентската комисија смета дека изнесените забелешки во приговорот се ирелевантни и не го менуваат мислењето изнесено во референтот.

Имајќи ги предвид сите параметри кои се однесуваат на континуираниот развој и надградување како квалитетен работник со забележителни резултати и особини кои треба да ги поседува наставно-научниот работник, Рецензентската комисија останува на ставот дека насл. доц. д-р Елизабета Ѓоргиевска е кандидатот кој му го предлага на Наставно-научниот совет за избор во наставно-научно звање –доцент.

**Членови на Комисијата**

9. Проф. д-р Снежана Иљовска, претседател, с.р.

---

10. Проф. д-р Миле Царчев, член, с.р.

---

11. Проф. д-р Марија Накова, член, с.р.

---

12. Проф. д-р Марија Зужелова, член, с.р.

---

# Рецензија

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА МАТРИКСМЕТАЛОПРОТЕИНАЗИТЕ ВРЗ ДЕСТРУКТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ НА ТКИВАТА ВО ТЕК НА ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р СТЕВИЦА РИСТОСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 16. редовна седница, одржана на 20.6. 2011 година, по предлог на Научниот одбор, едногласно донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Проценка на влијанието на матриксметалопротеиназите врз деструктивните процеси на ткивата во тек на пародонталната болест", поднесена од ас. д-р Стевица Ристоска, во состав: проф. д-р Марија Накова, проф. д-р Златанка Белазелкоска, проф. д-р Мирјана Поповска, проф. д-р Сашо Панов и проф д-р Киро Ивановски.

Рецензентската комисија, по темелното разгледување и проучување на доставениот материјал, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „ Проценка на влијанието на матриксметалопротеиназите врз деструктивните процеси на ткивата во тек на пародонталната болест", поднесена од ас. д-р Стевица Ристоска, е изнесена на 96 страници, содржи 33 графикони и 24 табели.

Структурата на оваа докторска дисертација ја сочинуваат седум поглавја, и тоа: Вовед со литературен преглед, Цел на трудот, Материјал и метод на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во поглавјето **Вовед и литературен преглед** кое е презентирано на 18 страници, авторката се осврнува на комплексната етиопатогенеза на пародонталната болест и на се поновите сознанија кои се однесуваат на инволвираноста на бактериските протеолитички ензими присутни во биофилмот, како и ензимите по потекло од домаќинот. Се смета дека токму овие ензими, матриксметалопротеинази кои ги продуцираат клетките на домаќинот (host-derived), играат многу важна улога во деструкцијата на периодонтално-лигаментарниот комплекс при пародонтопатијата. Молекуларните и целуларните студии покажуваат дека иако биофилмот е примарен етиолошки фактор, заболувањето сепак настанува како резултат на интеракцијата помеѓу специфичните патогени бактерии и чувствителните имунолошки и инфламаторни реакции на домаќинот. Матриксметалопротеиназите (matrix-metalloproteinases, MMP) претставуваат фамилија на протеолитички ензими продуцирани од голем број на клетки како што се неутрофилните гранулоцити, макрофагите, фибробластите, епителните

клетки, остеобластите итн. Фамилијата на матриксметалопротеинази опфаќа околу 25 генетски различни, но структурно поврзани, $Zn^{2+}$ зависни или клеточно асоцирани протеолитички ензими, кои ги разградуваат компонентите на ЕСМ и базалната мембрана. Во овој дел, авторката особено се осврнува на ММР-1, -8 и -13 т.е. групата на колагенази, кои што се и предмет на истражување во оваа студија. Матриксметалопротеиназа-1 хуманата интерстициелна колагеназа се синтетизира и секретира од страна на сврзноткивните клетки (фибробластите) и макрофагите, а најчесто е асоцирана со нормалното ткивно ремоделирање. ММР-1 е способна да го деградира типот III колаген.

Матриксметалопротеиназа-8 (ММР-8, неутрофилна колагеназа). Се смета дека е еден од клучните медијатори на инфламаторната ткивна деструкција при пародонтитот и периимплантитот. Се синтетизира и складира во специфичните гранули на полиморфонуклеарните леукоцити (PMN). Неговото присуство ин виво е потврдено во гингивалните сулкусни епителни клетки, но детектиран е и во гингивата, саливата, денталниот плак итн. ММР-8 особено е ефикасен при хидролиза на тип I и II колаген.

Матриксметалопротеиназа-13 (ММР-13, колагеназа-3). Зголемените нивоа на ММР-13 во гингивалниот флуид укажуваат на коскен тип на колагена деградација при адултна форма на пародонтопатија. Особено ефикасно го деградира типот II на колаген. Експресијата на ММР-13 е детектирана кај коскеното ткиво во тек на неговиот развој. Во ова поглавје, авторката се задржува на многубројните литературни податоци од истражувањата на други автори, кои се исто така насочени кон утврдување на влијанието на ММР врз деструктивните процеси на ткивата во тек на пародонталната болест.

Во поглавјето **Цел на трудот**, кандидатката респектирајќи ги претходно споменатите наоди и сознанија, ја формира целта на дисертацијата, да го утврди присуството и концентрацијата на ММР-1,-8 и -13 во здравото гингивално ткиво, како и да ја проследи нивната концентрација во патолошки променетото гингивално сврзно ткиво при различни облици на пародонталната болест. Во функција на постигнување на оваа цел, таа ги поставила следниве оперативни цели: квантитативно определување на ткивните нивоа на колагеназите (ММР-1,-8.-13) во здраво гингивално ткиво; определување на концентрацијата на колагеназите во инфламираното гингивално сврзно ткиво, кај пациенти со агресивна пародонтопатија, како и кај оние со хронична форма на пародонталната болест; компарација на концентрациите на ткивните нивоа на ММР-1, -8 и -13, помеѓу здравото и патолошки променетото ткиво при различните форми на пародонталната болест; клинички да го проследи степенот на гингиво-пародонталната афекција, преку пародонталните индекси, како и да ја детерминира корелацијата помеѓу вредностите на концентрацијата на колагеназите со клиничките параметри.

Следното поглавје, **Материјал и метод** на работа, опфаќа 11 страници и во него е опишан методолошкиот пристап за реализација на поставените цели. Во истражувањето се проследени 90 пациенти од обата пола на возраст 18-65 години, кои се поделени во 3 групи: првата група ја оформиле 32 пациента на возраст 21-65 год. со Дг. умерена до

силно изразена хронична пародонтопатија, со длабочина на пародонталните џебови над 4 мм. Втората група ја сочинувале 28 здрави испитаници, на возраст 20-45 години (просечно <35 години) кај кои е утврдено губење на атечмент >5мм во регијата на првите молари и инцизивите - пациенти со агресивна пародонтопатија, а третата група ја оформиле 30 испитаници на возраст 18 - 40 год. кај кои не биле утврдени клинички и радиографски детектибилни знаци на пародонталната болест - контролна група.

Протоколот за ова истражување е одобрен од страна на Етичката комисија за медицинско-стоматолошки инвестигации при Стоматолошкиот факултет во Скопје, во согласност со Хелсиншката декларација за човекови права.

Во оваа студија кај сите испитаници биле спроведени: детална анамнестичка постапка, клинички преглед и Ртг- анализа, собирање на материјалот за истражување; лабораториски испитувања на добиениот материјал и статистичка обработка на податоците. Од клиничките параметри проследени се: *индексот на дентален плак* - ИДП по Silness-Loe (1963), според кој присуството на денталниот плак на забните површини се вреднува од 0 до 3; *индексот на гингивална инфламација* - ИГИ по Loe-Silness (1964), кој исто така се вреднува од 0 до 3; *индексот на епителна апикална миграција* - ЕАМ (губење на атечмент), според класификацијата предложена од American Academy of Periodontology, 1999. Проследен е и Miller-Pelzer-ов индекс на *коскена ресорпција* според кој ресорптивните промени на алвеоларната коска настанати во тек на пародонтопатијата се вреднуваат од 1 до 5. Материјалот за испитување кај пациентите од првата и втората група - хронична и агресивна пародонтопатија бил земан со инцизија на инфламираното гингивално ткиво во текот на конвенционален пародонтален третман, а пак кај испитаниците од контролната група, материјалот бил земан при екстракција на импактирани трети молари, или екстракција на прв или втор премолар поради ортодонтски причини. Земениот материјал бил ставан во стерилни епрувети и во најкраток временски период специјално бил складиран на температура од -80°Ц на која се чувал се до неговата анализа, меѓутоа во период не подолг од 6 месеци. За определување на концентрациите на трите типа матриксметалопротеинази, бил применет квантитативен ензимски метод, со комерцијалните сетови: Sensolyte MMP-1 ELISA Kit *Colorimetric*, Sensolyte MMP-8 ELISA Kit *Colorimetric*, Sensolyte MMP-13 ELISA Kit *Colorimetric* од фирмата AnaSpec, Inc. со помош на кои е овозможено брзо, сигурно и сензитивно определување на концентрациите на MMP-1, -8 и -13 во гингивалниот ткивен супстрат. Лабораториските испитувања биле извршени во Лабораторијата за молекуларна биологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Добиените податоци од клиничките и лабораториските испитувања се статистички обработени со помош на дескриптивно-статистички и инференцијално-статистички методи.

Во поглавјето **Резултати,** добиените податоци се темелно анализирани, статистички обработени и презентирани на 32 страници. Прикажани се во 24 табели и 33 графикони.

Во однос на клиничките параметри, анализата на варијанса покажува дека постојат статистички значајни разлики помеѓу трите испитувани групи во однос на средните вредности на индексот на дентален плак (ИДП) (АНОВА: $F = 64,488$ $p = 0,00001$ ). Tukey HSD тест укажува дека помеѓу пациентите со агресивна пародонтопатија и здравите испитаници разликите во однос на ИДП не се значајни. Проследувајќи го ИГИ, резултатите покажуваат дека пациентите со хронична и оние со агресивна пародонтопатија имаат значајно повисоки средни вредности на ИГИ во однос на здравите испитаници, но помеѓу двете испитувани групи разликите во однос на ИГИ не се значајни ($p = 0,9638$). Во однос на губењето на атачмент, постојат статистички сигнификантни разлики помеѓу двете испитувани групи (Mann-Whitney U Тест: $Z = - 3,161$ $p = 0,00157$). Испитаниците со агресивна пародонтопатија имаат значајно повисоки средни вредности на губење на атачмент, во однос на оние со хронична форма на заболувањето. Кај здравите испитаници - контролна група - не постои губење на атачмент.

Концентрациите на ММР-1, ММР-8 и ММР-13 во инфламираните гингивални исечоци кај пациентите со хронична и агресивна пародонтопатија биле повисоки во однос на здравите испитаници и покажале висока статистичка сигнификантност ($p=0,0001$). Разликите во однос на ММР-1 помеѓу двете испитувани групи (агресивна и хронична) не се значајни ($p=0,5751$). Концентрациите на ММР-8 кај испитаниците со хронична пародонтопатија биле значајно повисоки и во однос на оние со агресивна форма. Помеѓу двете испитувани групи - хронична и агресивна пародонтопатија, разликите во однос на ММР- 13 не се значајни ($p = 0,8957$).

Tukey HSD тест покажува дека испитаниците со хронична и со агресивна пародонтопатија имаат значајно повисоки средни вредности на индексот на коскена ресорпција во однос на здравите испитаници. Разликите се сигнификантни ($p = 0,00010$) и помеѓу двете испитувани групи, т.е. значајно повеќе се регистрира губење на коска кај лицата со агресивна пародонтопатија. Анализирајќи ги заемните соодноси (корелации) помеѓу клиничките параметри и концентрациите на соодветните ММР во гингивалните ткивни исечоци, резултатите укажале дека кај пациентите со хронична пародонтопатија помеѓу индексот на дентален плак (ИДП) и ММР- 1, ММР- 8 и ММР- 13 постои значајна, средно јака корелација ( $r =0,55$; $r =0,49$; $r =0,45$). Кај истата група испитаници, Pearson-овиот индекс на корелација укажал дека помеѓу индексот на гингивална инфламација (ИГИ) и ММР- 1, ММР- 8 и ММР-13 постои значајна, јака корелација ($r=0,77$; $r=0,67$; $r=0,62$). Кај пациентите со хронична пародонтопатија помеѓу губењето на атачментот и ММР- 1, ММР- 8 и ММР- 13 постои многу значајна, многу јака корелација ( $r =0,83$; $r =0,75$; $r =0,81$), а помеѓу индексот на коскена ресорпција и ММР- 1, ММР- 8 и ММР- 13 постои значајна, јака (со ММР–8 $r =0,59$) до многу јака корелација со ММР- 1 и со ММР– 13 $r =0,76$; $r =0,77$

Во однос на корелациите помеѓу клиничките параметри и испитуваните ММР кај испитаниците со агресивна пародонтопатија, резултатите укажале дека постои значајна, многу јака корелација помеѓу индексот на дентален плак (ИДП) и ММР– 1 ($r=0,76$) ; во однос на ММР–

8 корелацијата е умерена (r=0,39), а во однос на ММР– 13 корелацијата е слаба (r=0,23). Pearson-овиот коефициент на корелација укажува дека помеѓу индексот на гингивална инфламација (ИГИ) и ММР-1, ММР- 8 и ММР- 13 постои значајна, јака корелација (r =0,68 ; r = 0,54; r =.0,67). Помеѓу губењето на атачментот и ММР- 1 постои многу значајна, јака корелација (r =0,75), додека со ММР- 8 и ММР- 13 корелацијата е средно јака (r=0,51; r =0,56). Индексот на ресорпција на алвеоларната коска исто така позитивно корелира со вредностите на испитуваните ММП, но со различен интензитет. ММР– 1 и ММР- 8 покажуваат умерена корелација (r =0,42; r =0,33), додека со ММР- 13 постои значајна, јака корелација, (r =0,65).

Во поглавјето **Дискусија,** презентирано на 19 страници, авторката резултатите добиени од своето истражување ги коментира и ги компарира со оние кај цитираните автори.

Лабораториските испитувања на примероците на материјалот земен од испитаниците укажува дека пациентите со хронична и агресивна пародонтопатија имаат значајно повисоки вредности на ММР-1 во однос на здравите испитаници и се во согласност со наодите на Bildt и сор. кои утврдиле дека инфламираната гингива содржи повеќе ММР-1, и тоа 36% повеќе во однос на здравата гингива. Просечните вредности на ММР-8 во однос на здравите испитаници се исто така зголемени, но утврдена е и значајност на разликите на ММР-8 помеѓу двете испитувани групи - значајно повисоки ММР-8 кај субјектите со хронична пародонтопатија. Авторката смета дека ваквиот наод произлегува од нарушената фагоцитоза и хемотактична функција, како и хиперреактивност на неутрофилните гранулоцити (PMN) кај агресивната пародонтопатија, при што доаѓа до ослободување на слободни радикали, кои се одговорни за силно изразените деструктивни процеси. Инаку ММР-8 е една од главните колагенази одговорна за колагената деградација која настанува при пародонтопатијата и која се детектира во гингивата, гингивалниот флуид и саливата кај пациенти со хронична пародонтопатија. Вредностите на ММР-13 кај испитуваните групи се повисоки во однос на контролната група, но разликите на ММР-13 помеѓу двете испитувани групи не се значајни (p=0,8957). Овие резултати се во согласност со наодите од истражувањата на Tervarhartiala и сор. кои детектирале присуство на ММР-13 mRNA во сулкусниот епител, субепителијалните фибробласти и моноцити, како и субепително, под базалната мембрана во гингивалните исечоци кај пациенти со LAgP и хронична пародонтопатија. ММР-13 позитивни инфламаторни моноцити се детектирани периваскуларно, а нивната концентрација била повисока во ткивните примероци од пациентите со LAgP и адултна пародонтопатија во однос на примероците од здравите субјекти. Присуство на значајна, позитивна корелација помеѓу ИДП и ММР-1,-8,-13 кај испитуваните групи потврдува дека микроорганизмите од биофилмот и нивните продукти ги иницираат патолошките процеси во ткивата и продукцијата на колагеназите од страна на клетките на домаќинот. Позитивна, јака корелација е утврдена помеѓу ИГИ и испитуваните колагенази што укажува и ги потврдува сознанијата дека со напредокот на инфламаторните процеси се зголемуваат и концентрациите на ММР во инфламираните ткива. Губењето на атачментот и ресорпцијата на алвеоларната коска биле значајно, силно

позитивно корелирани со концентрациите на ММР кај испитаниците со хронична пародонтопатија, но добиените вредности на корелациите биле нешто поумерени кај пациентите со агресивна форма, па авторката сугерира дека покрај влијанието на колагеназите и други фактори ендогени (генетски), како и факторите на средината се инволвирани и имаат значајна улога во текот на деструктивните процеси при агресивната пародонтопатија.

Поглавјето **Заклучоци** е изнесено на 3 страници и претставува концизен извадок од севкупната работа сублимирана во 10 потточки. Врз основа на претходно изнесените резултати и податоци, авторката заклучува дека матриксметалопротеиназите претставуваат значајни биомаркери според чија концентрација може да се следи активноста и развојот на заболувањето, како и да се предвидат можните компликации со цел да се направи план на терапија и да се преземат соодветните тераписки постапки. Несомнено е дека резултатите од оваа докторска студија ја потврдуваат значајната улога на ММР во деструктивните процеси на пародонталната болест.

Во поглавјето **Литература** се цитирани 141 референца од домашни, но пред се странски автори, со тоа што најголем дел од цитатите се од понов датум.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

| Емилија Христова | „Финансиски деривативи и нивна примена при управување со девизен и каматен ризик во финансиските институции" | проф.д-р Владимир Филиповски |
| Лидија Паскалова | „Регионализмот – основа за развој намали и отворени економии" | проф.д-р Љубица Костовска |
| Весна Милосковска | „Кредитот и кредитниот ризик како дел од работењето на банките со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Елена Мучева | „Банкоосигурување: имплементација, трендови и предизвици" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Даниела Парат Јовановска | „Улогата на Народна банка на Република Македонија во процесот на зачленување на Република Македонија во Европската Унија и Економската монетарна унија" | Проф.д-р Љубе Трпески |
| Милка Јакимова | „Формални извори на финансирање на мали и средни претпријатија" | академик Таки Фити |
| Стеван Шапчески | „Имплементација на е-управување во централниот депозитар на хартии од вредност" | проф.д-р Сашо Јосимовски |
| Ана Мешковска | „Менаџмент со безбедноста на информациите кај е-јавните услуги" | проф.д-р Сашо Јосимовски |
| Стоил Стоименовски | „Расходи, приходи и резултати од работењето според МСС и праксата во Р.Македонија" | проф.д-р Љубиша Јаневски |
| Благоја Грозданов | „Тестирање на теории за оптимализација на структурата на изворите на финансирање – анализа на состојбите во Република Македонија" | проф.д-р Сашо Арсов |
| Славчо Додевски | „Вреднување на средствата, обврските и капиталот во билансот на состојба" | проф.д-р Љубиша Јаневски |
| Маја Марковска | „Унапредување на вкупниот квалитет со методот намалено времетраење на циклусот на производството" | проф.д-р Бобек Шуклев |

| | | |
|---|---|---|
| Марија Шурдоска | „Форми на организирање на малите претпријатија во Република Македонија" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Наташа Чавдаровска | „Предизвиците и перспективите на семејните бизниси во Пелагонискиот регион" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Марија Аврамовска | „Влијание на задоволството од работата врз ефикасноста на работењето" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Петранка Делова Миладинова | „Општествена одговорност на претпријатијата – императив за одржлив развој" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Александра Каракашова | „Меѓуперсонални односи и групни процеси во организацијата" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Теодора Маријановска | „Управување со вкупниот квалитет во прехранбената индустрија" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Стефан Николиќ | „Управување со оперативниот ризик низ призмата на методологиите за мерење и македонскиот банкарски сектор" | проф.д-р Горан Петревски |
| Ристо Илиевски | „Маркетинг комуникациски микс на електронската здравствена картичка на Република Македонија" | проф.д-р Нада Секуловска |
| Благица Алексовска | „Глобално бизнис лидерство" | доц.д-р Леонид Наков |
| Беким Незири | „Управување со промените во областана воздушниот сообраќај и интегрирање на Република Македонија во европската стратегија" | проф.д-р Златка Поповска |
| Изет Меџити | „Улогата на локалната самоуправа (Општина Чаир) во развојот на човечкиот капитал" | проф.д-р Златка Поповска |

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ПАЛЕОГРАФИЈА, ИСТОРИЈА НА ПИСМЕНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА, РАКОПИСНАТА ТРАДИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, БИБЛИОЛОГИЈА И РАРИТЕТНИ ЗБИРКИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ ЗА ГРУПАТА БИБЛИОТЕКАРСТВО, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Лајме“, од 25. 4. 2011 год., донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Мито Спасовски, претседател,
2. проф. д-р Благица Петковска, член.
3. проф. д-р Биљана Маленко, член,

На распишаниот Конкурс за наведените наставни предмети се пријавија: *м-р Виолета Мартиновска*, вработена во НУБ "Св. Климент Охридски" во Скопје; *м-р Марија Апостолова*, демонстратор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, помлад соработник во Одделението за стручно административни активности во Канцеларијата на претседателот на РМ, како и помлад соработник во Секторот за локален економски развој на општина Гази Баба и *Биљана Котлар Сакоман*, вработена во ТД „Интелсат“ ДОО – Скопје.
Рецензентската комисија, по разгледувањето на документацијата на кандидатите, го поднесува следниотв

И З В Е Ш Т А Ј

1. **ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТКАТА М-Р ВИОЛЕТА МАРТИНОВСКА**

**Биографски податоци**

М-р Виолета Мартиновска е родена во Скопје на 15. 1. 1970 година. Основно образование завршила во основно училиште "Браќа Миладиновци" во Скопје, со одличен успех, во 1984 год. Средно образование завршила во педагошката гимназија "Зеф Љуш Марку", со одличен успех, во 1988 год. Освоила второ место на сојузен натпревар по

историја во 1986 год. Во 1988 година се запишала на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, каде што дипломирала на 3.12. 1993 година и се стекнала со звањето професор по македонска и јужнословенски книжевности со македонски јазик. Како претставник на студентите учествувала на симпозиум на тема: "Религијата и младите" во Трогир, Хрватска. Магистрирала на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на 9. 1. 2003 година и се стекнала со звањето магистер на филолошки науки. Темата на магистерската теза е: "Свети Наум Охридски во книжевната и народната традиција".

Во периодот 1993-1994 година работела како педагошки раководител на ученици на настава во природа во Скопје и во Струга. Во периодот 1994-1995 година работела како литературен координатор во првата светска детска амбасада "Мегаши" во Скопје. Во периодот од 1994 до 1997 година работела како професор по македонски јазик и литература во гимназија. Во периодот 2000-2002 година била стручен рецензент за книги во весникот "Дневник". Од 2002 година е вработена во НУБ "Св. Климент Охридски" во Археографска (Старословенска) збирка и Збирка за ретки, старопечатени и специфични книги, како раководител на двете збирки.

**Наставна дејност**

Во учебната 2010/2011 година е ангажирана како стручњак од практиката на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје, по предметите: историја на писменоста во Македонија, ракописната традиција во Македонија и палеографија.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Виолета Мартиновска има објавено повеќе научни трудови поврзани со научната област медиевистика. Автор е на 287 текстови во периодиката. Во овој дел од извештајот ги бележиме нејзините позначајни трудови:

1. **Статии во списанија**

- Прохор-пчињско изборно евангелие, безјусова македонска редакција од четвртата четвртина на XVI век во: Словенски ракописи во Македонија, НУБ, Скопје-Институт за старословенска култура,Прилеп, 2000, стр.19.
- Новооткриено ракописно наследство од XIV-XIX век, Библиотекарство, бр. 1-2, 2001, стр.108.
- Поетот св. Наум Охридски, Македонско сонце, бр.463 (16.5.2003), стр. 42-43.
- Химнографијата за свети Наум Охридски, Стремеж, бр. 7-8, 2002, стр. 108-120.
- Избор и превод на старословенски текстови од Панонски легенди, Св. Климент Охридски, Св. Наум Охридски, Водени знаци од Мс

240 во : Сонцето во македонската поезија, Македонски духовни конаци, Скопје, 2003, стр. 27-37.
- Бесценетиот сјај на старословенските ракописи, Современост, бр. 2, 2004, стр. 119-121.
- Лексемата сонце во старословенските ракописи, Современост, бр. 3, 2004, стр. 45-52.

2. **Објавени книги**

1. Умните измислувачи , „Детска радост", Скопје, 2002;
2. Книжевен континуитет , „Феникс", Скопје, 2003;
3. Современа македонска поезија - текови и портрети, „Феникс", Скопје, 2003;
4. Тајни азбуки, Меѓународен центар за литература, јазик и култура на Ромите, Скопје, 2009 (препев на ромски јазик);
5. Промисла, Скопје, 2011 (прва поезија на глаголица во Македонија).

Во магистерската теза со наслов: "Свети Наум Охридски во книжевната и народната традиција", кандидатката расветлува повеќе значајни прашања, меѓу кои е расветлен ликот на просветителот свети Наум Охридски и делата поврзани со неговата дејност. Нејзин прилог во расветлувањето на службите на св. Наум Охридски е досега необјавениот препис во циклостилна техника од 1939 година.

Направено е истражување во однос на необјавени легенди, преданија и чуда за св. Наум Охридски и тие се приложени во магистерската теза. Разгледани се Светинаумовите портрети во фрескоживописот и иконографијата.

Во Археографската збирка во НУБ „Св. Климент Охридски" како медиевист има реализирано значајни научни постигнувања. Соработник е во едицијата „Словенски ракописи во Македонија", во која има целосни палеографски описи на ракописи од XVI, XVII, XIX век. Описите се однесуваат на спецификите на: видот на материјалот, писмото, содржината, орнаментиката, водените знаци, записите. Реализирала повеќе престои во земјата и во странство во врска со старословенските оригинални ракописи. Констатирала дека голем број на оригинални старословенски ракописи со македонска јазична редакција се наоѓаат во странски ракописни збирки. Во Археографската збирка целосно е научно посветена на проблематиката на старословенските ракописи. Претходно соопштеното ја афирмира како специјалист по медиевистика и директно кореспондира со предметите за кои е ангажирана на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Во трудот "Прохор-пчињско изборно евангелие, безјусова македонска редакција од четвртата четвртина на XVI век" е направен комплетен палеографско-кодиколошки опис на овој оригинален старословенски ракопис со вкупно 239 листа.

Во трудот "Химнографијата за свети Наум Охридски" се анализирани службите посветени на св. Наум Охридски.

Текстот "Лексемата сонце во старословенските ракописи" е уште еден оригинален и креативен прилог во медиевистиката. Книгата "Промисла" е прва објавена поезија на глаголица во Македонија.

3. **Учество во проекти**

- Словенски ракописи во Македонија, том VII и VIII, НУБ "Св. К.Охридски" - Институт за старословенска култура, Прилеп, 2000.

**Учество во телевизиски емисии**

- Тежеста на древните ракописи, Македонско радио, Прва програма, 2002.
- Сјајот на древните времиња, Трета програма, Македонско радио, 2002.
- Од онаа страна, Телма, 2003.
- Значењето на старите ракописи, МТВ, 2004.
- Книжевникот Наум Охридски, МТВ, 2005.
- Созвездија, Телма, 2006.
- Грижата за книжевното наследство, Телма, 2006.
- Библија од XVIII век, МТВ, 2007.
- Истражувачи на ракописното наследство, Телма, 2007.
- Боите на Македонија, Македонско радио, 2008.

**Интервјуа**

1. Посен триод од XIII век, Дневник, 17. V 2002.
2. Времето ги потврдува вистинските творци (интервју со м-р Виолета Мартиновска, медиевист, книжевен критичар, писател), Македонско сонце, бр.459 ,18.IV 2003.
3. Најстариот пергамент е напишан со нерастворливо мастило, Дневник, 19. XII 2003.
4. Ореол на македонската културна мисла, Македонско сонце, бр.559 (18.III 2005).
5. Свети Наум не е доволно познат како книжевник (разговор со Виолета Мартиновска ), Утрински весник, 20. IV 2006.
6. Свети Наум бил и поет, Време, 20. IV 2006.
7. Поетот и просветителот свети Наум Охридски од Виолета Мартиновска, Македонија денес, 29/30. IV 2006.
8. Детството-најубав период од животот, Развигор, 17. V 2006.
9. Старомакедонски книжевен творец, Македонско сонце, 26. V 2006.
10. Библија од 17 век донирана на НУБ, Утрински весник, 18. X 2006.
11. Дневник на НУБ и подари Библија од 17 век, Вест, 18. X 2006.
12. Допрва ќе прогласуваме ракописи со посебно значење, Вечер, 27/28. I 2007.

13. Средновековието како светол период. Свети Климент му припаѓа на човештвото, Вечер, 1. XII 2007.
14. Вистинската мера на свети Климент е - вечноста, Време, 28. XII 2007.
15. Поглавари на охридските цркви - македонска духовна историја, www.ohridnews.com. 9.III 2008.
16. Старословенските ракописи пред домашната и светска јавност, Вечер, 20.02.2009.
17. Библиотеката ги следи светските трендови, Вест, 20.2.2009.
18. НУБ ги објави ракописите од нашите цркви и манастири, 20.2.2009.
19. Значајна издавачка продукција во НУБ Св. Климент Охридски, Утрински весник, 20.2.2009.

**Други позначајни активности:**

- член е на редакција во најстарото македонско книжевно списание „Современост";
- член е на редакција во книжевното списание "Книжевна академија";
- соработник е во списанието „Развигор";
- член е на редакција на „Библиотекарство";
- член е на Македонското научно друштво, Битола;
- почесен член е на библиотеката на ЦОУ "Рајко Жинзифов", Скопје, како романсиер кој е оценет со десет (10) од учениците за романот "Умните измислувачи";
- член е на стручна комисија на "Прв детски книжевен фестивал во Македонија" при ДПМ;
- претседател е на "Македонски мултикултурен контакт клуб";
- рецензент е на повеќе монографски публикации;
- промотор е на повеќе монографски публикации;
- завршен курс за работа на програми со Linux, Open Office, Web Дизајн;
- користење на програмски поддршки COBISS 2 – каталогизација;
- автор е на повеќе изложби на старословенски ракописи во Македонија;
- соработник е на повеќе изложби "Автори и дела";
- романот "Умните измислувачи" е факултативна лектира во основните училишта. За овој роман авторката добива писма и признанија од млади читатели од цела Македонија;
- книгата "Современа македонска поезија-избор" е во наставната програма во средните училишта;
- застапена е во „Златна книга на прозата за деца во Македонија", Скопје, 2004;
- се пројавува со креативен профил на: романсиер, раскажувач, поет, есеист, книжевен критичар.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТКАТА М-Р МАРИЈА АПОСТОЛОВА

М-р Марија Апостолова е родена на 28. 11. 1985 година. Според приложените податоци дознаваме за следното: таа е дипломиран педагог и магистер на педагошки науки (средна оценка на додипломските и на постдипломските студии е 10, 00).

М-р Марија Апостолова во периодот од учебната 2007/2008 година до 2010/2011 година била ангажирана во Институтот за педагогија и институтите за психологија, социологија, филозофија и историја како демонстратор по повеќе наставни предмети.

Во периодот 2010-2011 е помлад соработник во Одделението за стручно - административни активности во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија. Во периодот 2009-2010 година била помлад соработник во секторот за локален економски развој на општина Гази Баба. Таа е педагог-волонтер во Дневен центар при НВО – за правата на децата – Скопје.

Кандидатката Марија Апостолова посетила повеќе обуки, семинари и настани на најразлични теми, како на пример: учество на обука за прекугранична соработка и за третата ИПА - компонента; учество на обука за регионален пазар на труд; учество на обука за подигнување на јавната свест за малцински права.

Исто така, бележиме учество на повеќе меѓународни конференции од областа на образованието во Охрид, во Варна и во Белград.

Учествувала во изработката на книги и документи како член на Управниот комитет за изработка на Потстратегија за рурален развој на општина Гази Баба, член на Управниот комитет за изработка на Стратегија за управување со ризици на Гази Баба и член во НВО Младински совет во општина Гази Баба.

Марија Апосолова ги познава англискиот, францускиот и италијанскиот јазик.

Во изминатиот период има објавено апстракт во Зборникот на апстракти: International Conference Inclusive Education in the Balkan Countries, Book of abstracts.

Исто така ги има објавено и следниве трудови:

- Apostolova, M. (2009) Educational inclusion of Roma children, Thessaloniki: Kyriakidis Brothers;
- Vitanova, A., Apostolova, M. (2010) Computers in music education, Varna;
- Apostolova, M. (2011) Assessment of students according to the European credit transfer system, Belgrade (abstract).

# ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТКАТА БИЛЈАНА КОТЛАР САРКОМАН

## Биографски податоци

Билјана Котлар Сакоман е родена на 10. 8. 1971 година. Завршила средно образование во Скопје, гимназија „Јосип Броз Тито“ (културолошка насока со библиотекарство). Таа е дипломиран професор по македонска книжевност и јужнословенски книжевности (средна оценКа 10, 00), а има завршено постдипломски студии (средна оценка 10,00), исто така, на Филолошкиот факултет во Скопје. На Филолошкиот факултет има пријавено и одобрено тема за изработка на магистерски труд под наслов: „Летописите во македонската писмена традиција“.

**Професионално искуство**

Билјана Котлар Сакоман учествувала во Проект за модернизација на образованието при Министерството за образование и наука што ги содржи следниве теми:

-Современи и креативни методи и техники на учење;

-Комуникациски и лидерски вештини во тимската работа;

-Оценување на знаењата и способностите на учениците со примена на Блумовата таксономија;

Таа е и надворешен соработник во приватно средно училиште („Алгоритам центар“).

Кандидатката има познавања од работата со компјутер, како и други квалификации (од формален карактер, организација, администратор и водење на канцеларија). За себе говори дека воспоставува одлични меѓучовечки релации, има способност за водење повеќе проекти во исто време, а го владее и англискиот јазик.

## Работно искуство

Билјана Котлар Саркоман е вработена во ТД „Интелсат“ ДОО Скопје и повеќе од три години е на раководната функција управител.

## Заклучок и предлог

По увидот и анализата на понудената документација на кандидатите пријавени на конкурсот, Рецензентската комисија го констатира следново:

Од посочените трудови, од увидот во нив, заклучуваме дека:

**М-р Виолета Мартиновска** е солидно вложена во медиевистиката, користи современи научни методологии на истражување, што се оригинални и креативни и што се во насока на развивање во раритетен специјалист од оваа област.

Обемниот опус на нејзиното творештво и научно-стручната подготвеност од специјализирана област и овозможи на м-р Виолета Мартиновска, како стручњак од практиката, на Педагошкиот факултет,

група библиотекарство, успешно да ја реализира наставата по тесностручните предмети, за кои, врочем, сега и се јавува на нашиот конкурс.

Во наставната практика таа, под менторство на наши професори, покажала и педагошки такт и умешност во работата со студентите.

**М-р Марија Апостолова** е дипломиран педагог, со завршени постдипломски студии и магистер на педагошки науки. Независно што кандидатката приопштила богата и, за почитување, квалитетна библиографска документација, таа, сепак, не кореспондира со барањата дадени во конкурсот, каде што станува збор за наставно-научни дисциплини и области што овозможуваат стекнување на компетенции преку филолошка наобразба, и тоа за соодветна студиска група којашто **и** припаѓа на Филолошкиот факултет.

**Билјана Котлар Сакоман**, и покрај респективните факти и резултати што ги имаше понудено како документација за конкурсот, скромниот опус на научно-стручни трудови (поврзани со образовната работа), сепак, и покрај пријавената и прифатена магистерска тема на Филолошкиот факултет во Скопје, не се стекнала со звањето магистер на филолошки науки, што е и услов, според Законот, по кој е распишан конкурсот, таа да биде избрана за асистент.

Рецензентската комисија смета дека од тројцата пријавени кандидати на конкурсот, **м-р Виолета Мартиновска ги исполнува условите** според Законот за високото образование да биде избрана за асистент по предметите: палеографија, историја на писменоста во Македонија, ракописната традиција во Македонија, библиологија и раритетни збирки во библиотеките, на групата библиотекарство, на македонски наставен јазик.

Оттука, со особена чест и задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје, **да ја избере м-р Виолета Мартиновска во звањето асистент** по предметите: палеографија, историја на писменоста во Македонија, ракописната традиција во Македонија, библиологија и раритетни збирки во библиотеките, за групата библиотекарство, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Мито Спасовски, претседател, с.р.
2. Д-р Благица Петковска, член, с.р.
3. Д-р Билјана Маленко, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИСКИ НАУКИ – ИСТОРИЈА НА ПИСМОТО И БИБЛИОТЕКИТЕ, КУЛТУРНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ИСТОРИЈА НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА И ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕСНО-СТРУЧНИ НАСТАВНИ ОБЛАСТИ - БИБЛИОТЕКАРСТВО, КАТАЛОГИЗАЦИЈА И КЛАСИФИКАЦИЈА 1 И КАТАЛОГИЗАЦИЈА И КЛАСИФИКАЦИЈА 2 НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ.**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, донесена на седницата одржана на 21.6.2011 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент по предметите од наставно-научната област историски науки - историја на писмото и библиотеките, културна историја на Македонија и историја на библиотекарството во Македонија и по предметите од наставно-научната област тесно-стручни наставни области – библиотекарство, каталогизација и класификација 1 и каталогизација и класификација 2, врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник "Дневник" од 26.4.2011 година.

На објавениот конкурс се пријавија четири кандидати, и тоа: Сузана Котовчевска, доктор на историски науки, Марија Апостолова, магистер на педагошки науки, Владимир Симов, магистер на историски науки и Дејан Ацески, дипломиран историчар.

Врз основа на поднесените документи, Рецензентската комисија, констатира дека бараните услови на конкурсот, завршен втор циклус студии и тригодишно работно искуство ги исполнуваат кандидатите м-р Марија Апостолова и д-р Сузана Котовчевска.

По предлог на документите, имаме чест до Наставно-научниот совет да го поднесеме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

1. **Д-р Сузана Котовчевска**

**Биографски податоци**

Сузана Котовчевска е родена на 31.1.1961 година во Прилеп. Гимназија завршила во Скопје во 1980 година. Во 1987 дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за историја на уметноста со археологија со солиден успех. Во 1992 година се вработила во „Музејот на тетовскиот крај" во Тетово на работно место кустос. Во 1994 година нејзините работни ангажмани ги продолжила во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" во Скопје. Врз основа на досегашните резултати во сферата на библиотекарската дејност била унапредена во звањето раководител на Централната библиотека „Другарче" и раководител на Одделението за автоматска обработка на книжниот фонд при Градската библиотека „Браќа Миладиновци" во Скопје.

Поседува лиценца за креирање на нови записи во КОБИСС – програмата, а воедно е и главен носител на успешната имплементација на КОБИСС – програмата во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" во Скопје.

Во 2005 година магистрирала на Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје на тема „Рановизантиска нумизматика на доцноантичката провинција Македонија Секунда".

Во мај 2006 година била избрана за претседател на Библиотекарското друштво на Македонија, функција која со голем успех ја остварувала. Во нејзиниот мандат, Библиотекарското друштво на Македонија доживеа силна афирмација преку големиот број национални и меѓународни активности, издавањето на стручното списание „Библиотекарство" и издавањето на Прирачникот за републички натпревар на млади библиотекари.

На Филозофскиот факултет, во октомври 2006 година ја одбранила докторската дисертација на тема „Развој на библиотекарството и библиотечната дејност во Р. Македонија (1944 – 2004)". Нејзината докторска дисертација беше прва

оригинална дисертација од областа на историјата на библиотекарството со посебен акцент на историскиот развој на библиотекарството во Македонија.

Во 2007 година била избрана за член на Управниот одбор на UNDP за проектот „Пријателски библиотеки".

Во 2008 година, како резултат на нејзиното повеќе од дведецениско забележително работење во сферата на библиотекарството, ја добила наградата „Климентова повелба" за долгогодишни значајни остварувања во развојот на библиотекарството во Р. Македонија.

Во 2008 година била избрана во стручното звање виш библиотекар согласно со Законот за библиотеки.

Во 2008 година била именувана за член на Комисијата на Годишната програма на Министерството за култура за 2009 година од областа на библиотечната дејност.

Во 2009 година учествувала на Обуката за директор на библиотека, организирана од страна на Британскиот совет во Р. Македонија.

Од септември 2010 година е вклучена во изведување на наставата по предметите историја на писмата и библиотеките и културна историја на Македонија на Катедрата за библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Исто така има учествувано на голем број домашни и меѓународни конференции од областа на библиотекарството и менаџментот во библиотекарството.

Во 2011 година го организирала првиот курс за едукација на библиотекарите вработени во училишните библиотеки, со цел ефикасна примена на новите стандарди во библиотечното работење и ефикасното функционирање на училишните библиотеки во новиот век. Во функција на успешното спроведување на овој курс, д-р Сузана Котовчевска подготвила и посебен прирачник за обработка на монографските публикации во училишните библиотеки.

Кандидатката д-р Сузана Котовчевска има објавено и серија статии во списанијата „Библиотечен спектар" и „Библиотекарство".

**Професионална активност:**

**Наставно-педагошка дејност**

Д-р Сузана Котовчевска во изминатиот период држела настава по предметите историја на писмата и библиотеките и културна историја на Македонија на Катедрата за библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Покрај тоа, активно е вклучена и во подготвувањето и изведувањето и на други педагошки и организациони активности што се во надлежност на соодветната Катедра. Треба да се истакне нејзиното извонредно залагање за воведување и подготовка на предавањата по претходно споменатите предметите кои припаѓаат на новата студиска програма за прв пат воведена во високото образование на Република Македонија.

**Научна и стручна дејност**

Во периодот на нејзиното активно ангажирање во осовременувањето на библиотечното работење во Р. Македонија, д-р Сузана Котовчевска фокусот на нејзиниот научен и истражувачки интерес го има насочено кон истражување на историскиот развој на писмото, библиотеките и библиотекарството во Република Македонија, културната историја на Република Македонија, историјата на библиотеките во стариот, средниот и новиот век, интердисциплинарните истражувања во областа на археологијата и нумизматиката, како и перманентно следење на современите светски стандарди за класификација и каталогизација на целокупната библиотечна граѓа. Како резултат на овие нејзини истражувања се трите објавени монографии и еден стручен труд кој се однесува на одделни аспекти на меѓународната децимална класификација.

**Објавени трудови**

- „Рановизантиска нумизматика на доцноантичката провинција Македонија Секунда" – 2006 година (монографија)

- „Извадок од меѓународната децимална класификација" - 2006 година
- „Македонското библиотекарство низ вековите" - 2007 година (монографија)
- „ Писмата и библиотеките во стариот век" – 2008 година (монографија)
- „Писмата и библиотеките во средниот и новиот век" – (монографија во печат)

**Монографијата „Рановизантиска нумизматика во доцноантичката провинција Македонија Секунда"**

Во монографијата „Рановизантиска нумизматика во доцноантичката провинција Македонија Секунда", предмет на истражување претставува нумизматичкиот материјал од шестиот век од н.е. на подрачјето на доцноантичката провинција Македонија Салутарис/Втора. Во културно хронолошки смисла се работи за доцноримскиот период или познат како рановизантиско или раносредновековно време.

Монографијата претставува оригинален научен труд во кој промотивно се објавуваат збирките на монети од рановизантискиот период кои беа откриени во Стоби, како и збирката на монети од Филозофскиот факултет во Скопје. Во монографијата е презентиран и каталог на монети откриени на просторот на доцноантичката провинција Македонија Секунда.

Со објавувањето на оваа монографија, создадена е генерална слика на монетарната циркулација од VI век од н.е. на подрачјето на провинцијата Македонија Секунда.

**„Извод од меѓународната децимална класификација"**

Изводот од Меѓународната децимална класификација, подготвен од д-р Сузана Котовчевска, претставува квалификувано и професионално издржано стручно и прирачно помагало за содржинската обработка на библиотечниот материјал и изготвување на систематски УДК-каталог. Изводот се појавува во време кога во најголем дел од библиотеките во националната библиотечна мрежа се применуваат застарени и неажурирани изданија на УДК-таблици. Со други зборови, авторот на ова стручно помагало со извонреден професионален сензибилитет ја почувствувал потребата од актуелна верзија на УДК-таблиците на македонски јазик. Главниот мотив и професионален предизвик на д-р Сузана Котовчевска за подготвување на

Извод од УДК било сознанието за лошата состојба на стручен план во најголемиот дел училишни библиотеки во нашата земја. Конципиран со карактеристики на методско помагало, Изводот претставува лесно применлив прирачник за содржинска обработка на библиотечен материјал.

Изводот од Универзалната децимална класификација содржи четири поглавја:

- вовед, во кој корисникот на ова помагало може да се запознае со основните начела за правилна примена на УДК-таблиците;
- главни таблици на Универзалната децимална класификација-УДК. Изводот содржи 2744 УДК-броеви;
- дополнителни таблици кои содржат 320 УДК-броеви. Овој помошен систем за индексирање е една од главните карактеристики на УДК-системот. Тој овозможува нови конструкции на сложените броеви или нивна синтеза преку примена на одредени знаци и потподелби. Постојат општи и специјални помошни броеви;
- четвртото поглавје е резервирано за азбучен регистар. Азбучниот регистар на поимите има основна задача да го олесни наоѓањето на вистинскиот индекс во главните таблици.

**Монографијата „Македонското библиотекарство низ вековите"**

Трудот „Македонското библиотекарство низ вековите" од д-р Сузана Котовчевска е комплексен труд низ кој се расветлува историскиот развој на македонското библиотекарство низ вековите, со посебен акцент во последните педесет години.

Трудот претставува оригинално дело кое прави целосен методолошки и историски пресек во развојот на македонското библиотекарство како паралелен и нераздвоен процес во развојот на просветителството и писменоста во рамките на Европа и пошироко. Исто така, трудот го карактеризира и оригинална методолошка рамка и оригинален предмет на научно истражување со што во голема мера се збогатува методологијата на научноистражувачката работа, специфична за расветлување на овие значајни општествени и културни феномени.

Презентираниот труд има сериозна научна заснованост и претставува солидна основа за понатамошно научно проучување на библиотекарството на Р. Македонија во сите негови суштински сегменти.

Ова научно дело на д-р Сузана Котовчевска прави историска реконструкција на еден значаен сегмент од историјата на културата на Македонија - библиотекарството и библиотечната дејност. Во презентираниот комплексен историски пресек опфатени се сите суштински сегменти на библиотекарството и библиотечната дејност, што претставува значаен прилог кон македонската историографија, и нов импулс во развојот на библиотечната наука во Р. Македонија.

**Монографијата „Библиотеките и писмата во стариот век"**

Студијата „Библиотеките и писмата во стариот век" од д-р Сузана Котовчевска го елаборира развојот на писмата и библиотеките во антиката од нејзините појавни форми на Блискиот Исток во третиот милениум пр.н.е. сè до рановизантискиот период, до IV и V век кога со ширењето на христијанството и монаштвото во значајна мера ќе биде променет правецот во развојот на историјата на библиотеките.

Кога станува збор за библиотеките во овој век, фокусот на истражување е насочен кон Блискиот Исток во антиката, античка Грција, Александриска и другите кралски библиотеки во тој период, Рим и Римското Царство (надвор од градот Рим).

Од аспект на научната анализа на развојот на писмата во разните цивилизации акцентот во оваа студија е ставен на развојот на најстарите писма (сумерско, египетско, кинеско), како и целосна анализа на алфабетските писма заклучно со развојот на латинските и кириличните словенски писма. Станува збор за сеопфатна студија која претставува значаен прилог во развојот на нашата научна мисла од областа на културната историја и науката за библиотекарството.

**2. М-р. Марија Апостолова**

Марија Апостолова е родена на 28 ноември 1985 година. Дипломирала на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2010 година магистрирала на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и се здобила со звањето магистер на педагошки науки. Во 2007 година стажирала во Одделението за старателство при ЛУМЦСП на град Скопје. Во 2009/2010 година била помлад соработник во Секторот за локален економски развој на општина Гази Баба. Во 2010/2011 година работела како помлад соработник во одделението за стручно-административни активности во Канцеларијата на претседателот на Владата на Р. Македонија. Од 2007/2008 до 2010/2011 година била демонстратор на Институтот за педагогија. Исто така, како волонтер била вклучена во повеќе волонтерски активности. Има учествувано на повеќе семинари, обуки и настани како што се ФОНДАЦИЈА ЕВРОЦЕНТАР, SLOVAKAID и ЗЕЛС, НВО Инцијатива за европска перспектива, НВО ФРАКТАЛ, НВО Сумнал и ОБСЕ, Семинар за интеркултурно образование и др.

М-р Марија Апостолова учествувала на три конференции: 12 Меѓународна конференција „Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice" – 2009 година, 13 Меѓународна конференција „ICT in the education of the Balkan Countries" – 2010 година, 14 Меѓународна конференција „ Evoluation in the education of the Balkan Countries " – 2011 година.

Член е на Управниот комитет за изработка на Потстратегија за рурален развој и Стратегија за управување со ризици на општина Гази Баба, како и член на НВО Младински совет во општина Гази Баба. Има познавање од англискиот, францускиот и италијанскиот јазик и поседува одлични компјутерски вештини.

Во изминатиот период има објавено статија во книгата International Conference Inclusive Education in the Balkan Countries, Book of abstracts. Исто така ги има објавено и следниве трудови:

- Apostolova, M. (2009) Educational inclusion of Roma children, Thessaloniki: Kyriakidis Brothers;

- Vitanova, A., Apostolova, M. (2010) Computers in music education, Varna;
- Apostolova, M. (2011) Assessment of students according to the European credit transfer system, Belgrade (abstract).

Од увидот во документацијата на м-р Марија Апостолова може да се констатира дека се работи за млад и перспективен научно-наставен кадар од областа на педагогијата, за што зборуваат и нејзините објавени трудови и нејзиното досегашно наставно искуство на Филозофскиот факултет по предметите од областа на дидактиката, педагогијата, наставната комуникација. Сепак, нејзиниот наставно-научен профил не е соодветен на научните дисциплини наведени во конкурсот.

**Заклучок и предлог**

Според доставените документи, научни и стручни трудови и соодветно на научните области наведени во конкурсот за избор во соработничко звање – асистент, сметаме дека овие услови целосно ги исполнува пријавениот кандидат **д-р Сузана Котовчевска.** Досегашната нејзина наставно-научна и стручна работа целосно ги опфаќа како поширокaта наставно-научна област - историја на писмото и библиотеките, културна историја на Македонија и историја на библиотекарството во Македонија, така и тесно-стручните наставни области - библиотекарство, каталогизација и класификација 1 и каталогизација и класификација 2.

Во досегашната работа д-р Сузана Котовчевска покажала високи резултати во професионалното ангажирање за развојот на современото библиотекарство во Република Македонија, како и во наставно-педагошката дејност. Секогаш се залага максимално да ги пренесе своите знаења и искуства на студентите, воспоставувајќи извонредна комуникацијата и дух на тимска работа.

Врз основа на претходно изнесените констатации, а ценејќи го досегашниот нејзин ангажман во наставно-научната работа, **Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да ја избере кандидатката д-р Сузана Котовчевска во звањето асистент по предметите од**

**наставно-научната област историски науки – историја на писмото и библиотеките, културна историја на Македонија и историја на библиотекарството во Македонија и по предметите од наставно-научната област тесно-стручни наставни области – библиотекарство, каталогизација и класификација 1 и каталогизација и класификација 2.**

Скопје, 22.6.2011

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.

2. Проф. д-р Благица Петковска, с.р.

3. Проф. д-р Владо Тимовски, с.р.

# ПРИЛОГ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИСКИ НАУКИ – ИСТОРИЈА НА ПИСМОТО И БИБЛИОТЕКИТЕ, КУЛТУРНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ИСТОРИЈА НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА И ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕСНО-СТРУЧНИ НАСТАВНИ ОБЛАСТИ – БИБЛИОТЕКАРСТВО, КАТАЛОГИЗАЦИЈА И КЛАСИФИКАЦИЈА 1 И КАТАЛОГИЗАЦИЈА И КЛАСИФИКАЦИЈА 2.

Кандидат: д-р Сузана Котовчевска
Институција: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија или научна книга | 32 |
| 2. | Одржано предавање по покана од научна институција | 4 |
| 3. | Одбранета докторска теза | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска теза | 5 |
| 5. | Награди-признанија за научни постигнувања | 10 |
| 6. | Учество на научни собири | 5 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати во зборник од трудови на стручен собир | 2 |
| 8. | Прегледен напис во научно списание | 20 |
| | **Вкупно (НИ+НН)** | **86** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1. | Пленарно предавање на научен собир | 6 |
| 2. | Учесник во научен проект | 2 |
| 3. | Уредник на научно списание | 3 |
| 4. | Член на уредувачки одбор на научно списание | 0.5 |
| 5. | Претседател на организационен одбор на научен собир | 4 |
| 6. | Член на организационен одбор на научен собир | 3 |
| | **Вкупно (СА+ОР)** | **18,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **поени** |
|---|---|
| | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | **86** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **18,5** |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата 15 редовна седница одржана на 11. 5. 2011 година, а по предлог на Кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесе одлука бр. 04-361-359-356 од 12. 5. 2011 година за формирање Рецензентска комисија по конкурсот за избор на два асистента од областа на детската и превентивна стоматологија на Катедрата за детска и превентивна стоматологија, во состав: проф. д-р Снежана Иљовска, проф. д-р Миле Царчев и доц.д-р, Мира Јанкуловска. На конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања, објавен во дневните весници „Вечер" и „Лајме", на 5. 4.2011.година, се јавија насл. доц. д-р Златко Ѓорѓиев , ас. д-р Мери Павлевска и ас.д-р, Весна Амбаркова од Катедрата за детска и превентивна стоматологија. По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

**Д-р, Златко Георгиев**, вработен на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, е роден на 5 мај 1959 г. во Битола каде што го завршил основното и средното образование во 1977 година.
На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, дипломирал во учебната 1982 година со просечен успех 9,375.

Стручниот испит го положил во 1983 година, а во 1984 год. се вработил на Клиниката за детска и превентивна стоматологија, при ООЗТ Стоматолошки клиники како приправник-стипендист на Републичката заедница на научни дејности .

Во 1989 година се стекнал со звањето *специјалист по детска и превентивна стоматологија.*

Магистерскиот труд под наслов „Патохистолошки промени во пулпата на млечните заби во фаза на ресорпција"го одбранил со успех 1992 година, на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Докторската дисертација под наслов „Хисто-ензиматски испитувања на пулпата на млечните заби во фаза на ресорпција", ја одбранил во 2000

година на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Во звањето помлад асистент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје бил избран во 1986 година и реизбран во 1989 година, а во звањето асистент е избран во 1993 година и реизбран во 1996, 2000 и 2004 година на истата Катедра.

Во ноември 2008 година бил избран во звањето насловен доцент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија.

Истражувач-соработник бил во **научноистражувачкиот проект** „За подобро орално здравје, за поздрави заби-орално воспитување на населението на Р. Македонија", финансиран од Министерството за наука и образование.

Во ноември 1999 година бил на стручно усовршување во едукативниот центар на Dentsplay-Maillefer, во Ballaigues, Швајцарија, за работа со ротирачки инструменти (Profile и GT$^{(tm)}$), за што се здобил со сертификат.

Во април 2001 година престојувал на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Белград.

Насл. доц. д-р Златко Георгиев бил член на Работничкиот совет (1988-1990) и член на Дисциплинската комисија (1990-1992) на ООЗТ Стоматолошки клиники, како и член на Советот на Стоматолошкиот факултет (1992-1994), претседател на Управниот одбор од 1999 до 2001 година и раководител на Одделот за анестезија и реанимација при ЈЗО Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон" во Скопје.

Во периодот 2000-2004 година бил секретар на Здружението на специјалистите по детска и превентивна стоматологија при Македонското стоматолошко друштво на Македонија, кое е член на Европската асоцијација на специјалисти по детска и превентивна стоматологија (EAPD).

По повод одбележувањето на 50-годишниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на 10. 12. 2009 година, добитник е на Пофалница за учество во работата и развојот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Учесник е на два светски конгреса : во Париз, 2000 год. и во Куала Лумпур, 2001 год.

Активно учествувал на сите конгреси на стоматолозите на Македонија (1994,1998, 2002, 2006 и 2009 год.), на 2 Конгрес на стоматолозите на СР Југославија во Будва 1996 год., конгресите на BaSS во Истанбул,Солун,Букурешт,Кушадаси, Охрид, Белград и Варна, како и на 16 Конгрес на лекарите на РМ во Охрид во 2003 година.

Активно учествувал на стручните собири „Денови на стоматолозите" и „Трансфер на науката" во Дојран.

На постедукативниот семинар „Ургентни состојби во стоматологијата " во 2000 год., учествувал со свое предавање со наслов „Дентални повреди како ургентни состојби".

На собирите на педодонтите учествувал со предавања со наслов „Современ пристап на третманот на забите од млечната дентиција" (2003 г.) и „Планирање екстракција на првиот траен молар" (2004 г.).

Поканет предавач е на собирот на стоматолозите во 2006 год. со тема „Превентивна екстракција на првиот траен молар" и во 2007 год. на Собирот на стоматолошкото друштво на Албанците во Тетово-„Трауматски ентални повреди- терапевстки приод".

Активен учесник бил на повеќе семинари и конгреси во земјата и во странство, со презентации на сопствени теми. Неговиот публицистичкиот опус опфаќа вкупно 101 статја. До изборот во звањето насловен доцент, трудовите се рецензирани во Билтените на Универзитетот, и тоа во: Билтен бр. 468. 1986; Билтен бр. 521, 1989; Билтен бр. 586, 1992; Билтен бр. 667. 1996; Билтен бр. 758, 2000; Билтен бр. 850, 2004; Билтен бр. 944, 2008. Сите трудови по изборот за насловен доцент се рецензирани во Билтенот бр. 987 и Билтенот бр. 995, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

За овој избор ги приложил следниве трудови за рецензија:

1. **Georgiev Z, Kovacevska I, Zabokova-Bilbilova E, Dimova C, Georgiev K. Internal resorption of coronal dentin in human deciduous teeth prior to shedding. 12th Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Istanbul, 2007, 122.**

Во трудот со светлосна микроскопија е испитувано присуство на клетки кои предизвикуваат ресорпција. Во студијата се употребени 5 млечни заби без кариес, кои се екстрахирани и фиксирани. Активни зони на дентинска ресорпција со одонтокласти се најдени во сите заби, а дополнително постојат и мононуклеани клетки кои наликуваат на гранулационо ткиво. Трудот има научна вредност.

2. **Kovacevska I, Georgiev Z, Dimova C, Sabanov E. Periapical status of endodotically treated teeth related to the quality of root filling and coronal restoration. 12th Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Istanbul, 2007, 100-1.**

Целта на ова испитување е да се анализираат 120 ортопантомограми на кои е проценет квалитетот на коронарните реставрации и периапикалниот статус според стандардните радиографски критериуми. Авторите заклучиле дека адекватното коронарно реставрирање и ендодонтски третман се асоцирани со повисока инциденца на апикален периодонтитис. Трудот има практична вредност.

3. **Dimova C, Andonovska B, Kovacevska i, Georgiev Z. Comparative clinical study of resin composite and glass ionomer cement for retrograde root filling. 12th Congress of the balcan stomatological society, (abstracts), Istanbul, 2007, 236.**

Авторите во студијата вршат порценка на исходот на ретроградните средства за полнења (Filtek Supreme XT и PhotacFill Quick). Изведени се апикотомии кај 20 пациети, а контрола е вршена по 1, 3, 6 и 12 месеци.

Дојдено е до заклучок дека глас-јономерот има низок степен на издржливост. за разлика од композитното средство. Трудот има практична вредност.

4.Ковачевска И, Поповска Л, Димова Ц, **Георгиев З**, Муратовска И. Употреба на Nd:YAG ласер во третманот на хиперсензитивни заби. Аполониа 2010. 160-1.

Во студијата е направена клиничка проценка на терапискиот ефект на Nd:YAG ласерот при состојба на хиперсензитивност. Испитрани се 30 пациенти, кај кои се аплицирани по 3 третмани со ласер. Кај 90% од пациентите постои намалување на симптомите по една сеанса. Трудот има практична вредност.

**Ас. др. Мери Павлевска** е родена на 14. 10. 1961 год. во Ресен. Основно образование завршила во Царев Двор, а средно образование во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов", на отсекот за забни техничари во Скопје. Во учебната 1980/81 год. се запишала на Стоматолошкиот факултет во Скопје каде што дипломирала во 1996 год.

Истата година се вработила како стоматолог во Здравствен дом-Прешево, Р. Србија, од каде што во 1989 год. добила специјализација по детска и превентивна стоматологија. Специјалистичкиот испит го положила во 1993 год. на Стоматолошкиот клинички центар во Скопје и се здобила со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија.

Од 1993 год. се вработила на Клиниката за детска и превентивна стоматологија каде што активно учествува во наставната и научно истражувачката работа на оваа Клиника.

Со одлука на Наставно - научниот совет на Факултетот во 1997 год. се здобила со звањето помлад асистент по предметот детска и превентивна стоматологија, а во 2003 год. е реизбрана во истото звање.

На 31. 10. 2003 год. го одбранила својот магистерски труд под наслов „Дентално здравје кај деца со пречки во психофизичкиот развој и насоки за негово зачувување и подобрување" и се здобива со звањето магистер на стоматолошки науки.

Со одлука, пак, на Наставно - научниот совет на Факултетот во 2004 год. се здобила со звањето асистент по предметот детска и превентивна стоматологија.

На 28. 6. 2011 год. го одбранила својот докторски труд под наслов „ Клиничка, радиографска микробиолошка, хистопатолошка евалуација на третманот на авитални млечните заби".

Активно учествува како истражувач во реализација на три научни проекти финансирани од Министерството за наука на Р.Македонија:

- „Унапредување на оралното здравје кај деца со пречки во развој и деца без родителска грижа " ;
- „Состојба на оралното здравје, можности и реализација за санација и превентива кај ментално ретардирани деца",

- „Проценка на состојбата на оралното здравје и потребниот третман кај населението од Република Македонија со примена на базичните критериуми на СЗО".

Била еден од менторите на проектот на Сојузот на студентите по стоматологија на Македонија кој се одвиваше под покровителство на Стоматолошкиот факултет во Скопје и Агенцијата за млади и спорт при Владата на Р. Македонија, под наслов „Подигање на забоздравствената култура на младата популација во Република Македонија".

Ас. др. Мери Павлевска била учесник во Проектот за управување со здравствениот сектор: Модернизирање на едукативниот дел од процесот за лиценцирање на доктори, стоматолози и фармацевти, Програма за ментори, организиран од Министерството за здравство на Р.Македонија каде што се здобила со сертификат

Учесник е на три светски конгреси на стоматолозите во: Хонгконг, Орландо и Барселона, на три балкански конгреса по стоматологија во Кушадаси , Белград и Охрид и на бројни конгреси, симпозиуми и семинари по стоматологија организирани во нашата земја, со свои усни и постер-презентации.

Како предавач учествувала на симпозиумот во Скопје во март 2008 год. со тема „ Едукација и мотивација на децата за одржување на оралното здравје „ , на симпозиумот со меѓународно учество во Скопје во декември 2010, со темата „Современи ставови за залевање на фисури и јамички" и на симпозиумите во Струмица и Битола во април 2011год. со тема „Ендодонтски третман на млечни заби".

Ас. др. Мери Павлевска била ментор на повеќе студентски теми презентирани на конгреси на студентите по стоматологија со меѓународно учество, каде што два пати студентските теми на кои таа била ментор се добитници на прва награда а исто така била и ментор на два специјалистички труда од областа на општата стоматологија.

На Одделението за превентивна и детска стоматологија, при Медицинскиот факултет во Ниш, остварила студиски престој во периодот од 25. IX до 1. XI 2006 година, каде што учествувала во сите активности на Катедрата за превентивна и детска стоматологија, предавања, вежби, семинари, испити, под менторство на проф. д-р Мирјана Апостоловиќ. Исто така, се запознала со работата на Институтот за биомедицински истражувања – Лабораторијата за електронска микроскопија при Медицинскиот факултет во Ниш и работела на електронско пребарување и консултирање на стручна литература во библиотеката на Медицинскиот факултет во Ниш.

Во овој период ја посетила и Клиниката за детска и превентивна стоматологија во Белград, каде што остварила средба со проф. д-р Дејан Марковиќ, при што се запознала со можностите за научна и стручна соработка на нашите две клиники и катедри, при стоматолошките факултети во Скопје и Белград.

Во 2007 година учествувала на Курсот за ласери во стоматологијата во организација на Fotona каде што се здоби со сертификат Laser&Health Academi.

Член е на Координативното тело. назначено од Министерството за здравство. за изработка и спроведување Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца до 14 години во Р. Македонија за периодот 2008-2018 година.

Еден од авторите е на учебникот: „Забоздравство во заедницата" како

и на преводот на книгата „Базични критериуми за процена на оралното

здравје", издадена од Светската здравствена организација (СЗО).

Еден од авторите е на „Прирачник за спроведување на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0- 14 години во Р. Македонија", издадена од Министерството за здравство.

Еден од авторите е на „Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 - 14 години во Република Македонија за периодот 2008-2018 година" издадена од Министерството за здравство.

Еден од коавторите е на монографијата „Современи дострели". издадена од Стоматолошкиот факултет во Скопје , 2009 год.

Еден од коавторите е на монографијата „Дијагностички и тераписки протоколи", Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010.

Еден од коавторите е на монографијата „Стратешки план за развој на стоматологијата во периодот 2011-2021 година„ Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010.

Ас. др. Мери Павлевска активно учествува во наставната и научно-истражувачката дејност на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Публикувани стручни трудови

До изборот за асистент има објавено 59 труда рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 665, 667, 676,710,731, 826 , 847 и 863,892 , 908 и 938

За овој избор ги предлага следниве труда:

60. Глигорова Б., Ињовска С., **Павлевска М.,** Јанкуловска М., Георгиевска Е.: Оралната хигиена и состојбата на гингивата кај 12 годишни деца: Макед. стом. преглед 2007; 31 (3-4) : 102-105 *рецензиран во Билтенот бр 987 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2010 година).*
61. Ambarkova V., Topitsoglou V., Iljovska S.,Jankulovska M., **Pavlevska M.** : Fluorine Content of Drinking Water in Relation to the Geological-Petrographical Formations From FYROM: Balk J Stom, 2007;11:163-166 *Рецензиран во Билтенот 987 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2010 година.*
62. Амбаркова В., Топитсоглоу В., Ињовска С., Сијакова-Иванова Т., Јанкуловска М., **Павлевска М.,** Кокочева О.: Релацијата меѓу содржината на флуор во водата и геолошките формации, Макед. стом. преглед 2008; 32

(1-2) : 1-7 (рецензиран во Билтенот бр. 949 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2008 година. *Рецензиран во Билтенот 987 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2010 година).*

63. Јанкуловска М., **Павлевска М.**, Апостолска С., Пеева М.: Насоки и техники во менаџирањето во детската стоматологија; Макед. Стом. Преглед 2009; 33 (1-2) : 41-48 *рецензиран во Билтенот бр. 949 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2008 година).*

64. **Павлевска М.**, Нечаковска Т.,Аљили Ш., Петановски Х.: Caries free деца на пет годишна возраст во Р. Македонија : 5. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Охрид: МСД 2009 : 28.

Авторите на овој труд презентираат податоци за процентот на 5-годишни деца во нашата земја кои се без кариес и предлагаат препораки за подобрување на состојбата. Калибрирани стоматолози направиле стоматолошки прегледи на 5-годишните деца кои посетуваат предучилишни установи на територијата во Р. Македонија поделена на 8 региони, при што е пресметан кеп индексот на млечните заби и процентот на деца без кариес. Во трудот се дадени податоци за секој регион поодделно но и за целата територија на Републикава каде што кеп индексот на 5- годишните деца изнесува 6,26, а само 17,22% од 5-годишните деца немаат кариес на млечните заби. Добиените резултати укажуваат на високи вредности на кеп индексот на 5-годишните деца од нашата држава и авторите предлагаат превентивни мерки за да се сочуваат млечните заби здрави до нивната физиолошка смена, што е предуслов за здрава трајна дентиција.

65. Кулишевски А., Јанкуловска М., **Павлевска М.**, Глигорова Д., Кокочева-Иванова О. Сознанијата на училишниот персонал во менаџирњето на авулзија на трајни заби: : 5. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Охрид: МСД 2009 : 51 (*рецензиран во Билтенот бр. 987 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 2010 година).*

66. Аљили Ш.,**Павлевска М.**, Џафери А., Нечаковска Т., Амбаркова В. Дентален статус кај деца од 6, 8и 12- годишна возраст од урбани и рурални средини во Р. Македонија : 5. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Охрид: МСД 2009 : 53.

Авторите на овој труд презентираат епидемиолошка студија за проценка на оралното здравје кај деца од 6, 8 и 12 години кај 15% од популацијата од наведената возраст во урбани и рурални средини по случаен избор. Во трудот се наведува следната состојба: во урбаните подрачја кеп на 6 годишните деца изнесува 6,4, а КЕП на трајните заби е 0,9; кај 8 - годишни деца кеп е 5,94 а КЕП на трајните заби изнесува 3,11; кај 12-годишните деца КЕП е 6,90. Во руралните подрачја кеп на 6-годишните деца изнесува 6,58, а КЕП на трајните заби е 0,7; кај 8 - годишни деца кеп е 6,08, а КЕП

на трајните заби изнесува 2,81; кај 12-годишните деца КЕП е 6,40. Заради екстремно високите вредности на КЕП-индексот, авторите предлагаат ургентна ургентна апликација на превентивни мерки и методи за подобрување на денталниот статус кај оваа популација.

67. **Павлевска М.**, Гетова Б., Нечаковска Т., Созовска Е. : Структура на КЕП-индексот кај 5 - годишните деца од Р. Македонија : 5. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Охрид: МСД 2009 : 54

Авторите на овој труд презентираат епидемиолошка студија за проценка на кеп индексот кај 5-годишните деца од Р. Македонија кои посетуват предучилишни установи и процентуалната застапеност на несанираните, екстрахираните и пломбираните заби во него. Кеп индексот на 5-годишните деца во нашата држава е презентирано дека изнесува 6,26, а несанираните кариозни лезии во структутата на кеп изнесувале 90,39%, застапеноста на екстрахираните заби била 5,34%, а 4,26% од кеп индексот биле пломбираните млечни заби. Во трудот се прикажани и кеп индексот и неговата структура на 5-годишните деца во сите региони во Р. Македонија. Авторите, според прикажаните резултати, заклучуваат дека санацијата на кариесот на млечните заби во нашата држава е неправедно запоставена.

68. **Павлевска М.** : Состојба на млечните заби кај петгодишните даца во Република Македонија проследена преку caries-free показателот: Современи дострели : Стоматолошки факултет, 2009: 177-182.

Авторката на овој труд презентира податоци за кеп индексот на млечните заби и процентот на 5 - годишни деца во нашата земја кои се без кариес и предлага препораки за подобрување на состојбата. Во воведниот дел авторката ги објаснува причините за појавата на кариес на млечните заби и посебно се задржува на циркуларниот кариес, како и на тешкотиите на кои наидува терапевтот при неговато лекување. Во цел на испитувањето авторката наведува одредување на *кеп* индексот на петгодишните деца во Р.Македонија и одредување колкав процент од петгодишните деца се без кариес на млечните заби . Во „Материјал и метод" се наведува дека според препораките на СЗО, биле направени стоматолошки прегледи на 4445 петгодишни деца кои посетуваат предучилишни установи на целата територија на Р.Македонија. Со помош на стоматолошка сонда и огледалце, во стоматолошка ординација под рефлектор, прегледите ги вршеа претходно калибрирани стоматолози поделени во 8 региони на територијата на целата држава. Од добиените резултати со примена на Klein-Palmerov - иот dmf систем бил пресметн *кеп* индексот и поцентуалната застапеност на деца без кариес на млечните заби.
За пресметување на caries-free деца, СЗО како таргет - група ги препорачува децата на петгодишна возраст.

Добиените резултати се претставени табеларно и графички. Резултатите добиени од оваа студија упатуваат на високи *кеп* вредности од 6,26 на ниво на цела држава а исто така загрижувачки е тоа што само мал процент од петгодишните деца (17,22%) имаат здрави заби. Највисоки вредности на kep имале петгодишните деца од југозападниот регион, нивниот *кеп* индекс изнесувал 7,83, а само 9,55% биле caries- free. Петгодишните деца од скопскиот регион кои посетуваат предучилишни установи имале најмал *кеп* индекс 5,46 , а децата од пелагонискиот регион. споредени со другите региони, во најголем процент (23,13%) биле без кариес на млечните заби. Понатаму во трудот се компарираат добиените резултати со резултатите од други автори. Во понатамошниот текст авторот предлага превентивни мерки и постапки за намалување на кеп индексот на млечните заби кај малата популација и зголемување на процентот на деца со здрави заби, што е и обврска на секој стоматолог.

69. **Павлевска М.**: Современи ставови за залевање на фисури и јамички : Стоматолошка ревија 2011 ;7(6) 35-39.

Во трудот авторката ги презентира современите ставови на залевање на фисури и јамички и на почетокот објаснува дека залевањето на фисури и јамички е специфична клиничка процедура на апликација на одредени материјали која има за цел да ги заштити јамичките и фисурите на оклузалните површини на забите од влијанието на кариогените фактори на оралната средина. Тоа е една од најефикасните методи за превенција на кариесот. Понатаму во текстот се опишуваат карактеристиките на оклузалните површини на забите и се наведува дека морфологијата на оклузалните површини на забите е многу комплексна и е причина за акомулација на плак. Исто така се опишуваат и постапкита за дијагностицирање на состојбата на оклузалните површини, како и индикациите за залевање на јамички и фисури. Авторката наведува дека секој здрав заб од бочните регии кај кој постои ризик за појава на кариес треба да се залее. АДА препорачува планот за терапија да се прави индивидуално за секој пациент и пред поставување на залевач и неопходно е да се одреди кариес-ризикот на пациентот и на поединечниот заб. Понатаму авторката ги објаснува критериумите за пресметување на ризикот од појава на кариес кај пациентите и ја препорачува табелата на Американското здружение на стоматолози за проценка на ризикот од кариес кај децата. Во понатамошниот текст се опишани материјалите со кои се залеваат фисури и јамички, како и нивните предности и недостатоци. Во текстот се препорачува како најдобар период за залевање на фисурите веднаш после никнување на забите, но и секогаш кога по ризик од појава на кариес. На крајот во трудот се опишани грешките кои можат да се случат при работа, а кои се причина за слаба ретенција на залевачите.

70. Алимани-Јакупи Ј., Јанкуловска М., **Павлевска М.**, Георгиевска Е. Диететски режим и орално зравје кај 12 - годишни деца од Гостивар. Трудот е во печат во Макед. стом. преглед. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1010 на Универзитетот „ Св Кирил и Методиј" од јуни 2011.
71. „ Клиничка, антибактериска, радиографска и хистопатолошка евалуација на третманот на авитални млечни заби", докторска дисертација јуни 2011. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009 на Универзитетот „ Св Кирил и Методиј" од јуни 2011.

Кандидатката е еден од авторите на монографиите од стручна област:

72. „Современи дострели", издадена од Стоматолошкиот факултет во Скопје , 2009 год.

73. „Стратешки план за развој на стоматологијата во периодот 2011-2021 година„ . Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010. Книгата е рецензирана во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.998.

74. „Дијагностички и тераписки протоколи", Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010. Книгата е рецензирана во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" бр.998.

75. „Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 - 14 години во Реоублика Македонија за периодот 2008-2018 година", издадена од Министерството за здравство, Скопје, 2010

Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 - 14 години во Република Македонија за периодот 2008-2018 година е издадена од Министерството за здравство на Р. Македонија во 2010 година и претставува стратешки план на Министерството за превенција на оралните заболувања кај младата популација во нашата држава. Во нејзината изработка учествувале тим од стручњаци од областа на детската и превентивна стоматологија, како и експерти и правници вработени во Министерството за здравство. Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 - 14 години во Република Македонија за периодот 2008-2018 година е напишана на 23 страници и се состои од 12 поглавја. Во воведниот дел се истакнува дека сознанијата добиени преку системот на мониторинг на здравјето како и сознанијата добиени од целни и селективни студии покажале дека состојбата на оралното здравје, а посебно состојбата со денталниот кариес е сериозен здравствен проблем кај сите возрасти на населението. Особено загрижувачко е зголемувањето на појавата на кариес во детската возраст.Студијата на пресек реализирана од експертски тим определен од Министерството за здравство во 2007 година како реално мерлив индикатор и стандард определен од СЗО го пресметала КЕП - индексот (просечен број на кариозни, извадени и пломбирани заби кај секое дете) кој покажал вредност од 6,88

кај 12-годишни деца, што се смета за висок споредени со препораките на СЗО за орално здравје (КЕП < 3).
Во поглавјето „Приказ на постојните состојби" дадени се демографските податоци според кои во Р.Македонија има вкупно 381856 деца на возраст од 0 до 14 год. од кои приближно 24 000 на 6-годишна возраст. Во моментов во Република Македонија во јавниот здравствен сектор работат 147 стоматолошки тимови. Во поднасловот „Состојба на оралното здравје" е дадено дека состојбата со оралното здравје во Република Македонија е загрижувачка и е прикажана преку наведените мерливи индикатори: само 20,3% од децата на 6-годишна возраст немаат кариес, КЕП-индексот кај 12-годишни деца во Република Македонија изнесува 6,88, што се смета за висок споредени со препораките на СЗО за орално здравје (КЕП < 3), 28,17% од децата на 6-годишна возраст и 48% од децата на 12-годишна возраст имаат ортодонтска аномалија, а кај 15-годишните деца е присутно гингивално крварење во пет секстанти. Во поднасловот „Содржина на флуор во водата за пиење" е дадена флуорната карта на Република Македонија изработена од страна на ЈЗУ РЗЗЗ (Институт за јавно здравје) и Стоматолошкиот факултет.
Во поглавјето „Програмски цели и стратешки области на дејствување" и се опишани краткорочните, среднорочните и долгорочните цели на стратегијата и начинот на лекување на превенција на кариесот преку: механичка и хемиска контрола на дентален плак; примена на флуориди (ендогено и егзогено);дисциплина во режимот на внесување на шеќери; залевање на фисури и јамички; едукација и мотивација за одржување на орално здравје. Понатаму се опишани мерките за превенција на пародонтопатијата и ортодонтските аномалии.
Во поглавјето „Стоматолошка диспанзеризација на децата" е опишан начинот на внесување на податоци во картон од СЗО и здравствената легитимација.
Во главата „Стручни кадри за спроведување на превентивните активности" се наведени кадрите кои учествуваат во програмата, и тоа: стоматолошките тимови, воспитувачите во предучилишните установи и наставниот кадар во училиштата, како и гинеколог,педијатар и педодонт.
Во поглавјето „Евалуација на ефектите од спроведените активности" се наведуваат временските периоди во кои ќе се вршат евалуациите, како и статистичката обработка на податоците и презентацијата. Во поглавјето „Средства за реализација на стратегијата" се наведува дека тие се во согласност со законските одредби за финансирање на стоматолошката заштита кај децата, до 14-годишна возраст. Во поглавјето „Раководење и управување со стратегијата" се наведуваат структурите кои раководат, учествуваат и соработуваат во спроведувањето на стратегијата. Поглавјето „Преглед на инфраструктура-простор,опрема и кадар за вршење на стоматолошка здравствена заштита" ги опишува: просторот кој ги опфаќа сите стоматолошки ординации во каде што се врши превентивна стоматолошка дејност во кои се ангажирани 147 стоматолози и 147 стоматолошки сестри; опремата која се состои од затекнатата стоматолошка опрема во ЈЗУ здравствени домови во Република Македонија, како и кадарот од 147 стоматолошки тима вработени во ЈЗУ здравствени домови во Република Македонија.Во оваа глава се опишани и другите здравствени и нездравствени учесници во спроведувањето на стратегијата. Во десеттото поглавје табеларно е даден акциониот план на спроведување на стратегијата а следното поглавје претставува *Прилог* во кој е даден *Курикулумот*

на едукација за орално здравје кај децата и *Формуларот* на СЗО за проценка на оралното здравје. Последното поглавје се однесува на проценка на здравствените ефекти од спроведување на стратегијата и се нагласува дека како конечна цел од сите ефекти е подобрувањето на квалитетот на живеење.

76. „Прирачник за спроведување на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0- 14 години во Р. Македонија" Проф.д-р Миле Царчев,прим.д-р Бранко Милошевски, д-р Владо Спировски, д-р Билјана Гетова, доц.д-р Оливера Саракинова, ас.д-р Мери Павлевска, д-рТина Нечаковска, д-р Севдалина Јаневска, д-р Ајсен Цафери, д-р Шеваље Аљиљи, д-р Елена Созовска-Стојановиќ, д-р Христо Петановски, д-р Весна Амбаркова ,д-р Софија Царчева-Шаља, издаден од Министерството за здравство-Сектор за стоматолошка здравствена заштита, Скопје, 2010. издадена од Министерството за здравство, Скопје, 2010.

Прирачникот за спроведување на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0- 14 години во Р. Македонија го напишале членовите на Координативното тело за национално планирање и мониторинг назначено од Министерството за здравство чиј член е кандидатката. кој е наменет на специјалистите по детска и превентивна стоматологија и општите стоматолози кои работат со деца, но и на сите оние што се инволвирани на посреден или непосреден начин во реализацијата на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0-14 години во Р. Македонија. Прирачникот е напишан на 34 страници и содржи седум поглавја. Во воведниот дел се објаснува постапката на донесување на Националната стратегија од страна на Владата на Р. Македонија, како и формулираните нови функции, задачи и обврски на детскиот стоматолог. Првото и второто поглавје се однесуваа на упатството за пополнување на формуларот на СЗО за проценка на оралното здравје и упатство за обработка на податоците. Останатите поглавја, од трето до седмо поглавје, ги опфаќаат упатствата за спроведување на петте превентивни мерки за спречување на оралните заболувања, како што се: механичка и хемика контрола на денталниот плак, залевање на фисури и јамички, контрола на внес на шеќери, едукација и мотивација на децата за одржување на оралното здравје, со посебен осврт на современите методи на мотивација на пациентите. Последното поглавје претставува приказ на користената литература.

**Д-р Весна Амбаркова** е родена на 25.III.1969 година во Скопје. По завршувањето на основното образование во ОУ„Владо Тасевски"се запишала во МУЦ „Д-р. Панче Караѓозов", на Отсекот за забни техничари, кој го завршила со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет се запишала во 1987 година и го завршила на 30.IV 1993 со просечен успех 9,03. Во текот на студиите била корисник на стипендија за талентирани студенти, доделена од Министерството за образование.

На 1.X 1993 година се запишала на постдипломски студии. Државниот испит го положила на 25.V 1994 година,при што се стекнала со лиценца за работа.

По полагањето на државниот испит била примена како волонтер на Клиниката за орална хирургија. Во јули, истата година, преку организацијата на IPPNW, престојувала на Клиниката за забна хирургија при Универзитетот во Грац, кај проф.д-р R.O.Bratschko.

На 25.XII 1994 година се вработила на Клиниката за детска и превентивна стоматологија. Во мај 2001 го положила специјалистичкиот испит, при што се здобила со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија. Испитите од постдипломските студии ги завршила со просек 9,66. На 10.XI 2004 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов: „Процена на ефикасноста на залевањето на фисурите во превенцијата на оклузалниот кариес- инвазивна и неинвазивна метода" и се здобила со научниот степен магистер на стоматолошки науки од обласата на детската и превентивна стоматологија.

Има реализирано повеќе престои во странство.

-Во 1994 година, едномесечен студиски престој на Клиниката за орална хирургија при Универзитетската клиника во Грац, кај проф.д-р R.O.Bratschko.

-Стручни престои (15.5-15.6.2003 и 15.9 -31.9.2003 година) имав на Клиниката за превентивна стоматологија, пародонтологија и имплантологија на Стоматолошкиот факултет при Аристотеловиот универзитет во Солун, каде што работела на научноистражувачки проект, чија цел била детерминирање на флуоридната концентрација на водата за пиење од различни места во Р.Македонија.

-Студиска посета во Rzeszow (Република Полска) на тема "Project management at institutions of higher education", остварена како резултат на добиениот грант за избор на најдобар предлог - проект на семинарот и работилниците "European Union Project Management. How to write and finance a successful application for EU funds in Educational sector", како е составен дел на проектот "Euro Funds – Macedonian Education – Polish Experience". Студискиот престој бил координиран од страна на Универзитетот за информатички технологии и менаџмент (University of Information Technology and Management) во Rzeszow, Република Полска, Институтот за социјални и хуманистички истражувања во Скопје, Македонија (Institute for Social and Humanities Research), а кофинансиран од страна на Министерството за надворешни работи на Република Полска во рамките на Polish Aid Programme 2008. Студиската посета имала за цел запознавање со системот за имплементирање проекти финансирани од страна на Европската унија во доменот на високото образование.

-Студиски престој во периодот 1.9.-30.11.2010, на Заводот за детска и превентивна стоматологија, Стоматолошки факултет, Универзитетот во Загреб, како стипендист во рамките на програмата Erasmus Mundus External Cooperation Window (EMECW), односно BASILEUS- Balkan Academic Scheme for the Internalisation of Learning Together with EU Universities. Во текот на овој престој работела на научниот проект „Влијанието на забните пасти на емајловата

микротврдина во услови на деминерализација" под менторство на проф. др. сц. Домагој Главина. Во моментов го реализира вториот дел од студискиот престој во Загреб. во кој ќе биде спроведено истражување за влијанието на феловите и лаковите за топикална флуоризација на емајловата микротврдина.

Активно се служи со англискиот јазик, а има и основни познавања од грчкиот. турскиот, албанскиот и германскиот јазик.

Добитник е на Благодарница за активно учество во извршувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво, како и Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во 2005 година била избрана за помлад асистент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во 2008 била избрана за асистент на истата Катедра.

Вршејќи го редовниот образовен процес во периодот од 2007 до 2009 година, била ментор на три студентски теми кои беа презентирани на 15,16 и 17-тиот Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија.

Пријавата за изработка на докторска дисертација под наслов: „Компаративна студија помеѓу оралното здравје и природно флуорирани води за пиење во одредени региони на Р.Македонија" била позитивно прифатена од Наставно-научниот совет на Факултетот во 2009 година.

Во периодот од 9 до 12.9.2008 година учествувала на четиридневни работилници во Битола на тема „Менаџирањето со проекти во Европската унија: Како да се изработи и финансира успешна апликација за европските фондови во образовниот сектор", во кои имале учество 27 претставници од секторот образование.

Во текот на летниот период во 2009 и 2010 година учествувала на Интернационалниот летен универзитет во Приштина, каде што ги завршила курсевите:
- Проблемите на едукативното лидерство во рамките(2009);
- Предизвиците на едукацијата во новиот век / Комуникативните способности како европски едукатор(2010).
Била ментор на студентската тема со наслов „КЕП индексот кај студентите на Стоматолошкиот факултет", која беше презентирана на 17-тиот Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија ,Струга, 2009 година.

Како член на Координативното тело назначено од Министерството за здравство, учествувала во изработката на Прирачник за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата од 0 до14 год. во Република Македонија, издаден од Министерството за здравство-Сектор за стоматолошка здравствена заштита, 2010.

Од оваа година е член на Интернационалната асоцијација по детска стоматологија, со седиште во Женева, Швајцарија.

До изборот во звањето асистент има објавено 32 труда, публикувани во домашни и странски списанија, кои се рецензирани во билтените на УКИМ бр.875, 908, 944 и 949.

Список на објавени трудови по изборот во звањето асистент:

1.Релација помеѓу концентрацијата на флуорот во водата за пиење и геолошките формации.Македонски стоматол. преглед 2008;32(1-2):1-7.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.987 на УКИМ во јуни 2010 година.

2.Benefits and risks of water fluoridation. V.Ambarkova, O.Kokoceva, M.Pavlevska, D.Gligorova, A.Kulisevski.Oral presentation.13-th Congress of the Bass,1-4 May .Limassol-Cyprus, 2008.
Авторите нагласуваат дека флуоризацијата на водата е најлесна и најевтина метода на систематска администрација на флуоридате со која е прикажана редукција на кариес од 40 до 50% во поранешните студии. Од страна на СЗО се препорачува негова употреба преку водата за пиење, а сите други облици на флуор профилакса се препорачуваат како алтернатива.

3.Occurrence dental calcifications according to the patient's sex. Aleksova P., Matovska Lj.,Ambarkova V. Poster presentation. 13-th Congress of the Bass,1-4 May ,Limassol-Cyprus, 2008; Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009 на Универзитетот „ Св Кирил и Методиј" од јуни 2011.

4. Состојба на првите трајни молари кај деца родени 2002 година во Р.Македонија. Т.Нечаковска, М.Царчев, Б.Гетова, С.Јаневска В.Амбаркова. 5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 10-13 септември 2009, Охрид.
Анализирана е состојбата на првите трајни молари кај деца од шест години кај кои е направен систематски преглед, стоматолошка едукација и залевање на фисури и јамички. Резултатите укажуваат дека овие .процедури ја намалуваат можноста за појава на кариес и компликации.

5. Благодетите и ризиците од флуоризацијата на водата за пиење. В.Амбаркова, Ш.Аљиљи. Т.Нечаковска, О.Кокочева, Д.Глигорова, С.Димитровска.Усмена презентација. 5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 10-13 септември 2009, Охрид.
Авторите нагласуваат дека флуоризацијата на водата е најлесна и најефтина метода на систематска администрација на флуоридате со која е прикажана редукција на кариес од 40 до 50% во поранешните студии. Од страна на СЗО се препорачува негова употреба преку водата за пиење, а сите други облици на флуор профилакса се препорачуваат како алтернативеа.

6. Некој од предиспонирачките фактори за појава на „Кариесот на раното детство"(КРД). Кокочева-Ивановска О.. Царчев М., Јанкуловска М.. Амбаркова В.

Глигорова Д., Кулишевски А. Постер-презентација. 5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 10-13 септември 2009, Охрид.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.944 на УКИМ.

7. Дентален статус кај деца од 6, 8 и 12 - годишна возраст од урбани и рурални средини во Р.Македонија. Ш.Аљиљи, М.Павлевска, А.Џафери,Т.Нечаковска, В.Амбаркова. Постер - презентација. 5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 10-13 септември 2009, Охрид.
Авторите спровеле епидемиолошка анализа кај деца од 6, 8 и 12 - годишна возраст и го испитувале. КЕП-от, при што констатирале дека и во урбаните и во рурарните средини тој е многу висок заради што е потребна ургентна примена на превентивни мерки за подобрување на денталниот статус.

8. Ерозиите на забите и нивна примарна и секундарна превенција. Глигорова Д, Кокочева-Ивановска О., Амбаркова В, Кулишевски А. Постер - презентација. 5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 10-13 септември 2009, Охрид.
Авторите потврдуваат дека, врз основа на досегашните искуства, многу битен момент за превенција на ерозиите е раното откривање, односно дијагностицирање кое ќе овозможи навремена примена на примарна и секундарна превенција.

9. Одредување на структурата на КЕП-индексот кај деца од 12 - годишна возраст од урбани и рурални средини во Р.Македонија .Ш.Аљиљи, М.Павлевска, А.Џафери, Т.Нечаковска, В.Амбаркова. Постер - презентација. Меѓународен конгрес под наслов „Стоматологијата денес", организиран од Стоматолошкото друштво на Албанците, 28-30 мај 2010, Струга.
Добиените резултати за структурата на КЕП-от кај 5-годишните деца од Р.Македонија укажуваат на висок индекс, при што само 4,26% од испитаниците имаат пломбирани заби, што укажува на слаба или никаква санација на млечните заби.

10. Storing dental stem cells for future use. V.Ambarkova, M. Kisman-Hristovska, Lj Trajkovska, A.Shevale. Poster presentation. 15-th BaSS congress ,22-25 april,Thessaloniki, Greece, 2010.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.1003 на УКИМ објавен на 1 март 2010 година.

11. Effect of fluoride gel application on incipient carious lesions.V.Ambarkova,M.Jovanovska, V.Ivanova, S.Dimitrovska. Poster presentation. 15-th BaSS congress ,22-25 april,Thessaloniki, Greece, 2010.

Авторите третирале 62 бели петна кај 12 деца од 7 до 14 години четири пати неделно со флуориден гел Fluorogal forte, кој има концентрација на флуор од 11000 ppmF, при што биле забележани промени во изгледот и формата на петната и реминерализација на емајлот. Трудот има апликативна вредност.

Ментор е на студентска тема со наслов „КЕП - индексот кај студентите на Стоматолошкиот факултет", која беше презентирана на 17. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија ,Струга, 2009 година.

Книги

1. Прирачник за спроведување на Националната стратегија за превенција на Царчев,прим.д-р Бранко Милошевски, д-р Владо Спировски, д-р Билјана Гетова, доц.д-р Оливера Саракинова, ас.д-р Мери Павлевска, д-рТина Нечаковска, д-р Севдалина Јаневска, д-р Ајсен Цафери, д-р Шеваље Аљиљи, д-р Елена Созовска-Стојановиќ, д-р Христо Петановски, д-р Весна Амбаркова ,д-р Софија Царчева-Шаља, издаден од Министерството за здравство-Сектор за стоматолошка здравствена заштита, Скопје, 2010. издадена од Министерството за здравство, Скопје, 2010.

Прирачникот за спроведување на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 до 14 години во Р. Македонија го напишале членовите на Координативното тело за национално планирање и мониторинг назначено од Министерството за здравство чиј член е кандидатката, кој е наменет на специјалистите по детска и превентивна стоматологија и општите стоматолози кои работат со деца, но и на сите оние што се инволвирани на посреден или непосреден начин во реализацијата на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0-14 години во Р. Македонија. Прирачникот е напишан на 34 страници и содржи седум поглавја. Во воведниот дел се објаснува постапката на донесување на Националната стратегија од страна на Владата на Р. Македонија, како и формулираните нови функции, задачи и обврски на детскиот стоматолог. Првото и второто поглавје се однесуваа на упатството за пополнување на формуларот на СЗО за проценка на оралното здравје и упатство за обработка на податоците. Останатите поглавја, од трето до седмо поглавје, ги опфаќаат упатствата за спроведување на петте превентивни мерки за спречување на оралните заболувања, како што се: механичка и хемика контрола на денталниот плак, залевање на фисури и јамички, контрола на внес на шеќери, едукација и мотивација на децата за одржување на оралното здравје, со посебен осврт на современите методи на мотивација на пациентите. Последното поглавје претставува приказ на користената литература.

Член е на Интернационалната асоцијапија по детска стоматологија, на Македонското стоматолошко друштво, како и на Здружението на специјалисти по детска и превентивна стоматологија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Од приложената документација за ангажираноста на кандидатите кои се јавија на конкурсот за избор на асистент од областа на детската и превентивна стоматологија на Катедрата за детска и превентивна

стоматологија: насл. доц. д-р Златко Георгиев, ас. д-р Мери Павлевска и ас.д-р. Весна Амбаркова.

Комисијата го дава следниов предлог:

Сумирајќи ги резултатите од рецензентскиот извештај, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на кандидатите ас. д-р Мери Павлевска и ас.д-р. Весна Амбаркова
им се дава предност за избор на асистент од следниве причини.
Ас. д-р Мери Павлевска и ас.др. Весна Амбаркова повеќе години во континуитет ја одржуваат практичната настава, при што покажуваат извонредна педагошка подготвеност и способност за работа со студентите, секогаш достапни за комуникација и консултации.

За истакнување е нивниот студиозен и сериозен пристап кон обврските, трудољубивоста и дисциплината, што е евидентно и од нивните објавени трудови и активности во кои биле ангажирани.

Врз основа на биографските податоци, моменталната ангажираност во наставата, и личното познавање на кандидатите, Комисијата констатира дека кандидатите ас. д-р Мери Павлевска и ас.др. Весна Амбаркова во целост ги исполнуваат критериумите, законските услови и условите предвидени со релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ги избере кандидатите ас. д-р Мери Павлевска и ас.др. Весна Амбаркова во соработничкото звање, асистент.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Снежана Иљовска, *д-р сци,* претседател с.р.

2. Проф. д-р Миле Царчев, *д-р сци,* член с.р.

3. Доц. д-рМира Јанкуловска, *д-р сци,* член с.р.